Васил Чулев

# МАКЕДОНСКИ МИЛЕНИУМСКИ КОНТИНУИТЕТ

## ИЛУСТРИРАНА ИСТОРИПЕДИЈА



**Васил Чулев**

# МАКЕДОНСКИ МИЛЕНИУМСКИ КОНТИНУИТЕТ

**ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА ЗБРАНА ЕВИДЕНЦИЈА И МИЛЕНИУМСКА ХРОНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА, МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И ИДЕНТИТЕТ, НА НЕГОВАТА КУЛТУРА, ТРАДИЦИИ И ИСТОРИЈА, ПОСТОЈАНО ДОПОЛНУВАНА СО БЕЗБРОЈНИ НОВИ НАОДИ И ФАКТИ, КАКО МАТЕРИЈАЛНИ, ЛИТЕРАТУРНИ, ДУХОВНИ, ТАКА И ОД ДРУГИ БРОЈНИ СВЕДОШТВА, ОД НАЈРАНИТЕ ПЕРИОДИ НА ЧОВЕШТВОТО ДО ДЕНЕС**

**ВЕЛИКАМАКЕДОНИЈАКОСМОПОЛИТАНА**
**2014**



**Бронзен кратер за вино од Требениште, Охридско, 6 век п.н.е.; дел од погребните дарови на Македонски кралски гроб, ограбен во 1930-1933 г. од Србските окупаторски сили. Денес дел од музејска збирка во Белград, Србиа.**

Содржина:


**Вовед во Македонскиот Милениумски Континуитет ........................................................ 9**

**Наместо предговор: Европското Негирање на Македонскиот Милениумски Континуитет и неговото повторно откривање во 20 и 21-от век ..................................... 12**

**Македонскиот Милениумски Континуитет низ призмата на Историскиот Ревизионизам ................................................................................................................... 30**

**Македонскиот Милениумски Континуитет низ призмата на Македонскиот Историски Ревизионизам ................................................................................................................... 36**

**Македонскиот Милениумски Континуитет од Палеолитот до денес .............................. 39**

**Областа X ........................................................................................................................... 51**

**Трополе (Троада) ................................................................................................................ 55**

**Македонскиот Милениумски Континуитет во Европскиот мајчин јазик – Македонскиот ...................................................................................................................... 62**

**Археолошка потврда на Македонскиот Милениумски Континуитет ........................... 76**
**- Старо Камено Доба (Палеолит) во Македонија ............................................................ 82**
**- Ново Камено Доба (Неолит) во Македонија ................................................................. 87**
**- Првата и најстара Европска Култура - Егејска и Централно-Балканска "Стара Европа".................................................................................................................................. 91**
**- Бронзената Ера во Македонија ........................................................................................ 97**
**- Железната Ера во Македонија ........................................................................................ 106**

**Историска потврда на Македонскиот Милениумски Континуитет**

**Македонскиот Милениумски Континуитет во Антиката ............................................... 109**

**Македонскиот Милениумски Континуитет под Римска окупација ............................. 121**

**Македонскиот Милениумски Континуитет низ Кристијанството и Средниот Век ... 130**

**Македонскиот Милениумски Континуитет во Раната Модерна Ера(1400-1750г.) ..... 150**

**Македонскиот Милениумски Континуитет во Генетиката ............................................ 160**

**Македонскиот Антрополошки Милениумски Континуитет - Ледениот човек 'Отци Наш' ..................................................................................................................................... 166**

**Македонскиот Милениумски Континуитет во Митологијата и Религијата ………... 170**

**Повторното пре-признавање на Македонската Автокефална Апостолска Црква - Охридска Архиепископија од страна на Србската и Руската православна црква на 16 мај и 25 август 2022 година ........................................................................................ 209**

**Крстот – Древно Македонски Државен Симбол ........................................................... 214**

**Македонскиот Културно-Етнолошки Милениумски Континуитет ............................. 220**

**Хронологија на Македонија ............................................................................................ 242**

**Извори ……………………………………………………………...……...……………. 244**

## Вовед во Македонскиот Милениумски Континуитет

Динамичните сили на историските процеси со своите милениумски делувања секогаш предизвикуваа долгорочни и константни промени на цивилизациските и општествените форми, и влијаеа врз појавата и развојот на етногенеалошките процеси, кои од своја страна ја обликуваа етничката историја на денешните етно-политички заедници, т.е. нации. Македонскиот Полуостров во оваа перспектива се дефинира како јасно иэдвоена историско-географска целина која низ милениумите ги обединила (и се уште го прави тоа) различните според јазик и самосвест, а помалку според култура етно-политички заедници, кои се појавувале и исчезнувале низ историскиот простор и време. Но и овие некогашни етноси не исчезнале безусловно, туку по пат на акултурација се трансформирале и преминале во новите етно-политички заедници, и индиректно останале присутни во историскиот простор и време. Нивните традиции и посебности со тек на времето се претопиле и станале едно со Македонското културно ткиво. Уште пред доаѓањето на разните освојувачи и доселеници на просторите на Македонија, (неколку милениуми пред ова) се одвивал процесот на акултурацијата помеѓу Доиндоевропските староседелци и новодојдените Индоевропејци. Во периодот од IV-III милениум п.н.е. до средината на XI век од н.е. на територијата на Македонија се појавуваат, се формираат, се трансформираат и исчезнуваат етноси во склоп на етно-политичките заедници, кои својата природа, битието, мисловниот процес и културата ја вткајуваа во структурата на македонскиот народ. Заложбите за истражување и објаснување на праизворите на појавите кои ќе се манифестираат подоцна ја наметна потребата од понирање во длабочините на IV и III милениум п.н.е. Во тие далечни праисториски времиња лежи и зачетокот на Македонската нација.

Тука мора да се воспостави некаков вовед, да се почне од некоја појдовна точка во минатото со какви-такви докази за Македонскиот народ и земја пред да се впуштиме во понатамошниот аргументиран дискурс. Најрано до каде што можеме да се вратиме назад во времето и историјата, и од каде може да се постави некаков камен-темелник, е почетокот на 2-от милениум п.н.е.. Еден исечок од новини од 1926 г. е токму она што ќе ни послужи како таков камен-темелник.[1] – Имено, во 1925 година, Британското Училиште од Атина започна со ископувања на археолошкиот локалитет „Вардаровци“, во долината на реката Вардар, на околу 60 километри северозападно од Солун.[2] Артефактите откриени со ископувањето од тој локалитет покажале дека Македонците биле автохтони потомци на оригиналните жители за кои се претпоставува дека се доселиле (?) и живееле во Македонија веќе во 3-от милениум п.н.е., и кои според културниот хоризонт и датирање на најдените остатоци биле од истиот род како раните луѓе од Троја (Илион). Што понатаму значи и дека биле во сродство и со Хитите и Фригите во Мала Азија, за кои се знае дека дошле како Бриги од Македонскиот поуостров.

---

[1] EVENING STAR, issue 19303, 16 Јули 1926 г. https://paperspast.natlib.govt.nz/newspapers/ESD19260716.2.21?items_per_page=10&page=35&query=macedonians++&snippet=true&fbclid=IwAR0XIw8n2GoTuyon8-C908mo4PUdxZIdkvOVwoFwhggatiaN2PTI-RW0Ez0

[2] “Report on Excavations at the Toumba and Tables of Vardaróftsa, Macedonia, 1925,1926: Part I. The Toumba” by W. A. Heurtley and R. W. Hutchinson The Annual of the British School at Athens Vol. 27 (1925/1926), pp. 1-66: https://www.jstor.org/stable/30096568

## WORK OF BRITISH SCHOOL.

The excavation begun last year by the British School at Athens of the large tumba of Vardaroftsi in the Vardar Valley, some forty miles north-west of Salonika, has just been completed (states the Athens correspondent of 'The Times').

Virgin soil was reached at a depth of 57ft below the surface. The deposit is composed of the debris of successive house floors, of which twenty at least could be determined, the earliest dating from about 2500 B.C. and the latest from the third century B.C. The pottery remains indicate that the earliest inhabitants were closely akin to the people of the second-fifth cities at Troy, and that they continued to form the main element in the population until the mound ceased to be inhabited. Two intrusions, however, of outside peoples, probably from the north, occurred—one about 1600 B.C. and another about 1200 B.C.

The evidence supplied by the excavation indicates that the Macedonians of the historical period were descendants of the original inhabitants who settled in Macedonia in the third millennium B.C., and who were of the same stock as the early people of Troy. The

Во прилог на археолошките факти говорат и изворите од антиката, каде е зачувано и преданието за преселбата на Бригите и Мизите од Балканот во Мала Азија. Бидејќи Хомер знаел за балканските Мизи (*Илијада*, XIII,1–9), миграцијата на Мизите во Азија треба да се случила пред Тројанската војна, а тоа е онаа од крајот од II милениум од Старата Ера. Хеланик од Лезбос (V век п.н.е.) во првата незачувана книга „*Светковини во Аргос*" истотака запишал дека некогаш: „*Македонците живееле сами меѓу Мизите*"[3], што значи дека овој податок се однесува на состојбата во II милениум милениум од Старата Ера, кога Пра-Македонците (поточно *Proto–Makedones*), живееле меѓу балканските и малоазиските Мизи. Бидејќи авторот (Хеланик) не знаел за друг народ во Македонија го користи нему современото име на народот, но очигледно е дека станува збор за *Proto Makedones*, зошто во тоа време (доцно Бронзено Доба) античките народи сеуште не се оформени, и затоа се означуваат со терминот „*Proto*". Но, овој податок е многу значаен зашто ја покажува автохтоноста на племињата што учествувале во етногенезата на античките Македонци,

---

[3] Уточнување на преводот на оваа реченица е направено од Х. Меловски – Н. Проева, Македонија во Делото 'De Thematibus' на Константин VII Порфирогенит, Жива Антика XXXVII, 1987, стр. 28, заб. 51.

што се поткрепува со континуитетот во материјалната култура, и е доказ за неточноста на тврдењата дека Македонците се населиле во Македонија во VIII век од Старата Ера.

Со доаѓањето на Римјаните етничката и демографската структура на Македонија почнала драстично да се менува. Но, Римските колонизатори како и другите доселеници пред и после нив, со минувањето на вековите не успеале да го асимилираат затекнатото Македонско население, и се претопиле во ‘тукашни’.[4] Докази како древното Македонско име на Дионис - „Леивино“, кое остана забележано од Хезикиј Александриски, и кое до ден-денес јасно разбираме што значи на нашиот денешен Македонски јазик, недвосмислено го потврдуваат тој факт. Историскиот развој на етногенетските процеси врз етно-политичките заедници одел подеднакво, па, со текот на времето на територијата на Македонија доаѓа до потполна акултурација на етнички веќе хетерогено Македонско население. На тој начин, низ културните слоеви наталожени со милениуми новоформираниот етнос си создал заеднички (Македонски) јазик, самосвест, територија, и оформил една карактеристична препознатлива (Македонска) култура. Печат на овие процеси беше ставен уште во Средниот Век, во склопот на Самоиловата монархија, бидејќи историскиот развој до овој период веќе ги беше заокружил историските и етничките процеси кои доведоа до формирање на посебната самосвест на Македонскиот етнос. Четиридецениско опстојување на Самоиловото Царство претставува исклучиво важен период на национална стабилност и консолидација на сето она што било вткаено низ минатите милениуми во битието на Македонскиот народ и култура. Низ мачната историја, на за жал ретко слободната Македонија, древното царство на Филип II и Александар III Македонски, како и царството на Самоил, не без причина биле секогаш редовно опеани и цитирани во народните слободарски традиции на сите Македонци преродбеници и востаници.

Периодот по смртта на царот Василиј II (и тој Македонец по род) претставува inter regnum и во историскиот развој на Македонија, кога повторната нестабилност во Ромејското Царство пак создава простор за будење на посебната самосвест на Македонскиот етнос, а ќе биде одбележан со востанијата на Петар Дељан и Ѓорѓи Војтех, кога поголемиот дел од Македонците на територијата на Ромејското Царство масовно ќе востанат од Дунав до Егеј и од Јадран до Солун во одбрана и зачувување на таа самосвест.

---

[4] Од нив се теоретизира потеклото на Власите и Аромanците, но поверојатно е дека тие се всушност латинизирани Македонци.

# Европското Негирање на Македонскиот Милениумски Континуитет и неговото повторно откривање во 20 и 21-от век

**21**-от век не донесе ништо ново ниту промени нешто во упорното негирање на Македонската а со тоа и на самата Европска историја. Како и во најдобрите златни времиња на инквизицијата, така и денес, разните диктатори, политичари, лихвари, мулти-национални корпорации и евробирократи, очајно настојуваат да ги задржат приграбените позиции и територии, и да го прикријат сопственото криминално минато и фалсификувана историја напишана од „победниците“. Под плаштот на лажната Европска „демократија“ и национал-селективните „човечки вредности“ се промовираат масовна медиумска илузија и колективна амнезија во име на западноевропските стремежи за „супериорност“ и светска доминација.



Горе: **Изглед на предна страна од антички храм-светилиште во Древно-Македонски стил со крепидома (основата) и тимбанон (триаголниот кров, од Македонски „*Тимба*” – глава)**

Западноевропската фалсификувана историја, иако реално воведена дури во 40-те години од 19-от век,[5] фактички е долгорочен производ и последица на вековната борба за превласт

[5] Во 1840-те години на 19-от век беше воведен таканаречениот „*Ариевски модел*” на новокомпонираната Западна Историографија кој присилно го замени дотогашниот „*Антички Модел*” (5-18 век). Оваа голема политичка промена на Европската Историја беше предизвикана од смената на владеачките гарнитури со појавата на првите Републики (Франција 1792), и Индустриската Револуција (т.е. појавата на Капиталистите), која кулминираше во I и II Светска Војна. Тие го најавија и крајот и Феудалниот Систем на владеење на Монархиите во Европа, и конечно во САД го воспостави водечкиот Капиталистички Систем. Новите „нации” и новата генерација на владетели-капиталисти имаа потреба од нова историја која ќе

и доминација во Европа, чија шема е сублимирана и зацртана уште со Македонско-Римските војни (215 г. п.н.е. - 30 г. п.н.е.)[6], и со подоцната поделба на Римското царство на




Горе: **Источното Римско царство (со жолта граница) во 1020 г. и поделбата на влијанието помеѓу Источната и Западната црква во 1054 г. (со виолетови точки)**

Источно и Западно, бескрупулозно потврдена и преку религиозната поделба на Европа на Источна Правоверна и Западна Католичка[7] во 796 г., на Синодот на 2-те цркви одржан на

---

ги задоволи нивните нови „вредности" и новонастанати „нации". Притоа новонастанатите владеачки гарнитури сосема го игнорираа фактот дека „*Ариевски*" означува Лингвистичка а не Расна категорија, извитоперувајќи ја научната смисла во умоболен расизам, кој кулминираше во митот за „*Расна Аријанска Супериорност*" на Хитлер.

[6] Македонско-Римските војни започнале со експанзијата на Римското царство на Балканот во 3-от век п.н.е. за време на владеењето на Филип V Македонски, а завршуваат со смртта на Клеопатра VII Македонска во 30-та година п.н.е. кога и последната Македонска династија на Птоломеите била соборена од власт во Египет.

[7] Во 796 г., на Синодот на двете цркви одржан на брегот на Дунав, како граница помеѓу двете цркви-ривали тогаш беше договорена реката Драва како ориентативна демаркациона линија. Подоцна, какоштознаеме, оваа граница е поместена многу по на исток, и денес воглавно се

брегот на Дунав, на кој како релативна граница и демаркациона линија помеѓу двете цркви-ривали тогаш беше договорена реката Драва. Со падот на првата Европска империја (Македонската) во 2 век п.н.е. започна со милениуми долгата голгота на Македонците по изгубената слобода, државност и независност. Историјски гледано, ниедна друга нација нема претрпено и преживеано толку долги и бројни окупации, и толку многу освојувања и војни. За оваа голгота и познатиот Ирски патриот Роџер Кејсмент (Roger Casement, егзекутиран од Британците по Ирското Востание во 1916 г.) изјави: "*Јас знам за две трагични истории во светот – таа на Ирска и таа на Македонија. И двете беа поробени и измачувани.*"

Вечната борба на Римјаните против Македонците, на Западното против Источното Римско царство (создадено и владеено од Македонски династии)[8], Католичката против Православната црква (создадена од Јустинијан I Велики, родум од Таор крај Скопје) – не престана со падот на Аркона, ниту пак со крстоносните војни и падот на Константинопол. Сите делби на Македонските народи претставуваат само диверзија на Западните империјалисти и капиталисти за освојување на Македонскиот регион на Европа, од кадешто потекнува и самото име на континентот[9], и создава само раздор, насилство, уништување и војни. Кризите во Сурија и Украина се само уште една епизода од овој милениумски глобален конфликт.

Во перспектива на оваа вечна борба за превласт и крвожедна западна страст за хегемонија, неможејќи да се помират со фактот дека првата историска империја на Европа не е нивна, западните новопечени империјалисти во последниве неколку векови прејдоа во нова фаза на нивната борба против Македонскиот народ и цивилизација – менување, криење, и фалсификување на историјата. Оваа фаза посебно се засили кон крајот на осумнаесеттиот век, кој го означи не само почетокот на ерата на национализми и создавање нови нации, туку и залезот на религиозниот начин на размислување, барем оној Кристијанскиот. Секако, новите национализми на 19 век беа само уште една алатка за империјалистичките пориви на претходните монархии и религиозни институции.




протега од границата на БиХ и Ц.Гора, долж границите на Србија и Хрватска, Романија/Унгарија, Украина со Белорусиа/Полска, па се до Литваниа, Летониа и Естониа кои граничат со Русија.

8 Императорот Константин I Велики (274–337), основач на Константинопол и Источното Римско Царство, бил од Македонска династија родум од Ниш; императорот Јустинијан I (Петруш Кристо Сабатов, 483-565) бил родум од Таор, близу Скопје; императорот Василиј I Македонски (867-886) од Одринско; и т.н.

9 **Еуроп** (*Europos*), син на богот Македон и на нимфата Орејтија, епоним на градот Еуроп во Амфакситида, родно место на Селеук I, еден од генералите на Александар Велики, кој подоцна формирал истоимен град во Сурија.

Тука мора малку подетално да се објасни и зошто, кога, и како и науката и сврте грб на историјата и вистината… – Имено, Западноевропската Доминација во 17, 18 и 19 век, која беше и фактички извршена на најбрутален начин преку геноцидната експлоатација и колонизација на многу Африкчи, Американски и Азијски, Евроцентриците сакаа да си ја пресликаат и на минатото, како нивна ексклузивна доминација и „херојска“ историја на благородни бели владетели. Нивната брутална светска доминација и најнехумано варварство побараа за себе едно крајно себично и лажно „научно“ оправдание, т.е. ‘историска легитимација’ и ‘легендарно потекло’ за злосторствата пред човештвото. И уште еден фактор им „помогна“ неверојатно инфантилна суета и самољубие. Во втората половина на 18 век, заради со векови наталожената очајна омраза и страв од Османлиското Царство, кое во неколку наврати навлезе во централна Европа, и кое им голтна добар дел од јужна Европа (скоро целиот Македонски Полуостров, Сицилија, Јужна Шпанија) – беше роден нов Евро-Романтичарски концепт на „цивилизација“ (којшто е различен од цивилизираната-варварска дихотомија која е античка). Овој концепт го измислил во 1757 г. Виктор Мирабо (Victor Mirabeau), во трактат за населението, а една деценија подоцна го искористил Фергусон во својот есеј за „Историја на Граѓанското Општество“ (1767). Наеднаш „Цивилизацијата“, откако беше наново конципирана и усвоена од европските Романтичари, прерасна во саморастечка и самохрана Евроцентрична доктрина, и беше вклучена во новиот себичен концепт на западните монархии и колонизатори, со нив како од-бога-одбраните елити и центар на светот. Во текот на следните 18-ти и 19-ти век, земјите беа еднострано поделени, од тие истите Евроцентрици, на "цивилизирани" (Западна Европа) и други, т.е. "нецивилизирани" (варвари), нормално со Западна Европа како "цивилизираната супериорна страна" за споредба. Во рамките на конструкцијата позната како "Цивилизациски стандард", идејата за "европска културна и морална супериорност" го достигна својот зенит, заедно со претпоставената „историска мисија за цивилизирање на остатокот од светот“ (Македонскиот Полуостров, Источна Европа, Мала Азија, Блискиот Исток...) преку проширување на европското влијание – со колонизација, војни, и пустошење.

Колку забегана и болно-егоистична е оваа доктрина зборува и фактот што во 1856 г. Виена (тогаш културен центар на Европа) се сметаше за последна граница на цивилизацијата и предворје на Азија, која според Метерниховото (Klemens von Metternich) сфаќање на географијата „*Почнува од Ландштрасе…*“ (улица која од Виена водеше кон југоисток), а Македонскиот Полуостров беше сметан за дел од Азија а не Европа. Овој шовинистички-себичен, ама крајно суров и лажен концепт за "цивилизација" кој беше создаден во 18/19 век од Европејците (различен од ‘цивилизирани-варвари‘ дихотомијата, која е античка), прерасна во изопачено ксенофобично саможиво чудовиште, инкорпорирано во дволичниот концепт на „меѓународната заедница“, со ексклузивно седиште во Западна Европа. Се што беше надвор од Западна Европа почна да се третира како да постои само и исклучиво само за нивна корист и профит, и дури и како ментално ретардирана крајно заостаната околина, и како таква предодредена само за евентуално експлоатирање и елиминирање.

Оваа екстремно-шовинистичка Нова Доктрина на саможивите Евроцентрици конечно доби и своја фабрикувана „научна“ форма преку новата верзија на историјата која се создаде на институтите и универзитетите во Немачка и Англија. Посебно значаен за оваа измама е Универзитетот во Гетинген (Göttingen), каде уште во 1770-1780 г. се работеше на овој нов шовинистичко-расистички модел. Тој беше институализиран веќе од 1820 г. , кога

интензивно се обликуваше новата „инвазиона теорија“ за Индо-Европејците како „Бели Воинствени Освојувачи од Север“, па така веќе по 1840 г. низ цела Европа се ширеше и пропагираше новата модерна теорија на „белите освојувачи од северот“, кои Евроцентриците од нивната сеуште актуелна доминантна позиција на светски освојувачи и колонизатори ја пресликаа и врз минатото. Првата поширока поделба и употреба на извештачените термини „Аеолци, Дорци и Јонци“, како и „Дорска инвазија“ датира токму од 1830-ите. Пред тоа тие биле непознати на историјата. Популарна алтернатива на оваа




Горе: **новокомпонираната „инвазиона теорија“ со претпоставените измислени правци на миграции/инвазии. Со црвено се додадени прастарите етноси-**

**староседелци кои реално и се познати на историјата – Пелазгите, Пеагонците/Пајонците, и Бригијците, кои според сведоштвото на Еродот биле преименувани во Фригијци откако се преселиле во Мала Азија. Истотака, според древните извори кадешто новата доктрина измислила „Дорци“ всушност биле Пелазги**

терминолошка доктрина беше „Дорската миграција“. На пример, во 1831 година Томас Кејтли (Thomas Keightly) ја користел „Дорската миграција“ во ‘Преглед на историјата’; веќе од 1838 г. во ‘Митологијата на Античка Грција и Италија’ ја користел „Дорската инвазија“...

И така, новокомпонираните “*Антички Грци*” станаа “Легендарните Ариевски Индо-Европејци дојдени од Север”, а не мирни доселеници и трговци од Северна Африка и Мала Азија, како што до 1820 г. и во последните 2000 години ги знаеја и сеуште ги знаат сите нормални историчари на светот.[10] Ниту еден од сиве овие термини не одговара на вистинските настани, бидејќи „инвазија“ подразбира насилен упад однадвор кон внатре во некое општеството или заедница; но „Дорците“ ниту биле „надвор“ од Македонскиот Полуостров, ниту пак биле „надвор“ од тогашното древно општество. Дури и самите промотори на оваа Евроцентрична лакрдија самите се фаќаат во небрано кога пробуваат да ги објаснат овие ненормални акробации произведени од недокваканите искомплексирани Немци и Англези во 18-19 век.[11]

Ваквиот умоболен Евроцентричен концепт набрзо ги инфицира и културата и науката. Почна да влијае дури и на историјата и археологијата. Па така на пример, откако Крит се стекна со "автономија" од Отоманската империја во 1898 г. И откако новоразбудените Турци станаа „*Грци*“, Британците на островот започнале околу десетина археолошки ископувања. Главни меѓу нив беа истражувањата на Кносос, предводени од познатиот англиски археолог Сер Артур Еванс. Од другата страна на ‘фронтот’, во 1906 година, Немачкиот асиролог од Берлин, Хуго Винклер, започна паралелни ископувања во древната Хититска престолнина Хатуша (Hattuša), која се наоѓа во Мала Азија. Преку истражувањата на Троја, Микена, Кносос, Хатуша и многу други места, излегоа од темнината на минатото културните древни цивилизации кои постоеја повеќе од еден милениум пред "класичната" антика.

Наскоро, археолозите се соочија со задачата за научно реконструирање на новонастанатите знаења во врска со овие рани Егејски Култури. Меѓутоа поради погоре наведените омраза и страв не испадна според науката. Во своите публикации по 1920 година, сер Артур Еванс создал една, релативно валидна (за Западна Европа), троделна хронологија за 3 и 2 милениум п.н.е., и на тој начин ги постави основите на новата дисциплина - Егејска Праисторија. Еванс се обидел да ги разграничи 3-те региони: Мала Азија, "*Грција*" и Крит. Во секој од овие региони, веќе беше добро познат по еден главен културен центар-град: *Троја*, *Микена*, и *Кносос*. Еванс, истотака, изврши и дефинирање на вкупно 3 различни цивилизации – Хититската, Микенската, и Минојската. Но, само два од регионите тој ги поврза со главните градови-центри наведени погоре. Микена беше, се разбира, центарот на Микенската Цивилизација, а Кносос на Минојската. Но, најлегендарната од трите, Троја (т.е. градот *Илион* од Хомеровата "*Илијада*"), со околните богати археолошки наоѓалишта, изненадувачки остана игнорирана и отстранета од

---

[10] ‘Black Athena’ by Martin Bernal: https://www.youtube.com/watch?v=dt1NyAqUL6Y

[11] „Ionia and Greece in the 8th and 7th Centuries B.C.“ од R. M. Cook: https://www.jstor.org/stable/626542

неговите публикации! Наместо истотака да ја посведочи и цивилизацијата на Троја како препознатлива и засебна културолошка целина, Еванс во своите публикации таа препознатлива и засебна културолошка целина од копното ја префрли на Егејските острови, иако таму немаше ниту еден поголем град којшто би бил ад интерим претставник на Тројанската култура. И навистина, островите во Егејот ни оддалеку не биле толку моќни во 2-от милениум п.н.е. за да се третираат како засебна „цивилизација", а ниту пак биле културолошки поврзани со богатата Троја (‘Вилуша’ на Хититски). Ниту големиот главен град Хитите, метрополата ‘Хатуша’ од централна Анатолија, не се најде во цивилизациската пресметка на Еванс...




Зошто се случи една ваква апсурдна и ненаучна манипулација и изземање? И покрај очигледната научна лакрдија на овој со ништо оправдан и селективен пристап, беше повеќе од јасно дека романтизмот на Филеленистите од почетокот на 19 век превагна, и Романтичната идеја беше таа што ја редефинира Егејската Праисторија во тоа време. Токму кога господинот Артур Еванс ја осмислуваше хронологијата за Егејската Праисторија, околу 1920 година, жестоки борби се водеа помеѓу нивната новосоздадена колонија "Грција" и Турција. Во овие околности, еден Филеленист како Еванс пристрасно го оддалечи вниманието и научните факти од древната култура на Турска територија. Како резултат на тоа, Хатуша, и посебно Вилуша (подоцна ‘Троја’), која била и е далеку најпознато археолошко наоѓалиште во светот, останаа неправедно изолирани и игнорирани како де-факто центри на една огромна и прастара цивилизација.

Поради овој ненаучен политички интервенционизам од пред стотина години, денес практично нема друго место на светот со толку голем археолошки потенцијал за откривање посвојствен од Западна Мала Азија. За сето ова време, заради хистеричната

западноевропска ксенофобија и омраза кон се она што беше Турско или под Турска власт, целата оваа грандиозна цивилизација во голема мера остана скриена од очите на археолозите и поширoката јавност. Апсурдот е дотолку поголем бидејќи повеќе од илјада години пред 19-от век Западноевропејците од петни жили се труделе да ги пронајдат своите антички корени назад во минатото – токму од кралското семејство на Троја. Стотици градови во Европа, вклучувајќи ги и Рим, Париз и Лондон, се колнеа дека се изградени според моделот на Троја. Уште пред времето на Кулата на Крал Алдер и легендата за Крал Артур, постоеше легендата за ‘Каменот од урнатите кули на Троја’: „*Брут го основа Каер Троин, потоа наречен Лондон... Белата планина ... сега окупирана од кулата. Во дворот на Дијана, тој го постави светиот камен... на градот-мајка Троја*.“ На него положија заклетва британските кралеви... Верувањето од стари времиња беше дека се додека опстане ‘Нова Троја’ (или Лондон), животот ќе продолжи. [12]

Овој ентузијазам за сите нешта од Троја постепено се претворил во целосно отфрлање откако Османлиите го освоиле целиот Балкан и Константинопол (во 1453 г.), па дури стигнаа и да ја нападнат Виена во 1683 година. После таквата перспектива, само заради тоа што остатоците од таа древна и славна цивилизација се нашле под туѓа власт и туѓа религија – интелектуалната елита на Централна Европа повеќе не сакаше да се смета за потомство на Тројанците. Едноставно Западноевропејците не можеа да го поднесат фактот што нивното идеализирано "благородно Тројанско потекло" беше отуѓено, и тоа од некакви примитивни Турко-Монголски орди дојдени од Азија. Наместо тоа, тие комотно си го заборавија своето идеализирано "Тројанско потекло", и си измислија нов модел на историска улога, античка "Фантазија" од романтичарска Евроцентрична ветер и магла – "*Грција*". И одеднаш, од легендарни "Тројанци" во 19 век западноевропејците се префрлија на новокомпонираниот модел на "*Демократски Грци*"[13], и Елада (Hellass) прекуноќ стана најновата "*Лулка на Демократијата*", и секој што не го говореше ново создадениот "*Грчки*" јазик се сметаше за ‘Варварин’. А за време на 1000-годишната Ромејска Империја било токму обратно – називот „*Елин*“ всушност означувал неверник т.е. паган, а не “грк”.

И така, беше создаден „*Грчкиот*“ идентитет кој целосно беше немачки проект. Во 1830 година заедно со Франција, Британија и Русија создадоа ново ‘кралство’ од неидентификувани народни слоеви под нивна директна управа. Две години подоцна, во 1832 година, истите тие сили-заштитнички, одобриле заем од 60 милиони франци, од кои најголем дел бил потрошен за војската, баварската администрација, којашто го донела кралот Отон со себе, како и за отплата на самиот заем. Во текот на осумдесеттите години на 19 век се склучени уште неколку заеми во вкупна вредност од 630 милиони драхми, така што само ратите на пристигнатите обврски достигнувале третина од државните приходи. Франција, Британија, Немачка, и после војната САД, го поддржуваат овој фалсификат и банкрот-држава веќе близу 200 години.

Постојат куп документи дека „*Грците*“ во тоа време уште не знаеле дека се „*Грци*“, па затоа и немале никаков удел во проектот за создавање свест за „*грчки*“ идентитет. Имено, никакви “*Грци*” не биле потписници на спогодбата од Мај 1832 година помеѓу Британија,

---

[12] R.W. Morgan, Trojan Era, 1857. https://en.wikipedia.org/wiki/In_Lebor_Ogaim

[13] Да се збори за „*Демократија*“ во едно Робовладетелско општество е само по себе доволен идиотизам и невиден апсурд, па непознатиот за она време термин „*Грци*“ е само очајно мизерна кулминација на политички-евтината Западноевропска новокомпонирана историографија.

Франција, Русија и Баварија, со која се одредени условите под кои кралот Отон стапува на престолот, а со кои територијата што е кралство е ставена под "гаранција на трите сили заштитнички".

Младиот (неписмен) баварски крал стигнал во Февруари 1833 г. во престолнина Нафплион на Крит (оти Атина уште не била изградена!), а проблемите со кои се соочил тој и неговата многубројна свита биле многу. Покрај неизбежните проблеми околу изградбата на идентитет и инфраструктурата на една сосема нова држава, постоела и итна потреба да се создаде заедничка свест за новокомпонираниот „грчки" идентитет, односно од затеченото турко-клефтско население да се создадат „*Грци*". Со оглед на тоа што кралот Отон бил малолетен, кога дошол на измислениот кралски престол во „*Грција*", земјата до 1835 г. ја управува Совет на наместници, составен од тројца Баварци, заедно со баварската свита што дошла со кралот. Образовниот систем, на пример, бил заснован на францускиот и на германскиот модел, а воведени биле и кривично и граѓанско законодавство, според Римското Право, како "традиција" на континентална Европа. Во кралството вештачкиот "политички живот" се манипулирал преку три партии познати како Англиска, Француска и Руска партија. Меѓу нив единствено само таканаречената Француска партија се залагала за остварување на "големата идеја", која полека но сигурно ќе биде дефинитивно докрај реализирана со помош на трите сили заштитнички во 1913 година, кога било дозволено „*Грција*" да окупира голем дел од Македонија и да ја заокружи својата денешна државна територија. Претходно, во текот на последните две децении од 19 век, како и во првата деценија од 20 век, Македонија ќе биде средиште на вниманието на грчкиот, бугарскиот и српскиот национал-шовинизам за приграбување што поголем дел од територијата.

Според истражувањата за грчката политика на Балканот на проф. д-р Далибор Јовановски од Катедрата за историја на Филозофскиот факултет во Скопје, со договорот меѓу големите сили во 1830 г. за „*грчки*" крал требало да биде избран Леополд Сакскобургски, но тој набргу, откако видел со каква вулгарна маса си има работа, се откажал од тронот на кој воопшто и не седнал. По две години, во 1832 година, големите сили го решиле проблемот со избор на нов крал, па со нов договор меѓу Англија, Франција, Русија и Баварија од 7 Мај 1832 г. за „*грчки*" крал бил поставен Фридрих Отон, вториот син на баварскиот крал.

Новиот „*грчки*" крал, според договорот, ја носел титулата "крал на *Грција*", а не на „*Грците*", бидејќи „*Грци*" уште не постоеле. Истите земји потпишале и договор со османлиските власти со кој се утврдила северната граница на „*Грција*", така што таа се движела по линијата Арта-Волос. Со тоа „*Грција*", исто како Косово и Метохија денес, конечно можела да функционира како некаква "независна држава". Секако, пред пристигнувањето на првиот „*грчки*" крал увезен од Немачка, било потребно да се регулираат и односите помеѓу „*Грција*" и Баварија. По потпишувањето на Договорот за сојуз и пријателство меѓу Баварија и "Грција" на 1 ноември 1832 г. во Минхен, бил регулиран престојот на 3.500 баварски војници на новата територија за време од 3 години. Откако биле регулирани односите, Отон можел да пристигне во неговата нова татковина. На 6 февруари 1833 г. Отон дошол во Нафплион и седнал на престолот на протекторатот. Всушност, на почетокот од своето владеење во „*Грција*", Отон не управувал со земјата, бил малолетен, па раководењето во земјата било преземено од 3-член регентство, кое го сочинувале Јозеф фон Араманшперт, Лудвиг Маурер и генерал Карл Вилхелм фон Хајдем.

Баварското регентство се соочило со тешка економска и политичка состојба во земјата, во која речиси и немало власт. Затоа, постепено морале да бидат преземени мерки со кои

државата би почнала да функционира. Во почетокот како најтежок се покажал проблемот во однос на автокефалноста на „*Грчката*“ православна црква. Со декрет на регентството од 4 август 1833 г. било прогласено создавањето на „*автокефална Грчка православна црква*“, без одобрување од никого. Кој и како ја признал неканонската прозелитистичка „*грчка*“ црква во 1833 г. е прашање на кое уште нема одговор. Во секој случај, Синодот на новосоздадената расколничка црква му бил потчинет на немачкиот крал Отон. Со декрет било создадено и посебно “министерство за вера”, а биле направени и реформи во манастирите. Зад создавањето на “*автокефална Грчка православна црква*” стоеле круговите што биле под англиско и француско влијание. Ниту Русија не се согласила со “автокефалноста” на расколничката „*Грчка црква*“, сметајќи дека тоа не е во согласност со Кристијанството и со нејзините интереси, а за тоа имала поддршка и од Цариградската патријаршија, но и од многу „Ромеи“ во самото кралство, кои биле приврзаници на Цариградската патријаршија. Паралелно со изградбата на нова „*грчка свест*“ на населението, кон крајот на 1833 и почетокот на 1834 г. кралскиот протекторат почнал да ги акредитира своите први дипломатски претставници во поголемите европски држави.

Во меѓувреме, економските и политичките проблеми поврзани со независноста од Османлиската Империја биле предмет и на разговори што се воделе во Цариград. „*Грчкиот*“ претставник, Зографос, во текот на 1834 г. водел тешки разговори со Портата за проблемите со кои се соочувала поранешната турска провинција, сега некаква државичка на Пелопонез. Практичната цел на овие разговори била склучување трговски договор меѓу двете земји, но до тоа не дошло. Портата не сакала да се согласи со барањата на „*грчката*“ страна, кои го повредувале османлискиот суверенитет, но сепак, грчката страна, со помош на рускиот пратеник Бутењев, успеала, на пример, да издејствува дозвола за назначување конзули. Притоа, од бараните 19 конзулски и вицеконзулски места, добиеле само 7. Со оваа дозвола, „*Грција*“ почнала да ги испраќа своите први конзули во османлиската држава, па така на шести декември 1834 г. пристигнал и првиот „*грчки*“ конзул во Солун, а со тоа и официјално почнува дејствувањето на „*грчката*“ дипломатија на територијата на Македонија, односно доаѓа до некаква „*грчка*“ присутност во Македонија. Конзулот Валијанос бил назначен од својата влада за прв „*грчки*“ конзул во Македонија со седиште во Солун.

Следната 1835 година, во јуни, во чест на роденденот и полнолетството на крал Отон, престолнината на „*Грција*“ била преселена во Атина, која полека почнала да се издигнува од нула. Не само физички, туку и историски, односно со делумно и целосно измислување на делови од историјата, смислена во кабинетите на западните историчари, а во служба на новата таканаречена „западноевропска цивилизација“.[14]

Од крајот на Втората Светска Војна наваму ваквите срамни Евроцентрични идеологии засновани на избудалена ксенофобија и расни предрасуди се сметаат за неприфатливи. Како резултат на нив настанаа апсурдни искривувања и празнини во науката, кои еве дури сега постепено се исправаат и пополнуваат. Меѓутоа, сублиминално, поради западните неоимперијалистички сonишта тие тврдоглаво опстојуваат, држејќи го уназадено истражувањето на раните Македонски и Анатолски цивилизации и нивната несомнена поврзаност. Ова бесрамно прекројување на историјата од Западно-Европските центри на

[14] 2018 г. кон таа и таква историја беше украдена и додадена и историјата на Македонија, а подарокот беше украсен со машничка од вратоврската на 3-пати амнестиран криминалец, којшто самиот призна дека не му личи да биде патриот...

моќ и понатаму е систематски применувано и доследно повторувано на сите нивоа, преку сите достапни медиуми и по секоја цена. Колку е перверзна и искривена до крајност ваквата ретроградна неоимперијалистичка политика може многу лесно да се види од очајно бесмислените и неверојатни историски манипулации со кои се служат:

Според важечкиот „*Инвазионен модел*" на Европската Холивудска историја од 19 век, првите Индо-Европејци се претставени како „*Страшни коњаници со камени секири*" дојдени од Исток во 4-от милениум п.н.е., т.е. доцниот Неолит (Ново Камено Време), кои „*со молскавична војна ја освоија Европа преку ноќ*". Но, Западноевропските квази-историчари „заборваат" да ни кажат дека во Каменото Доба не постоеле коњи за јавање, од проста причина што коњите во тоа време сеуште биле малечки по раст и се користеле исклучиво како храна и за принесување жртви на боговите[15], а дури потоа во Бронзеното време, т.е. 3-2 милениум п.н.е. почнале да служат и како запрежни животни.[16] Најслична споредба за улогата на коњите од тоа време може да се направи со денешните ирваси, коишто народите од северот (Лапонците, Ненец,и др.) сеуште ги користат на потполно ист начин како што некогаш се користеле коњите во Неолитот - за исхрана, за кожи, и како



запрежни животни. Освен коњот како запрежно животно воглавно било користено и говедото. И Хомер истотака во неговите епски дела никаде не спомнува јавачи. Тоа може многу јасно да се види и и од пронајдените остатоци, фигурини и цртежи на коњи од тоа време, како и од одсуството на било каква опрема за јавање. На пример, верната коњица на Александар III Македонски – славните '*Кралски Пријатели*', дури и во 4-от век п.н.е. сеуште немале узенгии за коњите. (види ја сликата на следната страница) Тоа е јасно

---

[15] Gimbutas,1988.

[16] Досега најстар доказ за користење на запрега како транспортно средство е најден неодамна во Словенија, во форма на тркало од запрежна воловска кола датирана на 4000 г. п.н.е.. Коњот во тоа време сеуште се одгледувал во стада, како денес Ирвасот (вид северен елен) кај северните племиња-номади (Ненец) од Сибир. Јавањето е многу подоцнежен „изум".

видливо и од бројните монети, керамика, и фрески по гробниците и други пронајдени артефакти.



Напротив, опремата за запреги веќе е присутна уште во 2-от милениум п.н.е., и насекаде на спомениците, мозаиците и камените рељефи од тоа време се прикажани разни запреги и запрежни коли, од Египет и Вавилон, преку Азиските степи, па се до Македонија и Микена. Во Македонија, исто како и во кралската коњушница на Рамзес II Велики (1292-1225 г. п.н.е.) откопана во Египет, беа пронајдени прекрасни зачувани кочии и запреги, но никаде немаше ни трага од било каква опрема за јавање. Така да „*Инвазиониот Модел*” на Европската Холивудска историја од 19 век не е ништо повеќе од прикаска за мали деца.



Горе: **Минијатурна Запрега со 4 коњи (четворопрег) од антиката. 5-4 век п.н.е.**

Истотака секогаш „заборавaат да спомнат” дека Индо-Европејците како типична Европска култура настанале и биле присутни на Македонскиот Полуостров ("Балкан" од 19-ти век) уште од 7 милениум п.н.е., одкадешто постепено ја колонизирале цела Европа и Мала Азија. Археологијата и модерните техники за анализирање[17] на остатоци од човечки населби, и во согласност со истражувањата на другите научни дисциплини и методи, овој факт прецизно и го потврдија. Концентрацијата, хронологијата и типологијата на археолошките, антрополошките, јазичките, генеалошките и други наоди, недвосмислено посочуваат кон срцето на Балканот, т.е. Македонија.

[17] Дендрохронолошки, Изотопи на Јаглерод14, Инфрацрвена Спектроскопија, Хроматографија на Течности и Гасови, Тежинска Спектрометрија, и т.н.



Лево: **Древна Македонска пара од Александар I Македонски (498-452 г. п.н.е.)**

Но, западните историчари оваа прва праисториска Европска култура со корен во Македонија, неможејќи да ја негираат, ја маскираат и разобличуваат со најразлични имиња и административни Нео-Латински изрази и ја нарекуваат: „*Култура на Чакални Огништа*“, „*Култура на Коноп-печатена Керамика*“, „*Култура од Винча*“, „*Култура на Подунавски басен*“, „*Култура на Линеарна Керамика*“, „*Кукутенска култура*“, „*Сескло култура*“, „*Област X*”, „*Магдаленска*“, и т.н. – но никако и Македонска, иако Македонија е единствената земја во Европа, ако не и во светот, којашто своето име го носи од најдревни времиња до денес. Само за пример да спомнеме дека и името на реката „*Дунав*“ е од понов датум, порано таа се викала *Истер* или *Иштер* (најверојатно по потекло од Македонска етимологија: *истера/ищера*, во смисла на извор (*истек*) и воден ток кој тера се пред себе).[18] А широкиот *Истер* на исток ја имал својата класично-Македонска дуалистичка смисла која се огледува во истотака широкиот *Дњестер*[19]. Ова е лесно препознатливо и типично Македонско двојство на топографски, бројни, и секакви други термини и номенклатури кои дури и се римуваат: *Ематија-Матија*, *Матија-Далматија*, *Термајски-Струмајски*, *Рас-Хас*, *Сер-Бер*, *Здраво-Живо*, *Три-Четири*, *Пет-Шест*, *Седум-Осум*, и т.н.

Западните илузионисти отидоа дури дотаму што си создадоа и божемен „демократски модел“, базиран на нивната нова „историска” верзија на измислената „*Античка Грчка Демократија*“. Имено, во антички времиња никаде не постоела никаква земја ниту држава „*Грциа*“, ниту пак може да стане збор за некаква „*Демократија*“ кога многу добро се знае дека во 4-от век п.н.е. за време на Македонската окупација во Атина имало: 21,000 граѓани Атинци, 10,000 странски граѓани и – околу 40,000 робови. А Робовладетелското општество

[18] Логична претпоставка е дека оттука произлегува и името на полуостровот *Истра*, кој бил природен излез кон Јадранот од коридорот Исток-Запад во продолжеток на реката Истер (т.е. *Дунав*) до Црно Море.

[19] https://en.wikipedia.org/wiki/Dniester

како социјално уредување е дијаметрално спротивно и апсолутно непојмливо со Демократското, коешто по дефиниција подразбира гарантирана слобода и социјална еднаквост меѓу луѓето. Но тоа воопшто не е проблем за западните циркуски илузионисти.

За пoсликовито да се покаже како е создавана Европската историја од 19 век и колку е евтина илузија и филмска монтажа, најдобар пример е „таткото на археологијата“, инаку најобичен богат еврејски лихвар од Немачка, Х.Шлиман [Heinrich Schliemann]. Тој кога ја нашол (ако воопшто „ја нашол“!) погребната златна маска од Микена, не му изгледала доволно „кралска“ (како во Хомеровата „Илијада“), па ја однел на златар и и направил мустаќи и брада! Тоа е веродостојно посведочено и укажано во документарниот филм на Британското Национално Географско Друштво [National Geographic Society] под наслов „Митот за Троја“, чие вистинско име патем воопшто и не било „*Троја*“ туку *Вилуша* па оттаму *Илиос/Илион* (и оттука всушност и името на Хомеровата „*Илијада*“).




Исто така произволно е преименувана и древната Македонска престолнина Бела[20] која

[20] *Бела* е најчесто користената придавка за територијата на Македонија: Беломорска Македонија, Белазора (*Билазора*) кај Велес, Белагониа (Пелагонија), Беласица, Белград (т.е. денешен „*Берат*” во сегашна Албанија), Бела Река т.е. „*Вар-Дар*”: Вардар (*Bardarios* во Античките извори) од: „вар”- белило,креч; и „дар” – река, од Персиски: „*Дарја*”- река (Аму-Дарја, Сир-Дарја – реки во Азија) , Македонско-Персиско име од 5-3 век п.н.е. кога по Персиска инвазија во 5 век п.н.е. и подоцна со Македонската инвазија во Азија голем број Персијци се населија и во Македонија, каде оставија нивна трага и во топонимите.

станала „*Пела*“ од проста причина што веќе подолго време се наоѓа под странска окупација. Имено, платеничките банди и слуги на окупаторот во својата нова азбука и писмо измислени за нив во 20-от век и воведени дури во 1976 г. – ја немаат буквата „Б“. Наместо „Б“ користат „МП“, па така, Бела си ја препишаа како „*МПела*”, а вистинскиот окупатор на Македонија (западните империјалисти) нетрудејќи се многу-многу да прочитааат „*МП*“, и 'без пардон', едноставно си ја променија во „*Пела*“. А покрај древната Пела тука се и древните Пелагонија и Пелагија (денешен ‘Полог’), Пелистер, Беласица, и т.н.



Горе: **древна сребрена пара од исчезнатиот Македонски град Пелагија, неодамна и археолошки лоциран во Полог, кој и го добил името по овој древен Бригијски град**

Ваквиот крајно вулгарен пристап кон систематското преименување и бришење на Македонското историско и културно наследство не познава граници. Кога во делот на Македонија под „*Грчка*“ окупација беше преименувана Долна Џумаја, за некој случајно да не се посомнева дека некаде постои и друга Џумаја – беше веднаш ургирано и до Бугарската окупаторска страна за да се промени името и на Горна Џумаја (денес „*Благоевград*“) во Пиринскиот дел на Македонија. Какошто и имињата на многу Европски градови (Берлин, Берн, Будим-Пешта, Виена, Венециа, Грац, Лајпциг - „*градот на липите*“, Љубек, Милан, и т.н.) се типично Македонски, така и старото име на „*Хамбург*“ е *Трева*; како и прастарото име на „*Софија*“, кое се до присилната вулгаризација во 18-19 век било – Средец. Ако се погледне географската карта веднаш станува јасно и зошто: Средец (сегашна „*Софија*”) се наоѓа точно на средината на Македонскиот полуостров, и за време на Римската окупација Средец дури бил и административна тромеѓа помеѓу Римските провинции Македонија II (*Seconda*), Мизија и Дакиа (Дача). А таму каде што се наоѓа денешен „*Хамбург*“ на јаловата почва расте само – трева.

Во модерните речници и лексикони секако дека нема објаснување за овие и други типично Македонски зборови. Но затоа има илјадници преименувања и уште повеќе нејасни „толкувања” за потеклото на зборовите од „*Грчки*“, „*Латински*“ и други новокомпонирани геополитички јазици, воведени во понови времиња, за кои не постои ама баш никакво етимолошко или било какво друго логично објаснување. Во западноевропските новокомпонирани јазици и нивните соодветни Латински писма се има

отидено дури дотаму што намерно се изоставени и буквите „Ѓ“, „Ѕ“, „Ќ“, „Џ“, „Ч“, „Џ“, „Ж“, „Ш“ и т.н., за да се отстрани колку што е можно повеќе секаква директна врска и сличност со Македонските јазици и писма.

Па потоа, за да ги отуѓат колку што може повеќе Македонските заедници, едни од други им го наметнаа Латинскиот егзоним "Илири", та дури со амин и спонзорство на Католичката "црква" беа промовирани граматики и учебници на "Илирски" јазик. Но, после неколку векови со оваа доктрина сфатија дека тие самите ги нарекоа така домородните народи на Македонскиот Полуостров, кои баш заради тоа што беа домородни (Македонски), и тукашни, како такви си ги побараа правата на сопствената земја на којашто живеат. Одговорот беше генијален и суров – за уште повеќе да ги отуѓат, и тоа не само едни од други туку и од земјата на којашто живеат – воведоа сосема нова доктрина и повторно ги преименуваа во "Словени дојдени од зад Карпатите", за како етикетирани "Дојденци" да не можат да полагаат никакво право на ништо, освен тоа што ќе им биде дозволено од Западните Сили. И, эа понижувањето да биде уште поголемо, ги нарекоа и со други уште помизерни имиња, како 'Робови' (Slaves), 'Слуги' (Servi), 'Вулгарни' (Bulgari), и т.н.

Истотака упорно се настојува да се преименува и последното Македонско царство на Македонскиот Цар Душан (родум од Ново Село, Прилепско). Во официјалните документи од негово време, како и во познатиот „Законик на Цар Душан“, тој е запишан и е крунисан во Скопје како Македонски цар, и наследник на Самоиловото царство преку роднинска врска со ќерката на Цар Самоил. Но, какошто Душановото Македонско Царство и Македонскиот Полуостров подоцна влегоа во сферата на интерес на поновите и поголеми Руски и западноевропски империи, така и царското „Македонски” морало да се избрише и да биде преименувано во „Славјанско“, „Србско“, „Вулгарно“, исто како и Македонскиот полуостров кој станал „Балкански“ во 19-от век. За тоа колку „Србско“ е лажен и новокомпониран израз говори и фактот што до 1915 година "Србија" воопшто не била "Србија" туку "Сервиа" - 'Слугија' во слободен превод. Тоа се гледа од документ од 1915 г. (види сликата долу) кадешто може да се прочита дека "Србскиот" пратеник во Лондон со циркуларно писмо побарал од тамошниот официјален печат и јавноста да не ги词 ословуваат повеќе со "Servia" и придавката "Servian". Значи не само што во меѓународната терминологија се до 1915 г. "Србија" уште не постоела, туку самото тоа име не е етничко по потекло туку е технички Латински термин[21] за "слуги", или во случајов на една земја 'Вазали'. А 'Вазал/Слуга' не е збор што означува нација.

[21] http://etimo.it/?term=servo&find=Cerca

The Servian Legation in London has addressed a letter to the Press and public urging the adoption of the spelling "Serbian" and "Serbia" instead of "Servian" and "Servia."

"The latter spelling," says the legation spokesman, "is highly offensive to our people, mainly because it suggests a false derivation from the Latin root meaning 'to serve.' It is a source of hidden pain to Serbians to see that some journals persist in using the corrupt forms."

The same letter requests wider publication and performance of the Serbian national hymn:

"In restaurants and public places we hear the British patriotic songs and hymns, together with those of your Allies—France, Russia, Belgium, and Japan, yet, alas! not that of Serbia, which is really a beautiful piece of music." [22]

[22] https://english.stackexchange.com/questions/269468/why-did-servia-become-serbia

Сепак најфрапантен и ненадминат пример за малоумните лаги и евтини манипулации на Европската конвенционална историја и понатаму останува бившото вештачко кралство на С.Х.С. (Србите, Хрватите и Словенците), а потоа и федерација „Југославиа“. Колку и да е неверојатно бесмислена и апсурдна именката „Југо-славиа“ (Каде ли се само „Северославиа“, „Истокославиа“ и „Западославиа“?), дотолку повеќе запрепастува крајната безобразност и вулгарност со која таа била применета. Трагикомичен и неверојатно зачудувачки е фактот што еден толкав „суверен“ апсурд бил така лесно воведен и користен цел еден век, независно од тоа колку и да е прост.

# Македонскиот Милениумски Континуитет низ призмата на Историскиот Ревизионизам

**Е**родот [Herodotus] во неговата „Историја” забележал дека Египетскиот фараон Псаметих (Psamatich/Seti-Ptah-Maat) во 7 век п.н.е. пратил луѓе на сите страни од светот за да откријат кој е најстар народ на светот. Кога неговите пратеници се вратиле, му потврдиле дека тоа биле Македонските „*Мушки*“ (од други извори познати и како „*Бриги*/Фриги“ или „*Хити*“) на север од неговото царство. Тие дознале дека Мушките (*Бригите* или *Фриги*) од Македонскиот род постоеле како народ веќе „7 Сонца”, т.е. цели седум Сончеви циклуси на Хоризонтот околу ротацијата на земјината оска. Ако се знае дека еден Сончев циклус или т.н. „*Велика Година*” („Универзална” или уште и 'Долга-Година') трае околу 26.000 години,[23] тоа значи – 184.000 години.

Денешната модерна наука е политички ограничена на период од 2000 години station наназад, и сеуште се бори за пробивање на оваа бариера поставена во 19 век од Западната историографија, религија и дивиот империјализам. Така да проверката на реалноста на овие податоци запишани од Еродот ќе почекаат некои подобри времиња за да бидат и научно докажани. Но, независно од Еродот, во последниве неколку децении границите на познатата историја постојано и забрзано се креваат се подлабоко во далечното минато. Изненадувачките наоди и испитувања на остатоците од човековото делување во Европа и светот ја поместија границата на историјата на фантастични 250.000 години во минатото. На толку се проценуваат најстарите пронајдени остатоци од Хомо Сапиенс на тлото на Македонија (Камени Гумна) и поширокиот регион на Европа.

Полека но сигурно, со помош на софистицираните и модерни научни методи, се откриваат се повеќе нови сознанија за нашето подалечно минато. Како последица на технолошките достигнувања и напредокот на денешната наука нашето минато сé поотворено се соочува и влегува во конфликт со политички изопачената претстава на Европската историја. Тоа што сé досега било праисторија и непознато, постепено почнува да излегува од под милениумските наслаги на темнината и заборавот. 20-от и 21-от век полека но сигурно ја разобличуваат евтината панаѓурска илузија на лажната историја креирана во 19 век од Европските центри на моќ и Холивуд. Огромен помак во отстранувањето на ваквите девијантни појави и исправањето на со векови изобличуваната историја направи бездруго и масовната примена на електронските средства за информирање, поточно – интернетот.

Понатаму, со падот на „Берлинскиот ѕид” и релативната еманципација на голем број на нации кои излегоа од зад железната завеса на блоковската поделба, изобличената во текот на последниве неколку векови и присилно наметната историја од бившите и сегашни окупатори доживува сериозна рецесија и ревизија. Во последниве години константно се зголемува бројот на научници и научни институции кои објавуваат завиден број на студии и научни трудови

[23] Концепт кој се чини дека е присутен во секоја древна култура, без обзир на временскиот период или местото од каде што овие цивилизации потекнуваат. Тоа е концептот на "Великата година" или "Прецесијата на Рамнодениците". Еден таков голем циклус или "Велика година" трае околу 26.000 години. Сонцето, поради нерамномерната ротација на Земјината оска гледано од Земјата се поместува на хоризонтот за еден степен на секои 72 години. Ова релативно движење го означува поминувањето на 1 епоха. Секоја епоха трае околу 2160 години, бидејќи секој период синкопирано има лак од 30 степени (на тој начин 72 x 30 = 2160). Времето кое му е потребно на сонцето за да се заврши полн круг е 26.000 години.

коишто придонесуваат за побрзо исправање и зацелување на осакатената Европска историја. Најпосле се отпочна со макотрпното отстранување на Индо-Европскиот „*Инвазионен модел*“ и фантастичната измислена *„Голема Преселба на Народите*“, бришењето на непостоечките „*Словени*“ и „*Словенската прататковина зад Карпатите*“, како и со поништување на апсурдната лингвистичка поделба на јазиците на „*Центум*” и „*Сатем*“, со која намерно е избегнато да се опфатат Македонските писма и јазици. Источно-европските нации, почнаа сериозно да работат на враќањето и повторното откривање на сопствената, а со тоа и на целокупната светска историја, низ еден се помасовен процес на „Историски Ревизионизам“.



Историчарот Џејмс Мекферсон [James McPherson] пишувајќи за Американската Историска Асоцијација, во 2003 г. го опиша значењето на Историскиот Ревизионизам: „*Над 14.000 членови на оваа асоцијација знаат дека ревизијата е извор на животна енергија за историската наука. Историјата е продолжување на дијалогот меѓу сегашноста и минатото. Интерпретациите на минатото се предмет на промена во одговор на новите докази, нови прашања на докази, нови перспективи стекнати со текот на времето. Не постои единствена, вечна и непроменлива „вистина*“ *за поминати настани и за нивното значење. Постојаната потрага на историчарите за разбирање на минатото, односно, ревизионизмот, е она што и дава на историјата витално значење и смисла.*“

Единствените научници кои денес упорно се противат на Историскиот Ревизионизам и имаат корист од одржувањето на статус-кво состојбата се историчарите-измеќари кои работат во служба на постојните политички системи, и кои имаат однапред зацртани шематски ставови преку кои глумат авторитет. Ваквата ретардирана состојба во модерната историографија е наречена „*прифатлива парадигма*“, и во некои општества и научни кругови

премина во апсолутно негаторска и реакционерна политика кон истражувањата и напредокот во науката. Примерите се безбројни, како што се безбројни и жртвите на постојните политички, империјалистички, или религиозни системи – од Коперник и Џ.Бруно, преку Г. Галилеј, Дарвин и Шамполион, до Н.Тесла и Ајнштајн.

Историчарот и филозоф Томас Кун истакнува дека: „*за разлика од науката на „прифатлива парадигма", која има тенденција да биде присилно наметната и единствената дозволена од владеачките гарнитури, општествените науки се карактеризираат со традиција на теории, контратеории и отворени дебати врз самите основи*". Ду Боа [Du Bois] во 1935 година пишува: „*Човек е просто вчудоневиден од изучувањето на модерната историја и повторувањето на истата погрешна идеа дека злото мора да се заборави, искриви, тргне од површината ... Тешкотијата со ваквата филозофија е дека историјата ја губи својата вредност како поттик и пример; таа ни претставува совршени луѓе и благородни* (западни!) *народи, но не ја кажува вистината*". Дури и можеби најпознатиот археолог на денешнината, М. Гимбутас, во едно нејзино интервју индиректно ја признава грозоморната вистина на Западната Европска историја: „*Поминав цели 15 години пишувајќи за оружја. Никогаш повеќе не сум ги отворила тие книги.*"[24]

Овие и други, се погласни научни авторитети, неодложно повикаа на итна промена на ваквиот ретардиран пристап при изучувањето и побараа посеопфатен истражувачки третман при откривањето на историјата. Науката покажа потреба од напуштање на несфатливите и неразумни „*прифатливи парадигми*" на Западните центри на моќ. Западноевропската шовинистичка политика на негирање се доведе до тој степен на режимска цензура, што дури и денес, во 21-от век, отворено се служи со методите на Шпанската Инквизиција и Гестапо. Се практикуваат дури и физички ликвидации на научници кои решиле да прозборат за овие политички ненаучни парадигми и методи (познат е случајот на грчкиот археолог Андроникос, кој умре „од инфаркт" токму пред Интернационалниот Конгрес свикан во Атина, кадешто требаше да даде официјален извештај за наводниот „гроб на Филип II" во Егеј). Беспредметно е тука да се спомне и актуелната очајна политичка и досега невидена ситуација на културен геноцид во Република Македонија, која моментално е окупирана од странски разузнавачки служби чија крајна цел е да ја избришат Македонија од картите на светот.

Наспроти ваквите научно и културолошко неприфатливи и девијантни историски конструкции, како резултат на антрополошките истражувања извршени ширум планетава, се издигнаа мноштво современи научни перспективи: **Парадигмата на Палеолитскиот Континуитет**, историската реафирмација на **Венетите како Пра-предци на Европејците** и враќањето на **Централно-Периферниот Лингвистички Модел**. Почнувајќи од 60-те и помасовно од 90-те години на 20 век, неколкумина археолози и лингвисти, сите независно еден од друг ги презентираа своите најнови студии за потеклото на Индо-Европејците, откривајќи го повторно непрекинатиот континуитет во развојот на Индо-Европските луѓе, јазици и историја од Палеолитот до денес – на Балканот. Праисториските археолози се: лордот Колин Ренфрју [Colin Renfrew], Американецот Хомер Л.Томас [Homer L. Thomas], Белгиецот Марсел Оте [Marsel Otte] и Немецот Александер Хауслер [Alexander Häusler]. Неколкумината лингвисти се: В. Илиќ-Свитиќ [V. Illich-Svitych], Аарон Долгополски [A. Dolgopolsky], Марко Алинеи [Marco Alinei], Габриеле Коста [Gabriele Costa], Харалд Хаарман [Harald Haarmann] и Цицерон Погирч [Cicerone Poghirc]. Овие научници, го привлекоа вниманието на модерната науката до тој степен, што беше неизбежна афирмацијата на нивната реконструкција на

[24] "Јазикот на Божицата. Разговори со Марија Гимбутас", со Џејмс Н. Пауел [James N. Powell]

историјата, која се воздигна над дотогашните сомнителни и политички манипулирани теории.

Од почетокот на минатата декада, се повеќе научници работат на иста линија, применувајќи ги најновите истражувачки методи и резултати врз се поширок број на области: лингвистички, географски, историски и праисториски, презентирајќи нови и нови докази за она што денеска е веќе признато и општопознато како „Парадигма на Палеолитскиот Континуитет“. Посебно значајна е лингвистичката ревизија на досегашната конвенционална „*Кентум/Сатем*“ (*Centum*/*Satem*) доктрина на Индо-Европските Јазици која евидентно страдаше од една огромна црна дупка што се протегаше долж „*Патот на Килибарот*“, пресекувајки ја Европа на две, и која без никаква оправдана причина (освен асимилаторската се разбира) ги исфрли Македонските (или т.н. „*Сло-Венетски*“) јазици надвор од секаква класификација. Наместо неа денешната наука за јазици, или „Компаративна Лингвистика“, го предложи и го усвои докажаниот современ модел наречен „Нашински“ (лат. *Nostratic*)[25] кој ги опфаќа сите семејства на јазици, кои се состојат од Индо-европски, Афроазиски, Уралски и Дравидијански јазични семејства, како и Алтајски јазици и семејството на домородните Кавкаски јазици.

За да разбереме со какви ништожни и расипани намери си имаме работа нужно е да се објасни основата на оваквата поделба. Обратете внимание: Како референца за оваа крајно понижувачка и дискриминаторска јазична поделба на Европските Јазици, претставена од Западноевропските „лингвисти“ во 1890 година, еднострано е земено исклучиво и само Западноевропското латинско писмо, и само една (со бројка: 1) буква, т.е. првата буква од Латинскиот збор за „сто“ („*Centum*“) – „C”. А како споредбена референца не е земено единственото друго најпознато и најраспространето Европско писмо – Кирилицата, како што нормално би било да се очекува, туку првата буква и зборот за „сто“ („*Satem*“) од непознатото и изумрено „*Авестинско писмо*“[26] (?) пронајдено во источен Иран…

Се поставува прашањето: Зошто баш ваквата необична поделба и зошто во правец кон Исток а не на пример кон Југ (Африка и Афричките јазици)?

Со оваа којзнае која по ред Западноевропска ујдурма, повторно, преку чисто Евроцентрична политичка Исток-Запад поделба, е изведено намерно „заобиколување“ на Македонските јазици и писма од Централна, Источна и Југоисточна Европа и нивно индиректно-сугестивно одалечување кон Азија. На овој начин виртуелно се добија два доволно оддалечени пола – Западна Европа и „Далечниот Исток“, а јазичкиот и животен простор меѓу нив е комплетно занемарен, како и да не постои. Со ова се настојува Македонските јазици (кои се класифицираат како „*Сатем*“) да бидат повторно преименувани, игнорирани и третирани како далечни „*источни јазици*“, а со тоа значи и „не-европски“, за со тоа да биде избришано нивното сведоштво од Европската историја и да бидат исфрлени од Европската лингвистика и

[25] „*Нашински*” ('*Nostratic*', од латински „nostrum” – *наш*) е праисториско јазично семејство (понекогаш се нарекува Макрофамилија или Суперфамилија), кое го открија Руските научници В. Илиќ-Свитиќ и А. Долгополски во 60-те години на минатиот век, и кое вклучува голем број на домородни јазички семејства на Евроазија, вклучувајќи Индо-европски, Уралски, Алтајски и Кавкаски јазици. Исто така, вклучени се и Афроазиските јазици со потекло од Северна Африка, Рогот на Африка, Арапскиот Полуостров и Блискиот Исток, како и Дравидските јазици на Индискиот потконтинент (проширени на Еламо-Дравидски, којшто ги поврзува Индија и Иран). Точниот состав и структура на семејството варира меѓу научниците бидејќи се работи за временски период од пред 10-20.000 години. Во 2008 г. беше издаден и прviот „Нашински Речник” на А.Долгополски.

[26] Непознат изумрен јазик откриен на камени натписи во Источен Иран, именуван како „*Зороастерско*”, или уште и таканаречено „*Авестинско*” писмо.

историја. Затоа Горица и Белград станаа „*Корча*“ и „*Берат*“ во „*Албанија*“, Средец и Филипополе – „*Софија*“ и „*Пловдив*“ во „*Вулгариа*“, Костур и Лерин – „*Касториа*“ и „*Лариса*“ во „*Грдсиа*“, и т.н.

Им требаа добри 20 години на Немците (бившите *Тунгри*, па потоа *Франки* и *Алемани* од Светото Западно Римско царство) за да го смислат ова лингвистичко ѓубре, и 2 светски, 3 Балкански и неколку „Граѓански“ војни за да го наметнат како задолжителна материја во лажните институции на поделените и поробени народи. Поделбата на јазиците заснована на една единствена буква од Латинското писмо е запрепастувачки неверојатна, дотолку повеќе ако се знае дека и древните и модерните писма и азбуки имаат и по 30-тина букви, но е „стручно“ пропагирана со ирационална и очајна упорност. Па дури и ако го прифатиме и самиот неверојатен чин на поделба на јазиците базиран на само една буква, кој сам по себе е крајно апсурден и ненормален, ова е дотолку поапсурдно бидејќи со ваквата поделба воопшто не се земени во обзир развојот, потеклото или граматичките и семантички правила на јазиците, а камо ли нивната взаемна поврзаност или сродство. Криминалната идеа и причината за правење на една ваква налудничава поделба и дискриминација дури и меѓу јазиците, на лингвистите не им е ни на крај памет да ја објаснат, но крајниот резултат звучи вака:

- Исток, кадешто Кириличното „С“ се изговара како Латинично „S“, додека во присилно наметнатите Источноевропски Латински писма (Полска,Чешка,Словениа, и т.н.) „C“ се изговара како наше „Ц“ (*cigara, cevka, crveno*) или „Ч“;
- Запад, кадешто во Западноевропските присилно наметнати Латински писма воопшто и нема „Ц“ (за чие озвучување се користи „*ts*“ или „*tz*“), а „C“ се изговара и како „К“: *Computer*,*Coffee*; Кирилично „С“: *Cinema*,*Century*; „Х“: *Chaos*,*Chorus*,*Chrom*; „Ч“: *Ciao*,*Chocolate*; „Ш“: *Champagne*,*Chopin*; и т.н.

И покрај ваквата крајно апсурдна нелогичност и зачудувачки одсутната методологија, „*Центум/Сатем*“ поделбата на Индо-Европските Јазици упорно се промовира од Западните центри на моќ, и без приговор и слепо се прифаќа од Источните центри-марионети без моќ. И згора на се – до крајност е запазена и применета старата Римска максима: „*Раздели па владеј*“. Наметнувањето на еден толку неверојатен, лажен и крајно вулгарен Западно-европски „*лингвистички критериум*“ и во една таква суштествена работа како што се јазиците и писмата на цели народи и нации – е само потврда на старата Западноевропска умоболна империјалистичка политика од 19-от век.[27]

Колку и да е тешко да се поверува дека вакви работи воопшто се возможни дури и денес во 21-от век, јасна е прљавата позадина на Западноевропска криминална замисла за бришење на потеклото и сродството на јазиците. Фактички е „избришана” нивната заедничка историја и поврзаност, кои понатаму се објаснуваат со уште поневеројатниот „Прото-Индо-Европски“ (PIE) пра-јазик понуден од Западните лингвисти, чии најразлични произволни толкувања веќе завлегуваат во областа на магијата и паранормалното. Па така, ситуацијата во 21-от век е сеуште како што ја опиша Сер Х.С.Џонс [Sir Henry Stuart Jones] во 1925. Објаснувајќи зошто новото издание на големиот Лексикон на Лидел и Скот [Liddell & Scott] содржи малку или ич информации за значењето на зборовите, тој напиша: „*Шпекулациите на Етимолозите се ретко слободни од* (политички) *конјуктури на Компаративната Етимологија* (…) *и доведоа до прекутно одобрување на многу ѓубре но малку цврста градба*“.

На ова „прекутно одобрување“ на ирационалната и нејасна модерна етимологија беше

[27] http://javno.mk/dhejson-miko-objavi-taen-dokument-memorandum-za-severna/?fbclid=IwAR3ilS3MEGbT-mnCmyBIUs4pUlcMtIc2MBEWrhi24GUGjXj_4F7XqcOnkpk

укажано и од познатиот лингвист и лексикограф В.В.Скет [W.W. Skeat] уште во 1891: „*Јасно е дека лингвистите кои се потпираат исклучиво на Индо-Европската компонента се најдоа во ќор-сокак. Сé што можат да направат е да се обидат да ни објаснат зошто Лексиконот не може да биде објаснет*".

Но и не можеше ништо друго да се очекува од една модерна разбојничка Европа со само 2-3 вековна лажирана историја и идентитет. Во денешнава ера на неоимперијалистички конфликти и актуелна економска, „*Прокси/Хибридна*", религиозна и територијална „трета светска војна", што се води во Европа и пошироко, „*Индо-Европските*" јазици пробаа дури да ги преименуваат и со најновиот нео-логизам во „*Индо-Немачки*"…!

Наспроти ваквата ненормална и неверојатна „*Лингвистичка*" лакрдија на официјалната западна лингвистика, Централно-Периферниот лингвистички модел, предложен од Д'Јаконов, лордот Ренфрју, Алинеи, Х.Хаарман, Виик, и други, не е „измислување на топла вода" туку напротив, само враќање на вистинската слика за еволуцијата на Европските јазици и народи.

Огромен придонес, покрај класичните научни дисциплини како лингвистиката или археологијата даде и уште една, релативно нова егзактна наука – Генетиката. Истражувањата на повеќе генеалошки институти како iGENEA, Фондацијата Соренсон, Институтот за Имунологија од Мадридскиот Универзитет, и т.н. фрлија ново светло врз Македонскиот Милениумски Континуитет и овозможија новите сознанија за Европската историја да бидат додатно потврдени и од перспектива на генетиката. Но, до комплетната и веродостојна реконструкција на сите парчиња од сложениот мозаик на човековата историја ќе помине уште многу време.

# Македонскиот Милениумски Континуитет низ призмата на Македонскиот Историски Ревизионизам

По возобновувањето на самостојноста и државноста во Вардарскиот дел на Македонија, по дури цели 20 века Римска, Турска, Српска, Бугарска и Комунистичка окупација, и Македонската нација исто така конечно почна гордо да го открива и покажува своето славно минато и својата милениумска историја, докажано најстара во Европа. Македонската цивилизација, традиции, култура и историја, кои биле и сеуште се негирани и забранувани од Западноевропските центри на моќ, и Македонските дејци, научници и интелигенција кои биле прогонувани од комунистичкиот и од претходните режими и окупатори, најпосле почнаа да се ослободуваат од железните окови на Европската политичка псевдоисторија. Неброените војни, востанија и вековната борба за слобода и независност на Македонскиот народ изнедрија бројни Македонисти, писатели, учени луѓе, и револуционери Македонци кои понудија свое сопствено и родокрајно видување на минатото, слободно од дневно-политичките криминални агенди на новокомпонираните Европски империи и окупаторски режими.

Доле: **Запалениот од Македонската терористичка група '*Гемиџии*' Француски пароброд "Гвадалкивир" кој потона во Солунското пристаниште**



INCENDIE DU STEAMER « GUADALQUIVIR » EN RADE DE SALONIQUE

Душко Алексовски, Одисеј Белчевски, Ташко Белчев, Вангел Божиновски, Томе Бошевски, Павле Васкопулос, Дардан Венетски, Маргерита Китан-Ивановска, Ристо Ивановски, Милош Линдро, Ангелина Маркус, Ицо Најдовски - Перин, Симе Пандовски, Тодор Петров, Ристо Поповски, Петар Поповски, Виктор Синадиноски, Александар Станковски, Ристо Стефов, Бранко Стефановски, Аристотел Тентов, Ѓоре Ценев, Антоније Шкокљев-Дончо, се само мал дел од плејадата на посветени Македонисти, кои неуморно им ги посветија своите животни творештва на Македонија и Македонската историја, култура и традиции.




Горе**: приближна реконструкција на Загориченското Револуционерно Знаме од Илинденското Востание со кое бил погребан Гоце Делчев. Оригиналот кој е украден сеуште се наоѓа сокриен некаде во Бугарија.**

Македонија, по долг временски период, повторно почна самостојно и отворено да гради Историски и Археолошки музеи, Културни споменици, и да ги разоткрива и истражува своите неизмерни етнолошки и археолошки богатства. Ангелци, Хармонија кај Мородвис, Баргала, Барутница кај Анзабегово, Белазора (Билазора), Вардарски Рид, Виничко Кале, Велушина, Врбјанска Чука, Вршник, Говрлево, Голем Град, Град кај Делчево, Декодирањето на Древно-Македонското писмо од Каменот од Розета, Енгелина, Заливот на Коските, Градот на Исар-Марвинци, Исар кај Штип, Камени Гумна, Кокино, Корешница, Костоперска Карпа, Кристофорово, Лихнида, Осинчани, Плаошник, Породин, Руг Баир, Скопско Кале, Спанчево,

Суводол, Скупи, Стариот Суд, Стибера, Стоби, Таор, Требениште, Трон-Пешта, Тумба Маџари, Хераклеа Линкеста, Цареви Кули, Цоцев Камен,… се само мал дел од сето она што го крие ова наше прекрасно парче сончева земја.

Во прилог на ова наше неизмерно културно наследство, неодамнешното отварање на новиот модерен Археолошки Музеј на Македонија во Скопје, со повеќе од 6.000 артефакти од сите историски периоди, и новиот Музеј на Егзодусот на Македонските Бегалци предизвикан од воената интервенција на Британија и Америка[28] во Егејскиот дел на Македонија, претставуваат уште еден огромен чекор напред кон повторното откривање и презентирање на Македонскиот Милениумски Цивилизациски Континуитет. Истотака се множат и изданијата и студиите во кои се откриваат сведоштвата и вистината за Македонија…



Горе: **Уметничка илустрација на Филип II Македонски со кралската придружба како дефилира пред построените Македонски Фаланки во 4 век п.н.**

[28] Операција "Глувчешка дупка" (Operation "Rat hole") – Започната од Британија во 1945 г. воената операција "Глувчешка дупка" претставува прва странска воена интервенција по Втората Светска Војна. Со вклучувањето на С.А.Д. во 1947 е преименета во "Маршал План".

# Македонскиот Милениумски Континуитет од Палеолитот до денес

**П**од археолошкиот термин „Палеолит“ се подразбира најраното Старо Камено Доба на човековата праисторија, од пред 2,5 милиони години па се до пред 10.000 години (8000 г.п.н.е.), кога се смета дека започнало Новото Камено Доба или „Неолит“. Во тие далечни праисториски времиња Геоморфолошките и Хидролошки црти во Македонија биле многу поразлични од денешните. Во Плеистоценот (1.640.000 - 10.000 г.п.н.е.) па се до Дилувиумот постоело огромно Егејско Езеро, кое се простирало преку половина Македонија. Планините Круша-балкан и Бешик на исток во Солунското Поле тогаш биле острови, на север Егејското Езеро заобиколувајќи ги планините Пајак и Кожуф ја исполнувало целата Вардарска Долина и Мегленско, кон северозапад било поврзано преку Островското езеро со Битолското (Пелагониско) езеро, а на југозапад се протегало се до реката Бистрица и нејзините изворни кракови во Костурската котлина и на југ било оградено со тогаш многу повисокото Егејско копно чијшто масив се протегал радијално на просторот помеѓу Пелопонез и Мала Азија. Кога целото Егејско копно на југ од Солун се спуштило надолу ова огромно езеро постепено исчезнало и истекло во Егејското море кое претходно не постоело, и кое се создало со големите тектонски потреси и раседи од тој период и се споило со Средоземното море кое дотогаш се состоело само од неговиот западен дел. Потонувањето на Егејското и Источно-Средоземното крајбрежно копно бил долготраен тектонски процес кој траел илјадници години и зафатил и добар дел од историската епоха, за што сведочат многубројните некогашни градови-пристаништа кои денес се наоѓаат под вода во непосредна близина покрај брегот и во близина на многу денешни градови-пристаништа, како на пример Александрија во Египет. Во заливот на овој град основан од Александар III Македонски, во непосредна близина на брегот сеуште се наѕираат под морската површина остатоците од древното пристаниште и легендарниот светилник изграден од Птоломеј I Сотир во 3-от век од старата ера, и кои биле во функција се до првиот век од новата ера, во времето на Клеопатра VII Македонска. За неполни 2000 години тие целосно потонале под вода.

Овие огромни милениумски геоморфолошки промени имаа големо влијание и врз климата, па така на планетата земја наизменично следуваа неколку Ледени Доба со меѓу-периоди со потопла клима. Последната Ладна епоха или „Ледено доба“ (131,000-12,000 г. п.н.е.) од геолошката Плеистоценска ера (1,640,000-10,000 г. п.н.е.) беше и последната голема природна препрека за Хомо Сапиенсот и за развојот на човековата цивилизација. За да се има претстава за што се работи мора да се има предвид дека во тоа време, до пред 10,000 и повеќе години, пингвини и фоки талкаа низ Медитеранот а зимите беа слични на денешните зими на Аљаска. Во овој период од Палеолитот (или Старо Камено Доба) човекот, во гола надеж да преживее, сеуште се борел со природните сили и елементи, и живеел во постојана и сурова борба со дивите животни со кои го делел животниот простор. Фауната во тоа време беше многу побогата и дивите ѕверови многукратно го надминуваа по бројност човечкиот вид. Низ Европа сеуште крстареа безбројни стада од денес изумрените Мамути, Влакнести Носорози, Жирафи, Диви Говеда „Орокс“ (лат. *Bos Taurus*), Бизони, Пештерски Мечки и Лавови, Хиени, и многу други видови на животни и ѕверови подоцна истребени од човекот. Оваа разновидност беше резултат и на потоплите периоди помеѓу глацијалните, но и на поврзаноста на Европското копно со Африка. Еден сеуште преживеан таков животински вид и жив сведок на тие дамнешни ледени времиња е́ и познатата, иако многу ретка, Медитеранска фока.



Горе: **Мамутите биле дел од Европската фауна се до пред 10.000 години**

Досегашните научни сознанија за Европската праисторија ни открија дека дури и за времетраењето на последната Ладна епоха (до пред околу 12.000 г.п.н.е.), во Европа постоеле т.н. „Засолништа“ – области каде што климатските услови дозволувале опстанок на човечкиот вид. Одсуството на глацијални геолошки формации (траги од глечери) во овие области го потврдува тој факт. Археолошките и други наоди открија дека вакви „Засолништа“ на Европскиот континент имало на Македонскиот (Балкан) и Иберискиот полуостров, како и во подножјето на Кавказ. Тоа биле континентални климатски „џебови“ со погодни услови за живот, ограничени со замрзнати пространства и пусти степи и тундра на север, и со мориња и пустини на југ.

Десно: **Европа за време на последното Ледено доба, пред 12,000 години**

На следната страница: **Реконструкција на праисториска грнчарска работилница од Неолитот, Музеј на град Битола**




Модерните техники за анализирање на остатоци од човечки населби со радиоактивен Јаглерод 14 и прецизно го потврдија тој факт - праисторискиот човек во овие области „Засолништа“ бил присутен во последниве најмалку 50,000 години, што значи и за времетраењето на последната Ледена епоха. Неодамнешното испитување

на цртежите на овие праисториски ловци од една пештера во Шпанија ја покажа прецизната дата од пред речиси 44,000 години, поточно 41,700-та година пред новата ера. Археолошките и другите наоди исто така ни потврдија и дека од овие праисториски луѓе единствено културата од Балканот го одржала својот непрекинат стабилен континуитет од најстари времиња до денес. Благодарение на поволните и неизменети животни услови, човекот од Македонија во раниот Неолит успеал прогресивно да развие и да создаде нови начини на живот преку земјоделството и



сточарството како нови општествени ресурси. Наспроти нив, праисториските луѓе од Кавказот и Иберискиот полуостров, како типично опортунистички заедници на ловци и собирачи на плодови, не покажаа доволна способност за прилагодување на новонастанатите услови. Тоа беа т.н. *Силуријски* или *Иберијски* човек, кој бил мал по раст и со темна кожа, и *Фино-Угрите*, кои биле со смеѓа кожа и малку повисоки по раст, а нивната култура не се разликуваше многу од таа на Неандерталците. Траги од последните остатоци на живеалишта од овие праисториски луѓе се пронајдени во Шпанија и Британија. Овие Троглодити[29] продолжија со нивните традиционални начини на преживување, следејќи ги миграциите и селидбите на стадата со диви животни, се до нивното масовно истребување пред околу 10,000 години. И какошто исчезнуваше нивниот главен ресурси дивите животни и шумите, така постепено исчезнуваа и овие примитивни заедници.

[29] Троглодити – луѓе што живеат во пештери.



Горе: **Начинот на преживување на праисторискиот т.н. *Силурски Човек* или *Човекот од Кро-Мањон* (од Старото Камено Доба или Палеолит) со десетици милениуми пред воведувањето на земјоделието и сточарството (во 8-7 милениум од старата ера) воглавно се состоел од лов и риболов и собирање на плодови.**

Неоспорни докази за ваквиот заостанат начин на живот на луѓето-ловци од засолништата на Кавказот и Иберискиот полуостров се Животинските култови, ритуали и обичаи, кои во традициите на овие области се одржале многу подолго, па дури и сé до денешен ден. Такви се на пример традиционалниот зад-кавкаски „спорт“ со коњи, кадешто како „топка“ служи мртва коза или овца, или далеку попознатата борба со бикови во Шпанија, таканаречената „*Корида*“.



Ваквите примитивни обичаи и култови поврзани со животни (т.н. *Анимизам*) влечат свои длабоки корени дури од Палеолитот и го одсликуваат начинот на живот на овие праисториски заедници, кои најдиректно зависеле од природата и од нејзините плодови, и немале доволно развиена култура и технолошки средства за нејзино поцелисходно и рационално користење. Тие сеуште само ги ловеле животните, наместо да ги одгледуваат во оградени простори и да ги користат за работа. Затоа и постепено со тек на времето биле асимилирани и заменети од развиената култура на далеку поуспешните и понапредни луѓе од Македонскиот Полуостров.

Западноевропската историографија тврдоглаво одбива да ги признае овие неоспорни историски факти. Иако е познато и докажано дека се единствениот Европски етникум со потврден генетски, лингвистички, археолошки и секаков друг континуитет, Македонците како пра-предци на Европејците од политички причини се непризнати од модерната Европска ситноимперијалистичка и расистичка Евроцентрична наука. Па така, за да се избрише историскиот континуитет потврден преку Археолошките и други наоди, тие се преименуваат и разобличуваат под најразлични манипулативни псевдоними како на пример: „*Индо-Европејци*", „*Магдаленска култура*"„*Кромањонска култура*", „*Граветска култура*", „*Култура на Чакални огништа*", „*Култура на Канап-Печатена Керамика*", „*Култура на Подунавскиот басен*", и таканатаму. Но, не само што се преименуваат со најразлични имиња, туку и во студиите на научниците понатаму се третираат како „*различни* култури", независни една од друга, што е еден огромен апсурд и измама, ако се знае дека сите се развивале и случувале една по друга и/или во непосредно соседство и редослед на тлото на Европа. Вака намерно расцепканата и толкувана на 1000 начини Европска праисторија попречува да се согледа вистинската слика за континуитетот и вистинското потекло на Европејците како една неодвоива целина, што е и

главна цел на модерните империјалисти и капиталисти. Тие не сакаат светот да знае кои биле и што правеле пред да станат моќни и богати, и затоа создадоа за себе една нереална митолошка[30] илузија за божемната „*Античка Европа на имагинарни херои, богови и титани*“, а вистинската Европска историја на примитивна заостанатост и глад ја кријат со илјадници различни култури и нивни политичко-искривени интерпретации. Но дека тоа не е така, и дека овие праисториски култури во текот на Неолитот биле сите дел од еден ист културен комплекс со корени во Македонија покажуваат бројните артефакти и фигури на божества и идоли, керамиката, алатките и погребните ритуали, кои се исти или слични низ цела Европа, се до појавата и обработката на металите во Бронзеното време. Така на пример идолите од Култот на Големата Божица Мајка („МО“ или „МА“, последователно „Мо-Ма” или „Ма-Мо” во модерниот Македонски јазик, на Англиски „Mother” или „Mom”; и т.н.) во форма на нејзини жртвеници, олтари и статуетки ги наоѓаме и во Тумба Маџари и Говрлево кај Скопје (6 милениум п.н.е), и во Белица и Винча кај Белград (4 милениум п.н.е.), во Истрија, Немачка, на Пиринејскиот полуостров, и т.н.

1.  2.  3.  4. 

Горе: **Олтари, фигури и амајлии на Големата Божица Мајка. Од лево кон десно: 1. и 2. Таринци и Тумба Маџари во Македонија (6 милениум п.н.е); 3. Белица во Србија (4 милениум п.н.е.); 4. „*Венерата*” од Вилендорф, Австрија; и т.н.**

Сведоштвата за најстарите жители на Европа со потекло од Македонија се наоѓаат насекаде и не можат да бидат негирани ниту игнорирани. Посведочени се неоспорно и како „*Прото-Индо-Европејци*“ и основачи на т.н. „*Култура на Под-Дунавскиот басен*“ или „*Стара Европа*“. Па така, Македонците во далечното минато уште ги нарекувале и: *Анти*, *Енети*, *Венети*, потоа во понови времиња *Сло-Венети*, *Велшани* (или *Власи*: лат. *Wallachians*), и таканатаму, и под овие имиња ја населувале и сеуште ја населуваат цела Европа:

– „*Енети*” или „*Енетои*“ во Македонија, забележани од антички извори (Еродот и Апиан од Александрија), со древната престолнина Енеја или „*Венеја*“;
– „*Анти*“ забележани од антички Римски извори;
– „*Венети*“ во Италија (областа Венето во Италија, од латински „*Venetia*“, буквално „Венетска-земја“);
– „*Велети*“ (Полабијски „*Словени*“) во Немачка и Полска;

[30] Митологија – збир од народни приказни, верувања и бајки; обично претерани и невистинити објаснувања на природни и социјални појави преку измислени ликови и суштества од фантазијата; извитоперување на вистината.

– „*Виндиш*“ во Австрија и Швајцарија;
– „*Венди*“ (Лужичките „*Сорби*“ т.е. '*Срби*') во Немачка;
– „*Вандали*“ во Шведска и Шпанија (областа *Андалузиа*, од латински „*Vandalus-ia*“ – буквално „*Вандалска-земја*“);
– „*Вендек*“ во Унгарија;
– „*Сло-Венци*“ во Словенија и Словачка;
– „*Сло-Винци*“ на Балтикот;
– „*Сло-Вјени*“ во Русија.

Сите овие сродни или речиси исти имиња се однесуваат на еден ист Древно-Македонски народ кој славел едни-исти богови и божици, и кој зборувал еден ист Древно-Македонски јазик, кој е упорно преименуван и денес толкуван од модерната наука и како: „*Прото-Индо-Европски*“, „*Пелазгиски*“ „*Венетски*“, „*Сло-Венетски*“, „*Словенски*“ (или '*Slavic*' на Англиски), или уште и под најновиот псевдоним „*Словио*“. Сето ова е забележано и докажано од безброј историчари и фактографи, од кои ќе спомнеме само некои:

• Древната *Енеја* (или „*Veneia*”) како „*престолнина на Венетите во Македонија*,” е уште едно многу важно сведоштво на Еродот, која тој ја спомнува во својата „Историја” (450/420 г. п.н.е.);
• Историчарот Јордан (Jordanes) на почетокот од 6 век, во својата „Гетика” пишува: „*Многубројното племе Венети, кои се никнати од еден ист корен и сега се познати под три имиња: Анти, Венети и Словени*“;
• Кралскиот записничар и хроничар Фредегар на Меровиншката династија на Франките, во 624 г. за народот во Панониа, Централна Европа (областа Лужице-Бохемиа-Моравиа и Карантаниа), запишал: „*Словените кои се попознати како Венди.*“ [31]
• Монахот Виргил, првиот католички епископ којшто беше устоличен во Салцбург во 746/747 г. го покрстил синот на кнезот Борут (владетелот на Карантаниа) - Горазд, како и неговиот внук Хотимир (751-769). Овде индиректно, преку типично Македонските имиња, дознаваме за потеклото на луѓето од тогашна Карантаниа (денес Австрија, Словенија и Чешка), посебно името Горазд, кое е задржано уште само во Македонија;[32]
• „*Филипополис во Македонија… кој тука е главен Македонски центар*,“ пишува во 1433 г. Бертрандон де ла Брокиер во неговото „Патување Отаде Морето“ за денешен „*Пловдив*“ (во денешна „*Бугариа*”); [33]
• „*Вендите, односно Венетите, го населуваат најголемиот дел од Европа … Тие се древни народи кои на централните Европски простори дошле во далечното минато од југ, од нивната древна престолнина на Балканот - Венеда … тие денес го носат заедничкото* (латинско) *име Склавини*, “ вели Немачкиот истражувач Елцелт во 1579 г.; [34]
• Мауро Орбини, врз основа на кажувањето на Алберт Крањц во неговата „Историја на Вандалите“, пишува: „*Вандалите немаат едно име туку повеќе: Венеди, Венди, Генети, Венети, Винити, Славјани, и на крај – Вали*“;[35]

---

[31] Fredegar, ‘*Merovingian Chronicles*’ 584-642.
[32] ‘*Conversio Bagoariorum et Carantanorum*’ (Конвертирањето на Баварците и Карантанците) издадена од Архиепископот Адалвин (Adalwin) од Салцбург, во 870 г.
[33] ‘Voyage d’Outremer - Recueil de voyages et de dokumentes pour sevir á l`Historie de la géographie’ , од Bertrandon de la Brocquiere, 1433 г. стр. 200.
[34] ‘Cronicon der Alten Mark’ од Eltzelt von Salfeld. Magdeburg, 1579.
[35] “Il regno degli Slavi”, Mavro Orbini, 1603.

• „*Вендите и Словените* (Нем. '*Sklaven*') *се еден народ, Вандалите и Вендите една нација*" потврдува познатиот Немачки историчар Валвазор [J.V.Valvasor] во 1689 г.; [36]

• „*Антите, Енетите, Венетите, Вендулите, Вандалите, Фениќите, Бригите и Македонците од Македонските склавинии – биле еден ист народ, кои иако во одделни историски епохи биле нарекувани со различни имиња, сите му припаѓале на древното родовско стебло на Белазгите* (Лат. *Pelasgi*, пражителите на Европа)" – дошол до заклучок Полскиот научник Марцин Биелски во 1712 г.; [37]

• Исто и Прускиот Крал Фридрих II во 18 век пишува: „*Вандалите или Венди од Брандербург, кои го слават богот* ***Триглав***."; 

• Казимир Шулц [Casimirius Szulc] во 1856 г. ни потврдува: „*Венетите, Траките, Илирите, подоцна наречени 'Словени', му припаѓаат на едно исто* (Македонско) *родовско стебло ... се родиле и живееле на Балканските простори. Не само што вечно останале на своите древни живеалишта, туку и покрај подолгата Римска наезда, го сочувале јазикот, верата, а на некој начин и слободата*," додавајќи експлицитно дека: „*нивните потомци се современите Македонци*";

• „*Балканот, со центар Античка Македонија, бил јадрото кадешто била родена најстарата цивилизација која со своите вредности ја облагородила Европа и светот, и им дала писмо, врз чија основа било создадено подоцна и Латинското*…" вели познатиот немачки лингвист Харолд Хаарман во 1996 г.;[38]

• „*…самиот факт што престолнината на древните Венети се наоѓала во Егејска Македонија зборува за нивното родовско потекло… Венетите всушност биле Древни Македонци*," пишува Павел Тулаев во својата книга „Венети - Предци на Словените".[39]



Горе: **Торзо со Древно-Македонски слогови симболи: В'в Бого (ˆIIIˆ ) Воо ( \V/ ) - бог на Сонцето и врховен креатор. Лепенски Вир, 4 милениум п.н.е.**

---

[36] Во оригинал: „Wenden und Sklaven seind ein Volk, Wandalen und Wenden einerlei Nation…"; 'Die Ehre des Herzogtums Grain' од Ц.В.Валвазор. Нирнберг, 1689.

[37] 'Kronika Polska' од M.Bielski, 1712. Стр. 23-72.

[38] Haarmann Harold "Early civilization and literacy in the Mediterranean world", 1996.

[39] 'Венети – претки Славяна' од Павел Тулаев. Москва, 2000. Стр. 6-7.

Творците на лажната Холивудска историја од Западните центри на моќ крајно сериозно и постојано се ангажираат за прикривање на оваа неоспорна вистина, служејќи се со највулгарни и најпрости можни начини. За поедноставно и поефикасно лажење на широките народни маси тоа се прави без скрупули и многу вулгарно, и преку најевтиниот и најмасовен медиум – филмот. Така на пример неодамна во Холивуд беше снимен „13-от Воин“ (*The 13th Warrior*), филм со Антонио Бандерас во главната улога, во кој под името „*Вендол*“ се прикажани црни-прљави човекојадци облечени во животински кожи кои живеат во пештери – наспроти „цивилизираните дотерани западни европејци со руси коси”.

Значи, според Евроцентричната приказна сервирана од Западните илузионисти, повторно ја имаме истата добро позната шема и поделба на „тие“ и „ние“ (Исток-Запад, Православни-Католици, и т.н.), каде што според нивната (Западноеврпска) гледна точка „тие“ („*Вендол*“ т.е. *Вандалите, Венети/Сло-Венети, Словени, Славјани,* „*Slavic*“ и т.н.) – се „*лошите, крајно нецивилизирани и нечовечки дивјаци дојдени од исток*“ претставуваат смртна закана и опасност за „*цивилизираниот и хуман Запад*“… – Фактичката вистина во најмала рака е обратна. За тоа историчарите Х.А.Ламб [Harold Albert Lamb] и Р.Џ.Роден [R.J.Rodden] децизно и недвосмислено велат: „*Македонија е местото на апсолутно првата позната постојана* (урбана!) *населба во Европа, датирана на 6620 г. п.н.е.. Тука условите за создавање се особено изразени, благодарејќи на автентичниот еднороден народ. Затоа таа е место и на многубројни еднородни кралства…*“ Значи пред некои 8640 години, кога во другите делови од Европа во доцното или таканаречено Ново Камено Доба (Неолит) луѓето по степите сеуште се бореле со природата за да преживеат, и живееле во пештери или шатори од кожи во најдобар случај. Но правата историја и вистината како што знаеме не се прифатливи категории за Западните „демократи“ и неоимперијалисти.

Македонскиот хронолошки континуум во Европа временски ги опфаќа непрекинато последниве најмалку 10 милениуми (според генетските истражувања дури 17!), и просторно централните делови на Европскиот континент – од Македонија и Мала Азија на југ до Балтикот и Норвешка на север, и од Франција и Шпанија на запад па се до Русија на исток. Македонската култура е најголемата и најстара позната Индо-Европска културна група на Европски староседелци на тлото на цела Европа, а името Македонија е најстарото познато име за земја на Европскиот континент.[40] Од Македонија до Скандинавиа, од Франција до Русија, цела Европа е посеана со прастари Македонски натписи, т.н. од Црноризец Храбар „Черти и рецки“, „Рити“ или „Руни“ на Древно-Македонско слоговно писмо, изрежани во камен и печена глина, дрво и слонова коска, на садови и скулптури од божества, надгробни натписи и царски декрети.





[40] Се спомнува до ден-денес под истото име Македонија и во најстариот жив јазик на денешнината, Хинди, со буквално значење – *Мајчина Земја*.

Македонија територијално се наоѓа токму на средината на природните сообраќајници кои ги поврзуваат двете големи културни сфери - Егејската и Анадолската, како најстари жаришта на Земјоделско-Сточарските заедници - со внатрешниот дел на Македонскиот Полуостров и Средна Европа. Македонија и Македонците се спомнуваат како нација и држава уште во првите книги на библијата (Стариот Завет), коишто се пишувани во 1-от милениум п.н.е., а опишуваат настани кои се случувале во уште постари времиња, што секако укажува на фактот дека Македонците веќе во тие древни времиња живееле во организирани општествени и државни структури со цивилизиран живот уште пред пишувањето на тие први стари библиски записи пред 3000 години. Според истражувањата и заклучоците на некои научници од Словенија, Македонците како карактеристичен и препознатливо посебен етникум живееле во Македонија и на Балканот непрекинато во последниве најмалку 50,000 години[41]. Дури и самиот етноним „Анти“ (едно од Нео-Латинските имиња за Македоните) е влезен во модерните западни јазици како назив и придавка за нешто што е пред- или претходи-на: *Antipasto* - „предјадење“, *Anticipation* - „предвидување“, *Anteroom* – претсобје/чекална, и т.н.; или уште и како општ поим за нешто прастаро, древно т.е. „*Античко*“: *Antique* - „старо/прастаро“.

Древните Македони („*Анти/Енети/Венети*“/„*Сло-Венети*“) се издвоиле уште од најстари времиња како посебен етнички, јазички и културно различен народ од нивните соседи. Нивното потекло го пронаоѓаме и кај т.н. Белазги[42], или уште и во древниот Бригиски (или *Фригиски*, *Мушки*) субстрат, чија оригинална популација живеела на територијата на Македонија и од којшто до крајот на 2 милениум п.н.е. се оформува и најголемиот дел од „*Индо-Европскиот*“ субстрат. Индоевропскиот начин на погребување под могили и воопшто материјална култура (карактеристични садови-бокали со две држалки) го потврдија присуството на Бригите во Охридскиот регион, во Пелагонија, источно од долниот тек на Вардар, Егејска Македонија, Епир, како и во централна, југоисточна и јужна Албанија. Но, според интердисциплинарните истражувања во Бронзеното Доба од Карпатите до Јадранското Море и Пелагонија имаше развиена комуникација и поврзаност на културите; во овој простран географски ареал влегуваат и областите во централниот дел на Македонскиот Полуостров, Поморавјето и Повардарието. Овие древни Македонци-Бриги или Белазги/Пелазги имале развиена цивилизација и поседувале развиени вештини и техника. Живееле во првите организирани урбани заедници и се занимавале со најширок дијапазон на професии: земјоделство, сточарство, обработка на дрво, камен и метали, и владееле со разни други технолошки и апстрактни вештини. Во тие

---

41 При последното заладување од Плеистоценот (од 131.000 до 12.000 г.п.н.е.), остатокот на Европа бил многу поинаков од Балканот. Заладувањето не влијаеше до тој степен во југоисточна Европа како што тоа беше случај во северните и централните региони кои биле претворени во ледени пространства. Доказ се и видовите на флора и фауна кои преживеале само на Балканот, што укажува дека влијанието на заладувањето не било толку драстично на Балканот, кој до денес сеуште изобилува со прашуми (Пелистер) и со ендемични видови карактеристични само на овој дел од Европа.

42 Белазги (*Pelasgi;* од лат. *Pallidus* – светол; анг.: *pale* – блед), е уште еден назив за чисто Македонскиот етникум, кој не се вклопува во конвенционалната Западноевропска историографија и најдиректно ја негира. Белазгите ја населувале Македонија и пред 2-от милениум на старата ера и се простирале до Динарските планини на север и до Пелопонез на југ. Поради нивната „незгодна” присутност на целиот Балкан во пред Античкиот (т.н. „*Елинистички*”) и Античкиот период, и нивната културно-етничка и јазичка засебност и неспоивост со историската фабула наметната во 19 век, како непобитен факт и субјект најчесто се избегнувани од Западноевропската наука.

дамнешни времиња, во Македонија од 7-3 милениум п.н.е. се појавуваат и првите форми на развиено модерно општество кое постепено ги надминува и заменува праисториските првобитни заедници и племиња. Се создаваат и првите поголеми општествени и урбани структури на тлото на Европа од кои подоцна се развиле и првите кралства и држави: доказите за апсолутно првата запишана човечка комуникација, постари и од Сумерската – се најдени токму во Македонија. Сето тоа се должи на стилот на живеење на Македоните кој не се променил со илјадници години, и во втората половина од 1-от милениум п.н.е. доведе до создавањето на апсолутно првата и воедно најголемата древна империја во историјата на Европа – Македонската.



И на крај вреден е да се спомне заклучокот од истражувањето на еден научник-археолог токму од земјата која најмногу го оспорува Македонскиот идентитет и постоење воопшто, Република Грција. Имено, грчкиот археолог Антон Коцевски (Antonis Kotsonas) од Солунскиот Археолошки Музеј, во неговиот неодамна објавен научен труд "Зошто немало 'Мрачен Век' во Македонија (од Бронзеното Доба)?" јасно и објективно вели: "*Во 20-от век преодот од Бронзеното во Железно Доба низ целиот Егејски Регион бил означуван како "Мрачен Век". Објаснувањата за овој период во Македонија, исто како и за други региони, бил често опишуван со приказни за 'инвазии и преселби'. Но, овој терминолошки договор за означување на овој тежок период како 'Мрачен Век' не може да се примени врз Македонија; наместо него се претпочита терминот 'Рано Железно Доба'. Причините за овој посебен избор не се специфично објаснети во релевантната научна литература, но ќе се покаже дека зависат од: суштинската различна смисла на двата назива; научните заклучоци кои се однесуваат на Македонската праисторија; и – историската патека на Македонија која е различна од јужниот Грчки дел во Касното Бронзено Доба*."

Горниов пасус јасно истакнува дека Македонија во целата своја историја имала цивилизациски и културолошки карактеристики кои ја одделувале како засебна целина од другите Европски региони, и како таква препознатлива еднородна целина единствена успеала да опстане под истото име на истото место до денешен ден.ĩ←



# Областа „X“

**Н**еодамна, Финскиот научник Калеви Виик [Kalevi Wiik] ни даде негова исцрпна анализа за потеклото на Индо-Европските народи. Неговото долгогодишно истражување на Индо-Европските корени недвосмислено покажува во правец на Југоисточна Европа, поточно Балканот. Тој веќе го објави неговиот научен труд за потеклото на европските народи во неколку статии, и од неодамна во својата нова книга „*Европски корени*” [Eurooppalaisten juuret]. На интернет беше објавена и неговата статија „*Најстариот Европски Јазик*“ (Europe's Oldest Language) од каде овде се превземени следниве мапи:

1. 


2. 


Горе: **1. Дистрибуција на Европс**
**ките јазици на максимумот од последната Ладна Епоха и во периодот од 23.000 до 8.000 г.п.н.е. (Ba = Баскиски, U = Уралски, X = непознати јазици);**
**2. До 5.500 г.п.н.е. јазичките групи во централна и јужна Европа го развиваат земјоделството и Индо-Европскиот јазик (Ba = Баскиски, IE = Индо-Европски, U = Уралски)**

Виик користи јазички, генеалошки, археолошки и антрополошки податоци за подршка на неговата теорија. Тој тврди дека од 23.000 до 8.000 г. п.н.е. Европа била поделена на три главни региони: „Баскиски“, „Уралски“ и регионот „X“, кадешто живееле ловци на диви животни, фауна која во тој период ја имаше во изобилство. Баските и луѓето од регионот околу Урал според него зборувале јазици релативни или можеби слични на модерните Баскиски[43] и Фино-Угриски јазици. Но, иако Виик употребува модерни називи за овие два региона, тоа не важи и за регионот „X“. Тој според него е населен со „*ловци кои збореле непознати јазици*“, иако се знае многу добро дека единствено луѓето од овој регион имале најповолни услови за живеење и непрекинат културен континуитет дури и за времетраењето на овој ладен период, т.е. последното Ледено Доба.

[43] Теоријата на Виик за древноста на Баските и нивниот јазик беше урната од најновите генетски истражувања и од Шпанскиот лингвист Франциско Вилар (Francisco Villar, 2000), којшто утврди дека топонимите во овој регион не се Баскиски туку Индо-Европски, а со тоа воедно и постари.

Од мапиве може недвосмислено да се заклучи дека и Виик е сеуште под влијание на западно-европската политичка цензура. Иако за другите два региона употребува модерни називи тоа истото не го прави за регионот „X“. Тој истотака не се осмелува, или не знае, да каже дека токму таму од каде што тој посочува дека е потеклото на Индо-Европејците, во југо-источна Европа – како најстара Европска култура се наоѓала и сеуште се наоѓа цивилизацијата и културата на Македонија, па ја означува со „X“. Но одиме понатаму...

Од 7-от милениум п.н.е. ситуацијата во Европа почнала драматично да се менува. Постепеното истребување на многуте животински видови (Мамути, дивото говедо, бизони и т.н.) низ одмрзнатите Европски пространства значело и драстично намалување на шансите за преживување на ловците од тогашните Баскиски и Уралски региони. Праисториските луѓе од тие области не успеале да се прилагодат на новонастанатите услови, и постепено се сведоа на мали опортунистички заедници кои една по една исчезнуваа, или беа асимилирани од другите.



Горе: **Состојбата во Европа и областа „X“ при крајот на последниот Леден период и**

**почетокот на повлекувањето на ледниците, околу 12-10.000 г.п.н.е.**

Од друга страна пак, жителите на областа „Х“, благодарејќи на нивниот континуитет, развија нови начини на живот во Неолитот преку воведувањето на земјоделството и сточарството. Нивниот општествен напредок ги направи поуспешни, нивната заедница бројно се зголеми и почна незадржливо да се шири. Тогаш, во 7 милениум од старата ера, тврди Виик, заедно со ширењето на земјоделството и сточарството од Балканот, родена е таканаречената Индо-Европска група на јазици, која послужи како „*лингва франка*“ на жителите на поранешниот регион „Х“. Во текот на 6-от и 5-от милениум п.н.е., како поуспешни и помногубројни, тие постепено ги асимилираа и заменија јазиците на помалку успешните заедници и групи на ловци од Баскискиот и Уралскиот регион. По 5000 г. п.н.е. овој процес продолжува без застој. Индо-Европските јазици се здобиваат со нивниот до ден-денес толку препознатлив карактер токму во Југоисточна Европа, бидејќи единствено таму тие го имале неопходниот континуитет кој траел непрекинато веќе подолго време. Од мраз штотуку ослободената Европа во тој период доживува културна и цивилизацијска колонизација, овојпат од луѓето од областа „Х“ (Македонија). Неодамна пронајдената мумија на смрзнатиот човек „Отци“ од Вишнагора (Сло-Венетски: *Višnogorje*; Немачки: *Vinschgau*) на Тиролските Алпи, стара 5300 години, и неговите гени, само ги потврдија правците и патиштата на движење, како и времетраењето на оваа милениумска распределба на Индо-Европските јазици и народи од Балканот и Македонија.




Горе: **Постепената распределба на Индо-Европските јазици. 7-3 милениум п.н.е.**

Во неговата книга „*Од каде потекнува Европскиот човек*“, Виик преку испитувањето на варијациите на Y-хромозомот во Европа и во согласност со неговите претходни проучувања

преку други научни дисциплини и методи, недвосмислено изјавува: „*Човекот од Засолништето Балкан поверојатно од кој било друг зборувал рана форма на Индо-Европскиот јазик*.“ Делови од тој, слободно можеме да кажеме – Пра-Македонски говор до ден-денес се зачувани во модерниот Македонски говор како и во сите Индо-Европски јазици и во наречјата на „*Сло-Венетите*“, Баските, и некои други изолирани јазички „џебови“ по крајните периферии на Европа.



# Трополе (Троада)

Во учебникот по Географија за Средно Училиште издаден во 1871 г. во Белград (во тогашното Кралство „*Југославиа*“), авторот Јован Драгашевиќ на стр.127 наведува: „*Македонците се најстарите на ова Илирско Тропоље*“ (Мак. *Трополе*; Рус. *Триполье*), коешто „*Тропоље*“ тој понатаму го спомнува и именува и како „*Источно (Тропоље) Полуострово*“ во неговата Војно-политичка студија со наслов: „*Илирско Тропоље* (*Балканско Полуострово*)“. Според Драгашевиќ, а и според други антички, средновековни и понови извори, Тропоље е уште еден прастар назив за Македонскиот полуостров, понатаму во модерната терминологија именуван и како „*Трипили*“, „*Троада*“, „*Троја*“, „*Триполи*“; или како „*Метропола*“ (лат. „*Metropolis*“) – Меѓу-Три-Полиња / централен град/место.[44] Но каде се наоѓало и зошто се нарекувало така ова „*Трополе*“ кое го спомнува историјата и разни автори во своите дела?




Денешната историографија има неколку теории за тоа каде се наоѓа ова Трополе: во Босна, на Космет, во Северна Турција, помеѓу Романија и Украина, и најпосле, според Мексиканскиот научник Роберто Салинас Прајс [Roberto Salinas Price] – во Далмација, за коешто тврдење тој нуди објаснување во својата книга „*Хомерова Географија*“. Кога ќе се земат сите претпоставки и можни локации понудени од разни автори и извори, вкупно се познати дури некои 16 „*Троади*” или „*Трополиња*“.

И покрај сите овие, тука мора да се земе во обзир уште едно Трополе, намерно пропуштено од Новокомпониранaта Западноевропска Историја – Македонското. Тоа е **Тројанското Поле** во Македонија, каде што и ден-денес си постојат и селото **Тројани** и **Илино** село. Излишно е да се нагласи дека топографијата на ова наше Тројанско поле се совпаѓа потполно со топографијата на легендарниот град Илион („*Троја*“) опишана во Хомеровата „*Илијада*“. Дури во близина кон север се наоѓа и истоимената Илијска планина. Што не е случај со Шлимановата Троја на брегот кај Хисарлик на Егејското Море – таму им фалат неколку планини, реки, и т.н. На оваа тема имаат

[44] Метропола (Фрац. „*Metropole*”, Лат. „*Metropolis*”) – *Меѓу-Три-Полиња*, од Латински: *Meta* – меѓу, на половина; *Три* (3); и *Поле* (на Нео-Латински: „*Polis*” од преодната форма „*Platys*” – широк, рамен). Главен град или регионален центар сместен на рамно место, рамница (Константинополе, Москополе, Лазарополе, Овчеполе, и т.н.). Генерално, сите поголеми урбани центри, градови или престолнини се наоѓаат на некое рамно место, т.е. трополе.

пишувано меѓу другите поопширно и нашите истражувачи Слободан Богоевски[45] и Љубен Стојаноски[46].



Горе: **Поглед кон Илијска планина**

Ако ги поврземе Македонските, Латинските и називите што ги даваат Драгашевиќ и други автори (од Хомер па се до денес) ни станува многу појасна и очигледна врската меѓу имињата Илион, Илијада, Илирија, Илино, с.Тројанци, Троја, Илијска планина и Илирско Трополе. Сите овие места и топоними, митови и историски факти се наоѓаат на и околу Македонскиот Полуостров. Врска којашто Западната новокомпонирана историографија од 19-ти век очајно сака да ја прикрие, да ја искриви, и да ја прикаже на сите можни начини, само не како Македонска. Зошто е тоа така? Затоа што Тројанската Војна што ја опишува Хомер била само уште една од многуте граѓански војни на Македонците-Тројанци, една од многуте долготрајни Македонски меѓусебни војни и конфликти по кои сме нашироко познати. А еве и доказ - во второто пеење, на Илијадата од Хомер, од стих 676 читаме:

"(676) …*Оние пак, што живееле в Арг Пелазгискиот тогаш, и што во*

[45] "Етногенеза и култура на древните Македонци", 2016.
[46] "Илиаина и Илиос" од Љубен Стојаноски, 2014, Битола.

*градот Алопа си седеле, в Ал и во Трахин, и што ја држеле Фтија, и с'убави жени Елада, што Мирмидонци, Хелени и Ахајци се нарекуваа*."

Значи градот Арг, од кај што потекнувале оние "*што Мирмидонци, Хелени и Ахајци се нарекуваа*," во време на Тројанската Војна, бил Пелазгиски град, а знаеме дека Пелазгите не биле "*Грци*". За тоа и Јустин во неговата "Филипова Историја", книга 7, глава 1 вели: "*Порано Македонија се нарекувала Ематија, според името на кралот Ематион; Народот се нарекувал Пелазги а обласа Пајонија*."

Ова древно тројство/троада, освен во топонимите, е проткаено и низ Македонското етнолошко и археолошко наследство и се повторува редовно и без исклучок во пронајдените артефакти и древно Македонски погребни ритуали, каде редовно наоѓаме погребни олтари и троножни жртвеници како и садови кои се на троножни постоља, кои се својствени само за Македонските гробници. Така на пример, во ограбениот гроб 5 од локалитетот Корешница (ограбен од дивите копачи во 1996) имало и три бронзени статуи на воини (или богови) поставени околу огромен троножен бронзен кратер во кој се наоѓале посмртните остатоци на покојникот.




Горе: **Скица на ограбениот гроб 5 од Корешница која се појави во медиумите. Меѓу наодите беа и три бронзени статуетки на војници (бр.10) поставени околу троножен бронзен кратер (бр.11) кој ги содржеше остатоците на покојникот.**

На следната страница: **цртеж на троножниот олтар посветен на Аполон од светилиштето во Делфи**



Tripod of Apollo at Delphi. (Böttiger's Amalthea, vol. 1. p. 119.)

И античките Македонци го зачувале прастариот индоевропски троен белег на владетелот: **власт** = крал/монарх, **војна** = крал/врховен заповедник, **здравје/напредок** = крал / врховен свештеник, што се́ гледа од почестите одавани од Македонските кралеви на трите божества **Дион/Ѕевс**, **Иракле/Херакле** (или на „Атена“ - Ма) и на **Асклепиј**, чиј свештеник бил епонимен во Македонските градови.

Ова тројство го наоѓаме и во Македонската (или *Венетска*/*Сло-Венетска*) митологија и подоцна религија, каде на пример уште кај Аријанско-Македонските заедници врховниот небесен Бог-Сонце[47] *Диаус* (Лат. *Dyahus*; т.е. *Дионис*, *Иле/Илиј*) од праисториски времиња бил троен – *Створител*, *Заштитник* и *Уништувач*. Врховното „*Тројанско*“ божество *Триглав* или „*Сварого*“ („*Свега-Рода-Господ/На-цел-Род-Господар*“, *Се́-Вишниот* или *Вишна* во Далеко-Источните религии) се состоело од „*Јав*“ (видливиот материјален свет што не опкружува, Земјата), „*Нав*“ (небесниот свет на боговите, Небото) , и „*Прав*“ (духовниот свет на мудроста и правдата, кој се протегал и на небото и на земјата). Потоа ова „*Свето Тројство*“ било присвоено и од Римјаните преку Етрурската Тријада на богови – Јупитер, Јуно (во оригинал Етрурската божица *Уни*) и Минерва, кои биле претставени во врховниот Римски Храм-Капитол во центарот на древниот Рим, и на крај биле присвоени и од кристијанството (отецот, синот и светиот дух).[48]

За да се објасни ова Трополе и овој назив, неопходно е прво да се разбере и колку е тој

---

[47] Во Индијските *Риг-Веди* и во Персија се спомнува како "**Бага**", кај нас е "**Бога**".

[48] Последователно превземено и од модерната Западноевропска историграфија од 19 век. Според нив модерниов свет и нациите настанале како збир на следниве три големи култури: *Аријанската*, *Централно Азијската* и *Асиро-Египетската*.

стар. Едно од можните објаснувања е дека овој назив потекнува уште од најраниот Неолит (Новото Камено Доба), кога на Македонскиот полуостров, поточно во Македонија, се создале апсолутно првите земјоделски култури и првите познати урбани заедници. Имено, во тие најрани времиња од Европската историја идентификувани се три Аријански Неолитски култури во Македонија: Анзабегово-Вршник, Велушина-Породинската и Змастрана. Првата се наоѓала во Овче Поле, втората во Белагониско (*Пелагонија*) поле, додека третата е на територијата на Охридскиот регион со околното поле. Многу е лесно да се претпостави дека таа нивна првична тројна поделба, се пренесувала низ историјата и традицијата, од колено на колено, и хронолошки и просторно се ширела заедно со зголемувањето и разместувањето на населението на Североисток, Северозапад и Југ.




Тој просторен и културен прогрес на Македонскиот-Аријански Субстратум експлицитно го докажуваат повеќе научни дисциплини. Археологот Валтер А. Хартли [Valter A. Heurtley] во својата книга "Праисториска Македонија - Археолошки Истражувања на Македонија (западно од Струма) во Неолитот, Бронзеното и Раното Железно доба" од 1939 г. тоа многу јасно го објаснува и потенцира: „*Ако се осврнеме на Етнографските заклучоци, кои се базираат на лингвистички и археолошки докази, и тука, како и во случај на расправата за хронологијата, ние мора да усвоиме еден потврден факт. А тоа е дека Аријанските Заедници навлегле во Тесалија и Пелопонез од север и североисток на почетокотот на 2-от Милениум п.н.е., и дека развојот и поделбата на дијалекти се случи или надвор од нивните граници непосредно пред нивниот влез во Тесалија, или во нејзините граници веднаш по доаѓањето! А за граница се зема Планината Олимп, така што на север од неа е Македонија, а на југ се Тесалија и Пелопонез.* (...) *А како што видовме, единствена цивилизација која постоеше на север од планината Олимп пред тој датум е Анадолиско-Македонската*

*цивилизација од касниот Неолит и почетокот на Бронзеното Доба, која се оформува околу Халкидик некои 2600 години п.н.е., се шири постепено во секоја насока, и навлегува во Тесалија каде го достигнува својот максимум на проширување во 2000 година пред нашата ера.*

*Може ли оваа цивилизација да била Аријанска?*
*Одговорот е да! Фактот дека таа е зачната во Македонија не го оспорува нејзиниот Аријански карактер и згора на тоа, какошто покажа V. Gordon Childe, постои добра причина да се претпостави дека постои силен Аријански елемент во Троја II, која е тесно поврзана со почетоците на Македонската Култура од Раното Бронзено Време, особено во неговата подоцнежна фаза*."

Така постепено, ако гледаме понатаму во минатото, и географски и хронолошки веќе во 5-4 милениум п.н.е. од првобитната Македонска култура се формираа следните поголеми етнолошко-територијални целини, кои повторно се три: т.н. *Илирска* (лат. *Iliricum* – СеверенЕпир-ЦрнаГора-Далмација) кон Северозапад, *Подунавска* (Винча-Старчево-ЛепенскиВир) кон Североисток, и *Егејско-Централно Балканска* (т.н. *Прото-Сескло* култура) со премин кон Југ и Анадолија.[49]

Тука мора да се напомене дека во Анадолија (денешна Турција) како и низ цела Евроазија постојат остатоци од уште постари човечки населби (дури и 50.000 години стари), но тие се секако дел од Пред-Индо-Европската Култура на Ловци и Собирачи на плодови од касниот Палеолит (Старо Камено Доба) и раниот Неолит (Ново Камено Доба). Овие Троглодитски Примитивни Заедници, според остатоците од нивните номадски населби и примитивни храмови посветени на Животински Култови и Анимистички Тотеми, биле сéуште во фаза на првобитни заедници не поголеми од орди. Такви Палеолитски населби и заостанати заедници можат да се најдат дури и денес, во Афричките савани и џунглите на Јужна Америка. Но тие во нивниот развој се останати во Каменото Доба, и тука не може да се зборува за зачетоци на цивилизации или културни достигнувања.

[49] Гимбутас, 1974.


Jovan Dragasevic
Ilirsko Tropolje: Balkansko Polostrovo. Vojno-Politicka Studija (Serbian Edition)

# Македонскиот Милениумски Континуитет во Европскиот мајчин јазик – Македонски

**Ј**азичкиот е само уште еден многу важен аспект кој ни ја разоткрива забранетата историја на Европа – Македонската. Во библијата јасно стои дека пред Вавилон имало еден народ и еден јазик. По Вавилон, човековата доктрина, визави лингвистиката се дели на две крила: Едното се обидува да го реставрира Предвавилонскиот Код, а Другото се обидува колку што е можно повеќе да го скрие. Така со текот на времето се развиле 2 клучни езотерии – Источната (Ведска), која е лингвистичка, општонародна и широко злоупотреблива; и Западната, нумеричка (Кабала), која е елитистичка, тајна, и елитистички злоупотреблива. Денес всушност на Македонскиот Полуостров се случува Семитско-Јафетски судир, чија цел е демакедонизација на Македонскиот Полуостров, а Македонскиот јазик, во кој ова спознание е кодифицирано, е една од причините.[50]

Територијата на Македонија и поширокиот простор на Македонскиот полуостров изобилува со безбројни споменици и докази за писменоста и јазичната автентичност од сите овие периоди на Македонската милениумска јазична култура и историја. Од „Карпестата Уметност“ и „Черти и Рецки“ кои датираат од најстари праисториски епохи, преку Древно-Македонското Слоговно Писмо од антиката, Буквицата, Глаголицата, Кирилицата, Старо-Црковното писмо, па се до денешната модерна верзија на Македонскиот јазик и писмо. Во прилог на овој милениумски континуитет е несоборливото сведоштво на Јорданес од 551 г. во неговата „Гетика“, каде тој многу децидно и недвосмислено го сумира овој непрекинат континуитет на Македонскиот јазик: „*...секој знае и забележал дека племињата се навикнати да преземаат* (едни од други) *многу имиња. Римјаните преземале македонски имиња, „Грците“ - римски, Сарматите - германски, Готите - претежно Хунски*“.[51] – Хронолошкиот редослед на овие '*преземања*' сведочи за предимството на Македонскиот јазик пред Латинскиот, и е безкомпромисен доказ и најстар познат документ за повеќемилениумското потекло и континуитет на нашиот Мајчин јазик, од антички времиња до денес. Бидејќи ниту административниот Латински ниту некој друг антички јазик не преживеал до денес, ниту било кој друг денешен Европски јазик наназад нема подолга историја од неколку века.

Дефинитивно кодифицирани во 16 век и стандардизирани веднаш по 2-та Светска Војна, кога Македонија конечно повторно се избори за делумна независност и државност, Македонскиот јазик и писмо покажуваат и докажуваат непрекинат континуитет од праисторијата до денес. Несоборливите материјални, документирани и цврсти културни докази за Македонската писменост и јазик се потврдени и од истражувањата на научниците од целиот свет. Кога станува збор за модерниот Македонски јазик, тој беше повторно кодифициран во 20 век, а во текот на минатите милениуми тој беше бесскрупулозно Латинизиран, Словенизиран и како уште не „-изиран“. Тие насилни промени никогаш не беа ревидирани, иако пред се требаше да се консултираат и користат најархаично зачуваните делови од сите дијалекти во Македонија, а не само еден

[50] “Розата од вода” од Едни Македонци (Раскажувачот), 2007.

[51] ‘De origine actibusque Getarum - Getica’ од Jordanes (485-551), стр. 11: https://archive.org/details/jordanas-apie-getu-kilme-ir-zygius-2017/page/10/mode/2up?q=Rom%C4%97nai

политички-корумпиран дијалект од модерното време. Историјата и невиденото проширување на административниот Латински јазик, жестоко имплементиран од Римјаните, црковните институции жедни за моќ, и од разните монархии, многу јасно ја покажува улогата на насилните јазични промени.[52] Латинскиот е одамна признат како алатка за асимилација, поделба, и наметнување на нечија туѓа политичка моќ. Како и да е, од Евроцентрични политички причини не сите современи народи што зборуваат наметнати Романче/Латински наречја (како модерните „Албанци" и „Грци") се признати како јазично поврзани со Римските колонисти кои дошле од Латиум (Јордан и Манолиу 1972: 70-71). Тие остануваат отфрлени од политичко-лингвистичката догма како „независни јазици", бидејќи криминалната западно-конвенционална историографија од 19 век се обидува да ги забошоти неодамнешните директни (воени) интервенции на западните сили во фалсификувањето на овие „нации".

Како и да е, присилната Латинизација, и потоа Црковна Словенизација, и на крај Исламизација од 15-от век наваму, од наједноставни причини (гол опстанок и/или ќар во услови на странска окупација) не се сметаат за така ретка појава во европската историја. За сите баквите отуѓени подгрупи изложени на присилни промени на јазикот или религијата (како на пр. Латинизираните „*Германци*", „*Франки*", „*Иберијци*", итн.) Македонците имаат свои локални прекари – „Арнаути", „*Власи*" или „*Цинцари*", а подоцна Турците воведоа уште еден попрецизен термин - „*Башибозук*", односно „Скапани-глави"[53] на Турски.

Словенизацијата на јазикот од 9-от век, од Македонски и корумпирани Латино-Романче јазици во „*Словенски*", беше главниот механизам што го водеше ширењето на црковната институционална доктрина. „Реформата на јазикот" осмислена во Константинопол ја спроведоа двајцата избрани македонски учители, Светите Кирил и Методиј. Оваа генијална и лукава стратегија - Евангелизирање преку Словенизација - беше идеален начин за враќање на црковната јурисдикција и моќ на Константинополската Света столица врз далечните Македонски Енклави (т.е. „*Склавинии*" на Латински) во Велика Моравија, кои беа под постојан и зголемен притисок од западната црковна асимилација и Латинизација. Овој термин не се појавува во старите македонски пишани традиции, ниту бил користен пред воведувањето на „Словенската" доктрина од страна на Константинопол и Рим, што само потврдува дека термините „*Склавинија*", а подоцна и „*Словенски*" се Латински егзоними. Римо-католичката црква на почетокот не знаеше што да прави со оваа револуционерна парадигма на Константинопол, бидејќи беше истотака целосно свесна за широко распространетите Македонски Енклави, кои не можеше да ги „Германизира",

---

[52] Исто така, постојат историски и лингвистички докази за уште подоцнежните промени (слични на оваа милениумска доктрина на Словенизација) во последните политичко-формирани „Албански" и „Грчки" идиоми (последниве процеси уште траат во дел од Албанија и Северна Грција до денес). Според Ралф и Куп (Ralph and Coop 2013: 11) денешните жители на Грција и Албанија го делат релативно скорото заедничко потекло со сите Источноевропејци. Меѓутоа, Албанците, исто така, делат поголем број заеднички предци со другите. Овие резултати Ралф и Куп ги толкуваат како „*ова подразбира дека овие албански говорители не биле толку изолирано население колку што биле малобројно*". Промената на „Грчкиот" јазик е исто така неодамнешна интервенција. По неколку неуспешни обиди, конечно беше воведен со закон: „Тоа беше многу контроверзна тема во 19 и 20 век и конечно беше решена во 1976 година, кога„ Димотики" беше воведен како официјален јазик." – http://en.wikipedia.org/wiki/Greek_language_question

[53] https://en.wikipedia.org/wiki/Bashi-bazouk

„Романизира“, или на било каков друг начин да ги Латинизира. Тие дури ги поканија во Рим двајцата мисионери од Константинопол, Светите Кирил и Методиј, и римскиот папа дури ја одобри нивната реформа за „Словенска литургија и писмо“. Но, расколничката црква од Рим набрзо потоа ја симна маската и се приклучи кон прагматичната нова шема на „Словенизација“ започната од Константинопол, но со намера да ја искористи за своите експанзионистички цели. Со невидена расипаност и далеку погнасен потег, тие ги свртеа работите во нивна корист - со преименување на значењето на „Словенски“ и „Енклави“ во „Склавини/Склавени/Слави“ со значење „Роб/Робови“. Понатаму, Ромејските  и Римо-католичките автори се насочија кон измислување на „Словенските миграции“ и други „Словенски настани“, со цел да создадат наратив за нивните измислени конвенционални истории, а „Словенскиот идентитет“ беше темелно и континуирано фалсификуван низ вековите. Затоа и нема единствено цврсто објаснување зошто наводниот „Словенски“ јазик – кој до ден-денес останува уште еден идиом без потекло –  стана главен јазик на половина Европа. Едноставно, тоа е дел од бруталната средновековна политичка и црковно-институционална борба помеѓу религиски поделената Европа, и оваа нивна прагматична конструкција требаше да ги оддели историските народи од нивното минато. „Словенскиот“ измислен идиом беше широко користен за да ги отуѓи, преименува и преобликува, и што полесно да ги пороби последните енклави на старите Европејци за профитабилните цели на црковните институции, монархиите и новите империјалисти, се до денешните глобални корпорации и големи сили. Како и да е, јазик како Македонскиот, кој ги помина сите овие насилни промени повеќе од 2300 години, тврдоглаво успеа да зачува бројни свои архаични карактеристики. Еве само еден краток пример - подолу се различни погребни стели испишани со натписи на Коине писмо (фалсификувано како ‘Старогрчко‘), на кои читаме: „ENThADE KEITE“ или „ENTADE KITE/KEITAI“, што значи: „Тука лежи“. Истите овие архаични зборови преживеаја во Македонскиот јазик во







најприближните денешни форми „ОТАДЕ“ и „ИТА“, со соодветно значење „Зад/Позади“ и „Легнува/заспива (бебе или дете)“. И сеуште се имаат зачувано во неколку Македонски дијалекти, како Костурскиот или Демирхисарскиот.[54]

[54] „Толковен Речник на Одбрани Зборови од Костурскиот Дијалект“ на Александра Попвасилева (2005); „Речник на Демирхисарскиот Говор“ од Радован П. Цветковски и Божо Стефановски (2009).






***ист̄у́шка, е*** гл. свр., в. ***т̄у́шка,*** *ку́чет̄о е ист̄у́шка лиси́цат̄а.* А денес некој Куманченец би рекол дека, *ист̄ушка́нит̄е Македо́нци 'и ист̄ушка́е и ут̄ Те́т̄ово.*

***исф'рли*** гл. свр., глаголов се употребува само во случај кога на жената спонтано или технички ќе ѝ прекине бременоста, друго значење нема. Никогаш нема да се каже - *исф'рли е во́дат̄а,* асоцира на првото, *же́нт̄а исф'рли,* пометна.

***и́т̄и*** гл. свр., залажува, заигрува, *и́т̄и г̄о т̄ро де́т̄т̄о дур да се в'рна, д'н п̄ла́чи,* теши.

*Ци́кна п̄ашка́рка да п̄ла́чи:*
*-Ој, ле́ле, ле́ле, до Бо́г̄а,*
*ка ке си о́да дур до́ма,*
*ка ке му ка́жа на ма́јка!*
*Ла́зар си е* ***ит̄е́ше:***
*- М'лчи п̄ашка́рке, не п̄ла́чи,*
*одг̄оди́на п̄а ке до́јда,*
*на т̄е́бе две ни́зи ке доне́са! (о. н. п̄.)*

***Йце,*** лично машко име.

***Йцкови,*** фамилијарно име, од Чурилово.

**J**

***Ја́г̄на,*** женско лично име.

***јаг̄'нца*** им. ср., јагниња.

***ја́змо*** им. ср., света вода; извор кој, се смета, лекува на чудотворен начин; црквичка во која е вграден извор со света вода.

***јадови́шче*** им. ср., храна, исхрана, *е нап̄´лна т̄о́рбат̄а со јадови́шче и п̄обе́г̄на*; прехрамбени продукти.

***ја́ма*** им. ж., неоправдано присвојување на нешто. *Тој са́мо де́ка и́ма ја́ма* (само едн.), грабање.

41

Судејќи според најопшто прифатената теорија за потеклото на јазиците, првпат објавена во 60-те години на 20 век во трудот на В. Илич-Свитич под наслов: „Есеј за појавата на Нашинските Јазици“, сите јазици се во далечно сродство и имаат заедничко пра-потекло, наречено од Свитич – „Нашински јазик“ (Лат. „*Nostratic*“).[55] Од најновите јазички истражувања, поделбата на таканаречените *Прото-Индо-Европски*, *Урало-Алтајски*, *Кавкаско-Турански*, *Дравидијски* и други подсемејства на јазици настанала многу одамна – пред 12.000 години од денес (пред 10-от милениум п.н.е.), претходејќи со илјадници години на појавата на агрикултурата. Со примената на методологијата за Лексикографско Само-Датирање на М.Алинеи [Marco Alinei] и преку генетските истражувања, проценето е дека поделбата на Аријанско-Македонските на Индо-Европски народи и јазици се случила по припитомувањето на домашните животни (кучето, овци, кози и друга стока), но пред развојот на земјоделството.

---

[55] *Нашински* (Лат. *Nostratic*), праисторијско јазичко семејство (наречено и *Макрофамилија* или *Суперфамилија*) откриено во 60-те години на минатиот век од Руските научници и лингвисти В.Илич-Свитич и А.Долгополски. Сместено е од лингвистите во периодот од 23.000 до 8.000 г. п.н.е. и ги содржи како под-групи сите поголеми јазички семејства од Европа, Азија и Северна Африка: Индо-Европскиот (Македонски), Урало-Алтајскиот, Кавкаски, Дравидијски, како и јазичното семејство од Индијскиот подконтинент.

Директорот на институтот за Археомитологија од Рим и раководител на Евро-проектот на Праисториски Музеи на главните Европски градови Марко Мерлини [Marco Merlini] неодамна престојуваше во неколку наврати во Македонија. По првичните истражувања на археолошките наоди и локалитети низ нашава земја тој изјави: „*Во Македонските карпи се наоѓаат врежани доказите за апсолутно првата позната запишана комуникација на светот. Праисториските записи и слоговниот систем на пишување од Македонија*,“ заклучи Мерлини, „*се појавиле најмалку 2 милениуми пред Египетските хиероглифи и се постари и од Сумерското писмо кое се досега се сметаше за најстаро*“. Од Балканот до Скандинавија, од Франција до Русија, цела Европа е посеана со прастари Македонски записи, т.н. „Руни“, „Рити“ или „Ч'рти и рецки“ на Древно-Македонско слоговно писмо, изрежани во камен и печена глина, дрво и слонова коска, на садови и скулптури од божества, надгробни натписи и царски декрети. Натписот „ЗЕТАМАКЕДОНИА“ (Македонија на Зетовите),[56] е апсолутно првото и најстаро пронајдено име за земја на Европскиот континент, кое датира од древната Македонска култура, преименувана од Западноевропските кумови во: „*Магдаленска*“, „*Граветска*“, „*Кукутенска*“, „*Култура од Винча*“, и т.н.. Овие модерни имиња се давани според денешните модерни или ново-латински имиња на местата каде што се откривани археолошките наоди, и не ја покажуваат вистинската слика за хронолошката, културолошка и просторна распределба на овие праисториски култури. Така, „*Магдаленската*“ или „*Граветска*“ култура (30.000-9000 г.п.н.е.) на праисториските ловци-номади е откриена во пештери во околината на местото Ла Гравета [La Gravette] и Ла Мадалене [La Madeleine] во Франција. „*Културата од Винча*“ (5500-4500 г.п.н.е.) кај Винча-Бело Брдо во Србија, „*Кукутенската*“ (5500-2750 г.п.н.е.) кај Кукутени [Cucuteni] во Романија, „*Венетската*“ (1200 г.п.н.е - 100 г.н.е) во Венеција, С. Италија и се до Скандинавија и Шпанија, и т.н.. Но никаде (освен во Македонските извори и изданија) не се спомнуваат првите цивилизирани и урбани населби во Европа: Македонската култура од Говрлево и Осинчани, Породинската или Анза-Вршник културата од Овчеполието во Македонија (8-4 милениум п.н.е.). Кај сите овие праисториски култури најдени се записи и слогови симболи изрежани во камен, дрво, глина и др. материјал, кои се исти или аналогни на Македонските слогови симболи од древно-Македонското писмо изрежани во средниот текст на Каменот од Розета.




Горе: **Слогови симболи на древно Македонско писмо од декретот на Каменот од Розета, 196 година п.н.е. Од десно кон лево: На-Ј-На-Ѕе-И-Ме-Н-Ца На-Ј-Ѕе Мо На-Зе-Ве Бого Л-То. На денешен Македонски: Нај-Светло Име, Нај-Светло, Мо(ј) Назив е Богот Лето.**

Следна страница: **Скица на глинен сад со втиснат печат со слогови симболи од археолошкото наоѓалиште Винча кај Белград. 5-4 милениум од старата ера.**

---

[56] Од древни времиња па се до денес наследството, воените пактови и здруженија на држави и заедници најчесто се вршела преку бракови и по машка линија, па така и земјите ја носеле придавката „ЗЕТА” – „на зетовите”, како на пример: Кнежевството Србија било наречено „Зета” (денес Црна Гора).




IVa

Познатиот Оксфордски лингвист и историчар Игор М. Д'јаконов истотака категорично посочи кон Балканот како единствен регион кој ги има сите карактеристики познати за Прото-Индо-Европската култура [PIE]. Преку силата на аргументите, тој ни ја разоткрива просторната разместеност на сите познати Индо-европски јазици, која може единствено да биде објаснета само ако за прататкoвина на Индо-европските јазици е прифатена Македонија. Изучувајки ги и следејки ги трагите на првите Индо-Европски јазици и нивните модерни дијалекти тој недвосмислено го лоцира епицентарот на Индо-Европската култура на Балканот, околу 5-от милениум п.н.е.. Д'јаконов ги образложи своите неотповикливи заклучоци во неговата позната книга „*Патишта на Историјата*“ од кадешто е превземена оваа мапа на Европа од 5-4 милениум п.н.е.:




*Map 1.* The Indo-European Area in the Fifth–Fourth Millennia B.C.E.

1. Southern boundary of the deciduous forest and forest-steppe zone; 2. Southern boundary of the taiga zone and of the Finno-Ugric area; 3. Migration of the Hittito-Luwian dialects; 4. Migration of the Corded Ware people (*Bandkeramiker*) and related tribes, and opposite migration of European aborigines; 5. Assumed migration of the speakers of Tocharian dialects; 6. Spread of agriculture and cattle-breeding (by millennia B.C.E.); 7. Center of Common Indo-European area in the fifth millennium B.C.E. and its expansion.

Горе: **Индо-Европската (јазичка) Област во 5-4 Милениум п.н.е.: 1. Јужна граница на листопадните шуми и шумско-степска зона; 2.Јужна граница на тајгата и Фино-Угриска зона; 3.Миграција на Хитито-Лувијските дијалекти; 4.Миграција на Канап-Предмети (*Керамика на ленти*) луѓето и соседните племиња, и обратна миграција на првите Европејци; 5.Веројатната миграција на говорот на Токарските дијалекти; 6.Ширење на земјоделството и сточарството (по милениуми п.н.е.); 7.Центарот на Индо-Европската (јазичка) област во 5 милениум п.н.е. и нејзиното ширење.**

Македонскиот јазик é и единствениот Европски јазик кој во својата континуирана милениумска историја ги содржи сите историски стадиуми на еден јазик и писмо, од најстари времиња па се до денес. Во Модерната Компаративна Лингвистика таквиот континуитет виртуелно е поделен во 5 развојни фази на еден јазик: *Прото-јазик*, *Пра-јазик*, *Заеднички јазик*, *Стар јазик* и *Модерен*. Ако се подели развојот на Македонскиот јазик според оваа метода, и според дадената хронологија од Западните лингвисти, тоа би биле следниве пет карактеристични историски периоди:

1. Праисториски или „*Прото-јазик*" (наречен *Нашински* или *Nostratic*; до 1-от милениум од старата ера)
2. Антички или „*Пра-јазик*" (1 милениум од старата ера па се до II век од новата ера)
3. Средновековен или „*Заеднички јазик*" (Новото Источно-Римско и Самоиловото царство. Од III до XIII век)
4. Црковен или „*Стар јазик*" (за време на Османлиското царство XIV-XV век)
5. Модерен период (од XVI век се до денес)

Истава ваква поделба на развојни фази (но само за последните 2 развојни фази!)[57] му била дозволена и одобрена да ја спомне и констатира само на нашиот најпознат поствоен режимски поет, писател, и официјален кодификатор на стандардниот модерен Македонски јазик, академикот Блаже Коневски. Ни нему, ни на денешните македонски лингвисти, сеуште не им е дозволена подлабока научна анализа на поранешните периоди од Македонскиот Јазички Континуитет:

пенетрацијата на средновековната Србија на југ во македонските краишта (XIII-XIV в.), засилувајќи ги поранешните контакти, придонесла за ширењето на замената **tj > ќ*, **dj > ѓ*, за промената на почетната група *чр-* во *цр-* и др. Во секој случај останува интересна задачата некои вакви појави на конвергенција и дивергенција да се вклучат по можност во дадени историски рамки, што од своја страна придонесува за поблиското определување на нивната хронологија.

**Периодизација**

5. Како особено целесообразно се покажува историјата на мак. јазик да се излага во два основни периоди – стариот и новиот, со условна граница меѓу нив околу XV век. Притоа, се разбира, е секогаш добро да се има предвид една преодна етапа меѓу стариот и новиот период.

Горе: **извадок од „Историската Фонологија на Македонскиот Јазик" од Б. Конески**

[57] Македонската официјална историја на Македонскиот Јазичен Континуитет била и сеуште е институционално ограничена (заради непрекинатото присуство на Странските окупатори, домашните соработници, и нивните тајни служби - КОС, УДБА, МИ5, ЦИА...) само до и од периодот на Крсте Петков Мисирков.


МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Блаже Конески
ИСТОРИСКА ФОНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
A HISTORICAL PHONOLOGY OF THE MACEDONIAN LANGUAGE
by Blaže Koneski
КУЛТУРА

Меѓутоа, и вака датираната погоре поделба се покажа дека е несоодветна и хронолошки погрешна. Познатиот Руски академик и лингвист Валериј А. Чудинов [V.A.Chudinov][58] се изненади кога откри дека натписите од Железно Време (1 милениум п.н.е.) пронајдени во Белорусија наместо модерниот корен „ПРЈА-“ имаат корен „ПРА-“ кој е зачуван и во денешните модерни Источно-Македонски јазици (Руски, Белоруски, Украински). Тоа и некои други разлики укажаа дека денешните модерни Источно-Македонски јазици (Руски, Белоруски, Украински) всушност не се толку модерни и се барем за 1000 години „позаостанати“, односно помлади  во нивниот развој одколку што се мислеше досега. Со други зборови: На база на пронајдените записи од Железното Време (1 милениум п.н.е.) кои покажаа слични карактеристики со денешните модерни Источно-Македонски јазици (Руски, Белоруски, Украински), се покажа дека тие се сеуште премногу заостанати (во помлада развојна фаза) за да бидат модерни како што е на пример денешниот Модерен Македонски јазик. Професорот Чудинов заклучи дека всушност 1-от милениум п.н.е. е таканаречениот „*стадиум на заеднички јазик*“ за кој досега се тврдеше дека се случил во првиот милениум (од 3 до 8 век) од новата ера. Значи, кај Македонските јазици таа развојна фаза на „*заеднички јазик*“ започнала многу порано во времето и реално се случила всушност во 1-от милениум п.н.е. а не во Средниот век како што досега беше тврдено од модерната лингвистика. Тоа може да се види на следниов дијаграм:




Горе: **Графички приказ на историската распространетост на Македонскиот јазик во просторот и времето**

„Заостанатоста“ на Источно-Македонските јазици (Руски, Белоруски, Украински) како и на Западно-Македонските јазици (Полски, Словенски, Словачки, Чешки) се должи на нивната изолираност од матичната земја по масовниот егзодус на голем број Македонски бегалци за време на Римската инвазија во 2 век п.н.е. , и повторно за време на Отоманската

[58] “What is the difference between the pre-proto-slavic and slavic”, В.А.Чудинов. Ленинградски Универзитет „Пушкин”.

инвазија во 13-14 век, кога последователно е пренесен на пошироките простори и Старо-Македонскиот или таканаречен „*Старо-Црковен*“ јазик на Кирил и Методија. Меѓу Македонскиот народ во Македонија пак, кадешто е јадрото на Македонскиот јазик, тој се развивал нормално со тек на времето и еволуирал во денешниот Модерен Македонски јазик. Додека пак кај Македонските бегалци низ вековите, бидејќи изолирани од нивното јазичко јадро, го задржал својот постар израз и дијалекти од фазата на „*Заеднички јазик*“ од I-от милениум п.н.е.. Затоа Рускиот јазик на пример и ден-денес не е „Модерен” јазик и не одскокнува многу од таканаречениот „Старо-Црковен” Македонски јазик. Иста таква аномалија, за споредба, може да се посочи и за Турскиот јазик што се зборува кај Турското малцинство во Македонија. Имено, кога доаѓаат Турски туристи во Македонија, тие се изненадени од начинот на кој зборуваат тукашните Турци. Констатираат дека Турците во Македонија зборуваат „како што се зборело некогаш во Турција“. Значи и Турците кои останале во Македонија биле изолирани од своето матично јазичко јадро и неможејќи да го развијат паралелно нивниот Турски со модерниот Турски јазик во Анадолија – го зачувале постариот јазик што некогаш се зборел во Османлиското царство. Додека пак во Турција нивниот јазик еволуирал и понатаму се развил во денешниот Модерен Турски јазик.

Оваа констатација на Чудинов е јасно сублимирана и на стр.111 од првиот том на „Атласот на Светската Историја” од светски познатата едиција Пингвин: „*Овој Хомеров Македонски јазик (Којне) се збогатувал и постепено се развивал во модерен јазик, ширејќи се како посебен дијалект од којшто подоцна настанаа Рускиот, Полскиот, Хрватскиот, Србскиот, Бугарскиот, и други јазици, денес познати како „Словенски јазици“, засновани врз Македонскиот.*“ [59]

Дека заклучоците на Чудинов се точни дојде потврда и од испитувањето со Радиоактивен Јаглен14 на познатите Глинени Таблички со слоговно писмо од Тартариа. Резултатите недвосмислено покажаа дека тие се постари од најстарите Месопотамски клинести писма за цели 1000 години.



[59] “The Penguin Atlas of World History”, од Херман Киндер [Hermann Kinder] и Вернер Хилгеман [Werner Hilgemann] Vol.1, стр.111.

Заклучоците на Д'Јаконов, Мерлини, Чудинов, Томецоли, Киндер, Хилгеман и др. ги потврдија и праисториските слоговни писма од Говрлево и Лепенски Вир (7-6 милениум п.н.е.) и Винча (5 милениум п.н.е.) – аналогни на Расенското (т.н. „*Етруско*“ или Венетско писмо) и древно Македонското слоговно писмо на Каменот од Розета. Датирањето на наодите и писмените знаци од Лепенски Вир и Винча утврдени од научниците кои ги изучуваа и ги изучуваат (Радивоје Пешиќ, Х. Т. Ватерболк, Х. Хаарман, и др.) се поклопуваат совршено со хронологијата востановена од нивните колеги, и ги следат во чекор ширењето и развојот на Индо-Европските народи и јазици. Писмените знаци, како и



Горе: **познатите Неолитски печати од глина од Церје-Говрлево.[60] На печатот десно најслободно може да се претпостави дека се изрезбани нечии иницијали (па дури и S/Л или S/П) поделени со вертикален идеограм ʃ**

археолошките палеографски наоди од Говрлево, кои им претходат за околу 1000 години на тие од Винча, прецизно ја потврдија временската рамка и го покажаа правецот на ширење на културата и писменоста од југ кон север, т.е. од Македонија кон внатрешноста на Европа.

Но, и покрај несомнениот милениумски континуитет, Македонскиот како еден од модерните јазици на денешнината доживеа да биде стандардизиран релативно касно, дури во 20-от век. За тоа Р. Г. А. де Бреј [R. G. A. de Bray] вели: "*Со иронија на историјата, луѓето чии предци им го дале на Словените првиот литературен јазик, биле последни на коишто нивниот им беше признаен нивниот современ јазик како посебен словенски јазик, различен од соседниот српски и бугарски. Во средновековно време, Македонците биле дел од Ромејското Царство, сè додека конечно не биле проголтани од Турците Османлии во 15-от век. Поголемиот дел од нив остана под Турција сè до почетокот на 20 век, кога конечно Турците беа протерани од Македонскиот Полуостров во 1912 година. Тогаш македонскиот народ беше разделен меѓу трите* (нови) *соседни држави - Србија, Бугарија и Грција - состојба на работи која сè уште делумно опстојува и денес, бидејќи сè уште има околу половина милион Македонци и во Грција и во Бугарија и во Србија. Македонците, иако поделени и малку на број, и покрај тоа што беа искористени економски и политички, сепак успеаја да ги зачуваат своите карактеристични* (антички) *дијалекти и култура, главно во нивните села и во помалите градови. Поголемите*

[60] “Together We Stand – Divided We Fall: the representation and fragmentation among Govrlevo and Zelenikovo figurines, Republic of Macedonia” by Goce Naumov.

*центри беа во претходните векови во најголем дел латинизирани, потурчени, барем површно.*

*Нивните поети и научници, како што се браќата Миладиновци во 19-от век, Б. Конески, В. Иљоски и К. Тошев во нашево време* (т.е. 20 век)*, како и научниците од Русија и Западна Европа, како А.М. Селишчев, А. Мазон и А. Ваилант, собрале многу убави фолк-песни и пријатни фолклорни приказни, богатства на фолклорот зачувани од македонскиот народ. Мелодиите на нивните песни, по убавина и суптилност, рамноправно се споредуваат со кој било на Македонскиот Полуостров, кој е еден од најбогатите региони во Европа во овој поглед. Така, Македонците, иако угнетувани и сиромашни, го сочуваа својот национален идентитет и својата културна и уметничка индивидуалност.*"[61]


GUIDE TO THE
SLAVONIC LANGUAGES

R. G. A. DE BRAY, B.A.
*Lecturer in Comparative Slavonic Philology at the School of Slavonic and East European Studies, University of London*

LONDON: J. M. DENT & SONS LTD
NEW YORK: E. P. DUTTON & CO. INC.


UN
LEXIQUE MACÉDONIEN
DU XVIe SIÈCLE

PAR
CIRO GIANNELLI
*Professeur à l'Université de Rome*
AVEC LA COLLABORATION DE
ANDRÉ VAILLANT
*Professeur au Collège de France et à l'École des Hautes Études*

PARIS
INSTITUT D'ÉTUDES SLAVES
DE L'UNIVERSITÉ DE PARIS
9, Rue Michelet (6e)
—
1958

Горе: **"Водич на Словенските Јазици" од Р. Г. А. Де Breј, и Македонски Лексикон од 16 век на Чиро Џанели и Андре Ваилант**

И модерните лингвисти се почесто се соочуваат со вистината за Македонскиот Јазик. Познатиот Американски лингвист и македонист Виктор Фридман (Victor A. Friedman) во 2008 г. во неговиот труд "Македонската Дијалектологија и Еврологија: Регионални и Типолошки Перспективи", од насобраните јазички податоци покажа дека феноменот на

[61] “Guide to the Slavonic Languages” by R. G. A. de Bray, 1951; Section 6. Macedonian.

граматикализација[62] од собраните лингвистички податоци сугерира силно Латинско влијанија, но – недвосмислено Југозападно (Пелагонија-Костур) јадро на Македонскиот јазик. Со компаративни примери тој докажа дека на пример Влашките дијалекти во Југозападна Македонија ги следат граматичките правила на Македонските дијалекти, додека во областите под Грчка окупација (од 1948 г. наваму) тие почнаа да ги следат новите Грчки правила (што не е случај со Македонскиот). Фридман истотака го потврди и фактот дека Македонскиот е "Балкански" јазик (Hamp 1977), и најмалку "Балканизиран". Кон ова свое тврдење тој го цитира и лингвистот Ван Дер Аувера (Van der Auwera,), кој уште во 1998 г. точно посочил дека Бугарскиот идиом (кој отпрвин бил Турко-Монголски јазик) е најбалканизиран од сите Балкански јазици.[63]

Националистичко-политичките тврдења на некои модерни Про-Романски лингвисти дека "*Романскиот е најбалкански идиом*" истотака се отфрлени од истражувањата на Фридман, кој децидно појаснува: "*Прво, тие очигледно немаат доволни сознанија за Македонскиот јазик, за да уочат дека тој има граматикализација на свршеното време од глаголот 'има' (во стандардниот Бугарски таа е одсутна), дека ги користи истите предлози и прилози за двете локации и насоки, и дека има генитив/датив синкретизам. Второ, различните вокални алтернации на романски, бугарски и албански (а не на грчки, ја забрзуваат иницијалната реченица во нивното претставување на карактеристиката), што тие ја нарекуваат 'Хармонична Самогласка (или умлаут)', која вклучува дифтонгизација на средните самогласки на романски , античкиот умлаут на / и / и / а / на албански јазик, и поддршката на / æ / (подоцна / е /) до / а / во одредени нагласени слогови во [делови од источниот] бугарски се балканистички* (1986, 569)."

Крајниот заклучок од овие лингвистички постулати и факти што го извлекува Фридман е дека Македонскиот е Нај-Балкански јазик и најмалку Балканизиран.[64] Што всушност значи ова? Појаснето со други зборови, тоа значи дека Македонскиот е далеку најстар и најоригинален автохтон јазик, кој претрпел најмалку надворешни влијанија (Латинизација, Балканизација…) во споредба со другите соседни јазици од овој регион на Европа.

---

[62] Лингвистички процес преку кој некои јазички елементи - лексички, прагматични, па дури и фонетски - стануваат граматички зборови. https://sr.wikipedia.org/wiki/Gramatikalizacija

[63] Методологијата употребена во донесувањето на овие заклучоци е стручно лингвистичка, затоа и не е опишана тука, но за секој оној којшто се интересира студијата на Фридман е лесно достапна на интернет: http://home.uchicago.edu/vfriedm/Articles/210Friedman08.pdf

[64] *Балканизација* – расцепканост, поделба.

# Археолошка потврда на Македонскиот Милениумски Континуитет

**А**рхеолошките наоди, преку модерните научни методи, со сигурност ни потврдија дека нашите пра-предци древните Македонци (денес именувани и како „*Анти*", „*Енети*", „*Венети*" или „*Сло-Венети*", и т.н.) со милениуми наназад имале развиена култура и биле присутни на Европскиот континент многу подолго отколку што досегашната наука и воопшто сите ние досега сме претпоставувале. Македонија, уште од најдамнешни времиња претставувала оаза на животот за човечкиот вид и место кадешто се создала апсолутно првата Европска цивилизација. Досега најстарите сочувани остатоци од праисторискиот човек [*Homo Sapiens*, или уште наречен и „*Човекот од Кромањон*"] во Европа се најдени во локалитетот Камени Гумна во Беломорскиот дел од Македонија.[65] Постепената транзиција и развојна адаптација на овие Пра-Индо-Европејци најдобро е посведочена и манифестирана на тлото на Европскиот континент во последниве 50.000 години (иако се претпоставува дека Хомо Сапиенсот еволуирал во текот на последните 2 милиони години).



Горе: **Костоперска Карпа, древно култно место околу кое се откриени остатоци од околни населби од Бронзеното Доба и подземни катакомби**

[65] Човекот од Камени Гумна близу Воден, Егејска Македонија. Се претпоставува дека е најстариот човечки остаток пронајден на тлото на Македонија и Европа, чија вистинска старост сеуште се крие од јавноста. Има многу сомнителни и различни толкувања за неговата старост (од 50 до 300.000 години п.н.е.) коишто се производ на Западноевропската историска цензура.

Континуитетот и поволната природна средина на одредени Европски региони – поточно подрачјето на Балканот од касниот Палеолит (крајот на Плеистоценот и почетокот на Холоценската ера), го овозможија таквиот развој. Истражувањата (геолошки, археолошки, климатолошки, и т.н.) покажаа дека условите во Македонија и поширокиот Балкан биле далеку поповолни и поподносливи од климатските услови во другите делови на Европа.




Горе: **Жртвеници на Големата Мајка Божица од археолошките наоѓалишта Тумба Маџари (лево) и Говрлево (десно) кај Скопје, Македонија. 6 милениум п.н.е.**

Заладувањето не влијаеше до тој степен во југоисточна Европа како што тоа беше случај во северните и централните региони кои беа заробени со дебела покривка од мраз. Доказ за тоа се единствените прашуми (Пелистер, Маврово) и видови на флора и фауна кои преживеале само во Македонија и кои укажуваат на далеку поблаги климатолошки промени. Македонија и ден-денес сеуште изобилува со ендемични видови кои ги има само во овој дел од Европа. Даглас В. Бејли [Douglass W. Bailey] тоа го опишува во „Балканска Праисторија: Отуѓување, Отелотворување и Идентитет“[66]. Тој таму јасно вели: „*Помалку драматичните промени на климата, флората и фауната резултираа со помалку драматични адаптивни или реактивни случувања во материјалната култура*“.

Македонија е далеку најбогатата земја во Европа со праисториски неолитски населби. Во светската археолошка карта уште од 90-тите години на минатиот век беа внесени преку 180 (новооткриени) неолитски населби, на т.н. „*Иперборејци*“[67] од таканаречената „*Култура на Чакални огништа*“, со поголема концентрација во котлинските предели долж Вардарската долина и долината на реката Морава кон север. Археолозите укажуваат на постоењето на барем уште 6000 други археолошки локации кои допрва треба да се

---

[66] Douglass W. Bailey, “Balkan Prehistory: Exclusion, Incorporation and Identity”.

[67] Иперборејци (лат. *Hyperborean*) – „Задбурејци” („зад-бурата”) т.е. „северни”. Уште едно име со кое биле нарекувани Македоните, кои живееле „зад бурата” - на север од Олимп.

испитаат. Со новите откритија (неолитската опсерваторија Кокино, Кратовско-Кумановскиот басен, Цоцев Камен, и т.н.) бројот на новооткриени праисториски локалитети константно се зголемува. Оваа извонредна концентрација на археолошки наоѓалишта недвосмислено укажува на зголемен наталитет на населението и динамични случувања во Македонија, толку нетипични за останатите региони на Европа од овој праисториски период.



Горе: **планиграфија на древниот и антички град Стоби ("*Столбови*"). Македонија, 2-1 Милениум п.н.е.**

Еден од најеминентните археолози на нашето време, лордот Колин Ренфрју [Colin Renfrew] во 2003 г. својата првобитна „*Анадолиска Ипотеза*" и претходните заклучоци донесени врз основа на застарени и погрешни проценки – ја прогласи за неоснована и неважечка. Во согласност со истражувањата на другите современи научници и со најновите научни методи и модерни откритија, Ренфрју исто така ја корегира својата научна работа. Преку археолошките наоди тој исто така ни потврди дека Индо-Европските народи и јазици се прошириле паралелно со развитокот на земјоделството – од Балканот. Ренфрју неговите последни заклучоци ги базира врз еден едноставен факт: ширењето на Индо-Европските јазици може да се објасни само преку феноменот на некој навистина долготраен настан во праисторијата. А таков настан, според Ренфрју и според конкретните археолошки докази на теренот (Македонија и Балканот) е токму развојот и распростирањето на земјоделството во Неолитот. Земјоделците во потрага по нова обработлива земја, од Македонскиот полуостров, постепено, следејќи го повлекувањето на ледената покривка, се населија и ја колонизираа цела Европа. Овој заклучок, поткрепен со најновите археолошки, дендро-хронолошки (датирање преку бројот на прстени кај

дрвјата), радиоактивен Јаглерод 14 и др. научни методи, ја врати хронологијата на Прото-Индо-Европејците уште поназад во времето (на околу 6000 г.п.н.е.). Западноевропската погрешна хронологија и политички-моделирана временска рамка за Европската праисторија се распаднаа, бидејќи резултатите добиени преку модерните методи за датирање покажаа дека праисториските урбани градби во Македонија се постари и од пирамидите во Египет и од храмовите во Месопотамија.



Горе **топографски детаљ на строгиот центар од древниот антички град Скупи (од Латински "*Скопис*" - виден[68]). Македонија, 2-1 Милениум п.н.е.[69]**
и на следната страница: **снимка од дрон на реставрираниот амфитеатар денес**

[68] http://www.makedonski.info/ssearch/viden/#виден/прид

[69] Археологијата ни откри и дека Скопје како град постои од пред 8000 години. За самиот антички град Скупи се откри дека е поставен на темели најмалку 600 години постари.



Лордот Ренфрју Прото-Индо-Еевропската татковина без никакво сомневање и многу прецизно ја лоцира во Македонија, од кадешто заедно со земјоделството Индо-Европските јазици и народи се раширија низ Европа и Централна Азија. Тој заклучи дека единствено на територијата на праисторискиот Балкан, поточно Македонија, постоел таков збир на животни услови кои овозможиле развиток на Прото-Индо-Европската заедница, од која подоцна преку експанзијата кон север која следувала, настанале сите историски Индо-Европски јазици. Во својата книга „Археологија и Јазик: Сложувалка на Индо-Европските корени“ [Archaeology and Language: The Puzzle of Indo-European Origins], објавена во 1987 г. археологот Колин Ренфрју не се ограничува само на собирање археолошки докази за последниот фатален удар на конвенционалната теорија, но ни го претставува и неговиот усогласен модел за Индо-Европското потекло. Наречен од страна на неговиот автор „Индо-Европска Неолитска Распределба“, базиран е на заклучокот дека единствениот голем момент во Европската праисторија кој би можел да коинцидира со огромната промена како што се претпоставува дека е Индо-Европеизацијата на жителите на Европа е почетокот на земјоделство во 7-от милениум п.н.е.. Овие рани земјоделци се првите Индо-Европејци одговорни за раната колонизација на јужна и централна Европа. И бидејќи тоа е особено видливо во двете најрани Неолитски култури од јужниот дел на Европа, односно комплексот на Балканот (Македонија) и т.н. култура на „*Кардиум-Печатена Керамика*“ од западниот и централниот Медитеран, кои датираат од 7-от милениум п.н.е., овие две култури Ренфрју ги смета за први представници на Индо-Европејците во Европа.

Фактите од реконструираната Европска праисторија укажуваат дека Прото-Индо-Европејците воопшто не биле никакви „*воинствени јавачи со камени секири*“ кои ја освоиле Европа прекуноќ. Напротив, тие биле првите земјоделци и сточари, кои ја покориле Европа преку културна и интелектуална супериорност. Иако оваа дефиниција останува во суштина Евроцентрична, таа ни потврдува дека Прото-Индо-Европејците биле

всушност мирни земјоделци и сточари, наспрам фантастичната претстава за воинствени суперлуѓе понудена преку Западноевропската конвенционална теорија и отелотворена во Холивуд. Студијата на лордот Ренфрју е несомнено супериорна во однос на традиционалните Западни инвазиони теории, елиминирајќи ја митската Прото-Индо-Европска теорија на „Молскавична војна“ пред очигледната мирољубивост и истрајност на древните Европејци.

И друг еден познат Британски археолог од Оксфорд и Единбуршкиот универзитет, Стјуарт Пигот [Stewart Piggott], во своите научни трудови недвосмислено го потврди потеклото на Индо-Европејците од подрачјето на Балканот, т.е. Македонија. Иако наведени со различни гео-политички имиња, условени од денешните политички прилики и сфери на интерес – сликата најдиректно и многу јасно ни ги покажува развојните етапи на Индо-Европските народи и јазици, потврдени од истражувањата на Пигот. И во студијата на Пигот, повторно, територијата на Балканот како лулка на Европската цивилизација и култура перфектно се совпаѓа со временските, етничките, јазичките, генетски, културни и историски, но не и политички граници на Македонија:




**Figure 1.** *The early spread of agricultural communities in Europe, as summarized by Stuart Piggott in 1965. 1) Proto-Sesklo and Starčevo cultures; 2) Linear Pottery culture; 3) Impressed pottery culture. It is suggested below that the early spread of Proto-Indo-European speech accompanied the dispersal of farming in these areas. (From Piggott 1965, 57.)*



Горе: **Уште еден од многуте пронајдени жртвеници на Големата Божица Мајка. Македонија, 6 милениум п.н.е.**

Лево: **3-те фази на раните почетоци на ширењето на Прото-Индо-Европските јазици преку ширење на земјоделските заедници во Европа, прикажани од Стјуарт Пигот во 1965 г.**

# Стара Камена Ера (Палеолит) во Македонија

**П**од археолошкиот термин Старо Камено Доба или „*Палеолит*" се подразбира најраната ера на човечката праисторија, од пред 2,5 милиони години па се до пред 10.000 години (8000 г. п.н.е.), кога се смета дека започнало Новото Камено Доба или „*Неолит*". За поголемиот дел од толку далечното минато сеуште се знае многу малку или скоро ништо.

Досега се регистрирани бројни Палеолитски локалитети во Македонија, но многу малку од нив се истражени. Овие антропогени седименти потекнуваат од човекот, било како резултат од неговата дејност, било како негови посмртни остатоци. На територијата на Македонија има пронајдено и константно се пронаоѓаат нови остатоци од човечки живот и активност на првобитните заедници од Палеолитот во вид на камени и коскени орудија. Во тие сурови времиња човекот е најдиректно соочен со страшната бруталност на недопрената природа, нејзините константни и непредвидливи промени, и се бори за голиот живот заедно со тогаш многубројните диви животни и ѕверови.



Во клисурата Пешти (кај Велес) – во 10 пештери и поткарпи има пронајдено остатоци од Палеолитот, особено во пештерата „*Голема Пешт*" (кај село Здуње), потоа *Камени Гумна* во Беломорскиот дел од Македонија, кај Тополичане (Скопско), локалитетот Кристофорово и Буково (Битолско), пештерата „Убава" во Матка кај Скопје, Макљеновац кај Велес, пештерите „Макаровец I и II" во „Долината на Орлите" на реката Бабуна (северозападно од Велес), на Осоговските планини, Охрид, Цоцев Камен, и таканатаму. Како што веќе беше спомнато во претходните поглавја, досега најстарите пронајдени сочувани остатоци од праисторискиот човек (или уште наречен и „*Човекот од Кромањон*" или и „*Хајделбершки човек*", 500,000 - 100,000 г. п.н.е.) во Европа се најдени во локалитетот Камени Гумна, во Беломорскиот дел од Македонија. И, покрај Солун, кај локалитетот Батилакос, беше откриена долна вилица од антропоид кој беше наречен *Dryopithecus Macedoniensis* (според територијата на древномакедонското племе *Друопи* или *Деропи*).



Горе: **Праисториски цртежи од Старото Камено Доба кај археолошкиот локалитет „*Пештери Макаровец*“, Велешко.**

Во време на палеолитот човекот за да опстане е собирач на плодови и ловец, нема урбани човечки градби, луѓето живееле во пештери, шатори и колиби од животински кожи, а карактеристично е тоа што тогаш луѓето користеле груби камени, коскени и дрвени орудија. Докази за тоа даваат пронајдените артефакти-алатки од камен, рогови и коски од животни (елени, хиена, волк, пештерски лав, лисица и сл.) откриени меѓу плеистоценските слоеви на пештерата „*Макаровец*" во долината на реката Бабуна. Истите се означени како орудија од помладиот Палеолит (културата на „*Орињациен*" и „*Граветскат*а" култура според западноевропската номенклатура) датирани околу 100,000 до 10,000 г. од старата ера. Камената алатка од „*Ашелска*" култура, т.н. „ашелски клин", од бел кварцит со црвенка во зелени ленти од Палеолитот беше пронајдена од францускиот истражувач Етиен Пат [Etienne Patte] кај локалитетот Кристофорово, Битолско.[70] Истотака примитивни орудија и костури од животни се пронајдени и во наоѓалиштето „Пештери Макаровец" (Велешко) како и во пештерата „Убава" во клисурата Матка кај Скопје. Еден дел (5 предмети од кремен камен) во 1990 беа вратени во Македонија од Институтот за Квартерологија при Биотехничкиот Факултет од Љубљана, Словенија, и денес се во Државниот Музеј на Македонија.



Една од главните цивилизациски придобивки од овие примитивни и сурови времиња е пронаоѓањето на огинот, т.е. неговата употреба. Огинот му овозможил на човекот додатна заштита од дивите ѕверови, и како елементарно орудие со време го доведе до откривање на печената глина, т.е. керамика, откривање на термичката обработка на разни материјали и на крај на металите, и го овозможи севкупниот понатамошен културен и цивилизациски развој.

Во однос пак на самата социјална структура на човечките заедници од Старото Камено Време за истите е карактеристично што тогаш луѓето живееле во орди. Ордата не е крвно или брачно врзана заедница и е преодна форма меѓу семејната и племенската заедница. Обично се состоела од неколку семејства (најмногу 5) кои се здружувале заради меѓусебна заштита од дивите животни и други орди. Ретко се врзувале за одредено место на живеење и

[70] Универзитетска колекција на Етиен Пат во Поатје, Франција.

често се селеле, пред се заради потрага по храна. Заради тоа и нема постојани градби или живеалишта, а луѓето живееле во природни засолништа како пештерите, или во шатори од кожи, слама и друг обновлив материјал. Говорот во тоа време се претпоставува дека сеуште бил многу примитивен, а единственото припитомено животно тогаш било кучето.



Звучи неверојатно, но во Македонија се до 20-от век се практикувал еден примитивен ритуал кој лесно може да биде датиран во Старото Камено Доба. Имено забележан е обред наречен **Жив** (или **Див**) **Оган** – кој представува еден од најчудните и можеби најдревни познати обичаи во Македонија. Огнот од најстари времиња се ценел како божество, и во народот постојат многубројни верувања и обичаи поврзани со неговата елементарна сила и моќ. Тој играл и многу значајна апотропејска и лустративна улога во примитивните култови и стари религии, чии култни ритуали ете некако ги преживеале неброените векови и забот на времето, и тоа само преку директно предание од колено на колено. Таков еден неверојатно примитивен обред е токму обичајот на Жив Оган, кој се употребувал како елемент за прочистување од демони, за лекување, и како превентива од разновидни, а особено епидемични болести. Живиот Оган се добивал со триење на две суви парчиња дрво, што упатува на неговата практика уште од Неолитот (Доцното Камено Време), кога всушност и не постоел друг начин на палење оган. Обредот најчесто се вршел во случаите кога ќе избиела чума или некоја сточна болест, за кои Живиот Оган требало да представува сигурен лек. Како потребна воведна мерка за палење Жив Оган било гасењето на сите други огнови и секакви извори на светлост во соседството, такашто да не остане запалена ниедна искра. Зашто се верувало дека Жив Оган не може да се запали се додека гори и една единствена свеќа в куќи. За жал, овој прастар обичај во денешната модерна ера на електрификација не постои повеќе, и сведоштвата за овој обред останале запишани само во стручните книги на етнолозите од минатиот век.[71]

Последен забележан и документиран пример за "вадење" на Жив Оган се случил во 1970 г. во с. Подмол, Прилепско. Него го палеле двајца одбрани помлади и здрави луѓе, кои морале да го запалат на место кадешто никој друг нема да знае дека го палат. Штом ќе успеел да се "извади" Живиот Оган, т.е. да се запали со триење на две Лескови суви дрвца, се носел на претходно определеното место кадешто ќе се запали големиот оган, покрај кој ќе поминува целата стока за да се прочисти. Големиот оган се палел обично надвор од селото, на некој рид, и не смеел да се гаси се додека сам не догори. Од него истотака секое семејство и куќа земале гламни или жар за повторно да ги распалат домашните огништа. И пепелта од Живиот Оган се сметала за здрава и лековита, се земало од неа и се фрлала пред трлата и шталите, за да не ги фаќа болест; во нивите, за добар род; кај улиштата со пчели, за да се эаштитат и тие; пред куќниот праг, и т.н.

[71] "Обичаи и верувања во Скопската котлина" од Др. Миленко С. Филиповиќ.

# Ново Камено Доба (Неолит) во Македонија

**П**очетоците на Неолитот во Македонија датираат од 8-от милениум п.н.е. (т.е. пред повеќе од 10.000 години). Се до холоценот карактеристичен е пре-бореалот (10000-9000 г. п.н.е.) со изразито ладната клима како последица на штотуку завршеното Ледено Доба. После тоа настапува периодот на топлиот бореал (9000-7000 г. п.н.е.). кога се појавуваат првите култури од Мезолитот. Процесот на „Европеизација“ зачнат на Македонскиот полуостров создаде сточарство, земјоделство, архитектура, технологија, економија, како и нови културни и општествени односи меѓу заедниците. Меѓу првите неолитски култури во Македонија се идентификувани оние од Анзабегово-Вршник, Велушина-Породинската, и Зластрана. Првата се наоѓа во Овче Поле (Св. Николско), втората во Белагониската (*Пелагонија*) рамнина, додека третата е на територијата на Охридско-Костурскиот регион.




Горе: **Распространетоста на Неолитската култура *Анзабегово-Вршник* на територијата на Република Македонија, 7-4 милениум п.н.е.**

Во средниот Неолит во Белагониската рамнина се појави нова група на урбани населби во денешен Трн, додека Анзабегово-Вршник и Велушина-Породинската влегоа во својата втора развојна фаза. Во доцниот неолит територијата на групата Анзабегово-Вршник покажа нови културни манифестации и понатамошен развој и ширење на оваа култура преку Ангелци-Зелениково (накај Прешево), Нова Никомедеја (Nea Nikomedeia , Егејска Македонија) и долж реката Струма, а во Охридскиот регион посебна група е потврдена и на устието на реката Дрим.

Како што беше нагласено и од страна на повеќе истражувачи, според керамиката од 7-от милениум п.н.е. најдена во Македонија воглавно може да се издвојат две главни и една помала културна група: Анзабегово-Вршник (Овче Поле, Струмичкиот, Полошкиот и Скопскиот регион), Велушина-Породинската (Белагонија), и Охридската (Зластрана). Овие три култури прикажаа нивни особености преку нивната посебно препознатлива керамика и производство, но исто така и сличности и поврзаност со другите култури, главно на ниво на архитектура, економија и религија, вклучувајќи тука и слични камени и коскени орудија, фигурини, жртвеници, украси и живеалишта.




Горе: **Распространетоста на Породинската Неолитска култура на територијата на Република Македонија, 7-4 милениум п.н.е.**

Високиот степен на развој и цивилизираност на овие рани праисториски населби во Македонија може одлично да се види од квалитетот на артефактите и уметничките способности на луѓето кои ги изработувале. Една таква зачудувачки совршена изведба во печена глина е и преубавата статуетка на машко торзо најдена во Говрлево близу Скопје. Наречена „Адам од Македонија“, иако нецелосно сочувана, изненадува со анатомски детали и уметничка стручност со кои е изработена пред некои 7500 години.



Според Немачкиот институт кој ги направи анализите со радиоактивен Јаглерод14 статуетката „Адам“ од локалитетот кај Говрлево е изработена во 5478 г. п.н.е. Таквото датирање повторно совршено се поклопува и со наодите на историчарите, лингвистите и генетичарите, кои ги одредија времето, правците на населување и движењето на праисториските луѓе од Балканот и Македонија кон остатокот од Европа. Па така дури имаме ситуација на веќе развиено Ново Камено Доба, т.е. Доцен Неолит на Македонскиот Полуостров, во исто време кога во остатокот од Европа сеуште трае културниот хоризонт на Старото Камено Доба, т.е. Палеолит.



Горе: **Неолитската Астрономска Опсерваторија и светилиште на Големата Божица Мајка на врвот Кокино, Македонија. 4 милениум од старата ера.**

Долу: **груба поделба на првобитните културни хоризонти во Неолитот**



# Првата и најстара Европска Култура - Егејска и Централно-Балканска "Стара Европа"

Дека историскиот модел понуден од Западноевропската историографија не одговара на фактите и наодите што ги нудат археологијата и другите научни дисциплини од 19 век почнаа да признаваат и самите научници и историчари одговорни за ваквата деформирана претстава на историјата. Познато е дека дури и Марија Гимбутас [Marija Gimbutas], литванката која беше главниот катализатор на конвенционалната инвазиона „*Курганска теорија*" ја увиде и ја призна нејзината погрешност како последица на политички притисоци и други ненаучни влијанија. Таа и лично престојуваше во Македонија и на поширокиот регион на Балканот, кадешто изврши повеќе археолошки испитувања на повеќе локации. По ова нејзино соочување со реалноста и фактите на теренот и таа ја призна Парадигмата на Палеолитскиот Континуитет и „Индо-Европската Неолитска Распределба" и се придружи кон моделот на  на Ренфрју, Д'Јаконов, Пигот и други. Притоа Гимбутас предложи нејзина ревидирана и поправена праисториска теорија под името „*Стара Европа*" која е  прикажана и објаснета во нејзината книга „*Божиците и Боговите на Стара Европа: 7000-3500 п.н.е.*".




Горе: **Мапа на Пред-Индо-Европските Праисториски култури. Повеќето имаат некакво име според некои нивни археолошки карактеристики, но за културата која се наоѓа на Македонскиот полуостров долж тековите на реките Вардар и Морава, како и во Подунавието, се користи терминот „*Стара Европа*" („*Old Europe*") бидејќи е најстарата Неолитска култура на тлото на Европа.**

Очигледно е и од самиот наслов на книгата дека таа ја напушти конвенционалната Западноевропска инвазиона „*Курганска теорија*“ од 4-от милениум п.н.е. , и ја помести долната граница на праисторијата кај Индо-Европејците за цели 3000 години поназад во минатото. Покрај тоа, една од главните работи што се интересни да се напоменат е Регионалната и Хронолошка поделба која е дадена на самиот почеток од книгата:

1. Егејско-Централно Балканска област (како прва и најстара) [72]
2. Јадранска област („*Илирска*“ култура)
3. Подунавска област („*Старчево-Винча*“ културата )
4. Источно Балканска област („*Илирска*“ култура)
5. Молдавско-Украинска област („*Кукутени-Триполе*“ културата)

Но веднаш, и по насловите на поделбата, се гледа дека и Гимбутас не е имуна на политички-условената локална терминологија од соседните земји на Макединскиот Полуостров, па затоа го избегнува името „Македонска“ или било кој локален топоним од Македонија со кој би можело таа да се поврзе или да се побара на географска карта. Па така, праисториската Индо-Европска култура на Стара Европа што воглавно се протега на територијата на Македонија вешто ја нарекува „*Егејска и Централно-Балканска култура*“, многу општ и новокомпониран термин кој со ништо не асоцира на Македонија, а нејзините најстари зачетоци ги лоцира долж сливовите на реките Вардар и Морава:

[72] Праисториска Прото-Индо-Европска култура која се протега воглавно во етничките и географски граници на Македонија. Но поради модерните гео-политички деформации на Балканот локалните разграноци на оваа првобитна група во соседните земји се нарекуваат со различни локални имиња – во Грдсиа се нарекува „*Прото-Сескло Култура*”, во Србиа „*Старчево-Винчанска*” , во Бугариа „*Караново Културата*”, и т.н. а во Р. Македонија срамежливо почнува да се употребуваат термините „*Породинска*” и/или „*Анза-Вршник Култура*”.


Vienna
Budapest
Dniester-Bug
Dniester
R. Prut
R. Siret
R. Körös
Kopáncs
Hódmezővásárhely
Röske-Ludvár
Kotacpart
Gorza
Nosa
Tisza
Let
R. Olt
TRANSYLVANIAN ALPS
Perieni
Sarvaš
D. Branjevina
R. Sava
Beograd
Obrež
Starčevo
Cuina Turcului
Lepenski Vir
G. Tuzla
Padina
Bucharest
Starčevo
R. Danube
Kakanj
Obre
Tečić
Smilčić
Danilo
R. Morava
R. Nišava
Impresso
BALKAN MTS
Azmak
Karanovo
Black Sea
Gladnice
Pavlovac
Rudnik
R. Marica
Govrlevo
Rug Bair
Zelenikovo
Vršnik
Anza
Karanovo
Adriatic Sea
R. Vardar
Impresso
Porodin
Suvodol
Sesklo
Nea Nikomedeia
PINDUS MTS
Otzaki
Argissa
Souphli
Aegean Sea
Tsani
Tsangli
Sesklo
Pyrasos
Achilleion
Elateia
Chaeronea
Nea Makri
Athens
Corinth
Lerna
Amorgos
Mediterranean Sea
Knossos
Kato Ierapetra

Датирањето со радиоактивен Јаглерод14 и други научни методи, ја одредија староста на оваа Прото-Индо-Европска култура од крајот на 7-от милениум п.н.е. до почетокот на 5-от милениум п.н.е.. Испитувањата на Гимбутас исто така го покажаа и постепениот процес на разгранување на оваа култура со текот на времето во посебни регионални групи. Така на пример веќе во 6-от милениум п.н.е. се одвои кон југ т.н. „*Сескло*“ култура од Тесалија како карактеристично различна по формата на артефактите од остатокот на Егејскиот и Централно-Балканскиот комплекс. Кон север пак се издвојува Подунавско/Илирската гранка заради зголемената потреба од освојување на нови плодни територии. Нејзините археолошки истражувања исто така ја потврдија и следната етапа во ширењето на оваа *Прото-Индо-Европска* популација на север, долж речните долини кон централна и западна Европа. Поместувањето кон север е покрај источната страна на Карпатите и на територијата на источна Буковина, по веќе добро познатиот „*Пат на Килибарот*“. Тоа бавно придвижување кон Север и Северо-Запад по сливот на реките Дунав и Тиса, како и ширење на Енеолитската популација паралелно со развојот на земјоделството и сточарството веќе кон крајот на 5-от и почетокот на 4-от милениум п.н.е. многу убаво е прикажано на следнава мапа:




До крајот на 3-от милениум п.н.е. и со преминот од Камената во Бронзена Ера во 2-от милениум п.н.е. преку откривањето и употребата на металите, процесот на Индо-европеизација постепено приврушува и веќе го опфаќа целиот Европски континент. Во тие времиња се случува и преминот од првобитното Родовско Општество во посложени и поголеми племенски заедници. Поместувањата и миграциите кон Север и Северо-Запад се веќе константни и масовни појави кои со време почнаа да создаваат и повратен ефект. Во тие бурни времиња од пред 3-4 милениуми, со зголемувањето на населението се развија и првите поголеми етнички заедници во Македонија и пошироко. Тогаш се забележуваат и првите

општествени, културни и дури воени структури, како и првите Македонски држави/кралства на Белазгите, Агријаните, Бригите, Енетите/Венетите, Едонците, Еолците, Елимиотите, Ематијците, Линкестите, Енгелини, Десарети, Мигдонците, Макетите, Орестите, Пајонците, Тимфајците, Китите/Хитите, и други бројни Македонски заедници. Имињата на овие и други Македонски племиња биле најчесто личните имиња на поважните челници и кралеви кои ги воделе и владееле. Така на пример Мигдонците и Мигдониа го добиле името по нивниот славен крал Мигдон, татко на Кореб (Кораб), Макетиа и Макетите по кралот Макет, исто какошто и самата Македонија била наречена по својот митолошки етноним Македон. Македонија како и целиот Македонски полуостров во тој период на забрзан развој и просперитет била опфатена од бран на немири, војувања и разурнувања. Ова предизвикало поместување на цели родови, племиња и заедници, настани кои се забележани како интензивен историски процес наречен „*Егејска Преселба*“. Во тоа време се случила и преселбата на Македонските Бриги од околината на Еригон (Црна Река) и Термајскиот залив



кон Мала Азија, каде биле наречени Фриги (Фригијци). Сеуште не е јасно што го предизвикало ова немирно време, но најверојатно се работи за некоја голема и сеуште неоткриена природна катастрофа, која траела со години или дури и децении. Според хемијската анализа на седиментите наталожени на дното на Охридското и Дојранското езеро се евидентирани драстични промени на животната средина истотака и во текот на периодот од околу 1500 г. пред нашата ера. Неодамна проучуваните седименти од Дојранското Езеро[73] ни открија дека точно пред околу 3500 години се случил масивен период на интензивна ерозија. Податок кој упатува на некоја голема природна катастрофа, која можеби била предизвикана од Вулканска Ерупција, нагло заладување, или пак катастрофална суша. Според историчарите поборници на се поприфатениот модел на временско датирање наречен „*Долга Хронологија*“ заклучокот е дека овој период првенствено ги опфатил Македонија и

[73] Мерења со Литиумски и Ураниумски изотопи кои беа применети на седиментно јадро од Дојранското Езеро во Македонија. Научната анализа тука: https://www.nature.com/articles/s41598-017-18603-4

целиот Македонски Полуостров, потоа Анатолија и Кавказот кон североисток, означувајќи го крајот на Бронзеното Доба во овие региони.[74] Тој процес траел со векови и сведочи за брзиот и бурен напредок предизвикан од технолошкиот развој и употребата на металите, кои со себе донеле понатамошен забрзан прогрес и раст на Македонската цивилизација, и премин во *Железната Епоха* веќе кон крајот на вториот милениум п.н.е. (околу 1300-1100 г. п.н.е.) – цел милениум пред тоа да се случи и на северот од Европа. Македонија во тоа време и де факто и де јуре е „Центар на Светот“, бидејќи никаде дотогаш немало друго место на планетата Земја кадешто луѓето достигнале толкаво ниво на развиена цивилизација.

[74] „Црна Атина“ од Мартин Бернал, Втор Том, стр. 29.

# Бронзена Ера во Македонија

**Б**ронзеното време е праисториски период којшто следеше по Каменото доба и му претходеше на Железното време, кога благодарение на откритието на металургијата[75] човекот за првпат започнал да изработува оружја и алатки од бакар и бронза наместо од камен. Бронзената ера во југоисточна Европа започна во доцниот 4-ти и почетокот на 3-от милениум п.н.е.. Таа е поврзана со појавата на првите поголеми урбани населби, како и со почетоците и ширењето на Европската цивилизација.



Горе: **бакарни и бронзени алатки и оружје, меѓу кои и светата двојна-секира[76], откопани од тумбата кај село Кравари Битолско. Музеј на Битола, 13-ти век п.н.е.**

Македонија, која денес е со население од само 2 милиони жители – има околу 6.000 регистрирани археолошки локалитети. Од нив само од бронзеното време има стотици археолошки локации расфрлани низ целата територија. 12-те кралски гробници од 6-тиот век п.н.е. откриени во Требениште кај Охрид, Могилата на Беранци во близина на Битола, Корешница кај Демир Капија, Криви Дол во близина на Штип, Дабици во близина на Велес, и т.н., се сведоци на растот на благородништвото во Македонија во првиот милениум пред нашата ера. Кај Требениште, десетте машки гробови со нивните бронзени шлемови и мечеви, и трите женски гробови со нивниот накит од сребро и килибар, украсени со злато и златни

[75] Металургија – гранка на науката и технологијата која се занимава со својствата на металите, нивно производство и пречистување.
[76] https://en.wikipedia.org/wiki/Labrys

маски ( 5 досега откриени), облека и керамика , не биле гробови на обични луѓе. Оваа кралска некропола која била особено богата со наоди откри неочекувано високи цивилизацијски достигнувања и влијание, развојно и културно богатство кај Македонските племиња во античкиот свет.



Горе: **златни и бронзени артефакти од кралската некропола во Требениште, 6 век п.н.е. Бронзениот кратер за вино од Кралската гробница 1, откриена во селото Требениште, во близина на Охрид е украден од Македонија од страна на Бугарските окупаторски сили во 1918 година. Потоа уште еден таков е пронајден и украден од Србите во 1930-1933 г.**

Големите кратери за вино од бронза најдени во 1918-1930 г. во гробовите 1 и 7 од некрополата, станаа предмет на комплексна програма на студии и реставрација. За време на реставраторскиот престој на едниот кратер во Италија, вклучи многубројни специјалисти и квалификувани професионалци со цел да се искористи оваа несекојдневна можност и да се соберат што е можно повеќе знаења за него. Артефактите, ремек-дела на калајџискиот занает од 6-от век п.н.е. – се навистина едни од исклучително ретките антички кратери за вино (заедно со другиот најден во гробот 1 од истата некропола, украден од бугарскиот окупатор во 1918 г. и сега дел од колекцијата на Археолошкиот музеј на Софија во Бугарија, оној од Корешница, како и монументалниот Кратер откриен во Викс, Франција) кои преживеале до денешен ден. Меѓу ретките артефакти кои припаѓаат на оваа категорија, тие од Требениште се единствените јавно познати Македонски Кратери за Вино кои се целосно сочувани заедно со троножниот статив.[77] За жал тие се отуѓени или за време на првата светска војна, или покасно, како оној од Корешница, кој по криминални-шверцерски канали на највисоко ниво (со учество дури и на воени хеликоптери на НАТО) бил однесен и сега се наоѓа во приватна колекција од другата страна на Атлантикот.

[77] “Il cratere a volute su hypokrateridion da Trebenište. Studi, ricerche ed interventi di restauro”, Bollettino di Archeologia On Line, Direzione generale per le antichita’ II, 2011/4. Ministero per i Beni E Le Attivita Culturali (Italia).





Горе: **Бронзени статуетки од Македонија: Менадата од Тетово, 6 век п.н.е.; Дедал од Плаошник, 4-3 век п.н.е.; Статуетка на коњ од непознат локалитет и време, запленет од полицијата од диви копачи**

Долу: **еден од бронзените кратери за вино од Кралската гробница откриена во селото Требениште, во близина на Охрид. Украден од Македонија од страна на Српските окупаторски сили некаде помеѓу 1930 и 1933. Денес е дел од постојаната колекција на Српскиот "Национален" Музеј во Белград; Бронзен Македонски шлем со златни орнаменти од истиот локалитет кај с. Требениште , Македонија**




Покрај разните алатки, оружје, накит, и т.н., еден посебно специфичен предмет кој е многу чест во Македонските кралски гробници е токму Македонскиот Бронзен Кратер за вино. Предзнакот *Македонски* апсолутно им соодветствува затоа што Македонија е јадрото на нивниот ареал на распространетост, иако одредени примероци се пронајдени и во нејзиното

поблиско и подалечно опкружување. Тоа е длабок бронзен сад кој се користел за мешање на вино со зачини во античките времиња. Овие бронзени кратери за вино претставуваат уникатен препознатлив облик на древно-македонското усовршено занаетчиство и металургија, произведени во разни големини, а како основен материјал речиси секогаш е користена бронзената легура. Најголемиот досега откриен, кој е јавно познат на модерната наука и археологија, е висок 1,63 метри и тежи 200 кг. Тој беше пронајден во Викс (Vix) во Франција, во она што се испостави дека е гроб на античка кралица. Преживеаните бронзени кратери како овој се многу ретки, а оние на кои им е познато потеклото уште поретки. Сепак, овој огромен бронзен кратер за вино од Викс не беше од локално производство, и од она што досега се знае – тој во Франција бил увезен, најверојатно од античка Македонија.




Горе: **Камбониjскиот пат (покасно наречен од Римјаните "*Виа Игнација*") и некои од главните урбани центри во Македонија во Бронзената Ера**

Модерните западни научници се уште имаат огромна тешкотија во признавањето на Македонското потекло на овие бронзени садови, бидејќи повеќето од нив се украдени од Македонија и се дел од приватни колекции и странски музеи. Тие намерно ги објаснуваат како „*етрурски*", „*коринтски*", „*халкидички*", и т.н., но трагите и записите за древните занаетчии и правците на трговија од крајот на архајскиот период па наваму се наоѓаат од потегот помеѓу Кампања и Апуља (во денешна Италија) преку Епир и Македонија (долж „*Виа Игнација*"). И бидејќи повеќето бронзени садови од ваков тип се најдени токму во Македонија – заклучокот е неизбежен.

Најпознатиот специјалист по ова прашање, Клод Роли [Claude Rolley] , објаснува за она што може да се види на примерот со кратерот за вино од Агриценто (Agrigento, Италија), од крајот на 5-от век п.н.е., кој е идентичен со познатиот позлатен бронзен кратер најден во Дервени (Тесалија), кои според него: „*несомнено се направени во Македонија во втората половина на 4-от век п.н.е.*“. И покрај експертизата на Роли и сите тешкотии за успешно датирање или наоѓање на потеклото на еден таков озлогласен артефакт како што се украдените бронзени кратери за вино од старата ера, сите археолози и стручњаци мораат да се согласат околу една работа – дека тие најчесто се најдуваат во Македонија, со истиот непогрешливо препознатлив стил и облик.



Горе: **Бронзен кратер за вино (горниот украсен дел , рачките и троножниот статив се исчезнати). Македонија, 6-ти век п.н.е., Музеј на град Битола.**

Следна страна: **Бронзена амфора и бронзена ситула од археолошкиот локалитет "Црквиште", во близина на селото Беранци. Македонија, 4 век п.н.е., Музеј на град Битола.**

 

Она што веднаш може да се забележи уште на прв поглед, дури и за не-експертско око – е сличната или речиси идентична форма и украси кај овие бронзени садови. Исто како и идентичниот калајџиски начин на изработка: вратот и устата со овалот и брадестиот раб се споени на чучнато тело, кое е во продолжеток и со иста дебелина како работ, кои се чукани и прстенувани постепено, истенчувајќи го металот и истегнувајќи го до неговата крајна форма. Рачките и подножјето обично се прикачени на телото со меко лемење (со калај или олово) како и деловите на стативот, кои иако многу цврсто вклопени се засилени со истата техника. Деловите кои се исчезнати, или оштетените делови од овие антички артефакти внимателно и без никакви додатоци се репродуцирани за време на реставрацијата, за да бидат како што беа кога се составени.

Единствената друга карактеристика којашто недвосмислено ги поврзува сите овие бронзени садови, покрај идентичната форма, е нивното заедничко потекло – од Македонија.

Следна страна: **Споредба на формата и потеклото на разни антички бронзени кратери и слични садови:**
1. **Бронзена амфора од локалитетот "Црквиште", во близина на селото Беранци. Македонија, 4 век п.н.е. (Музеј на град Битола)**
2. **Мал бронзен кратер со нејасно потекло (Музеј на Уметноста во Бостон, САД)**
3. **Бронзен кратер (со исчезнат горен дел, рачки и статив) од локалитетот "Црквиште", во близина на селото Беранци. Македонија, 4 век п.н.е. (Музеј на град Битола)**
4. **Два бронзени кратери од с.Требениште во близина на Охрид. Македонија, 6-ти век п.н.е. (Украдени од Македонија за време и по Балканските војни. Едниот е сега во Србскиот "Национален" музеј во Белград, а другиот во Археолошкиот музеј на Софија во Бугарија.)**[78]
5. **Бронзен фенер најден со глинена светилка внатре, украсен од двете страни со две глави на античкиот бог Пан, најден во кралската гробница 2 на древно-македонската престолнина Егеј кај Кутлеш (изложен во Музејот на кралските гробници во Кутлеш во окупираниот Беломорски дел на Македонија). Македонија, 4 век п.н.е.**
6. **Бронзениот кратер (со непознато потекло) од Викс (Vix), Франција. 6-5-ти век п.н.е.**
7. **Позлатен бронзен кратер од Дервени, Тесалија. 3 век. п.н.е. (според експертизата на Клод Роли - од Македонска изработка)**

---

[78] “Il cratere a volute su hypokrateridion da Trebenište. Studi, ricerche ed interventi di restauro”, Bollettino di Archeologia On Line, Direzione generale per le antichita’ II, 2011/4. Ministero per i Beni E Le Attivita Culturali.

8. **Бронзен ѓум (*ситула*) од локалитетот "Црквиште", во близина на селото Беранци. Македонија, 4 век п.н.е. (Музеј на град Битола)**

1. 
2. 
3. 
4. 

5. 
6. 
7. 
8. 

Како што може да се види од листата горе 7 од 9-те наведени и јавно познати бронзени кратери и слични бронзени садови се пронајдени во Македонија. Но многу малку од нив можат се видат во музеите во земјата на потекло.

Уште еден бронзен Кратер, кој се појави на изложба во Музејот на Уметноста во Хјустон, на заем од Леви/Вајт приватната колекција – неодамна беше ограбен (1996 г.) од археолошкиот локалитет во близина на селото Корешница, во јужниот дел на Република Македонија. Овој кратер, кој се смета за еден од десетте најубави и највредни артефакти во светот, е пронајден во средината на деведесеттите години и преку таен дипломатско-воен канал со посредство на Американската војска бил прошверцуван надвор од Македонија. Криминалната операција на високо-дипломатско ниво е многу очигледна, со оглед на тоа дека бронзениот кратер во прашање, кој во моментов се наоѓа во приватната колекција на Шелби Вајт во САД, е висок околу 2 метри. Тоа е досега најголемиот артефакт што е нелегално изнесен од Македонија, висок поточно 180 см и тежок 500 килограми, тој бил продаден за 500 милиони долари. Од кого бил продаден, преку кого, и за кого, досега не е официјално откриено. Се мислеше дека нема докази за тоа како и кога беше откопан и изнесен од Македонија, бидејќи нема сведоци, нема документација, а сепак на интернет се појавија прецизни цртежи на делови од гробот поврзани со артефактот и опис на десетина други предмети кои потекнуваат од 6-от век п.н.е..




Горе: **Планот на ограбениот гроб 5 од Корешница кој се појави на интернет. Меѓу наодите беа три бронзени статуетки на војници (бр. 10 ) поставени околу огромен бронзен кратер (бр. 11 ) кој ги содржеше кремираните остатоци на покојникот. Гробот, исто така, содржел два штитови, парчиња од панцири, копја и шлемови.**

Значи сведоци имало, и тоа такви кои знаеја како да ја завршат својата работа многу професионално. Местото, кое се наоѓа на север од Стена (*Демир Капија*) не е впишано на мапите, но е видливо во висока резолуција на Google Earth ( 41° 26'06" N 22° 14'20", E). Грабежот се случи во 1996 година и ограбената гробница веројатно му припаѓала на некој благородник или крал од Горна Македонија / Пајониа. Во 2008 година, двајца британски археолози, Доминик Паулсен и Рубен Торп, започнаа со гео-скенирање на локалитетот со користење на опрема обезбедена од страна на Велика Британија, со цел повторно да се започне со ископување на теренот, но за жал овие активности запреа.

# Железното Време во Македонија

**П**ред да прејдеме во Железното Доба мора да повториме една работа: Во поголемиот дел на 20-тиот век, преминот од Бронзеното во Железно Доба на целиот Егејски простор од археолозите и историчарите бил нарекуван „*Мрачно Доба*“. Толкувањата на овој период во Македонија, како и на околните области, бил обоен со приказни за насилни миграции и инвазии. Сепак, погрешното означување на овој период како „*Мрачно Доба*“ повеќе не се применува за Македонија и наместо него е прифатен терминот „*Рано Железно Време*“, додека за појужните делови на Пелопонез „*Мрачно Доба*“ остана како важечки термин.

Причините за оваа различна терминологија за еден ист историски период во два соседни региони на Македонскиот полуостров не се експлицитно наведени во релевантната литература, но независно од тоа се општоприфатени од научниците поради драстично различниот историски развој на регионот Македонија од јужниот дел на Егејското копно (Пелопонез) во доцното Бронзено Доба. Имено, додека во Македонија работите се многу јасни и имаат свој посебен антрополошки и културолошки континуитет, во јужниот дел од Македонскиот полуостров, на Пелопонез, поради вештачката генеалошка конструкција при создавањето на „*Античка Грција*“, креирана од западната историографија во 19 век, мораше да се прибегне кон замаглување на фактите од теренот со сомнително „*Мрачно Доба*“.[79]



Горе: **Железни врвови од Копја. Висои кај с. Беранци**

[79] Овој универзален залажувачки термин е применет и за „*Мрачниот Среден Век*“, поради сличните малверзации со измислувањето на фалсификувани „нации“ и непостоечки случувања. Како на пример за Римското и Ромејското Царство, преименувано во 1557 г. од западната историографија во „*Византија*“, со намера да се создадат разлики за да се прекине инаку нераскинливиот континуитетот на Стариот со Новиот Рим (Константинопол), како и на старата историја со новата.

На крајот од 2-от милениум и почетокот на 1-от милениум п.н.е., Македонија е сеуште под влијание на превирањата од Бронзеното Доба, наречени од историчарите „Егејски Преселби“, предизвикани од наглиот технолошки и демографски развој во претходниот бурен период. Но тоа е и време кога животот во Македонија се стабилизира, и културните иновации постепено биле прифатени. До 8 век п.н.е. железото веќе е присутно насекаде.



Железното Доба (1100-600 г. п.н.е.) е историски период во развитокот на металургијата, кога луѓето научија како да топат и поцврсти метали од бакар или калај, како што впрочем е железото. Населението правело куќи од камен, а садовите и предметите биле сродни на ранобронзените наоди од повеќе области на Македонија. Досега истражените населби (Градиште, Дамјан, Оризари, Бразда, Беранци, Суводол, и т.н.) покажаа постојаност и забележителен континуитет од Касното Бронзено Доба, без некои приметливи големи промени.

За главни носители и пра-предци на оваа култура во Македонија историчарите ги сметаат Белазгите (или *Пелазги*), со кое име се дефинираат сите праисториски жители во Македонија и околу неа, кои подоцна ќе бидат дефинирани во посебни групи како *Тевкри*, *Бриги*, *Тројанци*, *Дарданци*, *Агријани*, *Десарети*, *Енгелини*, *Аегеади*, *Линкести*, *Пенести*, *Пелагонци*, *Пајонци*, *Сиропајонци*, и т.н.

*Бригите*, кои во 1150 г. п.н.е. биле распространети од Пелагониа до Кутлеш на југ и дури на исток од Вардар, до 1050 г. од сеуште непознати причини (епидемија на смртоносна болест или друга природна непогода) ги изгубиле овие територии и необјасниво околу 9-от век п.н.е. се преселиле во Мала Азија каде станале попознати како „*Фриги*“. И покрај тоа, како одлични метало-обработувачи и трговци нивното влијание е присутно долж Виа Игнациа (Лат. Via Egnatia) од Егејот до Јадранскиот брег се до 8 век п.н.е.

Пелазгите, Пелагонците и Пајонците според Хомеровите стихови во "Илијада" се сојузници на Илион (лат. „*Троја*“), и уште од доцното Бронзено Време живееле од Врање на север до долното течение на Вардар и Термајскиот Залив (Солун) на југ. Тие создаваат големо кралство кое трае се до 5 век п.н.е. кога се поразени од Персијците. Тогаш и цела Македонија станува „сојузник“ на Персија, а голем дел од Пајонците се селат во Мала Азија.

Во 9 век п.н.е. во Македонија бил забележан и првиот продор на разбојнички Гало-Илирски племиња од северозападните области на Балканот, од Босна и Далмација. Наречени подоцна од Римјаните „*Илири*“ (заради тоа што и тие го обожавале врховниот бог на Сонцето Иле/Илиј), но тоа не е нивното вистинско име и не ни го открива нивното вистинско етничко

потекло. Од Македонците оправдано наречени „*Голи*“ (од „*гол*“, бидејќи биле познати по тоа што се бореле голи или полуголи) денес се бесмислено преименувани во "*Гали*","*Келти*" или



во "*Скити*", и уште подоцна во од Римјаните во "*Илири*" или "*Словени*". Сиве овие различни подплемиња во тоа древно време не оставија никакви видно-карактеристични културолошки влијанија за време на нивниот ран пљачкашки продор во Македонија, а тоа е заради тоа што и тие припаѓале на истиот праисториски род од кој потекнувале и Македонците. Па затоа и не се разликувале видно од остатокот на Македонскиот род, самошто постепено се одалечиле и изродиле од срцето на Македонија низ другите подалечни предели на Македонскиот Полуостров и Централна Европа, кадешто долго време немале појаки општествени заедници од племенските.

Наскоро потоа и други дојденци почнаа да ѕиркаат од југот – Семитските Данајци од Пелопонез и Мореа. Излегувајќи од „Мрачното Доба“ (на доселување од Африка и Мала Азија) тие преку извидници и трговија полека почнаа да се приближуваат до Македонија...

# Историска потврда на Македонскиот Милениумски Континуитет

## Македонскиот Милениумски Континуитет во Антиката

**К**акошто веќе беше спомнато на самиот почеток од оваа историпедија, јадрото на Македонците се формира некаде во 2 милениум п.н.е. од субстратумот на праисториски племиња кои припаѓаа на големото семејство на Белазги/Пелазги, Еолци/Борејци или Хиперборејци[80] (*Анти*, *Енети*, *Енгелини*, *Бриги*, *Десарети*, *Кити*, *Лапити*, *Македони*, *Минијци*, *Мисиани*, *Мосини*, *Пајонци*, *Пелазги*, *Тевкри*, *Тирои*, и т.н.), кои живееле и придонесле во создавањето на културниот архетип од вториот милениум п.н.е. во централните региони на Македонскиот полуостров, и – во соседната Мала Азија. Бидејќи и таму стабилно и паралелно се појавува цивилизацијата на Хитите, кои имаат исти или слични Македонски традиции и верски ритуали. Тие, Хитите, биле нераскинливо поврзани со *Фригите*, кои не биле ништо друго освен Македонски *Бриги* доселени во Мала Азија, кадешто соседите малку им го измениле името. Но, несомнено првите податоци за Македонците како засебен етникум и народ стигнаа до денешнината преку преданијата и Митологијата.

Според едно од преданијата, нашиот пра-пра-прапредок царот *Леивино Диониз* (*Дедо-ни-Ѕе* или „*Амон-Ѕевс*“, *Озирис-Серапис*, и т.н.) го поделил своето големо царство на своите млади синови Македон и Персеј. *Леивино Диониз* (или *Дедо-ни-Ѕе* или „*Амон-Ѕевс*“, *Озирис-Серапис*, и т.н.) се родил на планината Ниса, која “никој не знае каде е...” Но, ако веруваме на Македонските топоними тоа е планината Ниџе. Синот на Леивино Диониз, младиот принц

[80] „Над-Северни“ (Македонци) бидејќи од Античка Македонија па сè до денес крајниот „Север“ за ‘Доселените/Хелените’ од Пелопонез била планината Бора (транслитерирано во ‘*Бура*’ преку Латинската транскрипција) или ‘Ворас’, што значи токму ‘Север’ на Нео-‘грчки’ идиом: https://en.wikipedia.org/wiki/Voras_Mountains. Па така и денешната незаконска и неуставна ‘Северна Македонија’ на Нео-‘грчки’ идиом е ‘Вореја Македонија’:
https://el.wikipedia.org/wiki/Βόρεια_Μακεδονία



Горе: **Планината Ниџе, “Северната“ планина за Доселените/Хелените од Пелопонез, најверојатната локација на митската планина *Ниса*, каде што е роден Леивино Диониз**

Македон, станал крал на целата Беломорска област (којашто дотогаш се нарекувала Матија/Ематија, Енетија, и т.н.), а неговиот брат Персеј ги обединил сите Мало-Азиски племиња и станал крал на територијата по него наречена Персија. Народите под водство на Персеј одтогаш се нарекуваат Персијци, а народите кои ги обединил Македон се нарекле Македонци, а територијата Македонија.







Горе: **Волкот, грбот на Македон, какошто е зачуван во митолошките преданија и легенди зачувани од античките извори**

Едно друго предание пак кажува дека Македон, синот на богот Ананеца, (или „*Озирис*”, според модерната терминологија) и божицата Ананеча (или „*Изида*”)[81], кои припаѓаа на првиот круг на врховни Египетски божества, т.е. на 5-та династија на владетели (2500-2340 г.п.н.е.), бил првиот митолошки цар на Македонија. По неговата смрт Македонија се расцепкала на помали области – *Бригиа*, *Линкестиа*, *Мигдониа*, *Пајониа*, и т.н., чии владетели понекогаш успевале да се здружат, но не и целосно да ја обединат Македонија.

Повторно според преданијата, прв Македонски челник којшто повторно кон крајот на 7 век п.н.е. ги обединил сите Македонци во едно големо царство бил Пердика I, од династијата на Аегеадите.[82] Тој воедно и се смета за првиот историски цар на Македонија. Но, по друго едно предание тоа бил Каран во 8 век, на кого му се припишува создавањето на првата Македонска династија и основањето на Егеј, првата Македонска престолнина.



Caranus fonde la Monarchie des Macedoniens

Значи, постојат докази кои лоцираат една група на луѓе коишто себеси се идентификувале како Македонци уште во 10 век п.н.е. Овие луѓе живееле во регионот меѓу денешниот Костур

---

[81] „Озирис” (*Osiris* или *Buziris/Bousiros*) и „Изида“ (*Isis*) се „Латинска интерпретација“ (Interpretatio Latinum) на Египетските божества Ананеца и Ананеча, вметнати со изменети имиња во историографијата од 18-19 век.

[82] Модерните историчари го занемаруваат фактот дека буквата "Р" е внесена во изговорот и писмата дури во 2 век п.н.е. (Кинезите на пример до ден-денес немаат буква "Р" во јазикот и писмото) па погрешно ги нарекуваат Аегеадите '*Аргеади*'. Историчарот Н.В. Хасопулос (Hatsopoulos) во неговата книга "Македонските Институции За Време На Кралевите" истотака јасно ја исправа оваа несоодветна и погрешна терминологија, објаснувајќи притоа дека Аегеадите го добиле името по првиот нивни град Аегеј (т.е. Егеј).

и Лерин, чиј центар се наоѓал во денешното место *Рупишча*, исто така наречено од модерните класични историчари *Аргос Орестикон*.[83] Токму легендата вели дека Каран (Лат. *Caranus*) бил првиот владетел кој ја воспоставил Аргеадската кралска династија во Рупишча, и се верува дека владеел со Македонското кралство од 808 до 778 година п.н.е.



Но, досега најпрецизни и најреални податоци за постанокот на Македонската нација ни доаѓаат од Езикиј (Лат. *Hesychius*) и Атенеј (Лат. *Athenaeus*). Езикиј во 5 век запишал дека Македонија ја создале колонизатори од Пајонија, а Атенеј уште во 2 век го потврдува истото преку фактот за блиската јазична и роднинска сродност на Македонците (Бригите, Линкестите, Орестите и Пелагонците) со Пајонците, Сиропајонците и Агријаните понасевер. Во секој случај повторно се работи за истата територија на која до ден денес се наоѓа Македонија - на југ со Егејскиот дел и на север долж течението на р. Вардар, региони кои одсекогаш биле срцето на Македонија, како тогаш така и денес.

---

[83] https://www.pelagon.mk/2021/06/13/бригиецот-пелоп-пелопидите-и-македон/







Горе: **опсегот на Пајонското кралство во 13-12 и 7-6 век п.н.е. според археолошките наоди и артефакти**

На почетокот Орестите од западниот дел на Долна Македонија (Костурско, Егејска Македонија) во комбинација со другите соседни Македонски племиња кои живееја во *Еордаја*, *Елимеја* (Кожани и Гревена), северна *Тимфаја*, *Линкестиа* (Лерин-Преспанско-Охридскиот регион), *Пелагониа* и *Пајониа* (тогаш *Горна Македонија*), почнаа да го создаваат срцето на големата Македонската држава, прв ентитет од тој вид и моќ во тогашна Европа. Паралелно со нивната етно-генеза единствен друг фактор кој останал непроменет и секогаш ист е етнонимот на нивните предци и на нивната прататкoвина – Македонија, име кое го издржа забот на времето и остана непроменето до денешен ден. Тоа име е забележано и во Стариот Завет и во сите антички извори, период којшто опфаќа речиси цели 3 милениуми, нешто со што не може да се пофали ниту една друга модерна нација.

Македонија беше позната во антиката уште и како поделена на крајбрежниот Беломорски дел кој се нарекувал *Долна Македонија*, и северозападните ридести предели, кои се нарекувале *Горна Македонија*. Тоа беше земја со богати природни ресурси, обработлива почва и пасишта, обоени и скапоцени метали, а особено со дрво, кое недостасуваше во јужниот Егеј. Поради разновидниот терен и нејзината локација како "крстосница/јазол помеѓу истокот и западот," од најраната историја Македонија и нејзините ресурси направија од неа неодолива мета за разните освојувачи, чии чести упади беа секако дел од хемијата што ги направи Македонците цврсти и отпорни луѓе. За време на нивните миграции овие Ариевци-Македонски предци ја пренеле со нив нивната култура и традиции, и придонесоа за понатамошното создавање на цивилизациски центри во антиката, особено во регионот на Подунавјето (каде подоцна се наречени "*Голи*" и "*Трибали*"), кон Украина/Русија (како "*Скити*"), како и во Централна и Западна Европа (како "*Венети*" или "*Гали/Келти*"), па се до

Индија (како "*Ариевци*").

Поголемиот дел од својата историја Античка Македонија беше земја доминирана од страна на аристократска елита од локални владетели. Македонците во древни времиња биле познати како високи и дични луѓе, кои се занимавале со земјоделство и сточарство. Улогата на жената истотака беше јасно потенцирана и важна, како одраз на минатите векови на континуирано обожување на култот на Големата Божица Мајка, што оставило длабоки траги и во подоцнежното патријархално Македонско општество. Како познати одгледувачи на коњи биле првите кои ги вовеле како средство за јавање во битките, бидејки до тогаш тие биле користени во војните, но исклучиво како запрежни животни на бојни коли, но не и за јавање. Тоа биле првите обучени воени коњаници на светот, Македонските Итахерои (или уште „*Царските Другари*", ударната тупаница на Македонската Армија)[84] или „чеканот" на Филип II и Александар III Македонски, а Фаланката била „наковалната", на која се разбивале



сите тогашни воени формации. Со текот на годините, како што моќното Македонското кралство се ширело, и неговиот центар од Пајонија, Пелагонија и Костурско се преселил во Егеј, во близина на денешниот град Воден, кој станал втор Македонски главен град. Од Еродот знаеме дека **Пердика I** и неговите браќа некаде во 7 век п.н.е. го преселиле македонскиот центар, но никаков поопширен податок за тоа од каде не е даден. Еродот (VIII.183) пишува дека: „[*Пердика*] *отишол во друг дел од Македонија и се населил во близина на градините именувани по Мида, синот на Гордиј ... над градината се извишува планината наречена Бермион, неосвоива зимно време*'."

Според други автори пак (Пољан, Лат. *Polyaenus*, 2 век п.н.е.), за прв крал на Македонците се смета **Аргеј** или **Ареј** (678 г. п.н.е.), но тој по се изгледа дека е само измислен митолошки лик кој бил вметнат само за да се воспостави врската на Македонската династија Аегеади/Аргеади со Аргос Орестикон. Колку е тој вистински или мит можеби никогаш нема да дознаеме, но древните автори тврдат дека Аргеј/Ареј бил тој што го создал култот на богот Леивино Дионис и Менадите. Во една легенда за него се тврди и дека тој успеал да го победи далеку понадмоќниот непријател од племето Тауланти (околу денешен *Елбасан* во Албанија) со девојки и жени преоблечени во мажи, па така неговата војска изгледала многу побројна.

[84] „*Другари*(*ос*)" (Латински: *Drougarios*) бил Македонски чин, подоцна превземен и задржан и во Римската и Ромејската Армија, нешто слично на денешен „*Капетан*":

Но прв вистински историски монарх на Македонија е **Аминта I**, кој се појавува во втората половина на 6 век п.н.е.. Па така веќе во „класичниот период“ Македонија се појавува како голема регионална сила, со добро развиена инфраструктура на патишта и тврдини, административни и религиозни центри во Бела, Егеј и Дион, и развиена трговија со дрво и катран, основни материјали во бродоградбата. Според K.Dahmen кованите пари истотака за прв пат се појавија во Македонија, и на нив се претставени различни племиња, митови и градови, мотиви кои покажаа широко влијание врз монетите на покасните Пелопонески, Персиски и Тракиски градови-држави. Но сепак, оној кој вистински ги зацврсти темелите на Македонската античка историја и ја промовира Македонија на меѓународната сцена е неговиот син, **Александар I Македонски**.



На крајот на шестиот век и се до 479 г. п.н.е., Македонија била обврзана да биде вазал-сојузник на Персиската Империја, и Македонските војници дури и се бореле заедно со оние на Персија за време на Големата Персиска војна 480-479 г. п.н.е. Како нивни сојузник кралот Александар I (498-454 п.н.е.) успеал да ја прошири територијата на Македонија, и до 5 век п.н.е. Македонците создале силно обединето царство. Оваа прастара Македонско-Персиска симбиоза останала многу жива и во четвртиот век п.н.е. за време на Македонската воена кампања во Азија – во молитвата на Александар Велики изречена кај Опис во 324 г. п.н.е. тој јасно ја спомнува утврдената коалиција меѓу двете владеачки класи на Европа и Азија: Македонците и Персијците. Во периодот по оваа рана Македонија на Александар I, таа е растргната од внатрешни конфликти и борба за превласт помеѓу различни членови на кралската династија на Аегеади, но и од страна на надворешни напади од градовите-држави од јужниот Пелопонес, Персија, како и соседните племиња на север од Македонија.

Следен моќен Македонски Цар е **Архелај I** (413-399 п.н.е.), дедото на Филип II Македонски. Тукидид (антички историчар) забележал дека тој изградил бројни дворци, тврдини и прави патишта, а вложил многу и во воена опрема: коњи, оклопи и оружје. Архелај

I се смета фактички за првиот крал кој ја направил Македонија да биде значајна економска и воена сила. Продавајќи граѓа на Атина, тој, истотака, ја проширил и инфраструктура и одбраната на Македонија. Потоа го преселил главниот град на Македонија од Егеј во Пела, и ги основал Македонските Олимписки игри во Дион, светиот град на Македонците. Архелај I бил случајно ранет за време на лов во 399 г. п.н.е. и починал од раните.

Прераната смрт на Архелај предизвикала слабеење на Аегеадската династија, за по речиси шест години несигурност во 393 г. п.н.е. **Аминта III** најпосле успее да се издигне како водечка личност што ќе владее со Македонија. Тој бил правнук на Александар I и водел политика на економско и воено исцрпување на градовите-држави од Пелопонез.

Аминта III починал во 370 г. п.н.е., препуштјаќи му го престолот на својот најстар син **Александар II „*Филхелен*"** (таканаречен од модерните историчари заради неговото умилкување на „*Хелените*" од Пелопонез). Непрекинатите надворешни закани тогаш го турнале Кралството на Македон во нова воена и династичка криза. На самиот почетокот од неговото владеење, Александар II бил принуден да направи огромни територијални и други отстапки, па дури и да го даде во заложништво како гаранција најмалиот брат, Филип.



Горе: **Македонски меч од типот Копис, археолошки локалитет 'Вардарски рид' (античкиот македонски град Гортинија) кај Ѓевѓелија. Мечот е целосно изработен од челик, со благо закривена горна страна на сечивото и конвексно проширување кон врвот со една сечива страна. Должината на мечот изнесува 55 см. (43 см сечиво и 13 см дршката). Сочувани се исто така и дел од железниот опков на канијата (корицата) на мечот, како и три коскени алки со кои мечот се врзувал за носење. Кописот е меч со кого била вооружена македонската коњаница и е доста редок наод на археолошките локалитети, а во овој случај сведочи за погребувањата од Македонскиот период на овој сектор на локалитетот**[85]

По смртта на Александар II, неговиот брат **Пердика III** го наследил престолот. За жал, и тој бил набрзо убиен во битка заедно со 4000 негови македонски војници, додека се бореле против Илирите кои продреле од северозапад.

На место на загинатиот крал тогаш дојде **Филип II,** владетелот кој ја воздигна Македонија во првата и најголема Европска империја позната на историјата. Тој ги покорил сите соседи на Македонија, вклучувајќи ги Илирите, Тракијците, и градовите-држави, и ја направил Македонија да биде најмоќно царство на Македонскиот Полуостров. На првиот Македонски Илинден, на **2 Август 338**-та година п.н.е. кај местото Иронеа, Македонија со својот најголем војвода и цар Филип II ги победи последните 2 града-држави Теба и Атина, и Македонија по речиси 2 века повторно завладеа со целата североисточна Медитеранска област. Од тој ден,

[85] Археолошки локалитет Вардарски Рид (muzejgevgelija.mk)

Семитските Данајци кои денеска погрешно ги нарекуваат „*Антички Грци*“ исчезнаа од историската сцена, а 2 Август дури и по повеќе од 2350 години традиционално се слави како најголем национален празник на Македонија и Македонците. Бескомпромисниот и неуморлив Филип II, е опишан од неговите современици и тие по нив како „најголемиот европски политичар и цар“. Исто така, тој имал за цел да ја освои и Персиската империја, но за жал, бил убиен пред да има можност своите планови да ги спроведе во дело. Тој бил трагично убиен за време на свадбените прослави на неговата ќерка Клеопатра.




**Александар III Македонски**, ќе биде тој што ќе ги оствари плановите на Филип. Прво тој ги доосвои и ја зацврсти власта во останатите предели околу Македонија, потоа ги покори Египет и Персија, и на крај со освојувањата стигна дури до Индија. Од тогаш па во следните речиси три века (сè до доаѓањето на Рим) Македонците ќе бидат тие коишто ќе одлучуваат за настаните на овој огромен простор. Александар создаде огромна империја на три континенти која по површина ја надминуваше и Римската. Со тоа си обезбеди место во историјата како најголем и најславен освојувач од античката историја, а можеби и на сите времиња. Покрај тоа што не изгубил ниту една битка во текот на целата негова епопеја, Александар е заслужен за основањето на најмалку 18 градови, некои многу познати како што е Александрија во

Египет, и за отворање на трговските патишта помеѓу Истокот и Западот што се протегале од Европа до Африка и до далечната Индија. Доколку ни поживееше подолго, Александар III Македонски имаше намера да го освои и Западот, започнувајќи со Картагина, и денес светот сигурно ќе беше многу поинакво место.



По смртта на Александар во 323 г. п.н.е. империјата што ја создадоа тој и татко му беше повторно растргната од внатрешни судири и општа граѓанска војна. Неуспевајќи да најдат наследник за да владее со огромната Македонска Империја, водечките генерали на Александар влегле во страшен конфликт кој траел со децении. Меѓусебните братоубиствени војни на несудените наследници на големото Македонско Царство ќе придонесат само за негово постепено слабеење и конечно распаѓање на повеќе делови. Откако се подели на 4 дела татковината Македонија остана под управа на **Антигоните**, Тракија ја зема **Лизимах**, Азијскиот дел остана под власт на **Селевк**, и Египет на **Птоломеј** Сотир. Но и тие постепено ја губеле моќта во меѓусебни братоубиствени војни, за на крај Македонија целосно да потпадне под Римската Империја по Македонско-Римските војни кои траеле повеќе од 3 века. Во самата Македонија дотогаш владеел **Антигон II** (276-239 г. п.н.е.), кој бил внук на **Антигон I**, и таа успеала да остане стабилна монархија и да ја зацврсти својата окупација врз Пелопонезките градовите-држави. Неговиот внук **Филип V** (222-179 п.н.е.) прв се судрил со Рим, кој во тоа време се ширел кон исток, и водел две војни против Римјаните. Откако најпосле римската војска го поразила Филип V во Тесалија, Македонија по 2 века ги изгубила градовите-држави на југ, и била сведена во нејзините првични граници. Во третата војна, Рим конечно ја победи Македонија, која во тоа време била управувана од страна на **Персеј** (179-

168 г. п.н.е.), незаконски син на Филип V, кој го убива полубратот **Димитриј** за да дојде на власт.



Тоа е и воведот во крајот на античката Македонска држава и царство. Во финалната битката кај Пидна, 20,000 македонски војници ги загубија своите животи бранејќи ја својата татковина, а Персеј станал римски заложник. Персеј подоцна починал во заточеништво во Италија, а античкото Македонско царство престанало да постои. До 146 г. п.н.е. Македонија целосно станала Римска провинција.

Осумдесетина години подоцна, во 65 г. п.н.е. Рим го освоил и Селевкидското Македонско царство во Азија, кое во тоа време било управувано од Македонскиот цар Антиох VII.

Последно од Македонските царства што паднаа под нападите на Рим во 30-та г. п.н.е. беше Македонската династија на Птоломеите, којашто владееше со Египет, со последната Македонска царица и фараон којашто го носеше истото име на сестрата на Александар III – Клеопатра VII Македонска. Падот на Птоломејската династија значеше и крај на македонското владеење со Египет, а воедно и крај на последните остатоци од моќната Македонска Империја создадена од Филип II и Александар III Македонски.




По падот на Македонското Царство голем број Македонци се повлекле пред Римската инвазија кон север и североисток. Околу 320 г. п.н.е. дел од тие Македонци се преселиле дури до Балтичкото Море. Тие биле познати како *Бодричи* и *Московити* и се забележани од Александрискиот историчар Птолем, кој истотака запишал дека тие за грб го имале Букефал и Македонскиот Грифон. Пет века подоцна, потиснати од наездата на новите племиња на Готи и Немци, тие се преселиле накај реките Илмен и Ловат каде што околу 216 г. од нашата ера ги основале Новгород и П'сков.

Други гррупи-енклави на бегалци од древна Македонија тврдат дека се Саксонците и кланот Гордон во Шкотска, коишто тврдат дека потекнуваат од Македонскиот град Гортиниа.

# Македонскиот Милениумски Континуитет во Римското Царство




**П**о Римската инвазија во вториот век п.н.е., во Македонија настанал период на општо разнебитување и криза во Македонското општествено, економско, и духовно ткиво. Од голема империја Македонија се најде поробена и разграбена, во позиција да стане провинција на новата и тогаш посилна Римска империја, и била немилосрдно опљачкана и уништувана. Богатствата на Македонија долго време биле префрлувани во Рим и прикажувани на паради на римските улици како трофеи од римските победи во текот на победничките прослави. Многу од нив дури и ден-денес можат да се видат таму. Римскиот историчар Тит Ливиј и неговиот претходник Полибиј сведочат за некои 6000 Таленти (околу 2000 тони) на злато и сребро украдени од Македонија.

Старите Македонски обичаи, богови и култови, како тој на Големата Божица-Мајка (Мо/Ма) со Сончеви атрибути, биле ригорозно забранувани и уништувани од Римјаните, за да не предизвикаат национално будење и обединување кај Македонското население. На нивно место биле насилно форсирани Римските божества или нивните Латински имиња.

Македонија била и физички поделена на 4 *Мериди* (области). Од 168 до 148 година п.н.е., по поразот на Персеј од Римјаните во битката кај Пидна, Македонија била административно разделена на 4 посебни административни региони. За да ја ослабне моќта на целата област и да се зголеми зависноста од империјата, Рим ја презеде контролата над рудниците и шумите, побара половина од сите собрани даноци и ја забрани трговијата и браковите меѓу регионите. Македонски пари не биле ковани од 168 до 158 година п.н.е.

Помеѓу 158 и 148 година п.н.е. првата област (ΠΡΟΤΗΣ ΜΕΡΙΔΟΣ - Првата мерида) коваше голем број тетрадрахми во регионалниот главен град Амфиполитеон (Лат. ‘Амфиполис’). Вториот регион-област (ДЕУТЕРАС меридата) коваше помал број на многу ретки тетрадрахми во Солун, главен град на тој регион. Третата област (ТРИТИ мерида) била со главен град во Пела, и четвртата област (ТЕТАРТИС мерида) со главен град Пелагониа, не коваа сребрени пари туку само бронзени. Постојат пронајдени монети од првиот, вториот и четвртиот регион, додека од третиот регион сеуште не се пронајдени.










Македонските главни градови на областите-мериди продолжија да издаваат ковани пари и во империјалните времиња на Рим, некои без царската биста. Овој вид се коваше со приказ на вечната младост на Артемида, почнувајќи од детството до зрелоста. „*Артемида*

*е претставена како безвозраст во смисла дека таа е на секоја возраст. Сите овие монети биле ковани во исто време и на истото место со што се потврдува доказот за тоа каде се наоѓани купчињата со скриени пари.*“[86]

Во 148 година п.н.е. регионите беа повторно обединети како една римска провинција. Во текот на овој 5-вековен период под Римска окупација, границите на Македонија ќе се сменат неколку пати. Во 27 г. п.н.е. Август ја прогласил Македонија за сенаторска провинција и значително ја намалил нејзината територија. Со текот на времето, во децениите што следеле, Македонија била делена на разни територии. По реформите на




Горе: **карта на Римската империја на врвот од својата моќ при крајот на 2-от век од новата ера**

Диоклецијан, Македонија станала дел од Епархијата Мизија (Лат. *Diocese of Moisia*), а во времето на Константин I Велики таа станала дел од Илирската Префектура. На крајот на 4 век, Македонија била поделена на две провинции: Македонија Прима со Солун како нејзин главен град и Македонија Салутарис (Лат. *Salutaris*). Подоцна, во текот на 5-ти и 6-тиот век за Македонија Салутарис се појавило друго име: Македонија Секунда (Втора) со Стоби како нејзин главен град.

Значи 4-те региони на Македонија биле повторно обединети во една Римска провинција со Солун како главен град. Она што е интересно е дека сите градови-државички и други

[86] Вејн Сајлс, „Собирање антички монети III, нумизматичка уметност на грчкиот свет“ https://www.worthpoint.com/worthopedia/forvm-roman-macedonia-prima-merida-650366971

јурисдикции јужно од Македонија, вклучувајќи ги и Атина и Спарта, биле истотака, анексирани и додадени на оваа голема римска провинција наречена Македонија. Ова спојување на веќе еднаш разделената од самите Римјани Македонија траело околу 120 години, се до 27 г. п.н.е. Во 27 година пред Христа, Август го споил целиот регион за да ја формира провинцијата Македонија и провинцијата Ахаја. Римјаните го наметнаа и својот систем на патишта врз старата комуникацијска мрежа, и со изградбата на Патот Игнација („Виа Игнација“) по трасата на стариот Камбонијански Пат, ја поврзаа цела Македонија попречно од запад кон исток се до Тракија и Константинопол. Во текот на овие 120 години Солун бил главен град или „престолнина“ на оваа огромна покраина именувана Македонија. Заклучокот е дека дури и самите Римјани по 120 години успеале да сфатат дека Македонија е една неделива етничка и територијална целина, која за да функционира мора истотака и административно и политички да биде една целина.

Кога Македонија се нашла под римска власт, бројот на италијански колонисти се зголемил и разни варварски племиња истотака постепено продреле во регионот. Од друга страна пак голем број Македонски заедници и племиња кои беа подложени на теророт на окупаторот и варварите беа присилени да емигрираат надвор од границите на Македонија и Римската империја, кон Северните и Источните краишта на Балканот и Европа[87], како и на преселба внатре во територијата на самата Римска империја кон Запад и кон Мала Азија. Руските извори ги имаат забележано Македонските племиња *Бодричи* и *Московити*, кои се доселиле од Македонија и ги имале за грбови Букефал и Грифонот. Се знае дека Новгород (Нов-град) во Русија бил основан од нив. Емиграцијата била толку масовна што во времето на окупацијата од тогашните извори се потврдени преку 100 града во Македонија, а во доцното Римско царство нивниот број се намалил дури на 30.[88]

Намалувањето на Македонското население заради тегобните историски превирања секако не значело и негово исчезнување. Сведоштвата за континуитетот на Македонците во Македонија продолжуваат низ вековите и ни се откриваат секојдневно. Во сведоштвото на Апостол Павле јасно се наведуваат Македонците, од кои тој бил повикан да им донесе спас преку новата вера во бога и Кристијанството.

[87] Во „*Древна историја на козаците*”, на стр. 58, Евграф Петрович Савељев (историчар и писател за Донските Козаци, 1860 - 1920) пишува: „*По падот на Македонското кралство, дел од Македонците под името Бодричи околу 320 г.п.н.е. се преселиле крај Балтичкото море. Овие доселеници од Македонија таму биле познати и по тоа што долго време потоа го зачувале грбот на Александар Македонски со Букефал и Грифонот. Бодричи говореле на Македонски јазик, и под притисокот на Немците подоцна се преселиле во Илмен и Ловат, каде ги основале Новгород и П'сков околу 216 г. п.н.е.”*

[88] Снежана Филипова: „Ранокристијанските Културни Центри во Република Македонија долж Виа Игнација”.

**I век. Второто послание на апостол Павле.** Апостолот Павле се обратил кон Коринтјаните (Елини) „...и преку вас да поминам во **Македонија**, а од **Македонија** пак да дојдам кај вас, и вие да ме испратите за Јудеа.“[125]

„...зашто ми е позната вашата усрдност за која се фалам за вас пред **Македонците**, дека Ахаја, уште од лани, е приготвена и дека вашата ревност поттикнала мнозина. Сепак, ги испраќам браќата за да не се покаже во овој однос празно нашето фалење со вас и да бидете, како што реков, подготвени, и ако дојдат со мене **Македонците** и ве најдат неподготвени, да не се засрамиме ние, да не речам вие.“[126]

Друг таков недвосмислен пример е од 253 г. од нашата ера, каде на надгробен споменик кај Сер подигнат од Десни Комин за синот Калокерон, читаме:

„*Јас, Десни Комин, и подарив на мајката на боговите дете по име Калокерон, на возраст од 12 години, родум Македонец.*“ – Ова сведоштво не зборува само за етничката припадност на овие Македонски жители, туку и за непрекинатиот верски континуитет на Древно-Македонскиот пантеон, кадешто Големата Божица Мајка **Mā** останала најврховната и најважната божица на Македонците, од праисторијата до денес (сега како ‘*Богородица*’ таа е актуелната света заштитничка на градот Скопје).

Римската окупација и покрај сите преземени мерки, декрети и теророт спроведен од страна на Римскиот Сенат со Римските војски и тирани - не успеа да го уништи Македонското битие и самосвест. Македонците под Римска окупација повторно го покажаа своето благородно потекло и духовна сила, превземајќи ја судбината во свои раце, менувајќи ги и прилагодувајќи ги новонастанатите услови до тој степен што веќе во 3-от век од новата ера Римската империја беше во рацете на првиот од низата Македонски императори што завладеаја со новото Римско и сега Кристијанско царство – Константин I Велики, родум од Ниш.[89] Тој дури ја премести и престолнината на Римското Царство поблиску до Македонија, прво на Скадарското Езеро, а потоа и на другиот крај од Македонскиот Полуостров, на Босфор, кадешто го изгради „Вториот Рим“, всушност новиот центар (‘Nova Roma’) – „*Константинополитана Нова Рома*“ (Градот на Константин ‘Нов Рим’)[90] на сега веќе преименуваната источна Ромејска[91] империја.

[89] Ниш (Лат.: *Naisus*) во тоа време бил дел од Римската Провинција Мизија (Лат. *Moesia*).

[90] Овој назив подоцна со интервенциии и фалсификати на Римо-Католичката црква и Западните вредни "историчари" е изменет (за да го избришат името „*Нов Рим*”, со јасна намера на Западната црква за обновениот стар Рим да остане единствениот Рим), и по долги векови на бришење, уништување и препишување на сите документи и записи кои го спомнуваа со неговото вистинско име – „Новиот Рим” (Nova Roma) на Константин, бил прекрстен и го добил Латинизираното скратено име „*Градот на Константин*”, т.е. „*Константинополис*” или во модерните јазици – Константинопол. А Западниот Нов-Стар Рим остана пак единствениот Рим…

[91] Старата апелација ‘*Roman*’ се променила во ‘*Romeian*’, и така источното царство е сега „Ромејско“ а не „Римско“.




Горе: **Поглед на градот на Константин Нов Рим (*Constantinopolitana Nova Roma*) , слика од *Notitia Dignitatum*, 1436 г., Библиотека Бодлејан (Bodleian), Оксфорд.**

И покрај сиве овие непрестајни и револуционерни нови промени Македонците не исчезнуваат, и во 5-от век од нашата ера Созомен за 316 г. пишува:

„*По битката кај Кибала, Грците* (од Латински 'Graecus') *и Македонците, жителите од бреговите на Истер* (Дунав), *на Ахаја, и целиот народ на Илирија* (од Латински 'Illyricum') *станаа поданици на Константин.*"[92]

[92] The Ecclesiastical History of Sozomen: Comprising a History of the Church: https://books.google.mk/books?redir_esc=y&id=_uoYAAAAYAAJ&q=Macedonians#v=snippet&q=Macedonians&f=false



Горе: **новата државна номинација на парите од Источното Ромејско царство и неговите императори кои сега се ‘ВАСИЛИС РОМЕО’, ‘СЕМОЌЕН РОМЕЈ’ на денешен Македонски јазик или ‘Almighty Romeian’ на англиски**

Овој историски пресврт фактички го означи и почетокот на крајот на античкиот Рим, кој сега стана провинција во некогашната сопствена империја, за да во 5-от век од н.е. биде и дефинитивно освоен и уништен од низа Варварски инвазиии, прво во 410 г. од Визиготите на чело со Аларик, а потоа и од Вандалите, кои во 455 г. страотно го опустошуваат. Оттогаш потекнува и терминот *Вандализам*.

И покрај се, во тие тешки времиња Македонија сеуште не беше поделена етнички, религиозно или идеолошки, и како Римска провинција го задржала своето име и воглавно целата своја територија. Таа во 6-от век го даде и императорот Јустинијан I Велики, родум од Таор крај Скопје, кој накратко ќе и го врати сјајот и изгубените територии на веќе бившата Римска империја.

Во 518 година Скопје (од “Σκοπιας” - ‘Стражарска Кула/Тврдина’ на Латински-Септуагинт)[93] бил разрушен од силен земјотрес, па на месноста денес позната како Скопско Кале царот Јустинијан (Вистинитион/Вистинијан)[94] I го подигнал новиот велелепен град Јустинијана Прва (Лат. Iustiniana Prima), кој се воздигнал во главен духовен, административен и трговски центар. Влијанието на Јустинијана Прима го опфатила речиси целиот Македонски Полуостров, а со самото тоа се согледува и значењето на Јустинијановиот град. Со посебна царска Новела (Лат. Iustiniani Novellae leges) издадена на 14 април 535 г. од царот Вистинијан I, основана е архиепископијата

[93] https://translate.google.com/?sl=auto&tl=mk&text=%CE%A3%CE%BA%CE%BF%CF%80%CE%B9%CE%B1%CF%82&op=translate од Коине: Σκοπο - ‘нишан, нишани’, метатеза од Прото-Индо-Европски *спек-јо-, од коренот *спек- ‘набљудува’, кој е поврзан со Санскритското ‘*Спасати*’, Авестинското ‘*Спиес*’, Македонското ‘*Se*’, Холандски ‘*Zien*’, Немачки ‘*Sehen*’, англицизирано ‘*See*’ (*си*), и т.н.: https://www.etymonline.com/search?q=scope

[94] Неговото име било Петруш, но бил наречен Ваистинитион заради неговата правна реформа. Инаку именката „*Вистина*“ се состои од 2 збора – „*Во*“ и „*Исто*“, што би значело дека „Вистината“ е кога нешто е ‘истотака‘, значи потврдено од ист заклучок или доказ.

Јустинијана Прва, со седиште во истоимениот град и со распространета диецеза на целата територија на Македонскио Полуостров. Архиепископијата само номинално го има тој ранг, но според опфатноста на диецезата, привилегиите и овластувањата кој со Новелата му се дадени на архиепископот, Јустинијана Прва содржински е во ранг на Патријаршија, со поглавар рамен на патријарх. Инаку првиот архиепископ на Јустинијана Прва се викал Кателиан (Catellian), а бил родум од Скопје исто како и Јустинијан. Императорот го нарекува Кателиан „преблажениот архиепископ на Јустинијана Прва“ и му порачува: „*Заради тоа што силно сакам да го возвеличам по многу нешта и различни начини нашиот роден град, каде што Бог за првпат не удостои да дојдеме на овој од него создаден свет, ние сакаме и во однос на црковната власт тој да се воздигне до најголем степен, така што сегашниот свети поглавар на нашиот град Прва Јустинијана, да стане не само митрополит, туку и архиепископ* (archiepiscopus) *и под негова власт да бидат некои провинции.*“

Провинциите кои потпаѓале под диецезата на архиепископијата Прва Јустинијана, се: Внатрешна и Крајбрежна Дакија, Прва Мизија и Дарданија, Праевалитана и Втората Македонија (Macedonia Salutaris), дел од Втора Панонија која се наоѓала во Баценската Област.

Во старо време префектурата (Римски назив за "Регионална Власт") била во Сирмиум и таму се наоѓало седиштето на Римската власт за Македонскиот Полуостров (Илирик), како световната (граѓанска) така и црковната (епископска). Кога Атила ги опустошил овие места, префектот Апремиј и епископот на Сирмиум избегале во Солун при што надлежностите преминале на Солунскиот епископ „*не по закон туку од нужност*“. Кога со божја волја градовите од двата брега на Дунав одново биле подчинети на Ромејската власт, Вистинитион/Јустинијан сметал дека е неопходно да ја воспостави поблиску до Панонија „*во нашиот најсреќен роден град најславната префектура*“, која претходно била во Втора Панонија (Лат. Panonia Secunda). Оваа Панонија била во близина на Средоземна Дакија, но била далеку од Прва Македонија (Macedonia Prima). Инаку Прва и Втора Македонија ја опфаќале целата етничка и географска Македонија со внатрешна административна граница кај Стена (Тур. *Демир Капија*). Бидејќи не било полезно за државата и народот, кој често бил зафатен со војни, да преминуваат толкаво растојание и вложуваат големи напори да дојдат до Прва Македонија толку на југ „*затоа ние решивме да ја преместиме префектурата во погорните области*“ т.е. Скопје. Царот Вистинијан го титулира архиепископот Кателиан со „Твое блаженство“ и му порачува дека сите поглавари - архиепископи на Прва Јустинијана, да имаат предимство над сите и полна слобода да ги држат епископите под своја власт, да ги ракополагаат и во сите горeспомнати провинции да имаат највисока свештенослужителска положба и највисок чин. Тие да бидат поставени од неговиот престол и да те „*имаат само тебе за архиепископ*“, тој да биде суд и судија во појавените спорови, но сите споменати провинции да го знаат својот архиепископ и да ја чувствуваат неговата власт. Со Новелата му се дава полно право на архиепископот на Прва Јустинијана да има полна власт и полн хиерархиски надзор и назначување. Законот е даден за да црквата во родниот град на императорот има за вечни времиња такви права, за слава на семожниот бог и вечен спомен од неговото височество. Определено е сите идни архиепископи да се избираат од престолот на Светиот собор на митрополити на Прва Јустинијана, уважувани во сите цркви. Во наредниот период во титулата на сите македонски црковни поглавари задолжително се содржела почесната титула Прва Јустинијана како нејзини наследници и на црквата основана од Апостол Павле во 51 г.

Од Новелата на Петруш Вистинитион/Јустинијан со потполно право можеме да заклучиме дека тој точно знаел дека е Македонец по род. Тој обновеното Скопје го нарекува „*нашиот роден град*" со што покажува единство со сите граѓани на Јустинијана Прва и Македонија. Интересно е укажувањето во новелата дека народот од поранешното седиште на префектурата Сирмиум вложувал големи напори да дојде во Прва Македонија. Со преместувањето на архиепископското и управно седиште во обновениот град, целта на Јустинијан била да ги соедини Прва и Втора Македонија во едно административно и црковно подрачје.

По Јустинијан од Константинопол ќе царуваат низа Македонски императори, кои Источното Ромејско царство повторно го воздигнаа во светска империја. Благодарејќи токму на Македонските династии кои владееја со Ромејското царство тоа успеало да се одржи толку долго, и со преку 1000 години непрекината историја (од 395 до 1453 г.) да стане најдолготрајното царство на светот на сите времиња.

# Македонскиот Милениумски Континуитет низ Кристијанството и Средниот Век

**П**од "*Среден Век*" модерната историографија го подразбира времето помеѓу 5-от и 15-от век. Со други зборови – од падот на Рим и Старото Римско Царство до падот на *Константинополитана Нова Рома*, т.е. Источно-Ромејското или Новото Римско Царство (погрешно и намерно наречено "*Византија*")[95] под Турска окупација. Целокупниот овој период на крајот од Античкиот период е карактеристичен по создавањето на мноштво мали кралства и вазални кнежевства, развој на трговијата и нови урбани центри низ Европа, како и со растечката моќ на разни нови монархии и црквата. Македонија е истотака и првата Кристијанска земја на тлото на Европа. Индиректно, и покрај Римската окупација, Македонија преку кристијанството успеа повторно да се издигне како центар на културните и прогресивни случувања коишто се појавија како природна последица на Македонската империја, Македонските традиции и културно наследство.

Со доаѓањето на кристијанството, и особено по неговото легализирање како официјална религија во Римското царство, целиот 4 век и првата половина на 5 век на територијита на денешна Р. Македонија поминуваат во знакот на тешка борба на кристијаните со старите многубошци. Најпрвин жителите на градовите го прифатиле монотеистичкото кристијанство, а руралните области дури на крајот на 5-от век и масовно дури во 6 век.[96] Но Македонците успеале да ги задржат своите древни традиции и покрај сите верски и општествени промени што ги донел Св. Апостол Павле и фиктивниот премин од многубоштво во кристијанство.[97] Поголемиот дел од средновековните црковни објекти во Македонија се изградени врз постари ранокристијански или антички храмови, што зборува за континуитетот во избирањето на култно место. Сполиите вградени во подоцнежните цркви или манастирски конаци се индикатор за постоењето на вакви објекти, а зборуваат и

---

[95] Вештачка хронолошка поделба на Ромејското Царство измислена од Немачките модерни историчари во 16-17 век (кои до 7 век го нарекуваат "Римско Царство" а по 7 век "*Византија*"), која е лажна и ненаучна. Источното Римско или Ромејско Царство е во непрекинат континуитет со старото Римско Царство (кое на запад пропадна во 4-от век) и никогаш во својата 1000-годишна историја не се викало "*Византија*". Ваквата намерно-погрешна терминологија, која никогаш не постоела во историјата, е уште една пакост на Западните империјалисти, смислена на штета на Православниот свет, чија престолнина беше и сеуште е Градот на Константин 'Нов Рим' ('*Konstantinopolitana Nova Roma*'). Намерата е подсвесно да се избрише врската меѓу Западното и Источното Римско царство за да остане само еден Рим, западниот.

[96] В. Лилчиќ: „Библијата низ Историјата и Уметноста во Македонија", II дел, Каламус (2000), стр.10.

[97] Римскиот папа Никола I (858-867), пренесувајќи го официјалниот став на Римокатоличката црква во поглед на приматот на кристијанските цркви во Источната и Западната екуменија уште во далечната 859 година изјавил: „ *Римската курија за вистински цркви ги смета само оние што беа основани од апостоли, како што се – Македонската, Римската, Антиохиската и Александриската црква. И покрај тоа што црковните големодостојници на Цариградската и Ерусалимската црква се нарекуваат 'патријарси', сепак, тие немаат такво значење, бидејќи не се уредени од апостоли*".

за почитта кон светоста на објектот на кој му припаѓале, како и за тенденцијата да се пренесе дел од неа во новиот објект.[98]

Македонија откако била целосно покрстена останала најбитна област за развојот на комуникациите и културниот просперитет во Ромејската империја. Според сведоштвото на еден анонимен аџија од Италија, во 333 г. низ Македонија имаше организирана патна мрежа со места за одмор, кадешто можеа да се заменат товарните животни.



[98] Снежана Филипова: „Ранокристијанските Културни Центри во Република Македонија долж Виа Игнација”.

Македонците, покрај Пафлагонците и Ерменците, во армијата на Ромејското царство биле заведени како „домашни единици“ (Лат. *Domestikoi*) и јасно одвоени од странските платеници (Грузијци, Кумани, Печенези, Серви, Хунгари, Франки, и др.). Дури имало и посебни Македонски бригади од околината на Солун и долината на реката Вардар познати како „*Вардариоти*“, а Командантите на Коњичките бригади во целата Ромејска империја го носеле стариот Македонски назив "*Другари*" (Лат. *drouggarios*)[99], преземен од "*Кралските Другари*", називот на елитните коњаници на Филип II и Александар III Македонски. Ромејскиот "*Другар*" бил чин од ранг на Капетан, и обично заповедал со 5 '*Комити*' или '*Комитопули*' (Лат. *komites*), потчинети челници кои командувале со по 200 коњаници, значи 1 Другар командувал со вкупно 1000 коњаници.

Константин I Велики, првиот Римски император кој ја прогласил Кристијанската религија за официјална религија на Новото Римско царство, и самиот бил од Македонско



Горе: **ранохристијанска базилика на локалитетот „Манчевци“ во Охрид**

[99] John Haldon: 'Warfare, State and Society in the Byzantine World, 565–1204'; во Предговор и објаснувања на стр. 4 тој укажува: "Сите технички изрази и називи се пренесени директно од старите извори без ич или со најмали можни промени. Па така на пример 'drouggarios' наместо 'droungarios' , кое не е ни "Грчки" ниту Латински."

потекло и кристијанин. Започнувајќи со неговото владеење, историјата на Македонија во целиот Среден Век е неодвоиво сврзана со Ромејското Царство и со "Градот на Константин" - *Константинополитана Нова Рома*. Со основањето на Константинопол, Римското Царство се пресели на Босфорот и Егејското море, и *Константинополитана Нова Рома* стана центар на светот за следните 1000 и повеќе години, се до пустошењата од Крстоносните војни и падот под Османлиска окупација во 1453 година. Цели династии од Македонско потекло ќе владеат со ова огромно царство. Дури цела една епоха владеена од Македонските Цареви (867-1025) е позната во историјата како 'Златна Ера' на Ромејската империја. Но по 1025 г. ќе следи криза во Македонската династија која доведе и до гасење на оваа лоза во 1056 година.

По Константин I Велики, којшто го прогласи кристијанството за државна религија на Новото Римско царство во 324 година, следниот голем и моќен Македонски император на Константинополитана Нова Рома беше Јустиниан I Велики (Петре Управда „*Ваистинитион*" Сабатски) од Таор (лат. *Tauresium*) близу Скопје. Во првата половина од 6-от век, за време на неговото владеење, тој ја иззема од авторитетот на Рим епископијата во Скопје како Автокефална Црква, ја назначува со царска титула како *Јустиниана Прима* и ја воздигна на ниво на независна Вселенска Патријаршија. *Јустиниана Прима* значи се воздигнува како автокефална противтежа на Солунскиот викаријат, кој останал под директна управа на Рим и приврзаник на Акакиевата шизма (484-518), но и како бариера за Сирмиумската архиепископија за намалување на растечкото влијание на Римската црква.[100] Тогашниот Скопски митрополит Кателијан (Лат. *Catelian*) е првиот Архиепископ на *Јустинијана Прима* и бил издигнат на ниво на Автокефален Вселенски Патријарх. Прогласувањето е забележано од самиот Јустинијан во неговата Новела XI од 535 година, кадешто е запишана промоцијата на Митрополитот Скопски во Архиепископ- Патријарх, независен од Архиепископијата во Солун. Од нејзе подоцна ќе се формира Охридската Архиепископија (во тоа време наречена *Епископија Величка и Дремвичка*) со обединувањето на сите Македонски племенски Епископии и 27 Епархии од Македонија и Епир (Јужна Албаниа). Да не заборавиме – тоа се времиња кога сеуште никаде не постојат ни Албанија, ни Грција, ни Србија, ни Бугарија. Но затоа постои Македонија, прво како административна провинција „*Македониа Прима и Секонда*" во Римското Царство, а подоцна и како црковна целина со име „*Диецеза Македонија*", под јурисдикција на Константинополитана Нова Рома. Значи таа и понатаму во континуитет останува како дел од Источното Ромејско царство, но е јасно одвоена како посебна автокефална целина со засебна црковна архиепископија – Јустинијана Прима. Под притисок на Монголските инвазии во 602 г. таа се преселува во Охрид и станува попозната како 'Охридска Архиепископија'. На Плаошник кај Охрид во 9 век е создаден и првиот универзитет во Македонија – Универзитетот на Св. Климент.

Важно е да се спомне тука, за воља на вистината, погрешната инсуинација на србските научници кои имаат желба да го промовираат археолошкиот локалитет „*Царичин Град*", како можна локација на *Јустинијана Прима*. Сепак, забележано е дека изградбата на „*Царичин град*" започнала дури откако Јустинијановата *Новела XI* (во која веќе се спомнува *Јустинијана Прима*) била издадена во 535 г., така да „*Царичин Град*" е фактички

[100] Снежана Филипова: „Ранокристијанските Културни Центри во Република Македонија долж Виа Игнација".

граден најмалку една деценија потоа и никако не би можел да се поистовети со веќе постоечката прогласена архиепископија.[101]



Горе: **Икони од Македонија (11-15 век)**

Како ни со Римјаните посебноста и оригиналниот карактер на Македонската култура не се изгубија ни со доаѓањето на кристијанството, туку напротив го променија и прилагодија на традицијата и автохтоната духовност на Македонскиот народ. На пример во 558 г. бугарскиот Хан Заберган врши инвазија во Мизија и Тракија, но Монголските орди тогаш се победени од императорот Јустиниан I (роден Македонец од с. Таор, Македонија) заедно со најуспешниот генерал во историјата на Ромејското царство, генералот Велизар (Лат. Belisarius), и тој роден Македонец од с. Герман под Рила Планина.

Но, влијанието на Константинополитана Нова Рома било огромно. Нејзините институции во Македонија и околните земји предизвикаа понатамошно ширење на кристијанството, но овојпат од центарот што го создаде Јустинијан I Велики во 535 година. Имено, по ненадејниот Руски напад во 860 г. долж Црноморското крајбрежје, упадот во Мраморното море и опсадата на Константинопол, и поради војната што изби меѓу Киевска Русија и Ромејското Царство, кнезот Владимир побара кристијанизација на своите сонародници од Охридската Архиепископија а не од Константинопол. Така да Цариградската црква и патријаршија, која ја засили и сврте мисионерската дејност кон младата Руска држава, не можеше истата да ја спроведе директно туку неволно мораше да ја врши со посредство на Македонската црква. Тоа меѓу другото беше и заради јазичката бариера - Русите разбираа Македонска литургија, но не и Латинска.

Во 863 г. истотака и кнезот на Велика Моравија, Ростислав, побара од Константинопол да испрати правоверни учители во неговата земја, за да ги описменат на нивни Моравски јазик и писмо, и така да се одбранат од Германските црковни мисионери на западната Римска Диецеза. Тоа беа Кирил и Методија, кои по налог на Ромејскиот цар Михаил III ја

[101] „*DACIA MEDITERRANEA & MACEDONIA SECUNDA IN THE 6th CENTURY: A QUESTION OF INFLUENCE ON CHURCH ARCHITECTURE*" од Carolyn S. Snively, стр. 218.

прилагодија и поедноставија Глаголицата во Кирилица, за полесно користење од народните маси. Понатаму, според „Хроника“ на Јоанис Зонара, за време на владеењето на императорот Василиј II Македонец бил испратен епископ во Киевска Русија за да ги преобрати многубошците во кристијанството.

Тука мора да се објасни дека Глаголицата е многу постара Македонска азбука, но заради сложената редакција ја користеле само писмените црковни клерици, монаси и епископи. Кирил и Методиј од Глаголицата и Септуагинтот (официјалното писмо на Константинополитана Нова Рома) по наредба на императорот Михаил III создадоа трето поедноставно Македонско писмо – Кирилицата. Па така, од Глаголицата остана редоследот и буквите кои беа поедноставни за пишување, а другите беа заменети со букви од Септуагинтот. Од Глаголичните сложени букви неизменета остана само Ш а малку изменети се Д, Ж, Љ, Ф, Т, додека сите други беа заменети со букви од Септуагинтот или нивни прилагодени малку изменети форми.

Следната 864 г. и новото Бугарско кралство официјално го прифати кристијанството и новото Македонско писмо – Кирилицата. Бугарското кралство во 9 век е на врвот на својата моќ и излегува дури на Јадранското море кај Епир. Според некои податоци после битките во 8 век помеѓу Ромејското царство и Вулгарија, последните забележени помеѓу Хан Пресијан на Вулгарија и царството на Ромеите - територијата на денешна Република Македонија и делови од Егејска Македонија и се предадени на Вулгарите. Веројатно е ова периодот кога најголем дел од Македонските цркви изградени пред 9 век биле срушени, а можеби и понатака во наредните 100 години на Вулгарната окупација биле константно рушени црковни објекти, под наговор и на Католичката црква која веднаш се понуди како сојузник на Бугарите против Константинопол. Затоа што сите тие биле градени за време на владението на Источното Ромејско Царство. Како и да е неколку години подоцна и другите Балкански области (Босна, Захумље, Зета, Рашка, Срем, Травунија, Мизија...) се свртеа кон Правоверното Кристијанство и Глаголично-Кириличната писменост. На крај и Киевска Русија официјално го воведе кристијанството и Македонската литургија во 988 година.

Еден од поважните сведоци на Македонскиот Континуитет дури и во Мрачниот Среден Век бил Ѓорѓи Монахот наречен „Грешник“, кој најверојатно кон крајот на 9 век ја пишува неговата „Хроника на Нашето Постоење“ (Латински: Chronikon Syntomon)[102], хроника на светот од постанокот до 842 година. Не се знае ништо поконкретно за авторот, освен дека бил калуѓер (монах). Оваа Хроника била преведувана на Грузијски и на Црковно-Македонски јазик. Од вторава верзија постои зачувана копија на 273 страници од 13-14 век во Москва.[103] Она што е важно за нас од оваа Хроника е дека Ѓорѓи Монахот и во 9-от век многу јасно ги спомнал Македонците од Македонија, кои и во тие сурови времиња се бореле низ Македонскиот Полуостров за слобода и независност. Тој забележал: „*...во времето на Ромејскиот император Теофилос имало Македонски командант* (или Војвода) *по име Кордулес* (или Кордилес), *и неговиот храбар син по име Вардас* (или *Бардо*), *кој на татковото место ги предводел Македонците во еден напад преку реката Дунав. Заглавени таму и во немоќ да поминат назад преку Бугарските зони* (северно од Стара

[102]https://books.google.mk/books?id=zOEzDwAAQBAJ&pg=PA132&lpg=PA132&dq=George+Monachos+Sinner&source=bl&ots=e4y_KML6gO&sig=ACfU3U00-qsEqzQQfFslvyjOwQTlK1x7lQ&hl=en&sa=X&ved=2ahUKEwi4n-CR2-jmAhWL1aYKHfS_CtAQ6AEwA3oECAcQAQ#v=onepage&q=George%20Monachos%20Sinner&f=false

[103] Russian State library, F. 173 I, no.100.

Планина), *тие ги избраа Цанцес* (Цане?) *и Кордулес* (Кара-Дуле?) *за водачи. Потоа им се придружија на Унгарците, на кои им раскажале се за Македонците. Кога Турците* (Бугарите) *разбрале за ова веднаш нападнале ... но кога морале да се повлечат Македонците ги прогонувале.*“

Од ова, и од други делови на „Хрониката на Нашето Постоење“, каде јасно спомнува по име и презиме други Македонци, е јасно посведочен неоспорниот континуитет на Македонскиот народ и низ средниот век, и тие се бореле на различни страни против најразлични странски инвазии за гол опстанок или можеби за повисоки цели. И покрај тоа што останале поробени од Римјаните и потоа од Ромеите толку долго време, Македонците постојано се бореле за независност и отфрлање на туѓата власт. Така историчарите забележале повеќе востанија во Македонија од кои поголеми биле она на Тома од 821-823 г., кој дури 2 години го опседнувал Константинопол, и она во околината на Солун во 836-837 година.

И Источно-Ромејските извори непрекидно сведочат за Македонци во Македонија. Во 904 г. од нашава ера Јован Каметин (John Cametinae) при освојувањето на Солун вели: „*Ве внесувам во Солун, великиот и прв град на Македонците.*“[104] Други Ромејски автори кои ги спомнуваат Македонците токму како Македонци се: Лав Ѓакон, Иван Геометар, Ана Комнена, Ѓеорѓи Кедрион, и т.н.

Но дури со востанието на Комитопулите, повторно ќе се создаде втората Македонска држава. Ова востание всушност започна како одбрана од нападите и грабежите на Бугарските орди, кои беа успешно исфрлени од Македонија во 963 г.[105], но потоа ќе прерасне во братоубиствена граѓанска војна, бидејќи и цар Самоил и царот Васил II Порфирогенет ('Роден во Пурпур') биле Македонци по потекло, па дури и роднини. Како и да е збирот од околности доведе до тоа Самоил лесно да освои огромни територии за релативно кратко време: Вулгарите, кои претходно биле вазали на Ромеите, со подршка на Католичкиот Папа се кренале против Константинопол и Ромеите на императорот Јован Цимиски. Тогаш дојде и Руската инвазија на принцот Игор од Киевска Русија: „*Лето 6449* (941 г.) *Игор тргна против Ромеите. Му јавија Вулгарите на царот дека Русите тргнаа на Цариград со 10.000 бродови. Дојдоа, допловија и почнаа да ја разграбуваат земјата Пафлагонска, сета земја Никомидијска ја запленија и Судот го запалија... Потоа, кога дојдоа војниците од исток - Памфмир-доместик со 40 илјади, Фокас-патриции со Македонците, Теодор-страталит со Тракијците, со нив и великодостојните Болјари, тие ги оpколија Русите.*”[106]

---

[104] „ Macedonia and Greece: The Struggle to Define a New Balkan Nation“ од John Shea, стр. 59.

[105] “*В 963 году в Македонии произошло восстание, окончившееся изгнанием болгар и основанием собственного государства*,” ‘Знциклопедический Словарь‘ Ф.А.Брокгауза и И.А.Ефрона, [М] - Македония.

[106] ‘Несторова хроника’, најстар Руски летопис од 1113 г., кој ги спомнува Македонците при описот на настаните во средината на 10 век.

Важно е да се истакне дека во годината кога е напишана ‘Несторовата хроника’ Источната Римска Империја веќе воспоставила војно-адмнистративни единици, т.н. ‘теми’. Тогаш веќе постоела темата ‘Вулгарија’ (transkribirana kako ‘Бугарија’) која се протегала на голем дел од територијата на Македонија. Административниот термин ‘вулгари’ (бугари) е исто така во употреба за жителите на темата Вулгарија, наспроти терминот Ромеи. – И двата термина не се

Ромеите, кои откако ги поразија Вулгарите, ги поразија и Русите на кнезот Свјатослав кај устието на Дунав во 971 година. На крај дури го заробија и одведоа Бугарскиот цар Роман во заточеништво во Константинопол. Таму тој бил шкопен, за да нема наследници, со што Бугарската династија згаснува и исчезнува од историската сцена.

Во сенка на овие случувања Самоил успеа да ја ослободи од Бугарските орди не само Македонија, туку и да припои огромни територии од Тракија, Добруџа и Влашка (денешна. Но, тогаш биле нападнати истовремено и од Русите од север и од Романија), Епир, Дукља и Рашка (денешна "Србија"). Тој во содејство со Богомилите ја возобнови и воздигна Македонската Охридска Архиепископија во Патријаршија, врз темелите и традициите на Скопската Архиепископија Јустинијана Прима, создадена од Јустинијан I





Горе: **Портрет на царот Самоил Комитопул и Самоиловиот натпис на надгробната плоча од неговите родители**

Велики, во склоп на која влегоа дури 32 епископии од Македонскиот полуостров. Истотака Самоил ја вратил и Глаголицата во употреба.

Токму во тоа исто време, кога кристијанството веќе одамна било државна религија на Ромејското царство, покрај официјалните цркви под ингеренции на Константинопол Нов Рим, западниот стар Рим, и Јустинијана Прима (подоцна Охридска Патријаршија/Архиепископија) – во Македонија се појавила уште една независна и автохтона Македонска црква – ***Богомилската***. Тоа биле првите Протестанти во историјата, кои се бореле против растечката централна моќ и тиранија, богохулењето и разбојништвото на клерот од официјалните патријаршии, кои прераснаа во паразити и деспоти на црковните епархии. Но, она што е уште поважно е дека тоа била и првата национална Македонска црква, создадена од Македонци, со јасен Македонски национален

---

етнички, но бугарската пропаганда денес наменски погрешно го изедначува терминот ‘вулгари’ со ‘бугари’, а истовремено тврди дека наводно “немало Македонци”.

предзнак уште во 7-от век.

Имено, почетоците на Богомилството всушност ги наоѓаме многу порано, во втората половина на 7-от век во Кибоса (Cibossa) кај Колонеа (во Мала Азија) кадешто Македонските доселеници или староседелци од времето на Александар Велики веќе имале своја независна "Црква Македонска", основана од Павликијанскиот водач Константин-Силван. ‘Павликијанска’ бидејќи верниците Македонци го сметале апостол Павле за нејзин основоположник. Тука, според изворите на историчарите од тој период, свештеникот Константин-Силван им се обраќал директно на верниците со следните зборови: "*Вие сте Македонци, а јас сум Силван, пратен кај вас од* апостолот *Павле*." Кога Ромејскиот император Јустинијан II (689-695 г.) бил известен за постоењето на посебна "Македонска Црква", го испратил својот пратеник Симеон, кој во непосреден контакт со Македонците го напушта ортодоксното учење на официјалната црква од Константинопол, и им пристапува на "еретиците", а по смртта на Константин-Силван станува дури и негов наследник. Оваа "Македонска Црква" претставувала огромна опасност и комплетна новост




во Кристијанството, бидејќи била и апсолутно првата Национална црква, значи еден нов, Етнофилетистички религиозен концепт кој дотогаш бил непознат во Кристијанството.

Верниците на оваа Македонска црква како „еретици“ биле прогонувани и физички ликвидирани уште од времето на Јустинијан II, но, оние кои се спасувале со бегство продолжувале со формирање на нови павликијански општини. Павликијанското учење кое се проширило меѓу Македонците во Мала Азија, овие го прошириле и кај своите сонародници на Балканот повторно во Колонеа, меѓутоа, сега онаа Колонеа кај Костур на територијата на племето Драговитите, кадешто повторно се спомнува "Црква Македонска” која првобитно припаѓала на Павликијанското (Богомилското) движење. Може да се заклучи дека оваа црква веќе била идентична со подоцнежната "Еретичка Црква Дугунтија”, бидејќи преобразената павликијанска “Македонска Црква" кај Костур всушност е Богомилската Црква ‘Дугунтија‘, каде со построгата дуалистичка концепција таа ќе се разликува од умерената струја во Мала Азија, со што ќе бидат нагласени и политичките и етничките разлики на нивните носители. Уште во времето помеѓу 690 и 695 г. Царот Јустинијан II превзел сурови репресалии против оваа можеби прва Етнофилетистичка црква, и Ромејската војска успеала да фати поголем број верници на "Македонската Црква" и живи да ги изгори. Извештајот на Петар Сикул за "Македонската Црква" во некогашната Ромејска провинција Колонеа го презел Петар Игумен, а потоа и цариградскиот патријарх Фотиј. Анатемисување на "Македонската Црква" наоѓаме и во други извори од тоа време, но сите го датираат нејзиното создавање во време на владеењето на Јустинијан II.[107]

Богомилството кое се развило од оваа прва "Македонска Црква" во периодот од 7-от до 9-от век (иако влече корени од уште постари еретички цркви и религии од 4 и 5 век) се распространило до таа мерка што постоеле повеќе Богомилски Еклезии (цркви) во Македонија: таа на Македонците од Пелопонез се викала *Еклезиа Мелингиа*, во Егејска Македонија била *Еклезиа Драговита/Драговина* (Ecclesia Dvgranicia/Dvgvnthia/Dragovitia - et Dvgranicia Svnt Omnia Gentis Simvl - Dvgvntis Omnes Simvl Fere; што во превод значи: *на целиот народ на Драговитите*), кај Ромејските Богомили била *Еклезиа Романиа*, и т.н. Македонија, татковината на Богомилството, остана бастион и засолниште на Богомилите се до 14-от век. Оттука Богомилството се рашири низ цела Европа како "*Патарени*" и "*Кутуѓери*" во Босна и Далмација, и како "*Цироваги*" ('намерници'), "*Катари*" и "*Албигенци*" во Италија, Франција и Немачка.

Богомилската вера била сеедно и едногласно забранувана и прогонувана и од Западната и од Источната официјална црква како ерес т.е. кривоверство. Со ширењето на Богомилството воедно настапил период на ослободителни востанија и војни, кои се манифестирале во востанијата на Самоил, Леко, Добромир, Војтех, и други водачи на кои изнимно им се припишува припадноста на Богомилската вероисповест. Сепак, кулминацијата на Богомилството во Македонија беше достигната за време на Цар Самоил. Тогаш Богомилската црква беше прогласена за слободна вероисповест и составен дел на Охридската Архиепископија – Јустинијана Прима, и стана едно со официјалната кристијанска религија на неговото царство (969-1018).

Самоил, и официјално во 969 г. создаде слободна Македонска држава и царство, кое ќе опстане безмалку цели 40 години. Значи 1400 години по владеењето на Филип II и Александар III Македонски, Македонец успеа повторно да ја обедини потесната територија на (речиси цела) Македонија како независна држава. Но, независноста на Македонија ќе биде повторно укината на почетокот на 11-от век од Ромејскиот император

[107] Драгољуб Драгојловиќ, „Еретичката Македонска Црква на Балканот и во Мала Азија“, 1973 г.

од Македонската династија, Васил II Порфирогенет, кој, иако и тој самиот од Македонско потекло, на крај неможеше да дозволи два цара да владеат со Ромејските територии. Оваа граѓанска војна меѓу двата Македонски владетели настана и затоа што во занесот на успешните освојувачки кампањи и соодветна мегаломанија Самоил направи многу погрешни чекори. Прво, кога побара и доби царско признавање од Римскиот Папа; и Второ – кога ги зеде како наемници племињата против кои првично и тој се борел, т.е. Бугарските Татаро-Монголски орди коишто во тоа време како губитници и колатерална штета на Русо-Ромејските војни инстантно станаа послушници на Римскиот Папа. Таквото




двојно предавство Македонскиот Цар од Константинопол, Васил II Порфирогенет, кој со години се борел против Татаро-Монголските и Хазарските орди од Кавказ и Црно Море, апсолутно не можел да го толерира, и на крај и го казнил Самоила поради неговото однесување и ги уништил неговите платенички орди, неговата војска, како и самото негово царство. По склопувањето примирје со кнезот Владимир од Киев во 988 г. и средувањето на внатрешните проблеми во царството, во 1014 г. тој на Беласица конечно ја опколува и поразува Самоиловата платеничка војска, а потоа во 1018 го поразува и неговиот син Гаврил Радомир и става крај на владеењето на династијата на Комитопулите во

независното трето Македонско царство.

Уште едно сведоштво за Македонците од таа епоха ни остави Михаил Пселос (Mihail Psellos, 1017-1078) во неговата Хронографија (*Chronographia*) од 11 век. Во еден пасус тој прекрасно, но и зајадливо, ги опишува дичните Македонски коњаници: „*Повеќето од Македонците, како луѓе коишто се перчат арогантно и се носат дрско, и кои повеќе милуваат граѓански манири од едноставноста на логорот, повеќето од нив велам, се симнаа од нивните коњи и започнаа со песни и танци, пред очите на сите. Тие импровизираа потсмешливи вртења на сметка на императорот, тропајќи по земјата со нозете во тактот на нивната музика и триумфално танцуваа*.“[108]

По падот на Самоиловото Царство, во 1021 г. императорот на Константинополитана Нова Рома, Василиј II Порфирогенет, ја преименува и реорганизира Охридската Архиепископија како црква на сите Не-Ромејски односно „*вулгарни*” народи на Македонскиот Полуостров, под името - „*Архиепископија на Цела Вулгарија и Јустинијана Прима* (Скопје)“. Тука покрај Македонија, биле вклучени и Власите, Унгарците, Епир (Јужна Албанија) без Драч, Рашка, Зета, Дукља, како и делови од територијата на поранешното Бугарско царство (остатокот од Тракија и Мизија бил под директна контрола на Константинопол). Па така сите тие директно или индиректно се нашле под хегемонија на Константинопол. Охридската (сега бивша Патријаршија) Архиепископија до крајот на 10 и почетокот на 11-от век под своја јурисдикција имала свои црковни епархии во: Албанија, Босна, Дукља, Епир, Македонија, Мизија, Рашка, Срем, Тесалија, Травунија и Захумље, и броела вкупно 31 епархија, и тоа: 1.Охридско-Преспанската; 2.Костурската; 3.Валонската во јужниот дел на Арбанија; 4.Битолската со Белагонија, Прилеп, Велес и Дебар; 5.Мегленската; 6.Струмичката со Радовиш; 7.Мородвишката со Малешевијата; 8.Велбужд (*Ќустендил*); 9.Средец (*Софија*); 10.Нишката; 11.Браничевската долж Морава со Смедерево; 12.Белградската; 13.Сремската; 14.Скопската; 15.Призренската; 16.Липљанската со Косово Поле; 17.Рашката епархија; 18.Белградската (сега *Берат* во денешна Албанија) епархија; 19.Видинската; 20.Козилската епархија; 21.Орошката, западно од Призрен; 22.Дринополската во Арбанија во близина на Арѓирокастро; 23.Имерската во Арбанија северно од Крф; 24.Главеничката со Девол и Кутмичевица; 25.Јанина во Епир; 26.Сташката епархија во Тесалија; 27.Велската епархија јужно од Дринополската; 28.Србичката, југозападно од Солун; 29.Берската западно од Солун; 30.Т‘рновската со Никопол и Добруџа; и конечно – 31.Черничката во обласа кај Драч.

Иако потпаѓа по директна јурисдикција на Константинополитана Нова Рома, Охридската Архиепископија ќе успее да остане независна и автокефална, со Македонски Архиепископ уште некое време. Имено, за време на Јован Дебарски (1018-1037) Охридската Архиепископија ќе продолжи да биде упориште за зачувување на народниот Македонски карактер и традицијата на црковните литургии и пеење на Македонски, кое благодарение на него опстојале се до денес. Но по смртта на Јован со Охридската Архиепископија владееле исклучиво "Грчки" епископи испратени од Константинопол. Тогаш, поради новонастанатите прогони и тиранија се случува нов бран на емиграција од Македонија кон Италија и други страни. Па така во 1941 г. Италијанскиот историчар Бари пишува за „*Сицилија, откаде многу Македонци, Богомили* (‘*Paulicians*’ на Латински) *и Калабријци дојдоа*.“[109]

---

[108] http://www.documentacatholicaomnia.eu/03d/1017-1078,_Michael_Psellos,_Chronographia,_EN.pdf

[109] „ Macedonia and Greece: The Struggle to Define a New Balkan Nation“ од John Shea, стр. 59.




Богомилството било истотака најстрого забрането и Богомилите биле немилосрдно прогонувани и убивани како од правоверната така и од католичката црква. Поради тоа голем број Богомилски верници биле повторно и повторно присилени да емигрираат кон Север, во Босна и Хрватска (каде се нарекуваат „*Патари/Патарени*“), па се дури до Франција, кадешто нивни бегалци формираат уште една нивна заедница под псевдонимот

„*Катари*“ (бидејќи биле немилосрдно прогонувани и од западната црква во стариот Рим).[110]

Името Македонија повторно се појавува дури во 12-от век, како независно кралство за време на владеењето на Волкашин, и е запишано со тоа име во синодикот на Бугарскиот крал Борил. Како самостоен Македонски владетел се спомнува и царот Добромир Хрис (1185-1202, убиен со кама од србскиот расколник „Свети Сава“, брат на Стефан првовенчани), кој остана забележан како основоположник на соборниот храм Рождество на Пресвета Богородица во Скопје. Овој средновековен македонски владетел од неговиот центар на тврдината Просек (до денешниот град Демир Капија) владеел врз областа околу денешниот град Струмица. Храмот во Скопје го довршил во 1214 г. неговиот наследник Стрез (и тој трагично заклан од србскиот расколник и крвник, таканаречениот „Свети Сава“).

[110] Кај нас е малку познато дека Француските кралеви положувале заклетва на библија напишана на Глаголица и Кирилица. Имено, познатиот Чешки крал Карло IV „Луксембуршки“, кој во 1347 г. го изградил славниот манастир „Емаус“ во Прага, таму поканил осумдесет хрватски монаси од островите Пашман и Сењ да предаваат божје слово на „Емаус", каде што се учело и пишувало на глаголица и кирилица. Една од библиите на Глаголица и Кирилица од овој манастир во Прага пристигна и во Ремс (*Reims*, тогашна престолнина на Франција) во 1574, каде што француските кралеви (Шарло IX, Анри II, Луј XIII, Луј XIV) во вековите што следеа даваа заклетва со положување на нивните раце на оваа света книга, позната под името „Еванѓелието од Ремс". Оваа библија (книга) на глаголица е напишана во 1395 година, и претставува копија на постара света книга, напишана веројатно во Илирски Омишаљ, денешна Хрватска. Всушност деловите на Глаголица и Кирилица од ова свето писмо датираат од 11-от век (на Кирилица има 16 листа, а Глаголицата има 31 лист). Книгата беше целата украсена со злато, со скапоцени камења и мошти, а според Долбе (Cristophe Dolbeau, '*Studia Croatica*’,стр.26-27) веројатно била калиграфирана на островот Крк, или во некој манастир во Чешка. Француските кралеви, според современите сведоштва и извори, на оваа света книга положуваа свечена заклетва со следниве зборови: „*На овој начин се колнам и давам завет над Светиот и Прав Крст и Светото Еванѓелие*” (Ainsi le jurons, vouons et promettons sur la Sainte et Vraie Cross Et Le Saint Évangile Touche). Оваа библија е до ден-денес зачувана и се наоѓа во Градската Библиотека во Ремс, Франција.



Горе: **храмот Рождество на Пресвета Богородица, Скопје. Дело на академскиот сликар Јарослав Кратина**



Понатаму, треба да се спомне и Ромејскиот историчар Никита Хониат, кој во својата книга "Историја" за периодот од 1118-1206 година, истотака ги спомнува Македонците како посебна нација во армијата на Јован II Комнен, покрај различни нации како Келтите, Скитите. Долу се извадоци од таа „Историја" реиздадена во Венеција во 1729 година:

*Edit. Pariſ. pag. 20.*

Quæ ad nova conſilia Comnenum impellit.

expugnationibus neglectis. Quæ cum
illi facerent, Imperator phalanges
recenſet, & pro nationibus & tri-
bubus diſtribuit, ut quique ſuis po-
pularibus ſuccurrerent. Macedones in
unam claſſem refert: eos qui ſele-
cti dicuntur, in alteram: Scythas
in tertiam. eodemque modo Per-
ſas, qui ſuperioribus bellis, Ro-
manis acceſſerant. Hoſtes autem
hac diſtinctione & varietate legio-
num, & diverſitate armorum ter-
riti, remiſſa pertinacia, & mœni-

Unde obſeſſis terror & defenſionis ratio nova.

# ΝΙΚΗΤΟΥ ΑΚΩΜΙΝΑΤΟΥ ΧΩΝΙΑΤΟΥ ΙΣΤΟΡΙΑ.

# NICETÆ ACOMINATI CHONIATÆ,

MAGNI LOGOTHETÆ SECRETORUM,
INSPECTORIS ET JUDICIS VELI,
Præfecti ſacri cubiculi:

# HISTORIA.

HIERONYMO VVOLFIO OETINGENSI INTERPRETE.

Editio Gloſſario Græco-barbaro auctior, & ope MSS. Reg. emendatior,

*Cura & ſtudio* CAROLI ANNIBALIS FABROTI JC.

VENETIIS,
EX TYPOGRAPHIA BARTHOLOMÆI JAVARINA.
M. DCC. XXIX.

Во предвечерјето на падот на Константинополитана Нова Рома и Ромејската империја, истотака и влијанието на Охридската Архиепископија се намалува драстично, па така таа кон крајот на 13-от век се состоеше од само 11 епархии.



Моќното Ромејско царство, во втората половина на 11 век започна да ја губи својата моќ. Тогаш и започнаа инвазиите на Норманите од запад, Турците-Печенези и Оногури од север и Турците-Селџуци од исток. Соочен со безизлезна ситуација императорот Алексеј I Комнен побара помош од новиот Папа на стариот Рим, Урбан II. Така започнаа Крстоносните Војни кои траеја 2 века и кои предизвикаа само натамошно пропаѓање на Константинопол и Ромејското царство. Круна на нивното назадување беше пустошењето на Контстантинополитана Нова Рома од страна на Крстоносците во 1204 година.

Во цел тој воен метеж Македонија беше газена и палена од неброени војски, но дури и тогаш, во 1205 г. успева повторно да се осамостои накратко, за време на владеењето на Михаил Комнен Дука од Епир, братучед на римските императори Исак II Ангелос и Алексиј III Ангел, кој во 1210 г. успева да го ослободи дури и Солун од централната Ромејска власт. Деспотатот на Епир бил центриран во западниот регион на Македонскиот полуостров, опфаќајќи ја и Матија и западниот дел на Долна Македонија, а исто така ги вклучувала и Тесалија и Пелопонес на југ до Нафпактос. Но набрзо потоа неговиот наследник, Тодор Комнен Дука, во 1230 г. беше неочекувано и катастрофално поразен од Влахо-Бугарите на Влашкиот крал Иван Асен во битката на Клокотница, па така и ова Македонско царство пропаѓа.




Крстоносните Војни беа и почеток на крајот за Контстантинополитана Нова Рома, која се најде растргната од непрестани внатрешни и надворешни скандали, војни и конфликти, платенички армии и Монголо-Турски освојувачи, кои бран по бран го пустошеа надолж и




попреку Ромејското царство. Крајот на оваа повеќевековна агонија дојде во 1453 г. кога Константинопол падна во раце на Турците. Раната Модерна Ера во Македонија за жал била повторно означена со почетокот на уште една странска инвазија, и уште едно долговековно робство.

# Македонскиот Милениумски Континуитет во Раната Модерна Ера (1400-1750 г.)

**Р**аната Модерна Ера во Македонија, за жал, била означена со почетокот на уште една насилна и ужасна странска инвазија, и уште едно долговековно робство. Падот на Константинополитана Нова Рома и 1000-годишното Источно Ромејско Царство во 1453 г. овозможи да започне новиот бран на освојувања од исток. Продорот на Османлиите во Европа и на Македонскиот Полуостров започнал уште во текот на 1353 година кога Турските орди ги преминале Дарданелите. Најпрвин, Османлиите на полуостровот навлегле во помали паравоени дружини на кои им било плаќано за да се борат. Во 1352 г. Османлиите ја зазеле и првата тврдина на полуостровот, Цимпе. Но, како и обично и во тој



момент Македонските локални владетели и деспоти биле презафатени со меѓусебните пресметки за да сфатат на време каква голема несреќа им се наближува. Во 1360 г. тие и понатаму не гледаа подалеку од хоризонтот и нивните тесни интереси, и немаа ни најмала

потребна доблест или некоја повисока инстанца која би можела да им укаже што всушност се случува околу нив.




Горе: **Македонија пред Турската инвазија во 1360 г., со означување во црвено на 4 од древните Македонски области – Хас и Рас, Матија и Ематија (прастарото име на Македонија), кадешто се приметува типично Македонскиот дуализам во топонимите (Бер - Сер, Задрима - Подрима, Бел Дрим - Црн Дрим, и т.н.)**

Последниот чин кој дефинитивно им го отвори патот на Турците кон Македонија беше неславната и трагична Маричка битка (на 26 Септември 1371 година). Битката се одиграла на реката Марица близу до селото Черномен (денес *Орменио* во "*Грција*" ) помеѓу Отоманската војска предводена од Лала Шахин паша и Македонската војска на Волкашин Мрњавчевиќ и неговиот брат, деспотот Јован Углеша. Деспотот Углеша чија земја се наоѓала во правецот на османлиската инвазија сватил дека Османлиите се голема опасност за него. Тој со својата мудрост го избрал најпогодниот момент за напад. Султанот Мурат заедно со својата војска се наоѓал во Мала Азија, а Лала Шахин паша се наоѓал во Едрене. Освен двајцата браќа, според турските извори во битката учествувале и "неверници" од Босна, Унгарија и Влашка. Кристијанската војска најверојатно била подржана и од Дејанови и војводата Богдан. Според изворите може да се заклучи дека силите на Волкашин биле собрани во деловите на Шар Планина, а еден дел од нив се наоѓал помеѓу реките Вардар и Струма. Турските сили од друга страна биле четири пати помалку и биле околу градот Едрене. Според разните извори силите на браќата Мрњавчевиќ броеле од 20.000 до 70.000 додека пак османлиите имале околу 11.000 војници.

Кристијанската војска се собрала во главниот град на деспотот Углеша - Сер, по што тргнала кон Едрене. Кога дознал румелискиот берлејбег Лала Шахин Паша побарал помош



МАКЕДОНИЈА ПРЕД БИТКАТА НА МАРИЦА

од султанот Мурат I. Султанот се упатил од Анадолија кон Едрене но по патот го опседнал градот Бига кој во тоа време бил под власта на каталаните и во кој град се наоѓал претендентот за османлискиот престол и внук на Мурат. Главно поради оваа причина султанот не успеал да пристигне на време. Кристијанските војски тогаш биле распоредени во логор кај Черномен на реката Марица. Бидејќи кристијаните биле уверени во својата

бројност, тие не биле доволно претпазливи, а сигурно и не очекувале напад пред да пристигне султанот со анадолската војска. Ова било главната причина за лошата дисциплина меѓу кристијанската војска и нејзиниот пораз. Румелиската Турска војска на чело со Шахин паша била распоредена во околината на Едрене во очекување на султанот. Лала Шахин го свикал воениот совет, на кој била донесена одлука Хаџ Илбеги заедно со неговиот одред од 4.500 војници да го започне нападот ноќе, за да ги фатат на спиење кристијаните. Вечерта на 25 и 26 Септември 1371 г. согледувајќи го логорот на противничката војска, Илбеги забележал дека таа е многубројна, но според изворите православната армија потонала во сон по ноќното пијанство, и ваквата состојба им била добродојдена на Турците за кукавичкиот напад. Според Халкондил, ниту обезбедувањето на логорот не било организирано како што треба. Хаџ Илбеги ги разделил своите сили на четири дела и ги испратил да нападнат од четири различни насоки. Нападот во ноќта од сите четири страни создал очајна паника и впечаток кај кристијаните дека се опкружени од голема муслиманска војска. Изворите раскажуваат дека во паниката тие дури почнале да се убиваат меѓусебно. Благодарение на добрата и организирана муслиманска тактика, од заштитен ѕид реката се претворила во сериозна пречка за прегрупирање на кристијанските



сили и православната војска била целосно разбиена. Тие не само што не ги истераа Османлиите, туку и самите настрадаа бидејќи беа убиени на спиење и коските таму си ги оставија непогребани; други беа одведени во ропство, а малкумина добија можност да се спасат и да побегнат.

Мавро Орбини пак битката ја опишал малку поразлично за разлика од Лаоник Халкондил. Според него првично Османлиите се сокриле во планините, а кристијанската

армија ги опустошила новоосвоените Османлиски земји. Сепак, кога кристијанската армија се враќала назад, тие ги нападнале силите на Углеша. Во борбата загинале и двајцата претставители на походот - браќата Волкашин и Углеша. Околностите околу нивната смрт не е позната и нивната смрт останала легенда. Според Мавро Орбини деспотот Углеша се удавил во обид да побегне преку реката Марица. Волкашин успеал да ја премине реката, но додека пиел вода бил задавен од страна на неговиот војсководец Никола Хрсојевиќ. Подоцна неговите останки биле однесени во манастирот Свети Димитар кај Сушица.

Лала Шахин паша не можел да се помири со големиот успех кој го направил Хаџи Илбеги, па наредил да биде убиен. Воените успеси на Лала Шахин и султанот Мурат продолжиле. Синот на Волкашин, Крале Марко, го наследил татко си на престолот на Прилепското кралство, но сега како поробен и вазал на Османлиите. Загинал во Влашка (денешна "*Романија*") борејќи се за интересите на страната на Османлиите против кристијаните... Една од главните причини да Османлиите успеат да дојдат и до Виена, е и поради вазалите како "Крали" Марко (‘крал’ е турски збор за владетел). Се смета дека најмалку околу 20.000 високо мотивирани исламинизирани кристијани, за пари и привилегии, зеле учество во војската на Мурат I. Биле високо специјализирани во опсада на кристијанските градови,. Бугарија исто така потпаднала во вазалски статус.

Со ова источна и централна Македонија потпаднале под Османлииска власт. Битката била дел од напредувањето на Османлиите во освојувањето на Македонскиот Полуостров, и била проследена со заземањето на градовите Драма, Кавала и Сер во денешна Егејска Македонија, додека цела Македонија со Тракија, Османлиите ја преименуваат во РУМЕЛИЈА.

Следна етапа во Турската инвазија била кон западните делови на Македонскиот Полуостров. Но, тука турските орди наидоа на жесток отпор, олицетворен во животот и делото на Ѓеорги ‘Александар’ Кастриот (6 Мај 1405 – 17 Januari 1468), православен Македонец, по таткова линија од македонската етничка гранка на Мијаците, син на Јован или Иван и на мајка Воислава, внука на Крал Марко. Неоспорен факт е дека, Ѓеорги Кастриот бил бестрашен борец за заштита на правоверните и за запирање на отоманската наезда на просторот на Македонскиот Полуостров (денешен Балкан). Токму затоа, македонската средновековна историја и црковна дипломатија не може да се изучува без да се спомене неговото херојско дело. Тој борејќи се против Османлиите, се стремел да го заштити правоверното кристијанство и делувал во сојуз со западната Римо-Католичка диецеза. Имено, покрај Турската брутална инвазија, и Ватикан истотака, и тогаш и пред тоа, како и секогаш, пројавувал нескриени амбиции и претензии кон источните православни цркви и епархии, за нивно конвертирање под нивна јурисдикција, особено кон Охридската Патријаршија, која во својот состав имала над 30 епархии и била една од најголемите правоверни цркви во Источната екумена. Покрај тоа Охридската Патријаршија, го отфрлила неканонското и прозелитистичко стапување на Цариградската Патријаршија во Унија со Римокатоличката црква во 1439 година (во очајна надеж дека западот ќе ги спаси од Турците) на Соборот во Фиренца, на кој Охридската Црква не учествувала, бидејќи унијатството го сметала како штетно и опасно за правоверството на Македонскиот Полуостров. Кога тогашните охридски поглавари Николај и Захариј патувале во епархиите во Епир и Матија, со намера да држат проповеди против Унијата со Римокатоличката црква, “долго време му биле гости на Ѓеорги ‘Александар’ Кастриот во Кроја”.

Ѓорѓи Кастриот бил Крал на Епир и Македонија. Погребан е во Леска (уште и '*Леш*' или '*Леж*' на Албански)[111] во катедралната црква "Св. Никола". Кристијанскиот војвода и Македонски Кнез, а подоцна и владетел на Македонија и Епир со престолнина во Кроја во Западна или 'планинска' Македонија (во денешна Албанија), бил борец против исламизацијата под Отоманска окупација, борец за заштита на правоверните, за кристијанскиот крст и слобода. Затоа го носел најблагородното свето име во својот род – Ѓеорги. Д-р Петар Поповски наведува дека во светската историја Ѓеорги Кастриот е запишан како последниот Македонски крал, во сите музеи и енциклопедии под неговата слика пишува Крал на Ематија (старото име на Македонија) и Епир.

И што се случи после 5 века? Новокомпонирани 'Албанци' го присвојуваат Ѓеорги Кастриот како 'албански' национален херој! Освен што им го прилепија, тие, исто така, му ја сменија и именската придавка од оригиналната 'Искендер' ('Александар' на Турски) во Скендер-бег, што претставува своевиден фалсификат. Ѓеорги никогаш не бил ни 'Скендер', ниту пак Кавкаски овчар или Курд, туку чистокрвен Македонец од мијачките краеви. Дедо му се викал Стеван Кастриот, татко му Јован (Иван) Кастриот. Татко му изградил манастир и камбанарија на Света Гора, а брат му Репош бил монах, Игумен, закопан е на Хиландер. Мајка му Воислава била сестра на Крал Марко, ќерка на Волкашин, прилепскиот владетел, кој пак бил брат на Углеша, серскиот владетел и двајцата трагично загинати во Маричката битка. Негови браќа се Станиша, Репош и Костадин. Се оженил со војводката Даница Донка (Македонка), ќерка на кнезот Ѓеорги Комнен и кнегињата Ангелина Требош. Во семејството се родиле 9 деца, синови: Максим, Бранко, Иван, и најмалиот Ѓорги, и сестрите: Мара, Јелена, Анѓелина, Влајка и Мамица. Прекарот му е даден од Османлиите - Искендер бег, во буквален превод од турски значи Александар . Во една прилика, Османлискиот султан Мурат Втори, кога неговата војска била катастрофално поразена кај Дебарското Поле - 20 пати побројни, го нарекол Ѓеорги – 'Искендер', што значи - Александар, значи и тој знаел каде се наоѓа и дека Македонија е земја на Александар Македонски...

Прв којшто посведочува дека Ѓеорги 'Александар' Кастриот имал македонско (мијачко) потекло е италијанскиот писател од 16-от век, во 1514 година, Теодор Спандучи. Во своето дело "Хисториа", Теодор Спандучи на едно место вели: "*...Ѓеорги Кастриот бил толку многу заслужен, што го ценеле и го почитувале не само неговите соплеменици - Мијаците, туку и сите други народи, та дури и Турците.*" По Теодор Спандучи се јавува цела една плејада еминентни научни работници со светски глас. Бискупот Марино Барлети, биограф и современик на Ѓеорги Кастриот, го нарекува „Крал на Епир и на Македонија". Барлети во своето капитално дело експлицитно кажува дека, неговите борци не биле составени од Тоски и Геги, туку од Македонци.

Кастриотите досега останувaат отсутни во историските или архивските записи во споредба со другите албански благороднички семејства, сè до нивното прво историско појавување на крајот на 14 век. Историската личност на Константин Кастриот Мезерек е потврдена во 'Genealogia diversarum principum familiarum' на Џовани Андреа Анџело Флавиј Комнен. Анџело го спомнува Кастриот како Константинус Кастриотус, cognomento

[111] https://en.wikipedia.org/wiki/Lezh%C3%AB#Name

‘Meserechus’, Aemathiae & Castoriae Princeps (презиме ‘Мезерек’, принц на Ематија[112] и Костур). Топонимот Костур на Латински се толкува како ‘Кастриот’, од Костур во регионот Хас, Кастрат (Тврдина) во Дебар, или микротопонимот „Костур“ кај селото Мазрек во Македонскиот регион Хас (антоним на Рас). Презимето Кастриот, истотака е можно да произлегува од еден од различните ‘Каструми’ (‘Тврдини’ на Латински) или утврдени населби како што покажува Латинската етимологија. Кастриотите можеби потекнуваат од ова село или веројатно овој топоним го стекнале како лично презиме.

Македонците во патописот на Цио Марио Анциолело (1470 година) – За постоењето на Македонците во тоа време како посебен народ од соседните народи зборува еден патопис на италијанецот Цино Марио Анциолело. Тој по потекло бил од Виченца, а неговиот дневник во вид на патопис е пронајден во библиотеката во неговиот роден град под реден број 382. Поголем дел од неговиот дневник се однесува на “*Грција*”, но дел има и за Македонија. Бил турски заробеник каде и го научил турскиот јазик. Напишал историја на турскиот султан Мехмед II Освојувачот, поради што од него лично бил помилуван. Цино Марио прави јасна дистинкција помеѓу Македонците, Грците, Власите, Турците. Во продолжение следи делот од патописот посветен на Македонија:

„*8 Август 1470 година. Султанот запре и конакуваше во другата страна на клисурата во едно поле, што ја претставува границата на Македонија. На 9 август пренокеваше во близината на една крепост наречена Платамон од каде што човек може да го види Солунскиот залив и градот Солун. На 10 Август, поаѓајќи од Платамон, застана и конакуваше на едно место наречено Китрос во споменатиот залив. Тука има многу солани и во близина се наоѓа голема река наречена Вардар која поминува низ Македонија и се влева во Солунскиот Залив. Во овие места има во изобилство одлични и расни коњи. Некои се донесени тука од Азија, бидејќи овие места се погодни за одгледување на коњи. На 11 Август, минувајќи ја реката преку мостот, султанот логоруваше во Солунското Поле. Солун е град кој се наоѓа на многу убаво место и добро е укрепен. Има своја тврдина. Тука има изобилство храна и други видови стока, а особено кожи и волна. Истотака, тука се наоѓа и телото на Свети Димитрија и од неговиот гроб излегува масловидна течност која се препорачува за многу болести. Тргнувајќи од Солун на 12 во месецот, султанот логоруваше на една планина, наречена Богданос и пренокеваше на нејзиниот врв. На 13 во месецот султанот логоруваше во близина на еден град, наречен Серес, кој така се нарекувал и во древноста. Тука била погребана онаа убава физиономија на благородникот Франциско Брандолино, кој беше генерал на Свети Марко во Мореа. На 14, поаѓајќи од ова место, конакуваше во близина на Света Гора, кој се простира во должина од 30 милји внатре во морето. Оваа планина е многу висока и тука се наоѓаат многу манастири на кристијански калуѓери, од кои некои се Грци, други Македонци, Власи па дури и Италијанци како и од други нации, кои живеат живот на светци. Никогаш не јадат месо, а во разни годишни времиња дури и пресна риба што би имала крв. Мнозина од нив не јадат во текот на постот ништо печено и никогаш не спијат в кревет. Местото за молитви им е далеку од манастирите, таму одат сами и остануваат по 8-10 дена. А прават и многу добрини. Во сите овие манастири има чешми со прекрасна вода и посадено многу овошни дрвја. На Света Гора и по манастирите забрането е влегување на*

[112] Прастаро име за Македонија: „*Она што сега се нарекува Македонија, порано се нарекувало Ематија. И го зеде своето денешно име од Македонија, еден од неговите рани поглавари. Имаше и град Ематија блиску до морето.*“ - Страбон, ‘Geographica’.




*секаков женски род, дури и на кокошка, дури и на кучка и т.н. А во нивните братства не примаат ниедно момче без брада. Воопшто, таму живеат свети луѓе. Но, покрај тоа Турците се многу предани на овие калуѓери и живеат со нив во мир. На 15 август султанот замина и логоруваше на едно место, кое некогаш бил голем град наречен Филибегош (што значи земја на Филип), изграден од царот на Македонија, Филип II. Тука има многу старини и на планинката се зачувани неколку пусти кули. Дури и на билото од планинката има еден подиум издлабен врз една голема карпа. На долната страна од градот е еден столб многу поголем и висок, а околу него е зачуван натпис со "Коине" писмо (писмото што било користено во времето пред римско ропство) што покажува дека на ова место била шталата на Александар Македонски каде што имало многу коњи, мошне поголеми од денешниве, бидејќи на столбот се издлабени во природна големина потковиците на овие коњи, кои споредени со сегашните наши коњи се многу поголеми. Овде-онде се наоѓаат доста стари паметници ширум рамнината. Дури и тие се многу поголеми од денешните во нашите градови. На 16 Август замина султанот. Поминавме по една планинска долина која се вика Кавала, свртена кон морето. Тука се наоѓа теснина во која се наоѓаат две убави тврдини, едната врз планината, а другата покрај морето, а и двете се запуштени. Меѓу овие две тврдини изгледа дека имало многу убави градини со многу овошни дрвја, што сега остареле и веќе не даваат плодови. На овие места се јавуваат и многу пирати кои ги напаѓаат патниците и ги ограбуваат. Тој ден султанот застана на една рамнина во близината на една река, наречена Аква Бруна (Црна Река). На 17 Август замина од ова место и залогорува во близината на една убава и раскошна крепост, наречена Бари, која се наоѓа покрај морскиот залив. Тука живеат Грци и Македонци. На 18 Август 1470 година замина, а потоа логоруваше во близина на една друга крепост наречена Мерканово. Тука еднаш во неделата, значи во неделен ден, има голем пазар на добиток од секаков вид, како и на секаква стока т.е. на тeписи и килими,*

*на големи количества волна, железарија, а има и изобилство на жито. Тука доаѓаат и Турци и Евреи од далечни места за да купат и да продадат. На 19 Август, султанот замина од Мерканово и конакуваше во Ѓумилѓина, која е населена со Турци и Грци. Тука има храна во изобилие.*"

Мариовско-Прилепска буна (1564-1565 ) – Мариовско-Прилепските буни се едни од првите начини на вооружен отпор против турското робство во Македонија.

Прва буна – Поради самоволието на собирачите на даноци во летото 1564 г. се кренала првата локална буна на селаните во Македонија и тоа во Мариово во периодот на раст на Османлиската империја, кога со неа владеел Сулејман Величенствениот. Водачи на буната биле Димитри Стале од с. Сатока, попот Димитри од с. Градешница, Стојан Пејо и попот Јако од с. Старавина и Матјо Никола од с. Велиште. Буната од Мариово се проширила во повеќе прилепски села. Османлискиот султан испратил наредба до кадијата во Прилеп и Скопскиот санџакбег да ги фатат водачите на буната и да ги ликвидираат или да ги испратат како веслачи на бродови. На 4 Декември 1565 г. била издадена нова султанска заповед за воспоставување на ред и враќање на мирот. Се смета дека оваа буна била крваво задушена бидејќи во тоа време исчезнале селата Сатока и Пештје (Бешиште), но сепак оваа буна е една од причините што Мариово никогаш не било исламизирано.

Втора буна – Во Декември 1565 г. започнала повторно буна во Македонија овој пат во Прилеп на преку 1000 граѓани кои поднеле тужба против незаконското собирање на даноци. Буните не биле добро подготвени па затоа биле жестоко задушени, но значајни се бидејќи се први масовни вооружени протести на Македонскиот народ.


Femme de Macedoine a Constantinople 1577.

# Македонскиот Милениумски Континуитет во Генетиката



Горе: **Графички приказ на Дезоксирибонуклеинска киселина - ДНК**

**И**ако мора да се пристапи со крајна претпазливост кога се користат генетските карактеристики на модерната Европска популација за расветлување на праисториски настани, сепак се покажаа докажано прецизни и од огромно значење истражувањата на Перичиќ (2005), Ф. Кручани [Fulvio Cruciani] во 2007-та, Анатолиј Кљосов (2008) и други, за следење на Балканската експанзија кон надворешноста и внатрешноста на Европа. Во согласност со временските термини поставени од Д'јаконов (5-ти милениум п.н.е.), истражувањето на Кручани ги следеше просторно-временските правци и патишта на две Y-хромозомски хаплогрупи[113]: E-B13 и J-M12, кои покажаа јасно совпаѓање на генеалошките наоди со демографската експанзија на Балканот од почетокот од Бронзената ера. Наодите се совпаднаа и со археолошките факти на теренот, потврдувајќи ги како правци на движење речните токови, во насока од јужниот Балкан кон северо-западна Европа. Исто така овие истражувања децизно исклучија секаква поврзаност на Балканската експанзија со воведувањето на земјоделството во Анадолија. Според зборовите на Ф. Кручани: „*Шемите на молекуларно ширење и соединување и филогеографските проценки на хаплогрупите се слични и откриваат дека генетскиот*

[113] Генетските истражувања денес достигнаа ниво на егзактна наука и во својата методологија користат т.н. генетски „Хаплогрупи“.

*пејзаж на овој регион е во голема мера последица на порастот на населението на самото место, а не резултат на проток на Западно-азиските мигранти во почетокот на неолитот*". Значи Кручани и генетиката повторно ни потврдуваат – населението во Македонија е автохтоно на овие простори, а не „*доселено во 5-6 век од зад Карпатите*" или некое друго алегорично место како што сака да не убеди Западноевропската фалсификувана историја. Тие потекнуваат од тука, а не обратно.



Кљосов е уште попрецизен! Генетската пратаковина на Македонците, (или какошто сега ги редефинира денешната наука – „*Индо-Европејци*", или всушност Ариевска раса) се испостави дека е – Македонија. (како Генетиката да "ни откри топла вода"…) И тоа не просто Балканот, туку токму регионот на Србија, Косово, Босна и Македонија. Тоа е ареалот на најстарите генетски хаплогрупи (**I**, **I1a**, **I2a**). А времето кога живееле овие наши прапредци, на кое укажуваат најстарите хаплотипови, тоа е пред 12,000 години.

До истите заклучоци дојде и Националното Географско Друштво [National Geographic Society] во својот истражувачки проект за генетско мапирање на Европа од Октомври 2005 година. Истражувањето беше извршено на генетски материјал од група луѓе, чии гени беа земени како репер, и во понатамошното испитување беа споредени со примероците на гени собрани од територијата на поширока Европа. За резултатите на ова истражување да бидат веродостојно проверени и потврдени истиот проект беше доставен на изработка и до Фондацијата за Молекуларна Генеалогија „Соренсон" [S.M.G.F.], која изврши паралелно независно испитување. Наодите и резултатите на Националното Географско Друштво и Фондацијата „Соренсон" го покажаа следново:

Од завршетокот на последната Ладна Епоха, пред околу 12.000 г.п.н.е., кога мразот

почна да се повлекува, Европскиот подконтинент станал многу попогоден за живеење и многу животински видови се размножија и постепено се вратија да живеат низ ослободените од мраз пространства. Следејќи го ова затоплување и генерална миграција на флората и фауната кон север истотака и жителите од т.н. „Засолништа“ на Иберискиот и Македонскиот (Балкан) полуостров и од Кавказот, повторно се населија низ целиот Европски континент и ја колонизираа цела Северна и Северозападна Европа.




Но, трите групи на луѓе биле толку долго раздвоени во областите „Засолништа“, што нивната ДНК со време природно мутирала, а со тоа се создале и различни генетски хаплогрупи. Така се издвоија следниве карактеристични хаплогрупи: **R1A**, **R1b** и **I** кои од овие „Засолништа“ се раширија низ цела Европа. National Geographic и Фондацијата „Соренсон“ го елаборираа генетското мапирање на праисториска Европа следејќи го ширењето токму на овие три генетски хаплогрупи:




– **Хаплогрупата R1A (Индо-Европејците) е честа во Источна Европа и се шири низ централна Азија се до Пакистан и Индија.**

**– Хаплогрупата I (Пред-Индо-Европејците) е заедничка од Македонскиот Полуостров, преку централна Европа се до Скандинавија.**

**– Хаплогрупата R1b е заедничка за земјите од западниот атлантски брег се до Шкотска.**

Нивните констатации несомнено го потврдија формирањето и ширењето на Пред-Индо-Европејците од Балканот, но и го поместија уште поназад во времето. По „рестартирањето“ на Европа со завршетокот на последната Ладна Епоха можеше многу лесно да се следи континуитетот на генетската хаплогрупа „I“ која се рашири низ централна Европа се до Скандинавија. Според генетичарите таа е присутна на Балканот во последниве 17.000 години, во северна Месопотамија како изменета „I-2a“ во последниве 15.000 години, и во Централна Европа како изменета „I-2b“ во последниве 13.000 години (по повлекувањето на ледниците).

Во Македонија Хаплогрупата I2a во Гените на Македонците е застапена дури со 32% и е потврдено дека како оригинална мутација на генот „I“ потекнува од Македонскиот Полуостров од времето на последното Ледено Доба. I2a мутацијата е многу честа и во Хрватска и Босна, и разгранувајќи се понатаму во Источна Европа зачестеноста постепено се намалува. Следејќи ги праисториските миграциони патеки, некои изданоци на I2a Хаплогрупата исто така се пронајдени и на Запад, вклучително и на Британските острови. Друга подгрупа на I2a е најдена на Алпите (Ледениот човек „Отци“), Сардинија и Корзика,

и со пониска зачестеност во Франција и Шпанија.

Автохтоната Аријанска природа на Македонците, и обратно – Македонија како прататковина на Аријанците – е несомнено потврдена и од други генетски истражувачи. Генетичарите, изучувајќи ја човечката ДНК забележаа дека Y-Хромозомските маркери именувани како Хаплогрупа R1a1 (HG3 според номенклатурата на Rosser од 2000 г.) се најприсутни меѓу Македонските народи во Европа (Белоруси, Руси, Украинци, Македонци, Пољаци, Чеси и Словаци, и т.н.) и Индо-Аријанците во Индија – 47% кај првите и 30% кај вториве. Ако се направи груба пресметка според објавените статистики, се гледа дека во Европа 61 милион од мажите кои употребуваат Македонски говори (т.н. „*Словенски јазици*“) го имаат овој генетски маркер, но на Индијскиот подконтинент нивната бројка е скоро 4 пати поголема - 240 милиони. Некој можеби ќе приговори и ќе тврди дека овој генетски и лингвистички род е можеби поради подоцнежното доаѓање на Ведските Аријанци од Индија во централна, југоисточна Европа и Македонскиот полуостров. Но, во тој случај оваквата подоцнежна миграција од југоисточна Азија наваму би го собрала попат и Фино-Угрискиот маркер на Хаплогрупата N3 (HG16 според номенклатурата на Rosser од 2000 г.) - бидејќи е широко распространет во Русија и Украина помеѓу Црното Море до Балтикот (истражувањето на Rosser од 2000 г.) и неизбежно би го донела и на Македонскиот Полуостров. Но тоа не е случај. Хаплогрупата N3 воопшто не е пронајдена јужно од Карпатите, ниту во централна Европа ниту на Македонскиот полуостров. Наместо неа е пронајдена повеќе од 20,000 години старата Палеолитска Хаплогрупа на генетскиот маркер Hg I. Највисока фреквенција на овој прастар ген е откриена и потврдена токму на Македонскиот полуостров, и е најверојатно остаток на праисториската Македонската популација која тука се развила по завршувањето на последниот Глацијален Максимум (Marjanović et al. 2005, Peričić et al. 2005). Тој ген непобитно докажува дека Македонскиот народ како носител на Хаплогрупата R1a1 бил присутен на Македонскиот полуостров многу пред воопшта таа и да се појави како специфична мутација, и секако многу пред да се појават подоцна Фино-Угрите во североисточна Европа, Русија и Украина пред околу 10,000 години.

Сите овие непобитни факти покажуваат дека Македонците се ширеле од тука насекаде, а не од некаде наваму. Генетските истражувања на Росер, Ф. Кручани, Анатолиј Кљосов, Националното Географско Друштво [National Geographic], Фондацијата „Соренсон“ и други институти само повторно ни потврдија – Индо-Европејците веќе биле присутни на Балканот, т.е. во Македонија, и тоа многу пред 7-от милениум п.н.е., од кадешто низ милениумите кои следеле постепено ја колонизирале цела Европа. И неодамнешната студија за генетско мапирање на Европа изработена од познатиот Швајцарски Институт за Генетика „И-Генеа“ [iGENEA] недвосмислено ја потврди и прецизно ја дефинира генетската припадност на Македонците. Во резултатите од студијата објавени во 2008 г. на веб-сајтот на И-Генеа, Македонците во својот генетски код го покажаа своето директно потекло од Античките Македонци, чиј генетски материјал во нашите гени учествува со највисоки 30 проценти.

Автохтоно домородно население во Република Македонија:

- Древни (антички) Македонци 30%

• Тевтони (Германи[114]) 20%
• “Словени” 15%
• Грчки луѓе 15%
• Илири 10%
• Хуни 5%
• Феникијци 5%

Со обзир на тоа дека Македонците, „*Антите*“, „*Венетите*“, „*Словените*“ и „*Илирите*“ се само различни интерпретации или ‘варијанти‘ на еден ист Македонски етникум, тогаш процентот на Македонски гени кај денешните Македонци е фактички цели 55%. Интересно е да се напомене и тоа дека упатената И-Генеа во својата студија точно ги означува единствено „*Грците*“ со додавката „луѓе“, којашто по дефиниција е општ социолошки поим (*планински луѓе*, *градски луѓе*, и т.н.) и не означува етничка група.

[114] Германи (лат. *Germanus*) од „*Гер(ман)*”, види Страо Ирски „gair”– комшија, роднина или „близок”, израз задржан и како топоним (с.Герман во Беломорска Македонија) во денешниот Македонски јазик, или како лично име - „Геро”.

# Милениумскиот Антрополошки Македонски Континуитет – Ледениот Човек „Отци Наш“

**В**о Септември 1991 г. двајца излетници на Тиролските Алпи на надморска височина од 3210 м налетаа на замрзната човечка мумија. По пријавувањето на овој наод на надлежните органи и институции, и по испитувањата што следеа во институтот од Инсбрук и други 3 генеалошки лаборатории, се покажа дека мумијата на човекот пронајден на Алпите е стара околу 5300 години. „Отци Наш“ е родум од подножјето на Вишнагора (*Višgorje* на „Сло-Венетски“, *Winschgau* на Немачки) на Алпите, која сеуште го носи своето прастаро Македонско име уште од Неолитот. Според анализите направени во институтот од Инсбрук, кои покажаа концентрација на бакар и арсен на неговата коса, се претпоставува дека тој бил калајџија и изработувал бакарни алатки и предмети. Отци Наш со себе имал и бакарна секира, нож со сечило од кремен-камен и дршка од јасеново дрво, тоболец за стрели со камен врв и голем лак од тисово дрво кој можел да стрела на далечина до 180 метри. Највредниот имот на Отци била неговата секира од бакар која е уникатна по тоа што е единствената совршено сочувана праисториска секира во светот. Западните историчари и магионичари веднаш тука поставија и претпоставка дека секирата била статусен симбол или амблем на воин или војсководецот, која само елитата можела да ја поседува. Експериментите со реконструираната секира покажаа дека секирата на Отци е подобна дури и за сечење дрвја.



Горе: **Примитивна бакарна секира, нож од кремен и други орудија на Отци наш.**

Отци Наш бил облечен во кожи и крзно од мечка, имал водоотпорна наметка од слама, појас со орудија и брезова габа за палење оган како и крзнени обувки со ѓон од мечкина кожа поставени со трева и мов. На грбот носел и ранец исплетен од лескови прачки и поткрепен со дрвена рамка.



Горе: **Илустрација на облеката на замрзнатиот човек од Алпите „Отци Наш”**

Ножот од кремен-камен бил направен од материјал од блиската Лескова гора кој се користел и разменувал масовно долж „Патот на Килибарот“, по праисториските трговски центри од Јадранско море па се до реката Висла на север. Исти такви кремени сечила се најдени и во Немачка, во прататкoвината на Шлезијските Венди и Сорби – областа на т.н. „*Култура на Чакални Огништа*“, која е земена за основа на средно-европската култура. Посебно внимание привлече и брезовата кора што ја имал Отци со себе. Анализите покажаа дека ја користел како лек и антибиотик. Остатоците од мелено примитивно жито (*Triticum Monococcum*) и овес најдени на неговата облека биле во форма на брашно за правење на леб и покажуваат дека земјоделството веќе било вообичаена пракса во 4-от милениум п.н.е. дури и на Алпите. Испитувањата на експертите од Инсбрук го лоцираа живеалиштето на Отци во подножјето на Вишнагора (Немачки „*Vinshgau*“), кадешто има траги од урбани населби и било населено место уште од најраното бронзено доба.

Првото комплетно секвенцирање на гените на Отци Наш откри богатство на детали за човекот кој крстосуваше низ Алпите пред 5300 годин. „*Тој е повеќе тесно поврзан со современите Сардинијци или Корзиканци одошто, на пример, копнените Италијани по на југ*,“ изјавија истражувачите на човечка генетика од Еурак (Eurac) Институтот за Мумии во Болзано, Италија, во студијата објавена во списанието „Комуникации на Природата“. Податок којшто и од тој аспект дефинитивно го потврди Балканското потекло на Отци. Иако истражувачите од Еурак се ограничија од понатамошно објаснување на потеклото на Сардинците и Корзиканците, сепак тој податок е доволен за да разбереме повеќе за етничката припадност на Отци Наш. Имено, познатите „Шардана“ воини од Сардинија, кои им биле и телесна гарда на Фараоните од династијата на Птоломеите во Египет, истотака се знае со сигурност и веќе е недвосмислено докажано дека биле со потекло од Македонскиот Полуостров (Балканот).




Горе: **Праисториските патишта на ширење на Индо-Европејците од Балканот**

Ваквото откритие од овие Алпски предели се поклопува совршено со претходно спомнатите правци и хронологија, како и со времетраењето на Индо-Европското распространување од југ кон север. Тоа без сомневање го потврди централниот Балкан и потесното подрачје на Македонија како прататковина и појдовна база на овие први Индо-Европејци кои ја освојувале Европа по завршетокот на последната Ледена епоха. Северна Европа од тоа време за Прото-Индо-Европејците претставувала исто што и Северна Америка за Европејците од 17 и 18 век. Но, по начинот на којшто умрел Отци наш, очигледно е дека Вишнагора во 4-от милениум п.н.е. сеуште не била толку топло и гостопримливо место за живеење.

Многубројните тетоважи што ги имал Отци наш (дури 57) се знак на шамански (од „шемои“ – свештеник/свештеници) исцелувачки и ритуални обреди. На сликава подолу од тетоважите (од десно кон лево) читаме: „Бого'-бого“ (III - III) т.е. Дионис, и „Бого' Прв“ (IIII):



Горе: **Слика на дел од тетовираните обредни слоговни симболи на богови на праисторискиот човек „Отци"**

Симболите од овие обредни тетоважи се истите слогови симболи од древно-Македонските слоговни писма од Говрлево, Винча и Каменот од Розета. Тие додатно ја потврдија културната поврзаност на овие праисториски луѓе со Балканот и Македонија, кадешто токму во тоа време се случувал интензивниот општествено-историски процес наречен „*Егејска Прераспределба*", којшто предизвикал големи поместувања на населението. Отци Наш живеел во епохата на откривањето и почетоците на употребата на металите, процес кој во вториот милениум п.н.е. веќе прераснува во историската Бронзена Епоха и постепено го опфаќа целиот Европски континент. Поместувањата и миграциите кон Север и Северо-Запад како и кон Исток се веќе константни и масовни појави кои со време почнаа да создаваат и повратен ефект. Познато е дека во тие древни времиња луѓето веќе патувале дури и до Англија за да пазарат Калај, кој се користел за правење Бронза.

# Македонскиот Милениумски Континуитет во Митологијата и Религијата

**М**итологијата и религијата се уште една повеќеслојна димензија во која се кријат доказите за непрекинатиот милениумски континуитет на Македонците. Иако и овде се вмешани прстите на Западноевропските фалсификатори, црквата и политиката, фактите недвосмислено докажуваат дека целата наша денешна (модифицирана и преправена) митологија и религија во основа се базираат на древната Македонска религија, култови на божици и божества, религиозни симболи,... На пример: 12 хороскопски знаци или 12-те апостоли[115] како и 12-те Богови-Титани[116] од древниот Македонски „*Иперборејски*“ пантеон; Богородица – овоземна жена, исто како што била обична жена и **Зее** – Божицата на Ладната Месечева Светлост во древниот Македонски пантеон, и Големата Божица Мајка **Мō** или **Ма** (врховната божица прва




Горе: **древна бронзена плакета со претстава на Големата Божица Мајка Мō/Ма (12x7x0,5-07 см, пред и после реставрацијата), пронајдена во Претор, Р. Македонија**

---

[115] Од Македонски: А-ПО-СТОЛ – „Челник(на)Град-Престол(нина)”: А – Челник, првенец, или уште и „Ас” (А – првата од картите за играње); ПО – град, (или „*Полис*” на Којне - „заеднички” јазик или Есперанто на антиката); СТОЛ – престол, престолнина („*Столица*” на Руски).

[116] Од глаголот "Татни", бидејќи громот што татни се мислело дека е гнев на боговите-титани.

заштитничка на Македонците); **Крстот –** државен симбол (грб) на монетите од античка





Македонија, којшто ги красел и рамениците на Александар III Македонски и неговите соборци повеќе од 10 и пол века пред Кристијанството да го усвои како свој симбол.



И што со крстилниците на Плаошник, Белазора, кај с. Бразда, и др. за кои историчарите и црквата ќутат, оти незнаат како се нашле тука во Пред-Кристијански период многу векови пред појавата на Кристијаните, и кого „покрстувале“ во 7-6 век античка Македонија. И пак -

првите Кристијани во Европа се од Македонија. Или како митолошката претстава за теонимот на Македоните, Македон, од син на Дион и Адраја станал „*вонбрачен син на Зевс и* (*Ај*)*Тија*"; и зошто според врховниот бог Дион бил крстен првиот месец од древната Македонска година, а Новата Година почнувала на Првата Млада Месечина во Октомври; и т.н. Но сето ова наше минато е толку заплеткано и заматено од западните Евроцентрици што и самиот бог Македон сега да слези од небото нема да може да ја отплетка работата. Но ете, понекаде и самите Евроцентрици, несакајќи, ги откриваат старите вистини што самите ги забошотуваат и кријат:




Античкиот град Дион истотака своето име го должи на најважното македонско светилиште – храм посветено на Дион/Ѕевс, водач на боговите кои живееле на македонската планина Олимп (Ѓупците-Данајци на Пелопонез си имале друг Олимп, а уште еден Олимп имало и во Мала Азија). Како што е запишано во 'Каталогот на Жени' на Хесиод, Тија, ќерката на ДеуКалион, на Дион/Ѕевс му родила два сина, Магнет и Македон, епоними на Магнетите и Македоните, кои живееле во Пиерија во подножјето на планината Олимп. Оттука, од многу дамнешни времиња, голем олтар бил поставен за обожавање на Олимпиј Ѕевс и неговите ќерки, Музите, во единствена средина која се карактеризира со богата вегетација, високи Дабови дрвја, безброј извори и пловна река. Поради оваа причина Дион бил свето место на древните Македонци.

Имињата на Дион[117] и Тија/Адраја (Ајтхрија/Ајтхиа/Фтија), што не се среќаваат во други извори, од препишувачите и издавачите неаргументирано биле преправани во "*Диос*", и преку аспиративната мутација на 'Д' во 'Т' понатаму во "*Теос*", Латински "*Деус*" и/или "*Зеус*"[118], и Адраја во "*Тхиа/Фтија*". Од другите две верзии очигледно е дека Дион е изворно Македонско

[117] Дека Дион е точен и постар облик покажува фактот дека во светилиштето во Додона заедно со Дион/Диос/Ѕевс се почитувало женско божество по име Дионе, како и од името на Леивино Дионис.

[118] Пример: [д] → [ð] → [з] https://en.wikipedia.org/wiki/Lenition#Sonorization

слоговно име за “*Диос/Ѕевс/Зеус*” и дека станува збор за имињата на Македонскиот Ѕе/Ѕевс и на неговата сопруга Адраја/Ајтхриа.

Во оригиналната Македонска верзија на митот за Македон тој бил син на Дион и Адраја/Ајтхриа, додека во латинизираните верзии имињата на божествата се прилагодени на новокомпонираните “хеленски” псевдоними. Впрочем и светиот град на Македонците Дион во подножјето на Македонската планина Олимп ја следи Македонската јазична форма на именување, која јасно се гледа во овој чисто Македонски теоним.

Истотака од еден друг мит богот на сонцето Иле, се вљубил во големата божица мајка Ма, и од нивното соединување се родил Македон – на ‘Ма чедото‘ (Ма-Чедо).

Од античките писатели дознаваме и дека на крајот на 5-от век п.н.е. Македонскиот крал Архелај токму во градот Дион го основал фестивалот „Олимпија“ (кој нема врска со „Олимпијадата“ на Семитските Данајци од Пелопонез), кој траел девет дена, со секој еден ден посветен на една Муза. Фестивалот вклучувал и игри во чест на Дион/Ѕевс и Музите. Но, забележителна е и нивната врска со Леивино Дионис, кој се споменува на натпис кој датира од периодот на последниот македонски крал. На постаментот на почесната статуа на Персеј (179-168 г. п.н.е.) се споменува дека „Музаистаите“, односно обожавателите на Музите и Леивино Дионис, кои заедно формирале заедница на обожаватели, ја посветиле статуата на кралот на Музите и на Леивино Дионис, за да ја почитува неговата доблест, неговата добронамерност кон нивниот „Коинон“ („Заедница“ на древно Македонски), и неговата правоверна побожност.[119] Така да блиската поврзаност на Дион/Ѕевс со Леивино Дионис можеби и не е само во Македонскиот теоним ‘Дион’ којшто двете божества го имаат во своите имиња.

Античките Македонци, како и сите други народи имале свои особености што го сочинувале нивниот специфичен религиски идентитет и многу почисто од другите индоевропски племиња го зачувале прастариот индоевропски троен белег на владетелот: **власт** = крал/монарх, **војна** = крал/врховен заповедник, **здравје/напредок** = крал / врховен свештеник, што се́ гледа од почестите одавани од Македонските кралеви на трите божества Дион/Ѕевс, Иракле/Херакле (или на „Атена“ - Ма) и на Асклепиј, чиј свештеник бил епонимен во Македонските градови.




Горе: **златна пара од Филип II со симболи на 3 божества – лакот на Аполон (татко на Асклепиј/Ескилап), мотката на Иракле и трозабецот на Посејдон**

[119] Основата на оваа статуа подоцна беше преработена во главен постамент на дорска колона и подоцна се користеше како градежен материјал за изградба на приватна римска куќа, каде што беше и пронајдена. Од “Δίον 1999. Μουσαϊσταί-Βασιλεύς Δημήτριος,” D. Pandermalis, AErgoMak 13 1999.

Како и да е, има повеќе од доволно други докази и сведоштва за посебноста на Македонскиот Пантеон и богови. Тука, за воља на вистината, накратко ќе споменеме само неколку, чисто за пример.

Еден таков крунски доказ е и сочуваниот древно-Македонски календар[120], бидејќи и самото постоење на засебен Македонски календар неизбежно значи дека има и засебен Македонски пантеон, бидејќи и за сите месеци, недели и денови, исто како и денес (кога за секој ден има светец) и тогаш си имале специфични божества, за секоја дата и пригода.

**Дион** – (месец октомври/ноември) 1-в и месец на врховниот бог Дион (Dii / Dios / Dzevs / Dyaus…), плус име-топоним на истоимениот Македонски свет град Дион.

**Апелајо** – (месец ноември/декември) 2-ри и месец на богот хермафродит Аполон (Аполо / Апулу…)

**Авдунајо** – (месец декември/јануари) 3-ти и месец на богот Авдунај (и/или Адонис/Дионис, но во случајов посведочен од Хезикиј Александриски како Македонскиот Посејдон/Нетунс/Нептун)

**Перитио** – (месец јануари/февруари) 4-ти и месец на богот Персеј (?); Македонците го нарекуваат и „кучешки месец“.

**Дустро** – (месец февруари/март) 5-ти и месец на богот (Дјаус/Дјаоло/Диос) Трос (наводно основач на Илион/Троја) истотака и име на истоминетиот свет град Илион и/или Илус / Илиос.

**Ксандик** – (месец март/април) 6-ти и месец на богот на сонцето Xandus (Македонски бог-заштитник на армијата).

**Артемисиј** – (месец април/мај) 7-ми и месец на врховната божица Артемида Пасикарата (Артемида/Дијана).

**Даисио** – (месес мај/јуни) 8-ми и месец на божицата Зеирене (Зирен/Церес/Черес).

**Панемо** – (месец јуни/јули) 9-ти и месец на универзалниот бог на природата Пан (или Пас).

**Лоијо/Лоос** – (месец јули/август) 10-ти и месец на богот на војната Арес (Марс).

**Горпеј** – (месец август/септември) 11-ти и месец на „Горниот“ бог Орфеј (Горпеј).

**Уперверетајо** („на оние кои го надминаа својот мандат“)[121] – (месец септември/октомври) 12-ти и месец на богот Арес (Марс).

---

[120] https://en.wikipedia.org/wiki/Ancient_Macedonian_calendar

[121] Од „Упер/Хипер“ - „Зад, Преку“: https://www.etymonline.com/word/hyper-?ref=etymonline_crossreference и „Веретај“ – ‘Проверено‘:

**Уперверетајо Емволимо** – 13-ти престапен месец еднаш во текот на 19-годишен циклус.

**Перитиј Емволим** – 14-ти (Царски) престапен лунарен месец, забележан во „Финансиската година“ на 1-ви август 228 година п. н.е.

Овој Македонски календар докажано е дека бил познат се до 7-от век, а многу веројатно и подоцна. Посебно е спомнат во „Словото за опсадата на Константинопол“ од 626 г. кој документ врз основа на некои податоци најверојатно е црковниот говор на Теодор Синкел искажан на 7 Август 627 година на првата годишнина од опсадата, и содржи исклучително детални описи. Во еден дел од говорот ги спомнува Македонците, Евреите и Ромеите и како месецот Јули/Август се нарекува на нивните јазици:

**Лоос** на Македонски
**Ав** на Јудејски
**Август** на Ромејски

Друг таков специфичен доказ за неверојатната старост на Македонската религија и традиции е Ритуалот за Прочистување на Армијата со поминување на цела војска на чело со царот помеѓу две половини на расчеречено куче, кој се практикувал на фестивалот Ксантика.[122] Колку и да ни изгледа од денешна перспектива суров овој древен апотропејски ритуал, тој сведочи за македонскиот милениумски континуитет и нераскинливите врски со Македонските племиња и нивните родови заедници од Мала Азија, бидејќи историографијата знае за потполно ист таков ритуал кој го изведувале и Хитите во 2-от милениум п.н.е.[123] Дали овој ритуал бил донесен од Македонија или обратно допрва треба да се открие и докаже. Но тоа и не е толку битно, она што е битно е дека културната и цивилизациска поврзаност на Македонија со Мала Азија во тек на последниве 3 милениуми има нераскинлив континуитет.

Секако, една од најголемите културни разлики меѓу Македонците и многу покасно Доселените (Хелените) Семитски Данајци е погребната традиција. Древните Македонци како и денешните имале огромно почитување на култот кон мртвите, кое во многу наврати е посведочено со нивните раскошни и грандиозни гробници, како и со множеството од подземни (Хтонски) божества и даимони/даемони, погребни ритуали и обичаи.[124]

Следниот истакнат обичај што беше (и сѐ уште е, барем во Македонија) практикуван и карактеристичен за древните Македонци (и за Етрурците) е ритуалот на кршење јадец (клучната коска на птици во форма на буквата V), со тајна желба која му се исполнувала на лицето што ќе го открши поголемото парче. Се верувало дека дури и кокошките се предвесници на настани заради тоа што навестуваа положување на јајце со кокодакање. Обичајот кој во Етрурија е датиран во 400 г. п.н.е., но истотака и во исто време посведочен во Македонија и многу векови пред тоа. Македонците во античко време беа подеднакво

---

https://www.etymonline.com/search?q=verify ; всушност од „Вера“ – ‘вистина, кредо‘ на Македонски јазик: http://www.makedonski.info/search/vera#%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B0/%D0%B6

[122] https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/article/view/355

[123] https://www.jstor.org/stable/3515905?seq=1

[124] https://eurobalkan.academia.edu/LidijaKovacheva

заинтересирани за оваа традиција на суеверие и гатање, па дури дотаму што изработуваа и керамички садови со специфични рачки во форма на јадец.

На следната страница: **цртеж и слики на разни глинени садови од светилиштето на Големите богови на островот Самотрак и на други садови од македонски тип од различни региони во внатрешноста на Македонија: керамички садови со рачки во форма на јадец од локалитетите Манастир-Чашка, Уланци, Кокино, Пелагонија и т.н. во Република Македонија**




















Оваквата рачно изработена Македонска керамика со кафеава боја се користела низ цела античка Македонија уште од Неолитот и Старото Бронзено Доба па се до Средното Бронзено

време, а меѓу најкарактеристичните типично Македонски форми се констатирани токму садовите со рачки во форма на јадец.[125]

Но повторно, пред да се посветиме на сведоштвата за Македонските древни богови, полубогови, херои и нимфи, ќе мора да се позабавиме со умоболните Евроцентрични манипулации кои не ја одминаа ни нашата Македонска митологија.

Поради исполитизираноста на прашањето за етничката припадност на античките Македонци, за чие определување, по јазикот, религијата е втор елемент по важност. Со ретки исклучоци, сѐ уште се изучува во рамките на "хеленската" религија. Но, ако се сака да се дојде до непристрасни научни резултати, религијата на двата народа треба да се изучува одделно за да може да се утврдат нивните особености, и дури тогаш да се види дали нивната религија била иста, слична или различна.

Направената споредба покажува значителни разлики, што е разбирливо, ако се знае дека Македонците љубоморно ги чувале своите прататковски обичаи како на религиски план така и во општествено-институционалната сфера. Имено, иако имале долготрајни врски со соседите, во прв ред со (доселените) "Хелени", Македонците сепак ги задржале своите особености сѐ до крајот на нивната историја. Токму затоа, "хеленските" имиња на Македонските божества во книгава[126] се ставени во наводници секогаш кога не беше можно да се открие (старото) Македонско име, зошто во најдобар случај станува збор за означување на Македонски божества соодветни на божества од хеленската религиска сфера. Во наводници е ставена и ознаката "Тракија" со која "хеленските" автори го означувале северно Егејско крајбрежје, кое подоцна станало (погрешно) етничко обележје за племињата источно од Места (Nestos).

Важно е да се знае дека врските на Македонија со Истокот, биле многу постари од оние со "Хелените" ("Доселените"), та затоа од туѓите култови најбројни се ориенталните (Египетските и Малоазиските), што се шереле со трговијата, за разлика од Римско време кога први носители се војниците, а потоа трговците.

Во науката долго време преовладуваше мислењето, а многумина се́уште мислат дека Олимписките богови биле прифатени од Македонската кралска куќа која била "хеленизирана", и дека народот имал многу други богови и дајмони.  Тоа биле *Веду*, *Вика*, *Сабазиј*, *Дарон*, *Se*, *Арантидите*, *Менадите*, *Савадите*, *Патрос*, *Таулос*, *Тотоес*, кои некои (тотално погрешно) ги нарекуваат "Тракиски" поради географскиот термин *Thrake* (буквално 'Копнен-Тракт') што од (доселените) "хелените" морепловци кои допловувале од југ до копното  се користел за северното Егејско крајбрежје (според лингвистите *Thrake* значи 'копно, копнен тракт', а не етнос). Поради овој општ термин потоа со ова име погрешно се именувала големата група на племиња источно од реката Нестос (Лат. Nestos, денес Места) и

[125] Walter A. Hurtley "Prehistoric Macedonia, an archaeological reconnaissance" стр.128-130.
[126] „Религијата на античките Македонци" од Наде Проева.



ако не се пази на овој факт тоа ги усмерува изучувањата во погрешен правец и неминовно доведува до погрешни заклучоци и внесува недоразбирање. Поради погрешните толкувања на ознаката „*Тракија*" (*Thrake*) многу локални божества, или локални варијанти на Македонските божества, иако не се посведочени кај "Тракијците", како на пр. локалниот бог *Theos Surgethes*, посведочен во Филипи, досега биле и сéуште (погрешно) се толкуваат како "Тракиски".

Затоа, кога се изучуваат локалните божества од пантеонот на античките Македонци, постојано треба да се има на ум дека античките автори за североисточниот егејски брег сé до Пропонтида го користеле географскиот термин „Тракија", но истотака и за крајбрежниот дел на Тесалија и Истра („Тракија" - буквално од „Тракт/Дел од поголема целина" на некое парче земја или вода)[127], па мора да се води сметка за природните географски и етнички граници на Македонија, зошто се знае дека (и) Римјаните ги формирале провинциите според етничкиот принцип.

Освен ознаката „Тракија" (Thrake) двојно значење има и ознаката „Олимписки богови". Имено, старите автори (Hes., s.v. Pierides; Theophr., Hist.Plant., III.11.5) изрично пишуваат дека Олимп е Македонска планина, а географот Страбон дека се наоѓа во Македонија (Strabo X, 471). Во нејзиното подножје лежи и светиот град Дион, најголемиот религиски центар на Македонците, каде било главното светилиште на македонскиот Дион (Ѕевс) додека светилиштето на хеленскиот Ѕевс било во обласа Елида на Пелопонез. Значи јасно е дека ознаката олимписки богови во античките извори за Македонија се однесува на македонските божества, а не на 12–те хеленски божества нарекувани „олимписки" зашто планината Олимп била нивно замислено седиште. За жал, овие податоци досега биле занемарувани и воопшто не се водело сметка при изучувањето на македонската религија.

Понатаму треба да се споменат оригиналните македонски имиња на божествата и нивните епитети (како на пр. *Pseudanor*, ексклузивен епитет на македонскиот Леивино Дионис, посведочен само во Македонија), потоа неколкуте божества што не се посведочени кај другите народи,во прв ред воените божества (Ма – Енио/Атена во intererpretatio graeca, и нејзиниот машки пандан Ксандос чиј соларен карактер со текот на времето бил потиснат од воениот), светлосните (Адраја, Етеуданик) и исцелителните Беди, Дарон, Драко и Дракајна). Исто така треба да се споменат и специфичните обичаи како што се воените (лустрација, непоставување трофеј на бојно поле и др.), посветување на робови на богот Леивино Дионис, што не е вообичаено за другите машки божества, обележување на зрелоста со ритуална травестија и др.

[127] https://www.etymonline.com/search?q=tract



За разлика од “Хелените” (“Доселените”), Македонците биле прилично конзервативни (како и денес) и љубоморно ги чувале прадедовските обичаи во сите сфери, та така и во религиската, што било особено изразено кон религијата на римските освојувачи, со исклучок на „задолжителниот“ императорски култ. На прв поглед се чини дека најраширени биле“хеленските” божества, но ако се води сметка за “хеленското” толкување (interepretatio graeca) јасно е дека тоа е само “хеленско” руво на Македонската религија и дека впечатокот е лажен. Од туѓите божества во Македонија најмногу се посведочени ориенталните зашто врските на Македонија со источните народи, а со тоа имеѓусебните влијанија, биле многу постари од оние со “Хелените” (“Доселените”), та затоа "хеленските” и римски култови ги има во многу помала мера. Од ориенталните култови во Македонија застапени се Малоазиските, Иранските и Египетските. Од Малоазиските треба да се споменат „*Кибела*“ Сириската Божица (*Dea Syriaca*), *Атаргатис*, *Артемида Ефеска*, и *Јупитер Долихенски*. Од Египетските најчесто е посведочен Амон (Ѕевс), а од "хеленистичко" време кога најмногу се создавале синкретистички божества, култот на *Серапис* и *Изида,* синкретизираната *Изида – Тихе*, *Изида – Фортуна*, *Анубис*, *Херманубис*, *Харпократ*, и *Бес*. Треба да се каже дека во Александрија, светската културна престолнина, култот на двете египетски божества *Изида* и *Серапис*, биле во таа мера прилагодени (interepretatio macedonica) што слободно може да се рече дека станува збор за нови (Македонизирани) божества. Туѓите култови неминовно придонесувале за религиски синкретизам, процес што особено зел замав во текот и по завршување на походот на Александар Македонски на Истокот, та може да се рече дека бил главен белег на религијата во хеленистичко време. Тоа е особено изразено во Египет. Имено поради специфичниот изглед на египетските божества тие не биле само поврзувани со домашните (Македонски) како

на пр. *Херманубис*, туку и прилагодени на Македонските богови.“[128] – Во контекст на ова последново и пример за неповратната транзиција од анимизам кон антропоморфната религија





нуди нашиот најславен и најкосмополитски Македонски цар, Александар Велики. Како основач на градот Александрија, додека бил во Египет, тој одбил да му се поклони на светиот бик Апис, „*изјавувајќи дека е воспитуван да обожува богови, а не добиток*“. Неговата пророчка изјава беше потполно потврдена во следните векови, а моќниот божествен бик од свето животно стана само жртва на боговите и ритуалите (пред сè на Митра, кој беше следниот од лозата на соларни аватари и небесни рогати-богови *Дјаус*, *Папајус*, *Кераунос* , *Леивино-Дионис*, *Аполон*…), и за на крај да стане само најобична закуска за сите свечени или религиозни прилики.



[128] „Религијата на античките Македонци“ од Наде Проева: https://www.academia.edu/45084287/La_religion_des_anciens_Mac%C3%A9doniens_Skopje_2014_Combined?fbclid=IwAR1bFEMkHMkroeESSZNIj44YFSRzhK8igAurGIG6porjXy7CN8FvhtHkX8M

## Табела на Македонските богови поделена според нивните сфери на делување и моќ:

| Небесни божества | Воени божества | Плодоносни божества | Женски божества | За Здравје божества | Хтонски божества и верувања | Водени божества |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дион** (Севс)<br><br>**Адраја/**Ајтриа<br><br>**Аде** (Уранус)<br><br>**Илиј** (Хелиос)<br><br>**Аполон Отеуданос**<br><br>**Диона** (Дивна) | **Гигаја/Гига** (Athena)<br><br>**Ма/Енјо** (Athena/Bellona)<br><br>**Арото** (Arotos) (Lat. *Hercules*)<br><br>**Кандаон/Ксандо /Таулос** | **Леивино Дионис**<br><br>**Пан**<br><br>**Кабеири**<br><br>**Хермес** | **Големата Божица Мајка**<br><br>**Деа Пасикрата**<br><br>**Гаја**<br><br>**Деметра-Изис**<br><br>**Артемида**<br><br>**Вендида**<br><br>**Котида**<br><br>**Енодиа** (Hecate)<br><br>**Зеирена** (Afrodite, Jrania,Venus)<br><br>**Драстеја/ Адрастеја** Lat. Nemesis, Praxidica) | **Дарон**<br><br>**Веду**<br><br>**Дракон и Дракајна**<br><br>**Асклепиј**<br><br>**Хигиеја** | **Деос Хипогајос**<br><br>**Ад** (Hades)<br><br>**Тотоес/Туту** (Химера)<br><br>**Керун/Черун** (‘Черен’/Црн)<br><br>**Серапис**<br><br>**Селена**<br><br>**Задгробен Живот**<br><br>**Орфизам** | **Адонајос** (Посејдон)<br><br>**Нимфи**<br><br>**Речни богови** Океанос Аксиј Вардариос Струмон Волганос<br><br>**Таласа** |
| Титани | Полубогови | Даимони | Музи | Култови | Воени Традиции | Обреди и Ритуали |
| **Бриареј/Егеј**<br>**Кронос**<br>**Кот**<br>**Гиг** | **Орфеј**<br>**Линос**<br>**Тамурис**<br>**Нике**<br>**Силен** | **Агатос Даимон**<br>**Вика** (Сфинга)<br>**Грифон** | **Менади**<br>**Пиериди**<br>**Пиплеаи**<br>**Тоуриди** | **Култ на Хероите**<br><br>**Култ на Сонцето**<br><br>**Култ на** | **Лустрација**<br>**Воени Танци** | **Крстење**<br>**Плодност**<br>**Зрелост**<br>**Свадба** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Водата**<br>**Култ на Соништа**<br>**Култ на Змијата**<br>**Архајски Погребен Култ** | | |

Но, за да ја искористат и прилагодат митологијата и религијата на нивните актуелни империјалистички потреби, разните преработувачи и раскажувачи на митови и легенди – си напишале нивни измислени верзии и „*факти*". Така на пример од „*Латински извори*"[129] ни „пренесуваат" фрагменти од изгубеното дело на Езиод[130] – '*Каталог на смртните жени*', во кој наводно пишувало дека Македон „*бил син на богот Зевс и Тија*." Како, кога не постои примерок од оригиналот ниту пак знаеме како тој изгледал или што содржел? Таканаречените „*Латински извори*" се преработки и преписи од преписи по којзнае колку пати…

Езиод (Лат. Hesiod) ја напишал и „*Теогониа*", во која се спомнува и Македонската митолошка верзија на постанокот на светот, но и од ова дело не постои примерок од оригиналот, а низ вековите и милениумите од кого се не било препишувано и менувано. Според ваквите измислени толкувања „*тоа било во времето веднаш по потопот што го прeживеале Девкалион и Пира, чија ќерка била Тија* (Адраја/Ајтхриа/Фтија)*, мајката на Македон*." Дури и Тукидид[131] го знаел тоа и кажал дека митот за „*Девкалион*" е само измислена генеалошка конструкција и лага, подоцна превземена од конвенционалната[132] западна историографиа за пополнување на новокомпонираната „*Грчка*" митологија и Евроцентрична сценографија од 19 век. Ниту Хомер не спомнува никаков „*Девкалион*" ниту пак споменува личности или настани кои се поврзуваат со него.

Слична претпоставка како таа за кажувањето на Езиод (повторно според „*Латински извори*"!) имаме и за древномакедонскиот историчар Марсија од Бела[133], за кој „*Латински извори*" претпоставуваат дека наводно запишал дека „*таткото на Македон бил Дион* (*Sевс* и/или *Дионис*)[134]*, а мајка му се викала Ајтрија или Ајтија (Тија)*." И од неговото дело

[129] Gaius Julius Solinus, „*Збирка на знаменитости*", 3-ти век.

[130] Езиод (*Hesiod*), древен поет од 7 век п.н.е.

[131] „Не е само „(Х)елен" пост-фактум генеалошка конструкција без никаква позадина во Херојската ера. Истото важи и за другите членови од првобитната група, имено, синовите на Хелен Ајолос, Дорос, и Ксоутовите синови Ион и Ахај. Сите тие, со можен исклучок на Ксоутос, очигледно не се ништо повеќе од продукти на генеалошка шпекулација, измислена во подоцнежниот период за пополнување на историската поделба кај Грците." Цитат од "Greeks and pre-Greeks: Aegean prehistory and Greek heroic tradition", AvMargalit Finkelberg, стр. 31.

[132] *Конвенционална*, во превод „прикладна" или „одговарачка", од Италијански *Con-Viene* – „оди-со"/„пасува".

[133] Бела (или *Pella*, од „*Грчки*" - *MPella*), древната Македонска престолнина.

[134] Оваа верзија на потеклото на Македон е релативно поблиска до вистината, со обзир на неоспорното постоење на светиот Македонски град со тоа име - Дион, ситуиран на Западниот брег од Термајскиот залив на Егејското море, во Македонската област Пиериа.

„Македоника“ не постои зачуван оригинал, туку се работи повторно за преписи и реконструкции од Римски и подоцнежни автори. А сосема е јасно колку овие автори можеле да бидат објективни во однос на една токму од нив поразена империја – Македонската.

Според најверодостојната реконструкција на преданието, за каква се смета таа на Диодор Сикул[135], Македон, синот на врховниот бог Ананеца, (или „*Озирис*“ според денешната Западна




Горе: **Ор/Орус (Лат. *Horus*, *Орел* на Македонски) бог на небото, неговата мајка Изис и татко Озирис, бог на подземниот свет**

терминологија) и божицата Ананеча (или „*Изис*“)[136], кои припаѓаат на првиот круг на врховни Египетски) божества, т.е. на 5-та династија на владетели (2500-2340 г.п.н.е.), бил првиот митолошки цар на Македонија. Според ова предание, Врховниот Небесен бог Ананеца („*Озирис*“, или Лат. *Deus*, Коине: *Theoi*, Мкд. *Див/Дион/Титан*) ја поставил Ананеча („*Изис*“) да владее во негово одсуство, додека тој со двата сина – Анубис и Македон („Вепвавет“ или „Упаут“ на древно Египетски), тргнал да го освојува светот. Кога стигнал во Македонија,

---

[135] Лат. Diodorus Siculus, 90-20 г. п.н.е., автор на книжевното дело „Библиотека“.

[136] „Озирис“ (*Osiris* или *Buziris/Bousiros*) и „Изида“ (*Isis*) се „Грчка интерпретација“ (Interpretatio Græca) на Египетските фараони/божества од 18-та династија Ананеца и Ананеча, забележани со изменети имиња како „*Озирис*“ и „*Изида*“ во новата „Аријанска“ историографија од 19 век.



Ананеца (или „*Озирис*“) го убил кралот *Ликург*, и на освоените територии го поставил за владетел својот син Македон (или „Вепвавет“)[137]. Додека пак Анубис се вратил пак назад во татковината каде и тој станал владетел-фараон и бог. Земјата со која завладеал Македон (околу 2340 г. п.н.е.) оттогаш станала позната под етнонимот *Македонија*. Македонија е фактички и единствената земја во Европа и пошироко која сеуште го носи своето оригинално древно име и по речиси четири и пол милениуми.

[137] https://ralphhaussler.weebly.com/wolf-mythologie-egypt.html - Во градот Асјут, богот Вепвавет бил почитуван во форма на волк. Вепвавет е тој што „Прави пат“, водич, на пример – водејќи ја војската во битка, отворајќи го патот до победата на фараонот, исто така како „Водич“ на небото, а подоцна се веруваше дека тој го води починатиот во небесниот свет. Честопати е прикажан како волк како стои на прамецот на сончевиот брод.




Но, во меѓувреме во Египет и низ Егејот настанале крупни религиозни промени. За врховен бог на Египетскиот пантеон бил поставен Сонцевиот бог Ра. Дион/Дионис или Ананеца (т.е. „*Озирис*") во задгробниот живот бил преименуван во „*Амон*" и бил поставен за бог на плодноста и подземниот свет, бидејќи задгробниот живот заземал посебно значајно место во тогашното Египетско (но исто и во Македонското) општество. Тогаш, Ананеца или „*Амон*" пред да биде наречен „*Озирис*" добил уште едно име, со кое повторно се појавува и во Македонија, кадешто во Термајскиот залив за првпат се појавило неговото ново митолошко име – *Дионис* или *Дионизиј*.[138] Езикиј (Hesychius) од Александрија го забележал неговото Македонско име – "***Леивино*** *кој е Дионис кај Македонците*". Значи уште тогаш Богот на Виното бил точно така именуван на Македонски јазик како '*Тој што Лее-вино*', уште пред 3-4

[138] Биографијата на богот Дионис се поклопува со Зодијачката (Астролошка) ера на Бикот и на големиот Медитеранско-Египетско-Асиро-Вавилонски култ на бикот Апис, бидејќи опишува личност која била современик на Тезеј и Минотаурот, ако не и иста личност (*Тезеј / Дионизиј*). Дионис всушност претставува и митолошка интерпретација и врска со светиот бик Апис („*Озирис Апис*" или „*Серапис*") и најчесто бил прикажуван со воловски рогови на челото или во форма на бик.



илјади години. *Леивино Дионис* кај Македонците всушност бил само уште една манифестација на праисторискиот Небесен Бог-Татко на природата и плодноста, што татнел со громови (значи Небескиот 'Титан/Татни') симболизирани преку Воловските Рогови што ги имал Леивино Дионис, кои во неговата порана праисториска форма, пред развојот на сточарството, биле претставени преку Еленските Рогови, а оваквиот Небесен Рогат Пра-Бог на



природата и плодноста (Лат. Keraunos) бил познат уште од Каменото Доба. Но, во времето на Земјоделието и Сточарството неговите Еленски рогови биле заменети со Воловски, бидејќи биле подостапни, и бидејќи стоката во меѓувреме станала новиот симбол на моќ, духовност и благостојба, па нејзините форми и симболи преминале и на боговите.

За потеклото на Македонците зачувана е и легендата за епонимната прамајка – Макета, што е одраз на матријархалната фаза од развитокот на општеството. Податокот за митската прамајка на Македонците е од Македонскиот историограф Марсија, зачуван кај Константин VII, Порфирогенит (905-959 г. н.е.): “*Дел пак од Македонија се нарекува Макета, како (што вели) Марсија во првата (книга) за Македонската историја, а и Орестида ја нарекуваат Макета според Македон. Но дека и цела Македонија некогаш Макетија се нарекувала знае и Клејдем во првата (книга) за историјата на Атика.*” - Константин VII Порфирогенит, ‘За темите’, 2.[139]

[139] Дека овој податок е точен покажува и податокот на Еродот кој запишал дека реките Loudias (Мегленска река) и Haliakmon (Бистрица) ги слеваат водите во едно корито и ја делат Ботиајида/Ботиаја (Bottiaiida/Bottiaia) од земјата Македонида (oi ourizousi gen Makedonida – Еродот VII,127). Името Макета за областа Орестида (Костурско) како и за цела Македонија покажува дека Аегеади/Аргеадите потекнуваат од Аргос Орестидски, како што впрочем пишува Апијан (Syr, 63), а не од Арголидскиот Аргос на Пелопонез. Страбон запишал (VIII, 372) дека „Argos“ значи рамнина, и дека зборот бил Македонски и Тесалски. Градот навистина бил во рамнина (денес кај с. Крупишта – Костур), и сево ова уште еднаш покажува дека династијата Аегеади/Аргеади е со Македонско потекло,

Во античко време овие праисториски божества добиваат нови особини и имиња, па така во источниот Медитеран локална варијанта на Големата Божица Мајка била почитувана во Фригија, заедно со нејзиниот придружник *Атис* (уште една манифестација на богот на природата и плодноста), чие раѓање е на 25 декември, а ритуално умирање на 22 март (на Младенци), кога неговото свето дрво Даб се носело во храмот на Големата Божица Мајка - Мо/Ма или Сибеле/Кибела/Кубаба, за време на нејзиниот роденден), и негово повторно воскреснување на 25 март (празникот *Hilaria*), кои се славеле до крајот на антиката – исто било и со раѓањето и жртвувањето и на Леивино Дионис и со тоа на



Десно: **Дионис со воловски рогови на челото**

Митра, за најнакрај овие универзални датуми да бидат преземени од Кристијанството **-** носењето на дрвениот крст со распнатиот Христос и воскреснување на Христос, кое истотака паѓа на пролет.

Подоцна пак, во античкиот период, со доаѓањето на Семитските Данајци (наречени "Доселени/Хелени") Египетскиот врховен бог Амон повторно се појавува на Пелопонез како „ново“ божество заедно со новодојдените Кадмејци и Данајци ("Доселени/Хелени" од Етиопиа и Судан) – овојпат како „*Амон-Зевс*“ (спој од Египетскиот 'Амон' и Македонскиот 'Se/Sевс') но, овојпат и со симболите на Богот *Змија* на Данајците.

---

од Аргос Орестидски-Македонски, а не Пелопонески.



Леивино Дионис подоцна доселените Данајци истотака го присвојуваат од Македонците и како посебно божество во нова улога – сега се појавува како син на „*Зевс*“ и „*Тија*“… И така, за да ја изврtат и некако да ја прилагодат приказната, разните препишувачи и раскажувачи на митови и легенди – дошле и до верзијата на Македон како „*син на Зевс и*

*Тија.*“

Има легенди и за некој Ематион кој бил внук на Тројанскиот крал Лаомедонт, во чие време власта на Троја (Илион) се протегала се до реката Пенеј, и на Струмо (мајка на Тритон). Очигледно е дека со оваа легенда се објаснуваат состојбите во тоа време. Индикативно е името Струмо (ќерка на речниот бог Скамандар), со ист корен како и името на речниот бог Струмон во Македонија, кој значи исто – струење на вода, воден ток.

Во објаснувањата кај стихот бр. 427 од описот на земјите (Periegesis Tes Oikoumenes) од Дионис, II век н.е., се вели дека сегашна Македонија порано се викала Ематија, според Ематиј, кој бил син на Диос и на Електра, што е “хеленска” адаптација на легендата за Ематиј. И географот Страбон запишал дека Ематија било старото име на Македонија:

“*Она што најпрво Ематија се викало, сега е Македонија. Ова име го добила одамна според некој од предводниците по име] Македон. Имаше и град Ематија крај морето.*” (Strabo, Geographia, VII, fr. 11 E)

И покрај сите овие верзии и интерпретации во текот на последниве 3000 години, и покрај сите надчовечки напори и сесрдното залагање на генерации и генерации на Римски, Византиски, Руски, Ватикански, и секакви други црковни препишувачи и плагијатори на историјата, западноевропските фалсификатори сепак не успеале да го избришат или променат името Македон. Тоа било и останало теоним на Македонија дури и по 4350 и кусур години. Факт со кој не може да се пофали ниту една друга земја, нација или билокаков друг денешен ентитет. Ниту пак можат со измислената таканаречена "*Грчка Митологија*" да го скријат вистинското потекло на боговите и митовите кои се Македонски. За тоа Ѓорѓи Вилијам Кокс [George W. Cox] во неговата книга "Митологија на Ариевските Нации" на стр. 96 пишува: "*Ѕсушност* (таканаречената) *"Грчка религија" беше мешавина и преЅземена од други раси – Лелегите и Каријците, Траките и Пелазгите – заедно со Ѕлијанија од Азија и Египет. Па така Гаја и Илиј* (Лат. *Helios*) *припаѓаат на Пелазгиската, Посејдон на Каријската и Феникиска религија. Палас Атина била истотака Пелазгијска, како божица на природата и елементите, исто како и Аполон, Артемис. Од Пелазгите доаѓаат и Хестиа, Хермес, Деметра и Афродита. Арес, Дионис и Хефест биле* '*Тракиски*'[140]"

Како и многу други теми и појави од Македонската историја, и религијата е маскирана зад “грко/хеленски” огледала и димни завеси, што го отежнува дефинирањето на божествата. Најубав пример за тоа повторно има кај Еродот, таткото на историјата: “*…имињата на речиси сите богови во Хелада дошле од Египет. Дека дошле откај барбарите, открив испитувајќи ... а имињата на оние богови за кои Египјаните велат дека не ги знаат, јас мислам дека Хелените ги имаат примено од Пелазгите.*” (Еродот II, 51).

[140] Називот "*Тракија*" е уште еден манипулативен географски термин (топоним) кој нема никаков етнолошки или културолошки смисол (како "*Америка*" или "*Грција*") и не соодветствува на народите или луѓето за коишто потоа е употребен да ги опише (пред се Пелазгите и потоа Пајонците, кои живееле во цела "*Тракија*" ама никогаш не биле "*Траки*"). Според етимолошкиот корен "*Тракиа*" т.е. Тра-Ки-ИА значи '*Преку-Китим-*(*Земјен*)*Тракт*', каде 'Китим' е уште едно од древните имиња за Македонија и/или Хитија/Кати во Мала Азија, и така бил нарекуван целиот североисточен брег на Егејското Море – 'отаде Македонија-(Земјен)Тракт' гледано од југ, но не бил назив даден од домородните жители туку од новодојдените Филистинци и Данајци (од Египет). На пример и островот пред "*Тракијскиот*" брег бил нарекуван "Самотрак" – (*Земјен*)*Тракт што е сам*'.

Друг пример е *Загреј/Дионис/Бакхос/Сабазиј* и т.н. кои се толкуваат како еден бог и најчесто се означува со едно име – Дионис. Ваквиот хеленоцентричен пристап на историчарите кон оваа тема се должеше, за жал сеуште се должи и на предубедувањето дека античките Македонци биле "*Хелени*", како и на монтираното убедување за "хеленските корени" на современата Европска култура. Арно ама, Езикиј ни го зачува древното Македонско име за богот на виното – Леивино Дионис.

Иако е неоспорно дека цивилизациските достигнувања од античко време во голем дел се зачувани од Доселените (изменето во "Хелените"), сепак тоа не значи дека се "хеленски". Имено, многу добро се знае дека Доселените (т.е. "Хелените") ги презеле и прилагодиле (ги облекле во "хеленско" руво) достигнувањата на источните народи, но и дека за ширење на овие источни достигнувања на запад најзаслужни се Македонците и Римјаните, а не Доселените (т.е. "Хелените"). Богот Аполон многу поодамна бил 'Апулинаш' кај Хитите и 'Аплу' кај Етрурците, многу пред појавата на Доселените (т.е. "Хелените"), исто како и Иракле (Лат. "Херкулес"), Дионис, и ред други божества со прастаро потекло.

Еден број од божествата се вбројувал и сеуште се вбројува во "Тракиската" религија поради користењето на терминот "Thrake" за Македонското крајбрежје од страна на морепловци кои од југ допловувале до копното, име што според лингвистите значи „копнен тракт" и ако не се внимава на овој факт тоа не усмерува во погрешен правец што доведува до погрешни заклучоци и внесува забуна. Уште од времето на Хомер "Тракија" е "копното до Хелеспонт" (Илијада V, 845), а „Тракиски" племиња и земји се оние на запад до Аксиј, а тоа е Македонија. Страбон пак пишува дека со "Тракија" се означувале земјите на исток до Пропонтида (VII, fr.9). Дека терминот има импровизирано географско а не етничко значење доказ е тоа што античките автори пишуваат "Хелени од Тракија", а за Македонските градови еднаш пишуваат дека се во Македонија, а друг пат дека се во Тракија, по традиција. Убав пример за ова е натписот за проксенија на двајца граѓани на градот Аретуса: еднаш градот Аретуса е во Тракија, а другпат во Македонија.

Низ римска толковна призма (*Interpretatio Romana*) постапувале и римските автори кога пишувале за другите народи. Така за храмот на Македонскиот Ѕевс во Дион пишуваат – храм на Јупитер, што е римско толкување на Македонскиот Дион/Ѕевс (Јустин, XXIV, 2, 8; T. Liv., XLIV, 7, 2–3). Важно е да се укаже дека странските имиња на божествата кај малоазиските народи (Лидијците, Карците, Фригите и др.) не се земаат како доказ за нивно божемно "хеленско" потекло, туку правилно се толкуваат како резултат на надворешно толкување или "хеленизација", што е резултат на блиските врски меѓу нив и Доселените (т.е. "Хелените") од најрано време. Но истото не се применува на Македонските божества, што многу јасно говори за степенот на исполитизираност на прашањето за етничката припадност на античките Македонци, за чие дефинирање религијата е важен елемент.

Македонската Митологија изобилува и со исклучиво Македонски божества, полубожества, митски суштества какошто биле џинови, дивови, јунаци и самовили. Почнувајќи од праисконската ***Голема Божица Мајка Мō*** (или ***Ма***) и Праотецот бог (Лат. *Proteus*, *Saturnus*, подоцна синкретизиран во минорен бог на морето) ***Креатор на Универзумот Воо*** (зачуван и како *Воодин* во Скандинавската митологија); потоа Богот ***Лето***; Божицата на Светлоста ***Л'ча***; Богот Змија (Змеј) ***Ка***; Божицата ***Земела*** (Земља/Земја); па ***Леивино Дионис*** (Пајонскиот ***Дјаус***, Бриго/Фригиски ***Загреус/Сабазиус***) - бог на сонцето, виното; неговиот ментор ***Силен***; потоа ***Горопеј*** (Лат. *Орфеј*); па ***Кабирите***, ***Менадите*** и ***Нимфите***; луѓето-штркови (*Сиљан*) и пеликани/великани, и т.н.

Нивните имиња и теоними[141] се зачувани до денешен ден а за тоа не сме ни свесни. Хомер во „Илијадата“ ги спомнува Македонската божица на гневот ***Лута*** и богот ***Пелагон***, кој повеќе од очигледно е дека се зачувал преку топонимот на родниот крај на Македонците од Пелагонија. Таков е случајот и со богот ***Струмон*** кој останал да живее во името на реката и многу места долж Струма. Старите автори изричито пишуваат не само дека Олимп е Македонска планина (Хесихиј, Теофраст) туку и дека се наоѓала во Македонија (географот Страбон). Токму во подножјето на планината Олимп лежи светиот




Македонски град Дион, религиски центар на Македонците кадешто било главното светилиште на Македонскиот бог на сонцето ***Se*** (или ***Sевс***), додека светилиштето на Данајскиот Египетски *Амон-Зевс* било во областа Елида на Пелопонез.

Другото славно светилиште **Додона** дознаваме од толку едноставната етимологија дека било **Дедоина** (Дедовина), и кое пред да биде изградено од генерациите што следеа со палати и храмови во мермер било едноставно Света Дабова шума на нашите прапредци. Значи јасно е дека ознаката „Олимписки богови“ во античките извори се однесувала на Македонските божества. На многу од нив им се губат првобитните имиња и особини, бидејќи било најстрого забрането да се изговараат нивните имиња, кои потоа биле преземени и изменети од разни освојувачи, доселеници, и нови религии. Па така некои имиња се можеби оригинални а можеби и не. На пример Македонскиот Бог на Сонцето ***Se***, во транскрипција кај Латините е препишан како ***Дио-ни-Se*** (т.е. *"Богот ни Se*"), оттаму и ***Диониз/Дионис***, кој е уште познат и како ***Ил-Илиј***, кај Римјаните станал и "Непобедливо Сонце" или ***Сол Инвиктус*** (Лат. *Sol Invictus*). Големата Божица Мајка ***Mō*** (или ***Ма***) била забележана како ***Вендида*** кај Сиро-Пајонците околу реката Струма, кај Хитите како

---

[141] Имиња на богови.

***Кубаба***, па потоа како Бригијската/Фригијска ***Кибела*** која станала ***Сибил*** (Лат. *Cybele*), па кај Етруските била ***Уни***, па од нив Римјаните ја присвоиле и како ***Јуно*** (па *Маја* или *Реа*), за уште подоцна да стане пак ***Големата Мајка*** (Лат. *Magna Mater*). Дионис кај Римјаните станал ***Бахус***, а ***Менадите*** биле наречени „***Баханалии***", и т.н.

Сведоштво и споредбена потврда за овие Хититско-Фригијски-Македонско-Ариевски праисториски божества имаме и во зачуваните Митолошки епови од блискиот и далечниот исток – имено, во Персијската Митологија и во Индијските епови на *Риг-Ведите* среќаваме назив за Бого – ***Бага*** (*Bhaga*), а вишите богови имале општ назив '**Див**' и место каде престојуваат '***Дивиам***'. Богот на упокоените и блажени души во рајот се викал **Јама**, па **Арјуни** кој е метатеза/епитет за 'Рујна' Зора[142], а **Буда** значи 'буден'. Големата Мајка божица **Mō** била нарекувана „*Матер Сва*" (во Махабхарата е забележана како „*Матарисван*"), како „*Девоматар*" (*Дева-матер*) на Хинди, или пак била просто *Ма*(*Мо*) или *Мо*(*Ма*). Нејзиниот култ е постар од сите други и таа е најприсутното божество од праисториски времиња во сите митологии низ целиот свет.

Понатаму кај Вавилонците среќаваме име на Божицата на Месечината **Милица**. Ликијците имале Храм посветен на божицата **Деспина**, кај Етрурците среќаваме бог/божица **Неверна** , **Диона** (од **Дивна**), и т.н.

Еден апсолутно фасцинантен доказ за посебноста на Македонскиот Пантеон остана запишан на планината Немруд Даг во Мала Азија. Вечното сведоштво напишано во камен го оставил македонскиот крал од династијата Селевкиди, Антиох I Велики (242-187 г. п.н.е., син на кралот Митридат I Калиник и кралицата Лаодика VII Теа Комагенска од македонската династија Селевкиди). Тој подигнал огромен гробен тумул, со џиновски статуи на богови, полубогови, кралици и кралеви, и натписи на кои е напишано:

„...(*се молам*) *сите татковци-богови на Персија, Македонија, и нашата земја Комагене да продолжат да ги благословуваат нивните деца и нивните внуци…*"[143] - Ова монументално



сведоштво на древната Македонска култура и религија беше повторно откриено од

---

[142] Ѓорѓи Вилијам Кокс [George W. Cox], "Митологија на Ариевските Нации", стр. 425.
[143] Документарец за планината Немруд Даг: https://www.youtube.com/watch?v=StbZ-j_DWTI&t=832s

Немачкиот археолог Ото Пуштајн (Otto Puchstein) во 1883-та година. Овој многу редок сочуван пасус е исклучително сведоштво кое јасно ги споменува „Отците-богови на Македонија“ и е непобитен доказ, и покрај сите историски несреќи и политички тешкотии, дека постоел ексклузивен Македонски Пантеон, засебен од другите антички пантеони. Поелоквентен и поверодостоен превод на овој Коине натпис е во меѓувреме направен:

„*Се молам сите нашите татковски богови на Персија и од Македонија и од Коммагене, да продолжат да бидат милосрдни кон нив со сета милост*.“[144]

Во оригинал: „...ΘΕΟΥϹ ΕΚ ΠΕΡϹΙΔΟϹ ΤΕ ΚΑΙ ΜΑΚΕΤΙΔΟϹ ΤΕϹ ΚΟΜΜΑΓΗΝΗϹ...“



Значи, до крајот на античкиот период митологијата и религијата останаа еден непресушен извор на безбројни легенди и најразлични прераскажувачки верзии, промени и конструкции.

[144] “Visual Style and Constructing Identity in the Hellenistic World: Nemrud Dagh” од M. J. Versluys, p.104; и “Zoroastrianism in Armenia” од James Robert Russel, во ‘Religious Studies’ (Zoroastrianism) нац Школата за Ориентални и Афрички Студии при Лондонскиот Универзитет, 1982 година.



Лево: **Уште еден уметнички приказ на Дионис и Семела/Земела (Земља)**

Во подоцнежната Средновековна (или таканаречена „*Словенска*“) новокомпонирана митологија, пак, од досегашните сознанија, врховно божество бил „*Сварог*“/*Сва-Ро-Гоо* – „*Свег-Рода-Гооспод*“, т.е. (на)Сиот-Род-Создател (*Сé-Вишниот* или *Вишна* во Далечно-Источните религии)[145], кој станал дури и Немачко божество на сонцето „*Свар*“[146]

---

[145] Кај името на „*Сварог*” сеуште го забележуваме древно-Македонското слоговно именување присутно и кај пантеонот на Античките Македонци: Сва/Сво/Све – Сé, на сé , Ро – род , и Г(о) – Гоо, креатор на универзумот, врховна душа и врховен бог-татко кај Древните Македонци. Древно-Македонското слоговно именување е сеуште присутно на пример и во Рускиот збор за 'благодарам' – "Спасибо" со значење "Спаси-бог", каде зборот "бог" ја задржал прастарата Македонско-слоговна

(‘*Вивасват*' или ‘*Сварга*‘ во Риг-Ведите на Санскрит). Тој се појавува и како „*Свјатовид/Световид*” (*Оној кој гледа се*) и како „тројно“ божество и под името „*Триглав*“, чие тројство се состоело од „*Јав*“ (видливиот материјален свет што не опкружува), „*Нав*“ (небесниот свет) и „*Прав*“ (духовниот свет на мудроста и правдата). Овде повторно се гледа оној прастар Македонски троен принцип ("Индоевропски троен белег на владетелот" спомнат на почетокот на ова поглавје), предаван од колено на колено подоцна како „*Свето Тројство*“ бил присвоен и од Кристијанството (отецот, синот и светиот дух).



Горе: **Уметнички приказ на Светилиштето на Сварог во легендарниот град Аркона, едно од последните упоришта на Венетите (*Сло-Венети*), уништено од Немачките кристијански орди на новото средновековно Свето Римско царство.**

Понатаму оваа митологија веќе станува многу понејасна и се разгранува во сите правци, бидејќи разните Македонски племиња кои се распрснале низ цела Европа, во зависност од локалните прилики и дијалектички промени почнуваат да ги менуваат и прилагодуваат имињата и улогите на разните божества. Па така имаме сведоштва за боговите: Ариј,

скратена форма "*Бо*" која ја наоѓаме и на Каменот од Розета, како и кај Египетските хиероглифи со нејзиното универзално значење 'душа'.

[146] Ѓорѓи Вилијам Кокс [George W. Cox], "Митологија на Ариевските Нации", стр. 427.

Бел/Белбог, Велес, Весна, Воден, Дарон, Дажбог, Дева, Диј, Земун (Земела/Земја), Јар (Јарило) и Јара, Китоврас, Кресник, Кубела, Купало, Лада, Морена, Неверна, Перун (Хититски: Тарун), Петра, Род, Свјатовид/Свентовид, Триглав (Сварого), Хорс-Радгост, Црнобог, Числобог, Шавендал, Шемвила/Самовила, и т.н. Со овие нивни преименувања и трансформации на нивните нејасно интерпретирани улоги се губи врската со оригиналниот праисториски универзален пантеон од кој сите овие божества произлегуваат. Но иако секоја новокомпонирана „*Словенска*“ нација си создаде сопствена „*Словенска*“ митолошка номенклатура, сепак обичаите и верувањата од Полска и Чешка па се до крајниот Исток на Русија воглавно се многу слични или исти.

Потоа, во 1-от век се појавува Кристијанската Монотеистичка религија. Проповедајќи го Словото Божјо во разни земји, Апостолите, природно оснивале Помесни Цркви коишто влегувале во еден организам на Вселенската Црква. Во Апостолските Посланија веќе како одделни се спомнуваат Црквите во Азија (1 Кор. 16,19), Македонските (2 Кор. 8, 1), Галатиските (Гал. 1, 2), Солунската (Сол. 1, 1), Лаодикиската (Kol. 4, 16), Филиписката (Фил. 1, 1), Вавилонската (1 Петр. 5, 13), и др. Опширните (поголемите) црковни околии се именувани по името на цели области или провинции (на пр. Цркви Македонски), а помалите по името на градовите (Солунската). Значи уште од првите денови на постоењето на Црквата постоеле Помесните Цркви со свои месни управи, факт којшто го потврдуваат и подоцнежните споменици на црковната литература. Така на пр. Тертулијан советувал на читателот: "*Посети ги апостолските Цркви, во кои сега стојат на своите места самите катедри на апостолите, кадешто се читаат нивните вистински творби кои ги покажуваат мислите нивни, и ги претставуваат личностите на секој од нив. Ако не си далеку од Македонија, тогаш го имаш Филипи. Ако можеш да отидеш во Азија, тогаш го имаш Ефес. Ако ти е во соседство Италија, тогаш го имаш Рим*."[147] Македонската Апостолска Црква - Охридска Архиепископија (денешна МПЦ-ОА) има бурна, многу комплексна и долга апостолска традиција. Од апостол Павле кој беше повикан токму од Македонците за да дојде во Македонија и да ги спаси, Македонија беше


ѳ҃. И҆ видѣ́нїе въ но́щи ꙗ҆ви́сѧ Па́влꙋ: мꙋ́жъ нѣ́кїй бѣ̀ Македо́нѧнинъ стоѧ̀, молѧ̀ є҆го̀ и҆ глаго́лѧ: прише́дъ въ Македо́нїю, помози̑ на́мъ.

и татковината на првиот покрстен жител во Европа – Македонката Лидија од Филипи. Од тој период, покрај Филипи, Бер и Солун, е потврдено основањето и на други ранокристијански центри во Македонија: Амфиполион, Баргала, Ираклеа Линкеста (Битола), Лихнид (Охрид), Скопје, Стоби, Тивериопол, и т.н.

Потоа, Константин I Велики го озакони Кристијанството и Македонија официјално стана *Диецеза Македонија* на Кристијанската Црква со седиште во Константинопол. Најголем подем доживува за време на владеењето на царот Јустинијан I Велики (527-565), кој потекнува од с. Таор во близината на Скопје. Тој, Епископскиот град Скопје[148] го

[147] "Единството на Светата Црква и Помесните Православни Цркви" од проф. Константин Е. Скурат, 1983 година.

[148] Оттаму и името на Скопје, од Латински "*Епископос*" (т.е. '*Епископски*') со значење "Надзорник" од "Епи" - 'Над' и "Скопис" (Σκοπις) - 'Набљудувачка кула/тврдина', збор од Латинска провениенција: "*Scopre*" - 'открива', кој е пак од Македонски 'ископа'.

воздигна во вселенска патријаршија, и му даде и титула *Јустинијана Прима*. Тогашниот Скопски митрополит Кателијан е возвишен во прв Архиепископ на *Јустинијана Прима* и бил издигнат на ниво на Автокефален Вселенски Архиепископ-Патријарх. По него следеле и други архиепископи, како што се: Доберод (лат. Бененатус), Павле, Јован I, Лав, се до Јован IX, кој во 680-681 година е забележан дека учествувал на Трулскиот Собор во Цариград (Константинопол).

Македонската вселенска патријаршија со ваквиот воздигнат статус низ милениумите имала свои светли моменти и падови. Поради надворешните и внатрешните непријатели, влијанието што го имала Македонската црква низ вековите постепено почнало да слабее и да се намалува. Нападите на Монголските номади од север и северозапад (Авари, Бугари, Хунгари, Татари, Шиптари...) толку зачестија што Вселенската Патријаршија *Јустинијана Прима* се пресели понајуг, во Охрид. Тогаш таа е и преименувана во *Охридска Архиепископија Јустинијана Прима*, како наследничка и носителка на ингеренциите од Скопската Јустинијана Прима. Но, разните инвазии и пустошења, како и расколот и етнофилетизмот во црквата постепено си го земаа својот данок... И покрај се Охридската Патријаршиска Архиепископија до крајот на 10 и почетокот на 11-от век покрај Македонија под нејзина јурисдикција имала свои епархии и метохии во: денешна Албанија, Босна, Дукља, Епир, Мизија, Рашка, Срем, Тесалија, Травунија и Захумље, и броела дури 32 епархии.

По ненадејниот Руски напад во 860 г. долж Црноморското крајбрежје, упадот во Мраморното море и опсадата на Константинопол, и по ненадејното примирје, мисионерската дејност на Македонската црква и патријаршија се насочи и кон младата Руска држава. Но со обзир на воениот конфликт кој траеше помеѓу Киевска Русија и Ромејското Царство, помош за покрстувањето на Русите во 988 г. дојде од тогашната Охридска Патријаршија во тогашното царство на Самоил, познато како "Паристрион". Руските хроники го бележат и крстител Марко "Македонецот", кој на барање на принцот Владимир од Киев во 990 г. беше испратен во Волга Бугарија за да ги покрсти Бугарите.

Во 863 г. истотака и кнезот на Велика Моравија, Ростислав, овојпат од Константинопол, побара да испрати правоверни описменители во неговата земја, за да се одбрани од Германските мисионери на Рим. Нормално, царот на Ромеите прати мисионери Македонци од Солун за да се разберат со Моравците во Велеград. Следната 864 г. и новото Бугарско кралство официјално го прифати кристијанството. Неколку години подоцна и другите Балкански области (Рашка, Зета, Срем) се свртеа кон правоверното кристијанство.

По овој брз и ненадеен продор на Цариградското влијание, индиректно преку Македонската Црква и Македонските крстители и описменители, но најдиректно на толку голем простор, во 866 г. следеше агресивната реакција и расколничка интервенција на Католичката Римска црква, спротивна на таа од Константинопол, со која Папата од Рим директно се вмеша и во внатрешните работи на новото Бугарско царство. Со намера да посее раскол, тој успеа дури и да му нареди на бугарскиот кнез Борис Михаил обратна хиерархија на црквата - секој народ во неговата држава да избира свој епископ, а сите епископи да избираат еден заеднички 'Архиепископ на Бугарија' - иако веќе надлежен архиепископ над сите нив беше Охридскиот Архиепископ. Со тоа Бугарија морала да ги признае националните права на различните етникуми кои и плаќале даноци на Бугарија и имале целосно призната автономија. Инаку целото папско правило на латински гласело вака: „*Episcopos gentium singularum scire convenit, quis inter eos primus habeantur, quem velut*

*caput existiment et nihil amplius praeter eius conscientiam gerant etc*.“ [149] И бидејки северна и централна Македонија тогаш биле окупирани од Бугарија, само за тие области од Македонската етничка територија се избирал и заеднички епископ на Македонскиот народ. Ова папско правило се задржало дури до последната деценија на 9-от век. Инаку, Македонските кнежевства кои останале под административна и црковна власт на Константинопол, како Драговитиа, и понатаму си ги задржале своите независни Македонски епископи именувани од Охридскиот Архиепископ.

Во 869-870 проблемот со Бугарската расколничка црква, конечно беше решен на Сецрковниот Совет во Константинопол – Бугарија беше повторно приклучена кон Македонија и ставена под јурисдикција на Охридската Архиепископија, која во тоа време беше главен црковен и културен центар на целиот Македонски Полуостров. На тој начин Цариградската патријаршија сметала дека преку силната Македонска патријаршија и заради огромното мнозинство на Македонци во првата Бугарска држава, Бугарија полесно ќе може да биде оттргната од Римското влијание и вратена во рамките на религиозната и културна сфера на Константинопол.[150] Забележано е дека на Цариградскиот Сецрковен Собор во 879 г., заедно со лидерите на сите помесни цркви, рамноправно учевствувале и епископите на Македонските кнежевства, но во пишаните документи е задржано само името на епископот Петар од Драговитиа, кнежевството на Драговитите. На Преславскиот црковен и сенароден собор во 893 г. дури и литургискиот црковен јазик Септуагинт на Цариградската Патријаршија бил заменет со литургии на Македонски јазик и Кирилично писмо.

Кога Македонците конечно во 969 година ги протераа Бугарите од Македонија, Охрид остана независна автокефална црква. Во 971 г. под заедничките напади на Русите и Ромеите првата Монголско-Бугарска држава на Македонскиот Полуостров престанала да постои, а последниот бугарски крал Роман (и покрај името…) бил заробен, однесен во Константинопол и шкопен (за да нема наследници), а територијата беше повторно поделена на повеќе административни единици, таканаречени *Теми*.

Црковната традиција на Охридската Патријаршија ја наследуваат и споделуваат епископите од Македонските кнежевства. Познато е дека секое средновековно Македонско кнежевство (Лат. „*sclaviniæ*“) имало свој епископ. Рускиот славист Туницкиј, според "*Краткото житие на Св. Климент*" и "*Цуканжовиот Список*" ни кажува дека тогашните Македонски автономни области во Кутмичевица ја зафаќале територијата на Македонија до Солун на југ, на запад до Јадранскиот брег, додека северната граница авторот не можел прецизно да ја определи. Св. Климент, Македонскиот етнички простор го поделил на 12 околии,[151] каде официјален литургиски јазик и писмо бил Македонскиот. Наследниците на Св. Климент, духовни и граѓански управители на Македонските автономни области, ја носеле титулата „*епископ на словенско слово*“, каде што Македонскиот збор „*слово*“ (или „*јазик*“) почнал да означува „*народ*“ т.е. етнос, а какошто знаеме таканаречениот „*Црковнословенски*“ литургиски јазик на Источната Правоверна Црква бил и ѐ пишуван врз основа на стариот Македонски јазик.[152]

---

[149] „Правила на св. православна църква с тълкованията им“ София, 1912, Т.1, стр. 98; Васил Н. Златарски: ”История на Първото българско Царство. II. От славянизацията на държавата до падането на Първото царство (852-1018)“ , стр.119-120.

[150] “*Overland Balkan Routes in the Middle Ages*” од Fabrizio Vanni, стр.7.

[151] Ср. Воронов, „*Главнейшие Источники*“, стр. 200. / Н. Туницкий, „*Св. Климент*“, стр. 177—182

[152] „*Енциклопедија на Индо-Европската Култура*“, J. P. Mallory, Douglas Q. Adams, стр. 301.

Цар Самоил повторно ја враќа Св. Климентовата Црква на ниво на Вселенска Патријаршија во 976 година. Прв Патријарх е г.г. Герман, чие патријаршко име е врежано во царската катедрала Св. Ахил, на островот Голем Град.[153] Од тој запис се зачувани само делови и можат да се прочитаат имињата само на следниве епархии: Видинска, Кефалониска (т.е. Главеничка), Берска, Ираклиска (Пелагонија), Скопска, Сардикиска (Сердица), Селасфорска (Девол), Пелска и Призренска. Но, за меѓународно признавање на новото Самоилово царство и патријаршија, потребен бил благослов од големите центри на кристијанството – Константинопол или Рим. Константинопол никогаш не ја признал Самоиловата држава, па затоа тоа го сторил Римскиот папа Гргур 5-ти, во година која не е точно утврдена (помеѓу 997-999) и Охридската Архиепископија - Јустиниана Прима е потврдена од Римската курија како единствена автокефална и врховна црква на Македонскиот Полуостров. Така и Самоил најпосле успеал да се дограби до царска круна, со помош на Римскиот благослов.[154]

За време на Охридскиот патријарх Герман, во темата *Вулгарија* тој прво го затекнал вулгарниот архиепископ Дамјан, а после него и архиепископот Глигориј. Цар Самоил ја распуштил вулгарната архиепископија и ја сведува на ниво на помесна митрополија, а бившиот вулгарен архиепископ Глигориј доби пониска титула митрополит, и се упокојува во 1016 г. како „*Митрополит Вулгарски*“, и како таков (митрополит) се слави од денешната прозелитистичка и неканонска (бидејќи соэдадена од Турски султан) БПЦ.[155]

По пропаста на Самоиловото царство, Василиј II Порфирогенит, во 1018 г. ја потчинил Македонија под своја власт, така што и Охридската Патријаршија се нашла во рамките на Ромејската држава, и била повторно симната на ниво на архиепископија. Во овој период, правната положба на нејзината диецеза, како и бројот на епархиите, главно, биле регулирани со повелбите кои Василиј II му ги издал на Охридскиот архиепископ Јован (родум од Дебар). Тие повелби се резултат од Струмичкиот мировен договор меѓу Василиј II и Патријархот на Охридската црква Давид. Со овој мировен договор освоените земји добиле одредена политичка автономија, а Охридската Патријаршија ја задржала својата автокефалност, но од Патријаршија била повторно деградирана во Архиепископија, бидејќи како уште една Патријаршија во Ромејското царство светиот трон во Константинопол не ја прифаќал. Уште во првата повелба, издадена во 1019 г. на архиепископот Јован, се истакнува дека тој ќе управува самостојно со работите на Архиепископијата. Што значи, пред сé, се гледа дека црквата ќе биде самостојна и во ранг на Архиепископија. Самостојниот статус на Охридската Архиепископија уште појасно се забележува од воведните зборови на втората Василиева повелба - издадена во 1020 г. каде, покрај другото, се вели: "*...без да се нарушат границите и наредбите на оние кои владееле пред нас. Бидејќи откако станавме господар на оваа земја, ги зачувавме нејзините права ненарушени, откако ги потврдивме со наши хрисовули и грамоти*." Тие зборови во целост биле применети и за правата на Охридската црква. Со втората повелба на граѓанските власти изрично им се забранувало секакво мешање во работата на архиепископот и на нему потчинетите владици.

Василиј II Пурпуророден (Латински: Porphyrogenitus – "Роден во пурпур") диецезата на Охридската Архиепископија сега ја преименува како нова „*Тема Вулгарија*“, во која

[153] „*В църквата има списък на епископствата*“, Standard News, Софија, 03.09.2001.
[154] „*Владетели на Бугарија*“, проф. Милчо Лалков. Kibea Publishing Company, Софија.
[155] види православен календар на Бугарската Православна Црква.

влегуваат најголемиот дел од Македонија, Србија и Црна Гора. Бугарските историчари заради ова и ден-денес безуспешно пробуваат да докажат дека Охридската Архиепископија е „*Бугарска црква*“, но „*Темата Вулгарија*“, никогаш не ја опфаќаше денешна Бугарија, која во то време веќе и не постоеше, и повторно стана само една од потчинетите *склавинии* (енклави, области) на Цариградската Патријаршија. Диецезата на Охридската Архиепископија во Бугарија се простираше само на територијата која ја населуваа Македонските племиња - Торлаци и Шопи, до градот Видин, што претставува 10% од територијата на цела Бугарија. Тоа го потврдуваат и Хрисовулите на царот Василиј II, каде зборува за „*вулгарски народ*“ и епархии на „*цела Вулгарија*“, а оваа '*Вулгарија*' се простирала од Срем, преку цела Србија, Косово, делови од БиХ и Албанија, Црна Гора, областите на северозападна Бугарија до Видин и најголемиот дел од Македонија.[156] Оттука многу јасно се гледа дека под поимот „*цела Вулгарија*“ тој го подразбирал поширокиот простор на Балканот, до Босна и Херцеговина на северозапад, а „*Вулгарски народ*“ е всушност Македонскиот народ од споменатите територии, оти покрај „*Вулгарскиот народ*“ (Македонци) ги спомнува само латинизираните *Власи* (денешните *Романци* на север од Дунав) и *Турци Вардариоти* (вистинските Бугари Гагаузи на Хан Аспарух и Кубер).



Zavod za udžbenike i nastavna sredstva iz Beograda 2006. je objavio Istorijski atlas koji je potpisalo 12 srpskih naučnika, među kojima i neki akademici SANU. I prije raskola (1054) Duklja je pod jurisdikcijom Rimske crkve

За самостојноста на Охридската Патријаршија Михаил Деволски во своите додатоци на Скиличината „Хроника“, кои потекнуваат од 1118 г., сосема јасно сведочи дека Василиј II

[156] Иван Снегаровъ. „*История на Охридската Архиепископия*“ Том 1. *От основаването до завладяването на Балканския полуостров от Турците*, стр. 55-62.

по освојувањето на Самоиловата држава, ја потврдил автокефалноста на Охридската Архиепископија. А Михаил бил владика Деволски и член на Охридскиот Синод, така што одлично го знаел правниот статус на црквата, во чиј Синод и самиот седел. Тој имал можност да се запознае со сите документи, кои ја разјаснуваат историската и политичко правната положба и состојба на таа црква.

Никола - Нил Доксопатрид во својот труд "За Патријаршките Престоли", напишан за Сицилијанскиот крал Рожер II во 1143 г. специјално нагласува дека Охридската Архиепископија е самостојна автокефална црква, и во ништо не е потчинета на источните патријархати или на Римската црква. А, Нил бил човек кој заземал највисоки функции во Ромејското Царство и бил секретар на Константинополската Патријаршија, потоа протосинѓел и номофилакс на државата, и како таков сведочи дека Охридскиот архиепископ литургиски примал хиротонија од епископите на својот Синод, а ракополагањето на секој новоизбран владика од епископите на својата црква, претставува најважен белег на автокефална црква. Со тоа што во својот труд Нил Доксопатрид ја ставил Охридската црква веднаш по источните патријаршии и Кипарската Архиепископија, која ја добила својата автокефалност уште со одлуките на Третиот Вселенски Собор во 431 г., посведочил дека таа не се наоѓала под власта на старите источни центри, туку била уредена како самостојна автокефална црква.



Горе: **црквата Св. Пантелејмон над Скопје, изградена во 12 век од Ромејскиот цар Алексеј I од Македонската династија на Комнени**

За правниот статус на Архиепископијата од голема важност е и сведоштвото на Теодор Валсамон, човек кој во Константинопол заземал високи функции и бил "ѓакон, номофилакс, хартофилакс и прв во Влахерна", а потоа бил избран за Антиохиски патријарх. Тој бил задолжен да изврши ревизија на Номоканонот во XIV наслови, кој бил званичен зборник на Источната црква. Валсамон во Номоканонот ја внел 131 Јустинијанова новела, на која се темелат правата, привилегиите и самостојноста на Архиепископијата Јустинијана Прима. А што се однесува, пак, до црквата која ги ужива правата и привилегиите на Јустинијана Прима, не дозволува никакви сомневања, тоа е единствено Охридската Архиепископија, на која Константинополската Патријаршија и признала целосна автокефалност. Списокот на охридските архиепископи т.н. Каталог, познат како Ди-Канжов, составен во втората половина на XII век, кој иако со одредени недоследности, барем од 1018 г. до 1157 г. во хронолошки ред ги регистрира Охридските поглавари, со тоа што во него се внесени архиепископите кои енергично ја бранеле самостојноста на Архиепископијата, индиректно сведочи за автокефалниот статус на таа црква. Во XII век, со доаѓањето на Јован Комнин на тронот на Охридските архиепископи, самостојноста на Архиепископијата достигнала свој врвен подем. Така, на Константинополскиот собор од 1143 г., тој архиепископ не седел со останатите хиерарси, туку со патријархот и со високите државни чиновници. Исто така, на Соборот во 1156 г., свикан против еретикот Сотирих, Јован Комнин седел на почесно место. На втората седница од овој Собор во 1157 г., седел веднаш зад патријарсите, а зад него седел Кипарскиот архиепископ. Тој присуствувал до крајот на Соборот и на соборскиот акт се потпишал веднаш зад патријарсите. И на Соборот од 30.1.1170 г., Охридскиот Архиепископ зазел место меѓу патријарсите, а неговиот потпис се наоѓал веднаш зад нивните потписи, а пред потписот на Кипарскиот архиепископ, кој отворено му дал предност.




Горе: **отисок од печатот на Охридската Архиепископија од 1516 година**

По освојувањето на Ромејската империја од страна на крстоносците (1204), Охридската Архиепископија и понатаму продолжила да егзистира како автокефална црква. Таа го

задржала автокефалниот статус и во периодот на Епирската држава, потоа во периодот кога најголемиот дел од Македонија влегол во границите на 2-то бугарско кралство, а состојбата останала непроменета и за време на владеењето на самостојниот феудален владетел Стрез.

Ромејскиот цар Михаил IV Пафлагониј од Константинопол, го лишува Охрид, како и народот и свештенството на Охрид на право на избор на нивни архиепископ и го назначи зависен од престолот на Константинопол. Од тоа време до втората половина на 18-от век, кога Архиепископијата беше укината од Турците, сите архиепископи биле назначувани од Константинопол, со исклучок на неколкумина кои биле Македонци. Службен јазик на предворјето беше Септуагинтот. Од 1018 до 1219 година сите Македонски територии беа под Столот на Охрид, но сепак го задржа Ромејскиот карактер. Кога во 1219 г. беше прогласена независност на "Србската" црква Архиепископот на Охрид протестираше, но тоа што беше купено со злато од тронот во Никеа (тогашното седиште на Константинополската патријаршија) не можеше да се врати. Столот на Охрид го зачувал



својот независен карактер и за време на првото србско владеење во Македонија. Задржувањето на статусот на Автокефална Црква го бележиме и во периодот по возобновувањето на Ромејското Царство (1261). Тоа е времето кога Охридската Архиепископија не само што ја зачувала својата автокефалија, туку го вратила угледот и влијанието од времето на Јустинијан I Велики и Василиј II и неговите наследници. Статусот останал непроменет и по Ново-Србските освојувања на поголемиот дел од Македонија кон крајот на 13 и почетокот на 14 век. Но, следното намалување на нејзината диецеза се случи за сметка на новата „Печка Патријаршија“. И покрај тоа, царот Душан ја почитувал нејзината автономија и сите нејзини права и привилегии. Архиепископот

Николај од Охрид помогна за крунисување на Душан како цар, а истотака учествуваше и во србските државни Собори како и другите србски прелати, но неговата титула продолжи да биде „Архиереј на Ромејскиот престол“. Овој Ромејски карактер на Архиепископскиот престол во Охрид се одржуваше и понатаму, и за време на турската окупација.

Разгледувајќи ја неколкувековната историја на Охридската Архиепископија пред доаѓањето на Османлиите на Балканот, бележиме дека границите на нејзината диецеза постојано се менувале и зависеле од новите политички прилики во регионот. Низ периодот на средновековието делови од нејзината диецеза биле под власт на различни владетели. Сепак, она што предизвикува внимание е фактот дека нејзиниот канонски статус на автокефална Црква никогаш не бил нарушен, ниту оспорен.

По инвазијата на Монголо-Турците на Македонскиот Полуостров ситуацијата се влоши уште повеќе. Тоа го дознаваме од Македонските Хагиографски дела од Ресавската Книжевна Школа[157], компонирани од Владислав Граматик (1415-1480) и Димитар Кантакузин во втората половина на 15 век (посветени на Св. Јован Рилски и преносот на неговите мошти од Велико Трново до Рилскиот манастир), кои се напишани во контекст на канонизацијата на Јован Рилски во 1470-тите. Обата извештаи вклучуваат наратив за османлиските освојувања во Југо-источна Европа кон крајот на 14 век, како резултат на кои е и падот на бугарското и србското царство. Ресавската Книжевна Школа била под јурисдикција и влијание на Охридската Книжевна Школа, која останала многу силен културен и црковен центар уште од 9 век, и покривала територија поширока од самиот Охрид. Обично во литературата повеќе значење му се придава на југозападниот и на централниот дел на Македонија, односно епископската област Девол и Охридската Архиепископија на Св. Климент, тогаш наречена Област Кутмичевица. На оваа територија се настанати повеќе ракописи со правописни, морфолошки и лексички карактеристики кои ја одликуваат Охридската Книжевна Школа (како Добромировото евангелие, Охридскиот Апостол и Битолскиот Триод од 12 век, Григоровичевиот паримејник 12-13 век, низа ракописи од 13 век меѓу кои се Болоњскиот и Дечанскиот псалтир, Шафариковиот, Загрепскиот и Орбелскиот триод, и др.).

Важен документ и сведоштво е писмото до Охридската Архиепископија потпишано од 4-те источни патријарси на Септември 1530 година. Во писмото од Александрискиот патријарх Јоаким, Антиохискиот Михаил, Ерусалимскиот Јосиф, и Цариградскиот Јеремија до Охридскиот архиепископ Прохор, се потврдува фактичката хиерархија, хиерократија и епархијска состојба, во која “не постои никаква призната ‘Автокефална’ Србска црква”. Ниту онаа на т.н. “Свети Сава” од 1219 г. ниту онаа од 1346 на Стефан Немањич.[158] Фактот дека Ипеќската (Пеќката) епархија не била никогаш призната ја докажува одлуката на овие врховни инстанци на Светата Црква од Септември 1530 година. Во одлуката на синодот во Цариград се вели:

„*Бидејќи од стари времиња постојат царски декрети кои потврдуваат дека Ипеќската* (т.е. Пеќката) *диецеза, како всушност и цела Сервија, припаѓаат на Охридската Архиепископија, и според содржината на наведените потврди, синодот одлучува и прогласува дека Ипеќ и целата покраина Сервиа се под раководство и власт на светата Охридска Архиепископија, како што од почеток до сега така било. И кој отсега ќе проба*

[157] http://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2017/09/ Емилија-Црвеновска-За-територијата-на-Охридската-книжевна-школа.pdf

[158] https://www.facebook.com/Angjele.Blazhev/videos/837434110807356

*да направи некаква матна работа заради нив, кој год да бил, да биде изопитен од семоќниот бог, и т.н.*“

Според Кодексот на Охридската архиепископија, во периодот од летото 1560 година до летото 1767 г. таа имала 10 митрополии и 10 епископии под своја диецеза. Во потписот на "патрикот" Игнатиј од летото 1560 г. може да се прочита следново: "*Патријарх Игнатиј на Прва Јустинијана во Охрид*". Охридските архиепископи Мелетиј I, Харитон, Атанасиј II, исто така, често ја употребувале титулата патријарх.

Во овој период Архиепископија ја зачувала својата автокефалност; дотолку повеќе што уживала целосен легитимитет кај Високата Порта. Освен тоа, во првите два века под османлиска власт, на охридските архиепископи им биле признаени и дополнителни привилегии од султаните. Иако политички под власта на Османлиската теократска држава, духовната власт над православното население во Македонија, Бугарија, Албанија, Србија и во српските земји (1463-1557) била под јурисдикцијата на Охридската Архиепископија. Во контекст на ова, титулирањето на архиепископот Харитон било од големо значење за Македонската црковна и национална историја, бидејќи во периодот од 1643 до 1664 година, тој испратил до Руските цареви и патријарси повеќе од 14 грамоти, во кои тој се потпишувал со: "*Харитон, по Божја милост Архиепископ на Јустинијана Прима во Охрид, Патријарх на Македонија, Србија, Бугарија, Албанија, на Запад и на други области*".

И во тие години секако не изостанува документираниот милениумски континуитет на Македонската Нација. Во 1683 година, Сојузот, или тнр. ‘Света Лига‘, составен од Хабзбуршкото царство, Полско-Литванскиот комонвелт, Млетачката република (Венеција) и Русија, започнал голема војна против Османлиската империја, наречена Голема „Турска војна“ што траела до 1699 година. Во 1689 г. во контраофанзива против османлиите командантот Силвио Пиколомини тргнал да ги освојува Босна, Косово и Македонија. Таа година во североисточниот дел на Македонија, избувнало и Карпошовото востание, за жал задушено истата година, а градот Скопје бил запален заради запирање на чумата. Тогаш голем број Македонци заедно со Србите од Косово и Метохија предводени од патријархот Арсениј Црнојевиќ, се иселуваат на север од Сава и Дунав, а во запустените делови од Косово и Метохија, и северозападна Македонија се доселува Турски башибозук од планинските делови на Малесија. Претходната пак, 1688 г., францускиот крал Луј XIV завојувал против европската анти-турска коалиција предводена од Светиот римски цар Леополд I, кој немал доволно војска за да војува на два фронта, и во 1690 г. бил принуден да ги повлече војските од Балканот за да војуваат во Холандија и на Рајна, против Франција. Тогаш со проглас, тнр. ‘Инвитаторија‘, од 6-ти април 1690 г., ги повикал балканските народи, (од Албанија, Сервија, Мизија, Бугарија, Силистра, Илирија, Македонија и Рашка), да се борат против Османлиите, додека тој војува во западна Европа. Во тие околности, Леополд I го ставил „Македонскиот Народ’’ под заштита на царската круна и тоа на барање од двајца жители од Македонија, едниот од Солун, другиот од Кожани, кои биле од „македонски род“, како што буквално пишува во неговото писмо од 26-ти април 1690 година. Од ова писмо се гледа дека не може да има никаво двоумење за тоа дека станува збор за етнички Македонци, а не за некакви неопределени, „*географски*“ жители од некаква географска територија викана Македонија, како што некои го минимизираат овој податок.[159]

[159] Наде Проева: „Триптих за македонскиот идентитет“ – доказ за самочувството на Македонците https://www.novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-

17-от век е период кога поради низа внатрешно - политички прилики во Османлиското царство дошло до осиромашување на многу православни цркви и манастири. Многу храмови биле опустошени и парализирани за извршување на црковна дејност. Ова бил повод извесен број на архиепископи, епископи, митрополити и архимандрити на Охридската Архиепископија да бараат помош од Царска Русија. Најчесто охридските архиереи и ереи барале парична помош за да ги отплатат долговите во своите диецези.

Тешката материјална положба на православното словенско население под јурисдикција на Охридската Архиепископија дополнително се усложнила кон крајот од 17 и во почетокот на 18 век поради зачестените непринципиелни провокации и етнофилетистичко политикантството на Вселенската Патријаршија. По долги настојувања да ја прошири својата диецеза над сето Македонско православно население во Османлиското царство, Цариградската (Вселенската) Патријаршија во 1767 г. успеала да ја добие наклонетоста на султанот Мустафа III кој неканонски ја укинал Охридската Архиепископија. Притоа, сите нејзини епархии се нашле под јурисдикција на Патријаршијата, која започнала со континуирано погрчување на Македонското православно население. Ваквата состојба ќе остане сè до формирањето на уште една неканонска и етнофилетиистичка црква – Бугарската Екзархија, создадена во Истанбул по наредба на султанот во 1870 година.

По сите историски премрежја, дури по завршувањето на Втората светска војна и конституирањето на Македонската држава во рамките на југословенската федерација, се создале поволни услови за обновување на Охридската Архиепископија. Во новонастанатите услови Македонското свештенство покренало иницијатива за обновување на автокефалната Православна црква во Македонија. Во март 1945 г., во Скопје бил одржан Првиот македонски црковно – народен собор на кој била донесена Резолуција за обновување на Охридската Архипископија како Македонска Православна Црква. Меѓутоа, поради политички причини се доцнело со реализирањето на оваа иницијатива. Дури во октомври 1958 г., на Вториот Македонски Црковно-Народен Собор, одржан во Охрид, било донесено решение за возобновување на Охридската Архиепископија олицетворена во Македонската Православна Црква (МПЦ). За нејзин прв поглавар, со титула Архиепископ Охридски и Македонски, бил избран г.г. Доситеј.

191 година по забраната на Македонската Правоверна Црква таа воскресна. Одлуката за самостојност (автономија) на МПЦ била потврдена со отслужување на заедничка архиерејска литургија со српскиот патријарх Герман, во јули 1959 г., во црквата „Св. Мина“ во Скопје. Таа година и МПЦ-ОА повторно легално-правно се осамостои и здоби со законодавна, извршна и судска власт.  Во мај 1962 г., во придружба на патријархот Герман и неколку епископи на Српската Православна Црква (СПЦ), во посета на МПЦ-ОА дошол и патријархот Московски и на цела Русија, Алексиј. Тој бил придружуван од неколку митрополити и јереи на Руската Православна Црква (РПЦ). По тој повод, на празникот на светите Кирил и Методиј, во црквата „Пресвета Богородица – Каменско“ во Охрид, се одржала заедничка архиерејска литургија. Со тој чин и официјално беше потврдено возобновувањето на неканонски одземената автокефалност на Охридската Архиепископија, олицетворена во денешната  Македонска Православна Црква.

---

%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%BE%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%B4%D0%B5/

Светиот синод на МПЦ-ОА на 17 јули 1967 г. во Охрид го свикал Третиот Црковно-Народен Собор. На свечената седница делегатите на Соборот дале согласност за прогласување на Македонската Православна Црква за автокефална. Чинот на враќањето на автокефалноста на МПЦ-ОА бил извршен на светата архиерејска литургија, отслужена во црквата „Свети Климент“ во Охрид, на 19 јули 1967 г., точно 200 години по неканонското укинување на Охридската Архиепископија.

# Повторното пре-признавање на Македонската Автокефална Апостолска Црква - Охридска Архиепископија од страна на Србската и Руската православна црква на 16 мај и 25 август 2022 година

**А**рхиереите на Српската и Руската православна црква конечно се покајаа и решија пак да ја признаат веќе признатата сопствена мајка-црква, и повторно се вратија во заедница со Македонската Апостолска Црква - Охридска Архиепископија, вистинската наследничка на Јустинијана Прима.[160] Според соопштението на Србскиот собор, архиереите на Македонската Апостолска Црква - Охридска Архиепископија, „биле подготвени да прифатат“ официјално повторно признавање и враќање на нејзиниот илјададгодишен канонски статус како автокефално и автономно црковно тело, и повторно биле признати во рамките на нивната целосна внатрешна независност, што првично веќе беше доделена во 1959 година. Потоа, на 5 јуни, Неговата Светост патријархот Порфирије ѝ додели на Македонската Апостолска Црква - Охридска Архиепископија Свет Томос за обновената автокефалност за време на сослужението во Белград.



Светиот синод на Руската православна црква го следеше примерот (за кој најверојатно самата ургираше кај СПЦ поради расколот и неодамнешното неканонско мешање на Вселенската Патријаршија од Истанбул) и официјално повторно ја призна Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија како автокефална сестринска црква на 25 август 2022 година. Претходно, на седницата на 27 мај 2022 година (Записник бр. 43) Светиот синод му се заблагодари на Бога за веста за обновувањето на заедништвото на 16

[160] https://ocpsociety.org/serbian-patriarchate-recognizes-the-canonical-status-of-the-macedonian-orthodox-church-ohrid-archbishopric/

мај, меѓу Српската и Македонската Православна Црква – Охридската Архиепископија како автономна црква – статус што таа веќе го добила уште во 1959 година. Исто така, извести дека на 15-21 мај 2022 година, како одговор на петиција од Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, архиерејскиот собор на СПЦ едногласно ја благословил нејзината повторно признаена автокефалност. Во знак на ова признание, во светите диптиси ќе биде впишано името на Македонската Апостолска Православна Црква – Охридска Архиепископија, и Неговото Високопреосвештенство Архиепископ Охридски господин-господин Стефан, пренесува Patriarchia.ru.[161]:

„*Да се признае* (пак!) *Македонската Православна Црква - Охридската Архиепископија како автокефална сестринска црква и да се впише името на нејзиниот поглавар, Неговото Блаженство Архиепископ Охридски и Македонски Стефан, во светите диптиси... цврсто ќе ја зачува светата православна вера во чистота и почитување на верноста на православното канонско предание*“, се вели во синодската резолуција.



Антиохиската Православна Црква е следната помесна црква која официјално ја призна и стапи во заедница со Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија на 19 октомври 2022 година.

По Антиохиската следна помесна црква која неодамна официјално ја призна и стапи во заедница со Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија е и Романската Правоверна Црква на неодамнешното заедничко Архиерејско сослужување со Рускиот митрополит Антониј и архиепископот Охридско-Македонски г.г. Стефан. Одржаната

[161] http://www.patriarchia.ru/en/db/text/5956351.html

заедничка литургија во Лесновскиот манастир на денот на Св. Гаврил Лесновски 12.01.2023 година меѓу МПЦ-ОА со високи свештеници на Руската Правоверна Црква и на Романската Правоверна Црква, според сите канонски правила (кои патем важат и за "Вселенската" патријаршија), значи канонско соединување на МПЦ-ОА во семејството на православните цркви. На денот на споменот на Светиот Гаврил Светогорец, епископ Велички, се одржа Божествената литургија во манастирската црква "Свети Архангел Михаил" на која чиноначалствуваше Поглаварот на Македонската Правоверна Црква - Охридска Архиепископија, Неговото Блаженство г.г. Стефан Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва, со Митрополитот Брегалнички г. Иларион, во сослужение со Митрополитот Волоколамски г. Антониј заедно со советникот на Рускиот Патријарх протоереј Николај Балашов, заменик-претседателот на Одделот за надворешни црковни односи на Московската Патријаршија протоерејот Игор Јакимчук, поглаварот на подворјето на Руската Правоверна Црква во Софија архимандритот Васијан (Змеев), и помошникот на претседателот на Одделот за надворешни црковни односи на Московската Патријаршија свештеникот Александар Ершов; како и со свештениците на Романската Правоверна Црква протоереј Виорел-Даниел Пасмангиу, протоереј Јован Данчи, јеромонахот Лука и свештеникот Николај.

На литургијата присуствуваа Рускиот вонреден и ополномоштен амбасадор во Македонија Сергеј Баздникин, делегација на Светскиот Македонски Конгрес предводена од претседателот Тодор Петров, медиуми и бројни парохијани.

Во својата проповед на крајот од богослужбата, Неговото Блаженство Архиепископот г.г. Стефан особено го истакна историското значење на сегашното сослужение на македонските архијереи со рускиот архијереј, затоа што се одржува за првпат од 25 мај 1962 година, кога во македонската црква "Света Богородица Каменско" во Охрид сослужуваа блаженоупокоените првоархијереи Неговата Светост г.г. Алексиј I Патријарх Московски и на цела Русија, Неговата Светост г.г. Герман Патријарх Србски, и Неговото Блаженство г.г. Доситеј Архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прима.

Архиепископот г.г. Стефан го поздрави доаѓањето на митрополитот Волоколамски г. Антониј "*во земјата од која словенското писмо било пренесено пред повеќе од 1100 години во тогашна Русија, во земјата на црквите, во земјата на манастирите, во земјата на крстовите, во земјата во која пред повеќе од 100 години, бегајќи од болшевичкиот прогон, пристигнаа и бројни руски монаси наоѓајќи засолниште во земјата во која живееше големиот руски и сеправославен светител - Свети Јован Шангајски, земја мала по територија, но голема во историја, во земја чија црковна автокефалност штотуку беше повторно доделена, но чија црковна историја е древна*!" Архиепископот г.г. Стефан побара да му се пренесе на Неговата Светост Патријархот Московски и на цела Русија Кирил својата срдечна благодарност за признавањето на автокефалноста на Македонската Правоверна Црква - Охридската Архиепископија и изрази надеж дека со Божја волја ќе може да служи и со него.

Митрополитот Волоколамски г. Антониј му се заблагодари на Митрополитот Брегалнички г. Иларион за неговото гостопримство, нагласувајќи дека во неговото срце, сеќавањето за посетата на манастирот со неговите прекрасни светии и фрески засекогаш ќе биде поврзано со споменот што токму во овој манастир тој првпат ја имал можноста да сослужи со македонските архипастири на Божествена литургија: "*Се молевме да дојде овој ден,*

*работевме максимално за тоа и среќни сме што денес станавме учесници на овој празник на верат*а!“



Се очекува и другите православни цркви ширум светот час поскоро да го следат овој пример на заеднички споделени кристијански вредности, и да се вратат со овој чин на евхаристиско заедништво во универзалната православна црква на Исус Христос и Светите негови Отец и Дух.





# Крстот – Древно Македонски Државен Симбол

**К**рстот е уште еден непобитен доказ и симбол на милениумскиот Македонски континуитет, многу векови пред кристијанството. Како државен симбол на Македонија [**+**], се користел уште во 1-от милениум од старата ера. Подоцна, како симбол на првата Македонска династија на Источното Римско Царство [☩], прв го презел Константин I Велики (родум од Ниш), и веќе го користел во IV век, за потоа истиот да премине во симбол на Православната патријаршија во Ерусалим (денес преименуван и познат како „*Ерусалимски Крст*“) и на Источното Римско Царство („*Византиа*“), со кое владееле Македонски династии.



**1. Древниот државен печат на Македонија**



**2. Царскиот амблем на династијата на Константин I Велики, а подоцна и симбол на Православната патријаршија во Јерусалим (т.н. „*Јерусалимски* крст“)**

Се до 7 век крстот никогаш и воопшто не бил „*кристијански*“ симбол како што денес ни се претставува.[162] Првите кристијани ја прикажувале својата религија со риба, бидејќи почетоците на нивната религија се поклопувале со почетокот на астролошката ера на Рибата.[163] Потоа биле употребувани и разни други симболи, како гулаб, палмино гранче и т.н., но никогаш крст или недајбоже распетие. Дури и првиот официјален симбол на кристијанството, кој го вовел Римскиот император од Македонско потекло Константин I Велики, кога го прогласил кристијанството за државна религија на Римското царство во 324 година, и којшто им е многу добро познат на сите – не бил крст:

[162] Првпат како кристијански симбол крстот и распетието било претставено во 608 г. за време на папата Агатон (Agathon). За време на владеењето на Константин Погонат (Constantine Pogonatus), на 6-от Синод на Црквите во Константинопол, беше наредено наместо старите симболи (како рибата или јагнето) да биде усвоена и прикажувана фигура на човек закован на крст. Тоа беше подоцна потврдено и од папата Адријан I.

[163] Мора да се има предвид дека во дамнешни времиња Зодијакот со своите 12 хороскопски знаци (месеци) бил составен и неодвоив дел од астралната теологија на древните народи. Македонскиот и Египетскиот пантеон не биле исклучок и истотака броеле 12 богови. Истата шема подоцна била усвоена и од Римјаните, и е пресликана и во кристијанството преку 12-те апостоли.








Горе лево: **„ Рибата на Исус” од зодијакот – првиот воопшто познат симбол што го користеле кристијаните, на почетокот на астролошката ера на Рибата, кога сеуште биле непозната религиозна секта**
Горе десно: **првиот легален и официјален симбол на кристијанската религија во историјата, т.н. 'Лабарум' или 'Ки-Ро'. Воведен во употреба на почетокот од 4-от век, кога кристијанството за првпат и официјално било признаено како државна религија на Римската империја од страна на Македонскиот император Константин I Велики**

Но, и овој прв официјален Кристијански симбол што го вовел Константин не бил воопшто нов ниту Кристијански. И тој бил земен од постарите магични иконографии на иљадагодишните традиции и праисториски религии. "Лабарумот" бил симбол на богот на сонцето, летото (и громот во одредени митологии како „Лабрис“) и постоел многу пред некои "Кристијани" да се сетат да го украдат како нивна симбологија.









Горе, од лево кон десно: **Алхемискиот знак за "Лето"; Цвеќето на Животот; Лабарумот; и Кристалот на Водата (Снегулка), кој истотака е присутен и во Кинеското писмо како идеограм за "Вода"** (долу)



Но, модерните фалсификатори на историјата и црквата потоа решиле да го присвојат и Крстот, овој древно-Македонски државен симбол, па „откриле“ дека крстот бил споменуван уште во најраните библии како – стап! Стапот (колец), навистина се споменува уште во најраните библиски текстови, но многу јасно и децизно е опишано во библијата дека се употребувал за казнување на криминалци, но не постои никаква причина која би не навела да помислиме дека опишувал крст или каква било друга форма. Па затоа, во натамошните изменети верзии на библијата, или т.н. „*Септуагинт*“[164], кои според спремно приготвената легенда: „*биле направени во Египет околу 2-3 век п.н.е. ...*“ – стапот од Арамајски и Еврејски бил прво преименуван од ново-усвоениот црковен јазик „*Септуагинт*“ со нов термин за стап: „*stauros/stavros*“, од кадешто потоа во верзиите на библијата на Англиски и други Латински писма си го превеле „*stauros*” во „*cross*” (крст на Англиски). Многу едноставно и практично манипулирање, нарочито ако библијата е единствената дозволена книга, а за поседување на други книги што не биле библија луѓето биле горени живи (во Мрачниот Среден век).

И така, по разни перипетии, магии и политичко-религиозни трикови, древниот Македонски државен симбол – крстот и официјално за првпат се појави во својство на „*христијански*“ симбол дури кон крајот на 7-от век. Во рано-кристијанската уметност, истотака никаде не се појавува крст. Првата воопшто забележана презентација кадешто (според тврдењето на црквата) за првпат се појавува крст е на една нацртана паричка на една слика од средината на 5-от век. А единствените дотогаш познати пари коишто од едната страна имале втиснато крст (во својство на државен симбол), биле древните Македонски монети:



**1.**

[164] Септуагинт, израз воведен кон средината на 16-ти век, од Латински *septuaginta* – „седумдесет”, со кој, според легендата измислена од црквата, се означува верзија на библијата на ново-црковното Унцијално или уште и т.н. „*Којне*” писмо (подоцна наречено и „*Грчко*”) напишана наводно од „*седумдесет и двајца преведувачи, кои по божја волја и независно еден од друг*” ја препишале и превеле библијата од Арамајски или Еврејски на новото црковно писмо.



**2.**

Горе: **Македонски пари со древно-Македонски симболи:**
**1. Македонска пара со Јарецот, симболот на царската Аегеадска династија од едната, и крстот [+], државнот печат на Македонија од другата страна. 6 век п.н.е.**
**2. Македонска пара од времето на Александар I Македонски „Филелен“, којшто овде е прикажан покрај ждребец на едната страна од монетата, како и државниот печат на Македонија [+] втиснат на другата страна. 5 век п.н.е.**

И на фамозниот мозаик од Помпеи кадешто е претставен Александар III Македонски во жарот на битката кај Ис, и тој го носи на рамениците од оклопот Македонскиот државен симбол – Бел Крст. Во Еврејската енциклопедија од текстовите на Стариот Завет за Македонија читаме: „*Земја од Југоисточна Европа, татковина на Александар Велики, кој заради своето потекло во рабинските записи е наведен како Александар Македонски*.“ Но Западните научници и црквата и пред овој факт ќутат како риби.



Горе: **Детаљ од мозаикот од ‘Куќата на Фазаните’ во Помпеи. Музеј на град Наполи (MANN), Италија**

Египетските хиероглифи истотака ни сведочат дека Македонија била означувана со крст [+], кој им бил познат како државен симбол на Македонија дури и на древните Египќани. Конечна и цврста потврда за тоа ни дадоа и научниците кои го дешифрираа фараонскиот декрет напишан на древно Македонско слоговно писмо од средниот текст на Каменот од Розета – академик Т. Бошевски и професор А. Тентов. Тие јасно го препознаа и „преведоа“ државниот печат на Македонците: „**+**”, кој симбол претставува т.н. „лигатура“ (слоговен јазол или „врска“) која според нивното семантичко толкување ја означува „Земјата на Првата (–) и Првиот ( **I** )“, поточно: земјата на Врховната Божица Мајка („–“ или „Прва“) и Врховниот Бог-Креатор на Универзумот („**I**“ или „Прв“) на Македонците, т.е. Македонија.

Оваа лигатура остана во употреба до денешен ден со своето поедноставено буквено озвучување: „IA“: „**I**“(И) плус „–”(А) = „**+**” (ИА), или како ортографски изменета лигатура „Ѩ“ во Глаголицата и Кирилицата, со значење како општ назив или додавка за „земја“ или „држава“ (во денешен модерен смисол). Оттаму и Австрал-ИА, Холанд-ИА, Итал-ИА, и т.н., слично на Англиската верзија со исто значење: Eng-land, Fin-land, Switzer-land, или „-стан“ во блискоисточните јазици: Паки-стан, Јунани-стан, Булгари-стан:


BULGARİSTAN
KARADENİZ
MAKEDONYA
ARNAVUTLUK
ADRİYA DENİZİ
MARMARA DENİZİ
Gümülcine
Kavala
Semadirek
Limni
Midilli
Sakız
EGE DENİZİ
TESALYA
Larissa
Korfu
YUNANİSTAN
TÜRKİYE
ATİNA
Patras
YUNAN DENİZİ
Rodos
Girit
AKDENİZ
150 km

# Етнолошки Македонски Континуитет

**Н**еисцрпното културно и традиционално богатство на Македонија систематски почнало сериозно да се изучува дури од 1949 г. со формирањето на „*Народниот музеј*“. Тој денес е преименуван и проширен во „Музеј на Македонија“ и „Музеј на град Скопје“. Збирката етнолошки предмети во Музејот на град Скопје содржи над 5000 предмети, кои поради својата разноликост се поделени во неколку збирки, и тоа: *Народна носија*, *Градска Облека*, *Текстилна и Друга Покуќнина од Дрво и Мебел*, *Метални Етнолошки Предмети*, *Покуќнина од Глина, Керамика, Порцелан и Стакло*, и *Збирка Занаетчиски Алатки* од која најголем дел се изложени во Музејот на Стара Чаршија. Покрај материјалните музески експонати и предмети, постојат и безбројни напишани извори на научно истражувани, проучувани, и документирани сведоштва за многубројните Македонски етнолошки и културни засебности типични за нашиот народ и земја.







Горе: **Етнолошки приказ на Македонците во часописот 'Life' од Јануари 1939 г.**

Етнолошкиот Континуитет на Македонците е можеби најбогато претставен и зачуван преку Народното традиционално Музичко и Играорно творештво, како и богатите и многубројни обреди, пагански обичаи, и древни традиции.Ората, традиционалните песни и игри, како и обредните празници и прастари адети, водат еден непрекинат и можне живописен континуитет, кој во одредени форми е зачуван уште од Неолитот, колку и да звучи тоа неверојатно.

**Македонските Воени Танци** (*Тешкото*, *Јуначко Оро*, *Русалија*, *Комитска Игра*, *Машко Егејско Оро*, *Копачка*, и т.н.) – овие танци непогрешливо ни го откриваат културниот континуитет од Древните Македонци до денес. Уште Прибичевиќ во 1982 г. ги идентификува овие танци и музиката како архаични и ги датира во Антички времиња. Сите тие посочуваат на Древно-Македонското херојско наследство, поврзувајќи ги народните традиции на денешните Македонци со античките, кои според историчарите Борѕа (Borza 1990) и Грин (Green 1991) истотака танцуваа Воени Танци. Еден од тие танци, за кој преку сведоштвата од антички автори остана зачувано името – е „*Телесиас*“, оро за кое има сведоштва дека било играно и кога било спремано убиство врз еден од предците на Александар III Македонски, инаку честа појава во кралското семејство на Аегеадите (или Аргеадите).[165] Денес овие воени танци се негуваат и пренесуваат од колено на колено преку играорни друштва ( Танец , „Гоце Делчев“, „Мирче Ацев“, ‘Копачка’, и т.н.).



Горе: **Македонски воен танц (оро)**

Од неодамна заштитено и како Нематеријално Светско Културно Наследство од УНЕСКО, орото “Копачка”[166] е најпознато и најфасцинантно сведоштво за овие воени танци. Со многубројни тапани тоа го оживува агресивниот ритам на извежбаниот воен чекор на Македонската Фаланка во војската на Филип и Александар. Ритамот помагал да се одржи редот во оваа збиена воена формација, и да се даваат наредби, во зависност од отсвирената секвенца-наредба. Цупкањето и подрипнувањето во место или полутрк кој го налага ритамот не дозволувал некој да се заостане, да се сопне или излезе од строгиот поредок, кој бил основата на цврстината и убиствената моќ на Фаланката. Просто неверојатно е каков воено-стратешки и умствено-фреквенциски запис на народниот македонски гениј е

[165] „Македонците“ од Ернест Н. Дамјанопулос (Ernest N. Damianopoulos), стр. 117, 118.
[166] https://www.youtube.com/watch?v=kFrmbnlXN7Y , https://www.youtube.com/watch?v=8I7SGG9-Q7g , https://www.youtube.com/watch?v=mpIKazgde50

ова, стар најмалку 2400 години. Сите праисконски дамари и вишини наеднаш се будат и к‘тат. Еве го и прекрасното објаснување на Снежана Серафимова:

„*Ова е маршот на фаланката, ритамот и чекорите се воени т.е. борбени. Тоа е оригиналната Копачка, каде прво со тапани се повикуваат играорците да го започнат орото* (т.е. војниците да се соберат во строј за борба)*, така и започнува орото, полека за да постепено се забрзува. Може лесно и подобро да се изведе ако се формираат 8-16 редици со по 16 играорци/војници во ред и да ја заиграат Копачката, ќе се добие страотното движење на Македонската Фаланка, напред, назад, и цик-цак, и ќе се добие борбеното маневрирање, т.е. отворање и затварање на редовите на фаланката. Самото*



*движење на орото/фаланката од лево на десно и на крај ороводецот го затвора кругот, какошто и војската на Филип и Александрова ги заобиколувала непријателите, или ги сечела накосо, и на крај ги убивала или заробувала. Во изведбата на Копачката учествуваа повеќе од 10 тапани кои создаваа страотен татнеж и фреквенција преку енергичниот воинствен ритам. Денес ова е занемарено и учествуваат по 2, 3 или 4 тапани.*"

**Ритуални (Обредни) Песни, Преданија, Изреки и Пословици** – Македонскиот народ уште во времињата кога верувал во многу богови создал обредни-митолошки песни. Народните усни традиции ги пренесувале од најдревни времиња овие народни творби од колено на колено. Најбројни и најбогати се Ритуалните (Обредни) песни: Самовилски, Религиозни (црквени) од кристијанската ера, Љубовни, Свадбени, Лазарски, Коледни, Божиќни, потоа Игри, Верованија, Преданија, Изреки и Пословици, и т.н.

**Жив (или Див) Оган** – е еден од најчудните и можеби најдревни познати обичаи во Македонија. Огнот од најстари времиња се ценел како божество, и во народот постојат многубројни верувања и обичаи поврзани со силата и моќта на огнот. Тој играл и многу значајна апотропејска и лустративна улога во примитивните култови и стари религии, чии култни ритуали ете некако ги преживеале неброените векови и забот на времето, и тоа само преку директно предание од колено на колено. Таков примитивен обред е и обичајот на Жив Оган, кој се употребувал како елемент за прочистување од демони, за лекување, и како превентива од разновидни, а особено епидемични болести. Живиот Оган се добивал со триење на две суви парчиња дрво, што упатува на неговата практика уште од Неолитот (Доцното Камено Време), кога всушност и не постоел друг начин на палење оган. Обредот најчесто се вршел во случаите кога ќе избиела чума или некоја сточна болест, за кои Живиот Оган требало да биде сигурен лек. Како потребна мерка за палење Жив Оган било гасењето на сите други огнови и светлости во соседството, такашто да не остане запалена ниедна искра. Зашто се верувало дека Жив Оган не може да се запали се додека гори и една единствена свеќа в куќи. За жал, овој прастар обичај во денешната модерна ера на електрификација не постои повеќе, и сведоштвата за овој обред останале запишани само во стручните книги на етнолозите од минатиот век.[167]

Последен забележан и документиран пример за "вадење" на Жив Оган се случил во 1970 г. во с. Подмол, Прилепско. Него традиционално го палеле двајца одбрани помлади и здрави луѓе, кои морале да го запалат на место кадешто никој друг нема да знае дека го палат. Штом ќе успеел да се "извади" Живиот Оган, т.е. да се запали со триење на две Лескови суви дрвца, се носел на претходно определеното место кадешто ќе се запали големиот оган, покрај кој ќе поминува целата стока за да се прочисти. Големиот оган се палел обично надвор од селото, на некој рид, и не смеел да се гаси се додека сам не догори. Од него истотака секое семејство и куќа земале гламни или жар за повторно да ги распалат домашните огништа. И пепелта од Живиот Оган се сметала за здрава и лековита, се земало од неа и се фрлала пред трлата и шталите, за да не ги фаќа болест; во нивите, за добар род; кај улиштата со пчели, за да се заштитат и тие; пред куќниот праг, и т.н.

**Црковното Пеење** – е уште една многу значајна музичка димензија во која неоспорно се проткајува Македонскиот Милениумски Континуитет. За Македонското Црковно Пеење се претпоставува дека постои како традиција уште од 9-от век, со Брегалничката Мисија на Солунските браќа Константин (Кирил) и Методија. Потоа од Св.Климент и Наум Охридски, и веќе во едно од претходните поглавија спомнатиот Архиепископ Јован Дебарски (1018-1037), па се до Македонските преродбеници и композитори од 19-от и 20-от век: Димитар Златанов-Градоборски (1800-1887), Наум Миладин (1817-1897), Калистрат Зографски (1820-1913), Јоан Хармосин Охридски (1829-1890), Васил Икономов (1848-1934), Димитар Павлов Штипјанин (1840-1919), Манасиј Поп-Тодоров (1856-1936),

---

[167] "Обичаи и верувања во Скопската котлина" од Др. Миленко С. Филиповиќ.

Ѓеорѓе Казана (19-20 век), протопсалт Андон Шахпаски (1860-1928), Атанас Бадев (1860-1908), Васил Иванов Бојаџиев (1876-1950), и т.н.[168] Фасцинантните мелодии на Македонски богослужбен јазик, којшто во тој период е сеуште разбирлив за сите „Словенски“ народи, биле главните адути на овој наш специфичен Македонски музички израз. Својот процут Македонското црковно пеење ќе го достигне во просветителскиот период на Св-те Климент и Наум, кон крајот на 9 и почетокот на 10 век. Особено големи заслуги во организирањето на широката општо-културна дејност има Св. Климент Охридски, еден од најнадарените ученици на Св-те Кирили и Методија. Во негово време Охрид бил и средиште на Црковната музика и пеење.

Вредно е да се спомне и неодамнешното откривање на пневматскиот ракопис од Андон Шахпаски, пронајден во с. Смојмирово, Малешевско. Неговиот *Псалтикиски Зборник* претставува непроценлив споменик на Македонската култура и музичко творештво. Денес со оваа духовна музичка категорија се занимава нашиот познат музиколог др. Јане Коџабашија, како и познатите црковни хорови "Хармосини", "Богородица Елеуса", и други.

**Русалии** – Во контекст на воените танци уште една таква исклучиво Македонска и единствена етнолошка традиција се *Русалиите*. Во Македонските села околу Солун, помеѓу Енице-Вардар и Кукуш и особено во областа Боимија, за време на т.н. „погани денови“ од Коледе до Водици одат дружини од Русалии. Тоа се групи од 20-30 момчиња, сѐ во двојки, предводени од *Балтаџија* и *Ќесеџија*.[169] Инаку, главната цел на Русалиите во понови времиња станала речиси исклучиво градителска, безмалку ктиторска. Тие правеле еден вид идолопоклонение, бидејќи преку играта собирале дарови, а даровите ги положувале во изградба на цркви, манастири, чешми, села, со еден збор: од народот - за народот! На Божиќ (првиот ден на Рождеството Христово) тие се простуваат со најблиските, небаре ќе одат во војна, се собираат пред црквата. Потоа тргнуваат да обиколуваат по селата, за да се вратат одвај по 12 дни. За сето време тие се придржуваат на следните правила:

1. Помеѓу себе не зборуваат, освен навечер, и тоа сосема тивко;
2. Не се крстат кога јадат, не благословуваат кога пијат, не поздравуваат кога ќе сретнат некого;
3. Одејќи во двојки еден до друг, тие не дозволуваат никому да ја пресече веригата помеѓу нив и секој настапнува врз стапките на својот претходник - само болните можат да го прекинат орото кога играат, и да седнат на средина за да оздрават.
4. Никогаш не газат вода - малите води ги прескокнуваат, а реките ги преминуваат со кола;
5. Ако некој од дружината изостане поради некаква причина, другарот не го напушта ами стои покрај него и мавта со мечот над неговата глава да го пази од зли духови;
6. Кога ќе застанат да ноќеваат, тие не се делат, сите остануваат во една куќа, поширока, за да можат да се собираат и други гости;
7. Ако пристигнат во село, од кое е некој од русалиите, тој не смее да се среќава со роднините;

[168] "Црковното Пеење во Македонија (1018-1950)" од Јане Коџабашија, 2008.
[169] Балтаџија - човек со секира; Ќесеџија - човек со торба.

8. Дружината напред ги испраќа „калаузите“, за да ги предупредат селаните за нивното доаѓање - и така бидуваат пречекани со почести - како и да не се сретнат со некоја друга русалиска чета и да се испотепаат;
9. Ако по пат наидат на кладенец, суво дрво, стари гробишта, крстопат, тие ги



обиколуваат три пати и си ги вкрстуваат сабјите, небаре ги опираат од врвот на земјата и извикуваат: „*Ехее*!“
10. Секое утро во текот на 12 дни тапанари ги будат Русалиите и *Секирџијата* им прави преглед, поминувајќи брзо со секирата покрај нивните нозе. Потоа двајца свирачи засвируваат, бавно одејќи со тапанарите.

Чаушите ја чуваат четата отстрана. По крстопатите и средсело тие играат оро, потоа ги обиколуваат куќите и го прекрстуваат секого со мечовите по челото, „*за здравје*“. Така бидуваат прекрстени и дуќаните на три места на вратата, на огништето, и на трето место кое е во прав агол со нив. Тие ги поддаваат отворените шаки за собирање помош, велејќи: „*Напомош да ви е светиот едикојси*“! (името на светецот, за чијшто храм се собира помошта). Домаќините подаруваат пари, брашно, жито, крпи, платно и др., што ги донесуваат слугите.

Во куќа кадешто има *Леунка*, Русалиите не влегуваат; таквата жена се смета за нечиста. Кадешто има тешко болен, Русалиите одат и го прекрстуваат со сабјите за здравје. Калаузите внимаваат дружината да не се сретне со други Русалии, бидејќи тогаш двете дружини се бијат и никоја не отстапува додека не падне крв. Мртвите во такви случаи се погребуваат на лице место, без опело; и сега се среќаваат овде-онде „Русалиски

Гробишта“. Ако дружината е многу послаба, таа се предава без борба на противникот и минува во знак на покорност под две соединети на врвовите сабји од посилната дружина. Пред зајдисонце дружината се прибира секогаш в куќи, за да не ја затекне ноќта под отворено небо.

Штом ќе завршат игрите, дружината се враќа спроти Водици во селото и оди право во црквата за да "*ги пее свештеникот*"; кој не ќе оди да го отпеат, тој ќе полуди. Најпрвин тој им пее (чати) молитва и ги оросува, а тие се без капи на главите и без да се крстат пред архиерејскиот стол во средишното одделение на црквата. Потоа одат на десно, излегуваат од десната врата, но гологлави. Тогаш тие се крстат, палат свеќа, се простуваат меѓусебно и целиваат рака секому кого ќе го сретнат, како новокрстени рисјани. Облеката им ја перат на кладенецот или на реката, надвор од куќата. Рано изутрина, на Водици, колат курбан еден овен и прават општа веселба.

Русалиите се облекуваат во сосема нова облека и нови опинци, вооружени се со сабји, или јатаган. Според верувањата, нив ги следат самовили, затоа секогаш треба да одат по двајца, та едниот да бдее над другиот со гола сабја (затоа и не одат ноќе и ги избегнуваат кладенците, гробиштата и сл. таинствени места кадешто се појавуваат самовилите!)

На други места во Македонија или во Тракија такви Русалии не се среќаваат; ги има само во Северна Бугарија под истото име, но во поинаква форма и со друга календарска хронологија. Од устието на Тимок и од Силистра, меѓу Дунав и Стара планина, во Видинско, Ломско, Плевенско и Свиштовско, за време на „Русалиската Недела“ одат дружини Русалии и *Калушари*, секогаш во непарен број 3, 5 ,7, но најчесто 7 души. На чело стои *Ватаф*, итн. *Калушарите*, всушност, се мошне слични на Русалиите, со извесни мали разлики во носијата, ората, обичаите, пришто посебно интересен е обичајот на лекување болен со оро, кого го „излекуваат“ со ора и танци, или го умираат доколку не се совземе (кутриот). *Калушарите* се од подунавските краишта, тоа се Латинизирани Македонци (*Власи*) од Молдавија и Трансилванија.

**Култови на Водата и Светите Дрвја** – Водата од секогаш била сметана за света и мајка на животот. Уште од најдревни времиња луѓето се „крстеле“ (дури и пред постанокот на Кристијанството) со потопување во реките и езерата. Единствено не се употребувала дождовницата, дури ни за перење. Се верува дека секоја вода има свој господар („сајбија“) којшто е невидлив, и затоа ноќе не се оди по вода. Безброј извори се сметаат за лековити, дали од самата вода или ако во близина има некое древно стебло, кои истотака биле свети. Од овие стебла и разни видови дрвја две се почитувале и чувале – Старинските (Задужбинските) и Вилинските (или Самовилински) дрвја. Дури и придавката „Здраво“ влече корен од зборот „Дрво“, бидејќи за нашите прастари предци немало друго логично објаснување за необјаснивата долговечност на дрвата. Старинските (Задужбински) дрвја обично биле Дабови, бидејќи Дабот отсекогаш било свето дрво за Македонците. Дури и царските круни на Филип II и Александар биле од златни дабови гранчиња и листови.



Горе: **две од македонските кралски дијадеми-круни во форма на дабови листови**

Поради својот горостасен изглед, водоотпорност и цврстина, се сметал за симбол на моќта на Природата, и припаѓа на добрите, чисти и свети дрвја. Од најстаро време македонскиот народ го чествувал Даботкако свето дрво, полно со животна сила, и заради својата неверојатна долговечност бил сметан за жив сведок и сожител на нашите предци. Листовите содржат апотропејски својства, а некои луѓе мислат и веруваат дека самите дабови дрвја имаат исцелителна моќ. Вилински (Самовилски) дрвја се верувало дека биле оние кои или биле обраснати со бршлен, или ако се испреплетени со друго дрво, лозници, ако има грмушка од имела во крошната, или немале зашилена крошна туку рамна. Луѓето се плашеле да исечат такви дрва, оти верувале дека во нив има духови на предците или самовили, кои можеле да им предизвикаат зла коб. Од тие стари верувања денес останал само Бадник.



Горе: **Македонски Даб, научно Латинско име: Quercus Trojana**[170]

[170] http://www.tree-guide.com/macedonian-oak , https://en.m.wikipedia.org/wiki/Quercus_trojana

**Бадник и Бадничарски Огнови** – Друг пошироко распространет и прастар обичај во Македонија се Бадничарските Огнови и Карневалите за Василица. Тие се уште една манифестација на древните праисториски и пагански ритуали, кои се задржале во нивната анимистична форма до денешен ден. Бадник и Бадничарските Огнови се поврзани со Шумата и Шумските духови (бого *Велес* - во лес/в'лес[171] - во шума), додека Василичарите, Бабарите/Бамбуларите и Џомларите, какошто се нарекуваат луѓето кои се маскираат како животни и шумски духови, се ритуални обичаи поврзани со праисконските анимистички култови. Бадник претставува младо дабово дрво, светото дрво на древните Македонци. Најчесто се сечел еден Бадник, но во некои краеви се сечеле и три, а забележано е и сечење на 9 Бадници во Херцеговина, постои и специфичен обичај да се сечат гранки според број на машките членови на семејството. Сечењето на Бадникот е обвиткано со многу строги обредни правила: по Бадникот се одело рано наутро, најчесто одел домаќинот. Бидејќи одење по бадниково дрво претставувало еден од најважните чинови, домаќинот бил облечен во нова облека. Сечачот на Бадникот пред сечењето не зборува, кон Бадникот пристапува со поздрав и обраќање со кое го побратими или велича бадникот. Бадниково дрво се сечело секогаш од источната страна. При сечење се земал и првиот ивер на кој му се придавале посебни апотропејни моќи. Секирата со која се сечел Бадникот се поземала во ракавици, а Бадникот најчесто се сече со три замави, никогаш не се пресекува, туку се прекршува за пенушката да добие форма на брада божја или ‘дедова брада’. На пенушката се оставаат подароци (лепче, вино, везени чорапи и др.). Пред внесување на Бадникот во домот, домаќинката врши подготовка: ја чисти куќата (во древните времиња се сокривале троножни столчиња, вретена, кудели, вили и др.), подготвувала посна храна, го меси обредниот леб. Бадникот не се внесува во куќата сѐ до првиот самрак, најчесто се оставал прислонет на ѕид. Внесување на бадникот е проследено со обредно внесување на сламата и сито кое е наполнето со сите видови на ѓита, како и со суви овошја со кои се посипувал Бадникот, а потоа се ситото се ставало на трпезата или до огништето. При внесувањето на Бадникот домаќинот ги поздравува димашните, а тие го поздравуваат Бадникот со благослови. Одејќи со сламата низ куќата домаќинот ја имитирал квочката, а домашните го следеле со ономатопеја на пилињата. На тој начин се барала поддршка од натприродните сили за благосостојба и плодност. По вечерата Бадникот се ставал во огниште да гори, најчесто домашните го чувале цела ноќ и го потстрекнувале да искри. Во некои краишта Бадникот се полевал со мед, во други на него се ставала златна пара, а во други Бадникот не се оставал да догори до крај, неговиот остаток се чувал како силен апотропеон за болести, заштита од штетници и сл. Името на Бадникот доаѓа од зборот буден, бдеење, кое било својствено за практиката Бадникот да гори цела ноќ со што неговите моќи се пренесувале на огништето кое го симболизирало семејството и напредокот. Денес, за Бадник се носи дома гранче од светото дрво Дабот, кое се става над замисленото ‘огниште’ и се чува со денови. Додека пак за Василица учесниците на карневалите се маскираат во животински кожи и крзна, со рогови и други живописни украси. Иако овие древни обреди се пагански и предкристијански, црквата и нив ги присвоила под својот институционален плашт.

**Верувања за животните** – се верувало дека сите животни зборуваат, ама со немушт јазик. И уште се верувало дека „Камче од лута змија од главата цена нема! - Кој ќе го најдел ќе

[171] Лес, лесје, леска - дрво/дрва, шума; одтаму и зборот "лесно", бидејќи дрвото е лесно и плива на вода.

може да разбира што зборуваат животните.“ Во некои народни приказни, змијата директно им подарува на јунаците моќ да ги разберат сите јазици на светот и да откриваат секакви тајни како во приказната „Овчарчето што ја извади змијата од огно и што му плукна во уста да знаи секакви јазици, што го најде азното од крала Богдана“ запишана од Цепенков (Цепенков, 1972:69). Истотака се верува и дека животните исто како луѓето имаат душа, и сеуште се верува дека е грев да се убие штрк или ластовичка, како и домашна змија.

**Василичарски Карневали, Бабари и Џоломари** – Овие пагански и праисториски ритуални обичаи се поврзани со праисконските анимистички култови. Шумските и животинските духови се чествувале, се паделе, или се барала заштита од нив преку диви игри и танци, и маски на ѕверови кои ги претставувале душите на тие исконски собития од









природата. Во некои места во Македонија има забележана Василичарска Карневалска-Џоломарска традиција дури 14 векови наназад, како на пример на карневалот во Вевчани. Но сигурно е дека и таа традиција има многу многу постара историја. Од примитивната

форма која некогаш многу одамна се практикувала, денес тие се имаат претворено во социјално-општествени ‘Игри без граници’, каде се исмеваат без пардон сите аспекти и недостатоци на нашиот денешен живот. Многу пати властите пробале да ги заќутат овие бескомпромисни сведоци и показатели на нашите колективни негативни и непријатни особини и дела, но традицијата секогаш ја победувала моќта на повластените или криминални слоеви на општеството.

**Мартинки (Мартеница/Масленица)** – Понатаму, во Македонија, како и некои делови од источна Европа (Бугарија, Романија, Молдавија, Русија, Украина, и т.н.) сеуште постои древниот пагански обичај поврзан со првата половина од месец Март и почетокот на пролетта. Се смета дека овој празник е продолжение на стариот македонски празник *Ксантика* кој што се прославувал во време на Древна Македонија, а како доказ за тоа се сличноста во одредени моменти дури и идентичноста на некои обичаи. Тоа се таканаречените „Денови на Баба Марта“, кои траат од почетокот на Март па се до првото расцутување на цвеќињата и дрвјата. Во тие денови се разменуваат типични црвено-бели амајлии со реси, мали куклички од волна или друг разресен материјал за плетење, или плетени нараквици, наменети за најблиските, и се носат закачени на облека, во косата, или




врзани за зглобот од раката. Овие рачно изработени амајлии се познати како *Мартинки* и *Моњаци* во Македонија, *Мартеница* во Русија, *Маризир* во Романија и Молдавија (но таму мартинки носаат само жените, додека во Македонија ги носат сите), и тие се сите поврзани со почетокот на пролетта во Март, кога овие мали ракотворби направени од Црвена и Бела волнена или друга нитка ја содржат поракатa со добри и позитивни чувства и очекувања, и им се подаруваат на најблиските. Црвената боја ја симболизира љубовта и благородната животна енергија, а белата невиноста, чесноста и искреноста. Луѓето ги носат додека природата не почне да цута, а потоа ги обесуваат на дрвјата во шума, како остаток од древните пагански обичаи на принесување жртви за одоброволување на боговите на шумите и природата.

Целиот овој прастар обичај се верува дека потекнува од древниот Македонски празник *Ксантика*, на кој нашиот народ верувал дека се случува „прочистување на душата," простување на гревовите, но и доминација на разбудената пролетна светлост и топлина над зимската темнина и студ. Ксантика (од Древномакедонски: „*Ксанти*“ - Март) – Старомакедонско празнување за кое се верува дека почнало да се слави пред 3000 години. Ова е празник на пролетта, љубовта и природата. Празнувањето се одвивало на улиците и

во театрите со програма од ора, музика и обреди. На празникот исто така се организирале разни манифестации, културни приредби, спортски натпревари и воени дефилеа. За празнувањето пишувале повеќе антички писатели како на пример биографот на Александар III Македонски, потоа Квинтиј Куртиј Руф, Хесикиј, Јустин и Диодор. Месецот *Ксантик* се спомнува на повеќе места и во Библијата.

Според древномакедонскиот календар, почетокот на годината се совпаѓал со есенската рамнодневица и прв месец бил Диј (Октомври). Оттаму пак, првиот пролетен месец Ксандик (Март) бил празнуван како благослов за животот кога сончевата светлина повторно ја победува зимската темнина. Според македонскиот професор Ташко Белчевски празникот бил во чест на митот за несреќната љубов помеѓу македонскиот бог Македон и Ксантија (божица на цвеќињата), за која се зачувани записи од VI век п.н.е. Според стари преданија, богот Македон, кој бил син на семоќниот бог на светилиштето во Дион (*Дијаус* кај Пајонците), се вљубил во божицата на цвеќињата, Ксантија. Но одкако злите сили на некои од боговите на Македонскиот Пантеон ја претвориле Ксантија во цвеќе, кутриот бог Македон, секоја пролет ја барал својата прва и незаборавна љубов низ сите ливади и полиња, кај сите бистри потоци и реки, во сите цветни градини. Македонците ја обожавале божицата Ксантија, и во нејзина чест тие пролетниот празник го нарекле Ксантика. Симбол на празникот, беше и остана црвено-белата врвка исплетена од бел и црвен конец, кои воедно беа и националните бои на Древна Македонија. Белата боја во таа плетенка најверојатно потекнува како симбол на белиот делфин (животно-тотем на богот Дионис) кој се сметал за божји дар и кој живеел само во белото Егејско Море, па и оттука и називот „Беломорска Македонија“. Како нешто свето што е до денес зачувано кај нас, Мартинката е една волшебна црвено-бела плетенка која се провлекува како нишка за спојување на луѓето за време на празникот. Празникот на пролетта Ксантика е многу битен за сфаќањето на светогледот на Древните Македонци, за нивното обединување и формирањето на нивната држава под водство на Аегеадските кралеви. Македонците ја преземале и како епоним од името на божицата на цвеќињата, љубовта и убавината. Се празнувала спонтано цел месец. Преку овој празник и божицата Ксантија остана запаметена до денешно време.





Нејзе ја пронаоѓаме истотака и во празнувањето на Прочка, Цветници, Младенци, Лазарица, Тодорица, Летник, и Благовец. Ја гледаме и во народните ракотворби, во изворноста на македонскиот вез, во монументалноста на нашите песни и ора, во звуците на народните инструменти. Нејзе ја гледаме во сјајот на пролетните цвеќиња. И во денешно време се организираат разни манифестации во градот Битола со кои се празнува овај

древен празник на Македонците. Со нив во минатото се кителе не само луѓето, туку биле украсувани и вратите, прозорците и оградите на куќите, јаремите и ралата, воловите, коњите, јагнињата и јарињата. Со Мартинката се кити котлето во кое се дои првото млеко на Ѓурѓовден; со мартинка се заврзуваат билките на Иванден. Мартинките се носат до појавата на првото процветано дрво или на првиот виден штрк, а во Македонија и до здогледување на првата ластовица. Потоа се ставаат под камен и по нив се гадае. Ако после еден месец под каменот има мравки, годината ќе биде бериќетна. Во принцип, овие амајлии се наследени како многу позитивен обичај практикуван од многу луѓе, кои на овој начин се потсетуваат на минатите безгрижни денови од времето на своето детство, и детствата на нивните родители и прародители, и сите се сеќаваат на овој настан со многу радост и емоции.

Од Зборникот на Миладиновци: "*Дента спроти Марта сучат црвено и бело предено со цело; и утрината го клаваат на децата на грло, на р'це и ноѕе за здравје. Тие се викает мартинки, и со ним в Струга сретват ластовиците. Таја вечер пременувает местата, к'де спавале до тога, за да не ги јадат болви. Тој ден малите деца прават ластовица от дрво шикосано, и пејет по к'штите: „Ластовица идеше, Црно море пливаше...*"

**Младенци** - Во склоп на пролетните обичаи истотака етнолошки многу важен празник, кој недвосмислено го потврдува Македонскиот Милениумски Континуитет, е Младенци. 22 Март е денот на пролетната рамноденица и почеток на пролетта, како и роденден на древната Голема Божица Мајка во Македонските прастари милениумски обичаи и традиции. Тогаш се славел новиот почеток, престанокот на Зимата (која „зима" т.е. зема а не дава ништо) и враќањето на светлината и топлината на Сонцето, како предвесник и зачетоците на новиот зачеток животот и плодноста. Големата Божица Мајка Ма (Сумерска „*Инана*", Хититска „*Ханана*", Сумеро-Вавилонска „*Иштар*", Фригијската „*Кибела*", и т.н.) била земната мајка и била поврзувана со подземниот живот, бидејќи луѓето во далечното минато не можеле научно да си објаснат зошто и како сé никнува и расте од под земја. Затоа едно од суштествата кои биле нејзин тотем-симбол од најдревни времиња е и Змијата.[172] Како суштество кое е толку приземно и мистично, Змијата се сметала како носител и преносител на енергијата и плодноста од земјата. Затоа во Македонија се уште постои по селата еден толку прастар обичај на оставање на делови од облека на жителите во шумата и на места каде се појавуваат змии. Се верува дека ако преку нив помине змија на носителите на облеката ќе им донесе здравје, благосостојба, и плодност. Овој прастар обичај сеуште се практикува и може да се види во селата близу Скопје - Орман, Скопски Дервен, и т.н. Особено во с. Орман, каде за Младенци луѓето од Орман и околните села се собираат на ридот Змијарник кај црквата Св. 40 Маченици за да го празнуваат овој древен обичај и заборавен празник на древната Голема Божица Мајка. Дури се верува дека змиите на тој ден не касаат и не се отровни.[173]

---

[172] "Амбивалентноста на мотивот на змијата" од Јасмина Мојсиева-Гушева, 2014.
[173] https://off.net.mk/bavchi/tihomir/praznikot-na-zmijata



Значи, змијата ја зачувала својата функција на плодност. Оваа нагласена сексуална функција, секако, не е случајна, за што сведочи и улогата на змијата во фолклорното творештво, каде што таа, често, се поврзува со сексуалната природа на човекот. Имено, во една македонска свадбарска песна, мајката изнесува тепсија, а во тепсијата шарена змија. Во нив, според Д. Наневски, можеме да ги распознаеме „небесните симболи на кругот и стрелата, од чии вкрстувања во љубовта се создава животот“ (Наневски, 1982:58). Тој наведува и едно древно верување дека змијата, кога ќе доживее четириесет години, се претвора во змеј, кој од своја страна е симболизација на млад јунак по кого што копнеат девојките.

**Ѓурѓовден -** можеби најзначајниот празник кој и ден-денес се празнува кај Македонците е токму Ѓурѓовден. Иако како и поголемиот дел од празниците денес е претставен како кристијански, голем дел од ритуалите кои се изведувале на овој и другите празници имале типично предхристијански, древен карактер, и на некој начин претставуваат архетипско и

колективно наследство на Македонската заедница. Всушност вистинскиот бог чијшто празник е архетип на денешниот Ѓурѓовден бил Велес, древниот "бог на плодноста", наречен така бидејќи бил заштитник на сите животни, како шумските така и домашните.



Дури и Велес ("В-лес е" значи 'во-шума е') е понова средновековна именка на многу постариот "Рогат бог" или "Рожебог" од кој се пронајдени тотеми стари и до 11,500 години. Но дали овој праисториски бог и тогаш се викал 'Велес' никој не може да знае. Според тврдењата на Руските и други научници празникот на Велес се славел на 24 Март, но најверојатно заради многуте астролошки промени, како и новите Кристијански календари, сега тој се слави како Ѓурѓовден на 6 Април. Дури и денес некои примитивни шамански ритуали посветени на богот Велес се задржале, како на пример обредот на правењето 'Вајдуле' и 'Додоле' за да заврне дожд.

Бидејќи неговата основна дејност во последните 10,000 години било сточарството, добар дел од ритуалите кои се практикуваат на овој ден се поврзани со здравјето, напредокот, и најповеќе со плодноста на стоката, особено овците. Ниту за еден друг

празник нема толку обичаи со магиско апотропејска цел како што е случајот со Ѓурѓовден. На овој ден се избираат селски одборници, протуѓери, пољаци, потоа се главуваат момоци, овчари, козари, говедари и т.н.

Овој празник се слави кај повеќето македонски народи, така што не е ретко да се слушне дека најважниот земјоделски празник е токму Ѓурѓовден. На овој ден се свикувале селски собори на кој учествуваа сите мажи. Обичаите, пак, се одвивале целиот ден – во попладневните часови се собираа девојки и млади невести, оделе во планината над селото и собирале лековити тревки да се јадат на празен стомак, за срце, здравје. По враќањето од таму, додека е сеуште ден, оделе и "на Биље" во близина на селото , или под планината. Ги собирале првите пролетни цвеќиња Петопрст, Глуварче, Салеп и гранчиња од Дрен. Дреновите гранчиња се закачувале над влезот во куќата, и т.н.



**Велигден** – За овој Кристијански празник нема потреба од многу објаснување. Она што е важно за нас и Македонскиот Милениумски Континуитет е фактот што Велигденските Вапцани Јајца се повторно наша автохтона традиција. Според истражувањето на бојаџиите од фирмата "Paas Easter“[174], вапцаните јајца биле Македонска традиција. Имено, останало забележано во историските архиви дека Македонците од 13 век биле првите кристијани за кои се знаело дека користеле обоени јајца на нивните Велигденски прослави. Крстоносците кои се враќале од Блискиот Исток го рашириле овој Македонски обичај, па така и западните Европејци почнале да бојат јајца за да го слават Велигден и други празници. (Times Daily - Март 2002 г.)[175]

**Дуовден** – наречен уште и Духовден, Свети Дух и Света Тројца, Празникот 'Слегувањето на Св. Дух' (т.е. Ду(х)овден) по многу нешта е посебен. Првиот ден, во раните утрински часови се оди во црква и се носат оревови гранки, потоа се практикува еден ритуал досега не е забележан во кристијанството. Верниците собираат млади ореови плодови и се тепаат со нив. Процедурата се повторува три пати. После тоа се зема од претходно донесените

---

174 www.paaseastereggs.com

175 https://news.google.com/newspapers?nid=1842&dat=20020327&id=c2oeAAAAIBAJ&sjid=W8kEAAAAIBAJ&pg=1394,3530375

оревови гранчиња и се посетуваат гробиштата, а гробовите на најблиските се чистат со ореовите гранчиња и лисја, елемент заеднички на целата територија на Македонија, кој игра голема улога во Култот на Мртвите. Иако изворното значење на овој ритуал е одамна изгубено низ ходниците на времето, сепак симболиката и потеклото најверојатно немаат кристијански корени. Народните верувања за употребата на ореови гранчиња велат дека се сметало да оревот поседува привлечна сила за душите на покојниците. Дуовден е уште еден Македонски народен религиски празник кој се празнува во периодот на преминот од пролет кон лето, на 50-от ден по празникот Велигден. Овој празник, иако е со променлив датум (од 23.V до 26.VI), секогаш се празнува во Недела, а празнувањето продолжува и во деновите Понеделник и Вторник. Во Недела, т.е. на Дуовден се посетуваат црковните храмови и таму се оддава почит на душите на починатите. Во Понеделникот, кај народот познат како Света Тројца, во повеќето рурални средини во Македонија се одржуваат селски слави, кои понекогаш продолжуваат и во Вторник.

**Филигранство** и **Везови** - Пренесувајќи се континуирано од поколение на поколение, согласно со битието и вербата на Македонскиот народ во продолжување на сопствените традициите, следна интересна етнолошка ракотворба се Македонската Везена Уметност и Филигранот, кои својот најпрепознатлив народен израз и изработувачки врв го достигнаа во 17, 18 и 19 век. Посебно значајни се зачуваните сведоштва за Македонскиот филигран, од едноставна причина што металите како материјал имаат многу подолг временски рок на траење од органските материјали. Текстилот и волната се распаѓаат многу побрзо, што секако не значи дека и тие немаат долг историјат. Филигранот во сребро и злато, поради скапоценоста на материјалот и сложената изработка, најчесто е застапен во урбаните средини. Тој влече корени уште од најдревни времиња, од Античка Македонија, преку Средниот Век, се до денес.



Горе: **Филигрански златни обетки од 6-7 век п.н.е., археолошки локалитет некропола кај с. Требениште, Охридско**

Долу: **Средновековна филигранска реликвија на Светата Матрона од Охрид (1789 г.), и пример на модерен филигран-накит со вграден Македонски Рубин**





Овие две изворни уметности, чии корења лежат уште во најдревните времиња, во себе ги впиле милениумските Македонски традиции и наслојувањата од разните изминати епохи и влијанија од други култури. Но, во нив тврдоглаво до денешен ден се појавуваат повторно и повторно формите и симболите кои можеме да ги видиме ширум Македонија по археолошките ископини и мозаици од античко и средновековно време. Тие едноставно не исчезнале туку-так, но, како и усните преданија се наследувале од колено на колено. Македонските Везови се работени со домашни волнени и свилени конци, што го овозможувало и некогаш развиеното Македонско овчарство, свиларство, и одгледувањето на памук. За везење на празнични и невестински носии се употребувала и домашна свила, а речиси насекаде за нив се користела и срма. Посебно карактеристичен бил домашниот традиционален начин на приготвување волнени конци за везење, кои се сукале и удвојувале рачно, без никакви помагала, што преставува еден од најпрвобитните начини на предење текстилни влакна.







# Хронологија за Македонија

Македонската држава пред Исус Христос постоела, според научно верифицирани факти, од кралот Каран (814 п.н.е.)( до доаѓањето на Римјаните (148 п.н.е.) или вкупно 666 години, со 36 кралеви и 2 цара.

215-205 г.п.н.е.: Прва македонско-римска (ајолска) војна

200-193: Втора македонско-римска војна

179-163: Трета македонско-римска војна

168-148: Четврта македонско-римска војна

Претворање на Македонија во римска провинција и поделба на четири дела (симбол: крст).

Почеток на забрана на употребата на македонското име.

Македонија по Исус Христос

До 324 н.е. со Македонија владее похристијанетата Римска империја

324-610 Византиско владеење (Јустинијан 1 од 527-565)

614-866 Слободна Македонија (кнез Хацон, крал Пребонд, голем број племенски кнезови)

865-969 Бугарско владеење

969-1018 Слободна Македонија (Цар Самоил, Гаврил Радомир, Јован Владислав)

1018-1185 Византиско владеење

1185-1202 Слободна Македонија (Добормир Хрис)

1202-1207 Бугарско и византиско владеење

1207-1214 Слободна Македонија (Срез)

1214-1230 Епирско владеење (епирски деспоти)

1230-1246 Бугарско владееење

1246-1282 Никејско царство и Епирски деспоти

1282-1365 Крал Милутин, цар Душан

1365-1395 Самостојна Македонија (крал Волкашин,деспот Углеша и Крали Марко)

1395-1912 Отоманска (турска) империја

1912 Прва балканска војна (Македонците востанати)

1913 Втора балканска војна (Македонците мобилизирани).

6-10 август 1913 Македонија по вторпат поделена на четири дела со Букурешкиот договор.

1941-1944 Масовни востанија на Македонците во четирите дела

1944, 2 август Конституирање на Република Македонија

1944-1946 Слободна Македонија (претседател Методија Андонов-Ченто)

1946-1991 Република Македонија во рамките на СФРЈ

8 септември 1991 Референдум за слободна Македонија

## Извори:


1. Hesychius of Alexandria ‘Glossary’, the Macedonian words etymology.
2. "The Chronikon Syntomon" на Ѓорѓи Монахот (George Monachos „Hamartolos“), 9th century.
3. “Chronographia” на Михаил Пселос, 11 век.
4. "Chronika" by Antun Vramec, 1578: http://www.hervardi.com/kronika.php .
5. “The History of the Works of the Learned, or, An Impartial Account of the Books lately printed in all parts of Europe” by unknown author, 1699.
6. “Toward the origin and history of Slavonic Glagolitic, commonly known as *Hieronimus Alphabet*, research of the ancient northern populations, ” by Kliment Grubishić (“*In Originem Et Historiam Alphabeti Sclavonici Glagolitici Vulgo Hieronymiani, Discuisitio Antiquitatis Populorum Septrentrionalium, Reique Literarie Sclavonicae, Et Runice Sclavonicae,*” a Clemente Grubisscichio). Венеција, 1766.
7. "Remarks and Dissertations on Virgil, with some other Classical Observations" by Edward Holdsworth, Published, with several notes and additional remarks, by Mr. Spence, Лондон, 1768.
8. “The History of Ancient Europe; from the earliest times to the subversion of the western empire,” by unknown author, 1815.
9. "The Ancient History of the Egyptians, Carthaginians, Assyrians, Babylonians, Medes, Persians, Macedonians, and Grecians" by Charles Rollin, 1819.
10. “The life and travels of the apostle Paul” by unknown author, 1833.
11. “The Dawn of Medieval Europe 476-918” by John Howard B. Masterman, 1856.
12. "Ancient History" Philip van Ness Myers, 1888.
13. C.F. Hoffmann, "Die Makedonen, ihre Sprache und ihr Volkstum". Готинген, 1906.
14. “The mythology of all races” by Louis Herbert Gray, 1916.
15. “Report on Excavations at the Toumba and Tables of Vardaróftsa, Macedonia, 1925,1926: Part I. The Toumba” by W. A. Heurtley and R. W. Hutchinson. The Annual of the British School at Athens Vol. 27 1925/1926.
16. “Some Aspects of Byzantine Civilization” by Norman H. Baynes, 1930.
17. “Обичаи и верувања во Скопската котлина” од Миленко С. Филиповиќ и Јован Ердељановиќ, 1939 г.
18. “Prehistoric Macedonia - An Archaeological Reconnaissance of Greek Macedonia (West of the Struma) in the Neolithic, Bronze, and Early Iron Ages” by Walter A. Heurtley, 1939.
19. "The Bogomils: A Study in Balkan Neo-Manichaeism" by Dimitri Obolensky, 1948.
20. “The Macedonian genius through the centuries” by Giorgio Nurigiani, 1955.

21. “Les origines chrétiennes dans les provinces Danubiennes de l'Empire Romain” by Jacques Zeiller, 1967.
22. “Encyclopedia of Indo-European culture” by J. P. Mallory and Douglas Q. Adams.
23. „Еретичката Македонска Црква на Балканот и во Мала Азија“ од Д. Драгојловиќ, 1973 г.
24. http://www.jewishencyclopedia.com/articles/10238-macedonia
25. "Le livre secret des Cathares. Interrogatio Iohannis, Apocryphe d'origine Bogomile", edition critique, translation, comment by Edina Bozoky Paris, Beauchense, 1980.
26. "The Mediaeval Route of the Secret Book" by Maja Jakimovska-Tošić.
27. „Историската Фонологија на Македонскиот Јазик“ од Б. Конески.
28. “Zoroastrianism in Armenia” од James Robert Russel, во ‘Religious Studies’ (Zoroastrianism) нац Школата за Ориентални и Афрички Студии при Лондонскиот Универзитет, 1982.
29. “Hellenistic Kings, War, and the Economy” by M. M. Austin, 1986.
30. "Philip II and Macedonian Imperialism" by J. K. Ellis, 1986.
31. “Македонскиот фолклор и националната свест” од Блаже Ристевски, 1987.
32. "A History of Macedonia" by R. M. Errington, 1990.
33. "In the Shadow of Olympus: The Emergence of Macedon" by E.N. Borza, Princeton 1990.
34. "Macedonia and Persia" by M.J. Olbrycht,
35. “The goddess Ma in Cappadocia and her cult in Macedonia” by Nade Proeva, 1993.
36. "History of Macedonia: From the death of Alexander III of Macedon until the Roman-Macedonian Wars" by Vasil Tupurkovski Titan, Скопје, 1994.
37. "History of Macedonia: Filip II" by Vasil Tupurkovski, Titan, Скопје, 1995.
38. “Religion in ancient Macedonia” by Nade Proeva, 1996.
39. “The Horseman and the Warrior: Paionia and Macedonia in the Fourth Century BCE” by Nicholas L. Wright
40. "Macedonian Institutions Under The Kings" by M.B. Hatzopulos, Атина, 1996.
41. “Studies on ancient Macedonians” by Nade Proeva, 1997.
42. “Paeonia in the 2nd and the 1st millennia BC” by Eleonora Petrova, 1999.
43. "Medieval Europe from 395 to 1270" by Charlse Bémont.
44. "El poble Peoni: parent dels troians" by Ricard Bianco López, 2001.
45. „From Cyrus to Alexander: A History of the Persian Empire” by Pierre Briant, 2002.
46. “Ancient Macedonia” by Ljubomir Domazetović, 2002.

47. Lezioni di Arte Vol.1, '*Dall'arte arcaica al gotico*' Electa/Bruno Mondadori, Edition 2002.
48. “The Birth of Classical Europe: A History from Ilion to Augustine” by Simon Price, Peter Thonemann.
49. "Црковното Пеење во Македонија (1018-1950)" од Јане Коџабашија, 2008.
50. "Otkud su se pojavili Sloveni i Indoevropljani? Odgovor daje DNK-Genealogija." By Anatoly Klyosov, Ruski Vesnik No. 21, 2008.
51. "The Bryges in Central Balkans 2nd-1st millennium BCE" by Eleonora Petrova, Museum of Macedonia.
52. “About the Macedonian literate tradition in Russia” (“К вопросу о Македонской переводческой традиции на Руси") by Anna Pichase, 2008.
53. “Archaeological localities (in R. of Macedonia)” by UNESCO Office in Venice, 2008.
54. “Southeastern Europe Joint History”, Workbooks 1, 2, 3, and 4, 2009.
55. ENCYCLOPAEDIA MACEDONICA (МАКЕДОНСКА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА), Vol.1 & 2, 2009.
56. "A Companion to Ancient Macedon" by Joseph Roisman, Ian Worthington, Blackwell Companions to Ancient World Ltd 2010.
57. “The early Christian centers in R. of Macedonia along the Via Egnatia” by Snežana Filipova, 2010.
58. “The early medieval Balkans : a critical survey from the 6th to the late 12th century” by John V.A. Fine, Jr.
59. “Comparative analysis of the results of deciphering the middle text on the Rosetta Stone” by Tome Boševski, Aristotel Tentov, 2010.
60. “Overland Balkan Routes in the Middle Ages” by Fabrizio Vanni - Centro Studi Romei Firenze.
61. "Macedonia in Ancient Times" by Antonije Škokljev-Dončo, Slave Nikolovski-Katin, Risto Stefov (Chris Stefou); Makedonska Iskra, Скопје, 2010.
62. “Религијата на Античките Македонци” од Наде Проева, 2014.
63. “Амбивалентноста на мотивот на змијата” од Јасмина Мојсиева-Гушева, 2014.
64. “Perspectives on the impact of Bachae at its original performance” by Edith Hall, 2015.
65. “Ѓерданот на Хармонија” од Милош Линдро, 2015.
66. “Богот Вид” од Милош Линдро, 2017.
67. “Macedonian Bronzes, the religion and the mythology of the Iron Age communities in Central Balkans” by Nikos Čaušidis, 2017.
68. „Impact of climate change and human activity on soil landscapes over the past 12,300 years“ by Leo Rothacker, Anthony Dosseto, Alexander Francke, Allan R. Chivas, Nathalie Vigier, Anna M. Kotarba-Morley & Davide Menozzi, 2018.

69. “Balkan Rainmaking Customs” by Katica Kulavkova, from the ‘Contributions’ of the Section of Social Sciences, MANU 2019.
70. „Прилози за Историјата на Македонија и Македонската Култура“, приредувач акад. Катица Ќулавкова, МАНУ 2021.